29341

# УНИВЕРЗИТЕТ ” СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ ”
# ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
# ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

# НАВЛЕГУВАЊЕ НА ИТАЛИЈАНСКИОТ КАПИТАЛ И НЕГОВАТА УЛОГА ВО АЛБАНИЈА ОД 1935-1939 година

**- ДОКТОРСКИ ТРУД -**

Кандидат: М-р Ајрула Јакупи

Ментор: Проф. д-р Методија Манојловски

Скопје 2016

СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА

# Предговор

Работата на темата „**Навлегување на италијанскиот капитал и неговата улога во Албанија од 1935 1939 година**" претставуваше голем предизвик за нас, бидејќи во македонската историографија до денес нема објавено монографски труд, ниту пак има посериозен научен труд кој ја регулира оваа тема. Покрај тоа, врз изборот на темата влијаеше и нашето првично истражување во Централниот државен архив на Република Албанија, каде наидовме на бројна автентична документација, која според нашите сознанија воопшто не била користена од истражувачи од Македонија, а во лимитиран обем и во Албанија. На тој начин, нашиот интерес беше насочен во правѐц на претставување на оваа значајна историографска тема, но и отворање на нови прашања, и давање одговори на истите.

Имено, пред нас искрснаа повеќе проблеми, кои како историски настани многу влијаеле врз албанската историја во посочениот период. Така на пр. во декември 1924 год, Ахмет Зогу ја срушил Влада предводена од Фан Стилиан Ноли и воспоставил сопствена диктатура. Фактот што за реализација на оваа цел придонеле голем број внатрешни и надворешни фактори, т.е што тоа било смислен потег не само од албанската политичка елита туку и од владите на други, пред се, соседни држави, говори за интересот за албанската територија и ставањето на албанската држава во вазална положба од надворешни фактори. Дополнително, не е за занемарување фактот што Ахмет Зогу дошол на власт со поддршка на богатата класа говори дека меѓу неговите соработници имало и такви кои во минатото имале одредени привилегии, но кои им биле одземени и кои, на овој начин сакале истите да ги вратат. Од друга страна, тука биле и белградските политички структури, кои директно биле вмешани во политичката смена на власта во Албанија. Чинот на доаѓање на власт на Ахмет Зогу придонел историјата на албанскта држава да тргне во сосема нов правец.

Состојбата од почетокот на декември 1924 год. до април 1939 год. во Албанија претставувала значаен проблем бидејќи во овој период се случувале драстични политички, економски, воени и општествени промени. Во тој контекст мислиме на активностите кои на внатрешен план го спровел Зогу, а се однесувале на редица мерки со кои ги елиминирал елементите на политичкиот плурализам кои постоеле во периодот 1921-1924 год. Тој дејствувал со разни методи на притисок врз секое напредно движење, за постепено да бидат ликвидирани некои истакнати фигури на албанското демократското движење.

Кратко време по доаѓањето на власт Ахмет Зогу се оддалечил од белградските кругови и промовирал отворен проиталијански курс, со надеж дека би обезбедил поголеми политички и економски добивки за себе и државата. Сакајќи да се ослободи од белградскиот притисок, Зогу му дал на италијанскиот капитал многу простор и многу концесии, кои биле на штета на интересите на албанскиот народ.

Во овој докторски труд ги разработуваме посочените проблеми, пред се, врз база на необјавената архивска документација донесена од Централниот државен архив на Република Албанија, но и од објавени извори и литература од повеќе историски школи. Меѓу нив, ќе ги спомнеме трудовите на Arben Puto, Shqipëria Politike 1912-1939, потоа на Cici A., Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934, како и на Живко Аврамовски, Италијанска економска пенетрација у Албанија 1925-1939 године. Ова беа стожерните трудови, врз база на кои ја конципиравме тезата, се разбира со поткрепа на спомнатата документација.

На крајот, искрена благодарност искажуваме на менторот проф. д-р Методија Манојловски, кој во текот на работата на оваа теза многу помогна со своите конструктивни насоки и забелешки.

# Вовед

За време на Првата светска војна Албанија била неутрална, но и покрај тоа имала големи последици од дејствијата во четирите воени години. Низ територијата на Албанија поминале или се задржиле во време на Првата светска војна разни војски како италјанската, француската, српската, црногорската, грчката, австро-унгарската и бугарската војска. Поради тоа, во споменатиот период преовладувала лоша економска состојба која натаму продуцирала во тешка ситуација на политички план, бидејќи била поделена и окупирана од победничките сили[1]. Постоела можност поствоено да дојде до меѓусебен конфликт на албанска територија, особено меѓу италијанската и југословенската војска.Овие конфронтации јасно биле забележани при работата во Версајската мировна конференција.Во тој период постоеле неколку мислења во врска со поделбата на Албанија помеѓу Италија,Грција и Југославија,додека централниот дел на Албанија требало да добие номинална независност со контрола на големите сили. Рим, на почетокот на Конференцијата не бил за проведување членот 7 од Договорот[2] со кој Албанија требало да се подели меѓу соседните држави. Конференцијата која завршила со работа на 10 април 1920 год., при што големите сили одлучиле Косово и Метохија да влезе во составот на југословенската држава, Грција ја добила Чамерија,[3] а на Италија и била отстапена Валона, според посебен мандат, а од дел италијанската доминација се проширила низ цела Албанија.

Италијанскта Влада била заинтересирана и за изборите на привремената влада во Драч (25-27 декември 1918 год,), при што имала свој фаворит. Успевајќи во намерата да се формира проиталјанска влада во Албанија, еволуирал и ставот

[1] AQSH, Fondi LI, Telegram i Pompeo Aloisit derguar Musolinit, Nr. 133, date 05.05.1926.
[2] Ficher, Bernd Jurgen-Mbreti Zog dhe përpjekjet për stabilitet në Shqipëri, Tiranë, 1996, 105.
[3] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934, Tiranë 2002, 39.

низ другите држави во Европа дека Италија треба да има еден посебен мандат врз Албанија.[4]

Потпишаниот договор помеѓу Италија и Албанија на 20 август 1919 год., бил со намера да ги одбрани позициите на групата политичари кои се застапувале да се надминат недоразбирањата помеѓу Италија и балканските држави и да ја спасат албанската Влада во Драч. Оваа Влада под своја власт имала само четири општини (префектури) и тоа: Берат, Драч, Елбасан и Скадар. Во овој момент интересот на Италија бил предизвикан од економските профити кои ги нудела стратешката позиција на албанската територија на Јадранот и со што се зголемувало и нејзиното влијание во Југоисточна Европа.

Кога завршила Првата светска војна било јасно дека егзистирањето на недоразбирања и можноста за избувнување конфликт помеѓу Италија и Југославија за Јадранското Море биле реалност, а во него би била опфатена и Албанија поради меѓусебното ривалство.[5] Благодарение на американскиот претседател Вудро Вилсон, кој преку своите демократски намери се залагал да го реализира решавањето на прашањето за Јадранот "спротиставувајќи се јавно против италијанската намера над Албанија и спогодбата на големите сили, успеа да ја обезбеди независноста"[6] на албанската држава. По завршувањето на Версајската конференција, Италија почнала да спроведува и да поддржува антиалбанска политика. Сите окупирани зони или ослободени од Италија, после мировната конференција биле објавени како воени зони. Во нив се спречувало слободното движење на Албанците од едно место во друго, бил цензуриран печатот, а ставени биле под нејзина контрола телеграфските и телефонските линии. Италија за краток временски период, со намера да ги реализира своите планови почнала со нивна реализација, еден по друг за да стигне до крајната цел. А тоа значело, премин од протекторат до целосна воена окупација и до анектирање на албанските стратешки и значајни територии. Италијанските власти се потрудиле да ѝ ги одземат правата на албанскта влада во врска со управување со џандармеријата, со тоа што побарале џандармеријата во Валона да биде под нивна контрола.[7] Овој обид на Рим создал

[4] Paskal Milo.,-Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927,Tiranë 1992, 407.
[5] AQSH,F.5,Dosja.2,dok 246\90 Raporti I legates italiane,Tirane,15 janar 1931.
[6] AQSH,Fondi.MPJ.,Dos.100,viti1933,MPJ Mbreti Zog, 20 maj 1933.
[7] Bernd J.Fischer,Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Sqipëri,Tiran 1995, 228.

многу незадоволство кај вработените офицери во системот и министрите при Владата во Драч.

И покрај незадоволството, италијанските власти ја постигнале целта и ја превзеле директната контрола над драчката Влада. Овие активности и поставувањето на советници, воени членови, кои требале да бидат под дирктна италијанска контрола, служеле како покритие со образложение дека требало да бидат присутни речиси во сите министерства, општини, со објаснување дека во Албанија сеуште постои нестабилност и период на воена состојба. Владата во Драч била критикувана како проиталјанска, па затоа била формирана нова влада која била наречена како антииталјанска влада[8].

Во групите што беа против Италија бил вклучен и идниот крал Ахмет Зогу. Решението на албанската Влада донесено на 7 февруари 1920 год. довело до отстранување на италијанските офицери кои командувале со џандармеријата во Албанија. Заеднички интерес бил, политичкиот конфликт со Италија да не се претвори во вооужена војна. Новосоздадената Влада во Тирана во почеток на март од страна на римската влада побара, преку воената италијанска команда во Валона да се повлечат од плановите за освојување на Албанија, но Италијанците не прифаќале ниту да се водат било какви разговори во врска со овие барања. Гледајќи дека развојот на настаните за Владата во Тирана нема да бидат поволни, во почетокот на април 1920 год. таа испратила во Белград свој претставник во тајна мисија.[9] , Албанскиот претставник, на средбата што се одржала со заменик министерот за надворешни работи Поповиќ, побарал да се задржат југословенските сили во некои делови на албанската држава, но истовремено со присуството на Италијанците на територијата на Албанија. Согласно интересите на југословенската политика, Поповиќ ја поддржал идејата и изразил подготвеност за вооружена борба против силите на Италија се додека целосно не се повлечат од сите окупирани албански територи, воедно ветувајќи помош во оружје и муниција. Од другата страна, италјанската влада во средината на април била приморана да ги повлече своите сили од внатрешноста на албанскта територија кон приморјето, во почеток од северните делови, а потоа и од централниот дел на Албанија. На 8 мај Италијаните се повлекле и од градот Ѓирокастро.[10]

---

[8] Histoija e Shqipërisë (1921-1939),vëll.III, Tiranë 1984, 365.

[9] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934, Tiranë 2002, 44.

[10] Paskal Milo.,-Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927,Tiranë 1992, 67.

На 2 август 1920 год. во Тирана бил потпишан заеднички протокол помеѓу двете страни со неколку анекси, каде се предвидувал рокот и повлекувањето на италијанските сили од Валона. По повлекувањето на своите сили од Албанија, италијанскта влада, кон крајот на 1920 год. побаралс од Англија да превземат мерки во Белград, и на ист начин и југословенските сили да се повлечат од територијата на Албанија, за да се спречи евентуалниот напад врз Југославија. Кога Албанија била примена во Друштвото на Народите на 17 декември 1920 год.[11], Италија била приморана да ја смени тактиката. Оваа нова политика и позитивните резултати, во врска со добрососедските односи на двете земји, придонеле за натамошен развој.

Фактички со влегувањето на Албанија во Друштвото на Народите започнале трговските разговори помеѓу владата на Англија и албанскта влада[12], но економско навлегување од страна на Италјанците во Албанија сериозно ги загрозиле англиските интереси. Имено, веднаш по приемот на Албанија во Друштвото на народите бил постигнат договор за економска соработка меѓу Англија и Албанија. За веродостојнаста на соработката еден англиски дипломат бил испратен во април 1921 год. во АЛбанија, но истовремено, за прв пат, владата на Албанија ги направила првите чекори за смирување на односите со своите соседи и со Италија, испраќајќи своја делегација во Рим за да се разберат и со италјанската влада. Ова делегација беше предводена од министерот за финансии на Албанија.[13] Меѓутоа италјанскиот претставник на Амбасадорската конференција предложил два планова за решавање на проблемот за границите на Албанија.

1) Ако албанската држава се покаже способна за самоуправување тогаш Англија да и го признае на Италија правото на протекторат над Албанија.

2)Ако албанската држава се покаже неспособна за егзистирање тогаш требало да стапи на сила Лондоскиот договор за создавање на Албанија.

---

[11] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934, Tiranë 2002,42.

[12] Новина “Koha e Re”,janar 1919,предводена од Никола Иванај.

[13] Новина “Koha e Re”,në Shkodër,” Populli”,Historia e Shqipnisë,vëll.III, Tiranë 1984, 187-189.



СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА

Ова барање било одбиено и во ноември 1921 год.од четрите големи држави Англија,Франција,Италија и Јапонија ја признале независноста и суверенитетот на Албанија,во границите од 1913 год. што биле верифицирани на Амбасадорската конференција во Лондон. Биле воведени два значајни елемента:

1) Независноста,интегритетот и неменливите граници на Албанија претставувале битно прашање за нацијата.

2) Загрозената независност или границите на Албанија биле ризик за сигурноста и стратегијата на Италија.

Според втората точка на Италија и се признавало право врз еден стратешки дел на Албанија, иако доколку се појавела некоја непријатна ситуација, Италија можела да внесе свои сили во Албанија.[14]

Во октомври 1922 год.на власт во Италија дошла на сила фашистичката партија, која ја презела власта, а за министер за надворешни работи и премиер на Владата бил поставен Бенито Мусолини. Неговата политика кон Албанија била со колонијалистички карактер. За реализација на надворешната политика тој формирал една комисија за економско навлегување на територии надвор од земјата, која била предводена од Контарини како сенатор и министер. Во документите на Комисијата биле опфатени сите планови на Италија, според кои се подготвувала посебна стратегија за Албанија при што се поставувале барања за економски советници, за финансиска помош и за инвестиции во Албанија. Фашистичката влада започнала да размислувал и за подалекусежни планови во однос на Албанија. Првиот значаен момент бил направен преку италјанските амбасадори во Лондон и Париз, кои ги информирале Англија и Франција и ги повикале на разговори во врска со ресурсите на Албанија и Балканскиот Полуостров.

Во тоа време, Италија била за заедничка дипломатска активност, заедно со другите заинтересирани страни, со цел да не дозволи ратификување, од страна на албанскиот Парламент, на потпишаниот договор помеѓу албанската Влада и Англо-персиското друштво,како и да се спречи англиски монопол над некои подземни богатства што ги користела во Албанија.За таа цел бил ангажиран и италјанскиот дипломат во Грција, кој реагирал на тешките притисоци кои се правеле врз Албанците кои живеали во Чамерија. Италијанската дипломатија постигнала резултат со тоа што во 1924 год. не била ратификувана ниедна концесија од страна

[14] Paskal Milo., Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927, Tiranë 1992, 67.

на албанскиот парламент.[15] На крајот од 1923 год. и на почеток на 1924 год. кога Албанија била зафатена со внатрешен политички конфликт, заради заштита на инвестициите на Италија и други богати странци, големи финансиери од страна на Владата во Рим била иницирана поголема битка во Друштвото на народите, за да му се обезбеди на италијанскиот капитал повторно влегувањето во монетарниот и кредитниот систем во Албанија.[16] Под контрола на Друштвото на Народите дошло до формирање на Народна банка во Албанија, со голем италијански капитал и под италијанска контрола. Во меѓувреме, кога се воделе разговорите за воведување на италијански капитал во сферата на кредитот и монетарниот систем, беа поддржани со внатрешни и надворешни дебати.

На 19 февруари 1924 год во Рим, од страна на Бенито Мусолини и министерот за финансии на Албанија Кол Тачи, бил потпишан економски договор за пловидба помеѓу Италија и Албанија.[17] Потпишувањето на овој договор албанската влада го сметаше за прв успех, за да почне растот на економијата во Албанија. Меѓутоа, овој документ бил фаворизирашки за Италија, и истиот бил ограничувачки за албанската Влада, на полето на дејствувањето и слободата на нејзината економска политика. На Италија и биле дадени големи права во Албанија, бидејќи со овој договор се договорија сите земји потписнички да не им дават концесии на трети земји. Овој договор од страна на населението не бил признат и на него имало бројни забелешки, а истиот донел голема паника сред граѓаните и на други земји кои биле заинтересирани за влез во Албанија. Овој притисок врз албанскиот парламент да не го потпише актот, го почувствувале и во Италија, која до пролетта 1925 год. не го спровела овој договор. Италијанците немале доверба кај Ахмет Зогу, бидејќи истиот го сметале како пројугословенски ориентиран.[18] Ваквиот италијански став бил темелен врз фактот што Зогу имал добри односи со Југославија, мислејќи дека така подобро би се решавале проблемите отколку да се избере иредентистичка борба.

[15] Zhivko Avramovski, Kontribut studimit të historisë së Shqipërisë në periudhën midis dy luftrave Botërore"Gjurmime albanologjike", Tiranë 1968, 122.
[16] Zivko Avramovski, Prilog Pitanju Istorije Albanije u Periodu Izmedu Dva Svetska Rata, "Albanoloska Istrazuvanja", 1966/3, Pristina 1966, 14.
[17] Arben Puto,Problemi i statusit të Shqipërisë në Lidhjen e Kombeve dhe në Koferencën e Ambasadorëve në vitet 1920-1921,Studime Historike, nr.3, 1965, 12-14.
[18] Ilir Ushtelenca, Diplomacia e mbretit Zogu i I-rë,Tiranë,1995, 49.

# Глава прва

## Политичките и економските состојби меѓу Албанија и Италија по Првата светска војна

### 1.1 Состојбите непосредно по војната и 20-тите години на 20.век

После Првата светска војна, Албанија била политички распарчена и економски заостаната, поради што Ахмет Зогу бил принуден да бара итно да и се помогне на оваа мала и сиромашна земја. Во овој период, што Зогу бил вратен на власт со помош од Белград, поради што чувствувал обврска првично, за помош, да се јави во Југославија. Но, неможноста на Југославија да одговори позитивно на барањето на Зогу за важната помош, особено финансиската, го натерала Зогу да превземе директни чекори кон подобрување и зајакнување на односите со Италија, со надеж дека ќе обезбеди повеќе политички и економски погодности. Со тоа Зогу премолчно му одобрил на италијанскиот капитал многу концесии, кои биле на штета на албанскиот народ.

Продорот на Италија во Албанија бил поддржан од стратегијата подготвена од Салвадоре Контарини, генералниот секретар на Министерството за надворешни работи на Италија, кој имал за цел да го ослабне политичкото влијание на Југославија во Албанија. Зогу, од негова страна, бил принуден да го прифати италијанскиот економски продор, но бил и внимателен да не ги повреди англиските економски интереси во Албанија.

Во периодот непосредно по Првата светска војна, Југославија му правела притисок на Зогу, да го потпише Тајниот протокол,[19] повикувајќи се на дадената помош за одбрана на независноста на Албанија.

[19] Таков југословенско-албански договор бил потпишан во 1925 год. Paskal Milo., Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927, Tiranë 1992, 23.

Тоа бил и период на лоши италијански - југословенски односи., Сепак политичкиот италијански продор во Албанија во однос на југословенскиот, бил тајно поддржуван од Англија, која сакала да стои подалеку од италијанско - југословенскиот ривалитет во Албанија. Исто така, се обидувала да не го поттикнува, неизразувајќи го јавниот ангажман ниту за едната, ниту за другата страна.

Од друга страна режимот на Зогу бил во една длабока политичка криза, а причина било Фиерското востанието од август 1925 година. Во тоа време, платите за државните службеници не биле исплатени неколку месеци, а од друга страна, иско притаено, кругови од Лондон и од Париз му го отвориле патот на италијанскиот експансионизам во Албанија.

Соочен со притисоците кои растеле од страна на Рим и агресивната југословенска активност внатре во Албанија и на нејзините граници, Зогу го потпишал првиот Тиранска пакт на 27 ноември 1926 година ценејќи го овој документ како гаранција за независноста на Анлбанија и нејзиниот територијален интегритет.[20] Меѓутоа, актот на Владата на Зогу не поминал без последици по надворешната југословенска политика, така што министерот за надворешни работи на Југославија си дал оставка како знак на протест на потпишувањето на Тиранскиот пакт.

Покрај тој, друг договор од јули - септември 1927 година бил предложен од Бенито Мусолини, во кој му предлагал на Зогу нов план кој ги предвидувал прашањата за завршување на италијанско - албански договор на сојузништва одбрана, создавање на албанско кралство на чело со кралот Ахмет Зогу. За време на разговорите кои биле водени за овие прашања, Зогу прифатил прекинување на воениот договор, додека неговото прогласување за крал го условил со тоа, Италија да ги финансира трошоците за кралскиот двор, а условот бил прифатен од страна на Рим.

Влошувањето на албанско - југословенските односи, посебно после таканаречениот “ Ѓурашковички инцидент”, влијаело на зајкнување на албанско- италијанските односи. Таквиот развој на настаните бил резултат на

[20] Ficher, Bernd Jurgen-Mbreti Zog dhe përpjekjet për stabilitet në Shqipëri,Tiranë,1996, 18.

потпишувањета на француско - југословенскиот договор на 11 ноември 1927 година, а кој бил оценет од страна на Италија, како тенденција на Франција да ја контролира италијанскта активност во Балканот.[21]

Зајакнувањето на добрите односи помеѓу Рим и Тирана било потврдено со италијанско - албанскиот воен пакт од 22 ноември 1927 година, кој претставувал, не само успех на фашистичката политика во Албанија и регионот, туку и втор неуспех на политиката на Југославија и на нејзините сојузници на Балканот во однос на агресивната италијанската балканска политика.[22]

Италија ја поддржувала Албанија и политички и финансиски во преминот од републикански систем во монархистички. Преку оваа промена Рим се обидувал да го зајакне владеењето врз Албанија без отпор. Зогу, од своја страна изразил согласнот за оваа важна уставна промена во Албанија, затоа што ја сметале како важен фактор за зајакнување на албнаската држава и долгорочна гаранција за независноста на Албанија имајќи ги предвид  и амбициите за негова политичка кариера.

Поддршката од Рим требало да биде придружена од реципрочна политичка гаранција која побарувала влегување во сила на сите претходни билатерални договори. Освен тоа, Зогу требало да издејствува Албанија никогаш да не делува против италијанските интереси, дури и да прифати да биде ставена под заштита на Италија. Од друга страна, добила гаранција дека во случај југословенската држава да се распадне, на Албанија да и биде отстапено Косово.[23] Ваквите ветувања од страна на Италија, се совпаднале со амбицијата на Зогу за територијално проширување во случај на нов балкански конфликт. Истовремено, Италијанците работеле на реализацијата за воено присуство создавајќи т.н. Генерален штаб, составен од италијански офицери, кои во улога на советници на Зогу имале намера да го превземат организирањето на албанската војска за период од пет години.

---

[21] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita,2002, 37.
[22] Исто.
[23] Paskal Milo., Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927, Tiranë 1992, 53.

Здобивајќи се со се поголеми привилегии, Зогу ги одобрил изборите за новото албанско Собрание, а самиот на 1 декември 1928 година ја прогласил Албанија за демократско, парламентарно и наследно кралство, на чело со него како "Крал на Албанците". Овој чин предизвикал негативни реакции, особено кај Југославија и нејзините сојузници на Балканот. Исто реагирала и Англија која, во тоа време следела една политика на балансирање на Балканот. Сосема поинаков бил ставот на Рим, каде биле свесни дека новата титула може да им донесе придобивки на Италијаните. Поради тоа, тие не само што ја поддржале оваа промена, туку и ги иницирале пишувањата на целиот официјален италијански печат во тоа време.

Иако не бил јавно покажуван, антиалбанскиот карактер на италијанската политика секогаш постоел. Од друга страна, и многу големото италијанско присуството во Албанија почнало да предизвикува антииталијанска клима, која вршела силен притисок и врз самиот Зогу. Сакајќи да се справи со италијанското туторство Зогу одбрал да го проблематизира прашањето за обновување на првиот Тирански пакт. Овој документ станал предмет за нетрпение кај Албанците, кои се повикале на дека биле променети сите услови во споредба со моментот на потпишувањето на договорот. За еден ваков потег, албанската страна барала поддржувачи и благонаклони, кон неа, држави. Така, со намера да ја придобие британската поддршка Зогу го информирал британскиот амбасадор во Тирана дека односите меѓу Албанија и Италија биле засновани врз Договорот за сојузништво од 1927 год. На тој начин, дал на знаење дека пактот од Тирана, самиот за себе бил неважечки, а со тоа и дека албанската Влада немала намера да го обнови.

Необновувањето на времетраењето на Пактот од Тирана од страна на кралот Зогу значело предупредување за Рим дека Италија треба да се подготви за соочување со отпор кон нејзината политика во оваа мала земја. Се дотогаш, Италија го користела економскиот притисок блокирајќи го одеднаш одобрениот кредит преку договорот од јуни 1931 година, кој бил
многу значаен за економската ситуација во која се наоѓала Албанија. Од друга страна Зогу превзел екстремни мерки во воената област, значително скратувајќи го буџетот и суспендирајќи ја мисијата на италијанските експерти во оваа област,

иако во тиј проект Рим многу имаше инвестирано. Одобрил и Закон за реформа во националното образование со кој отворено се напаѓала италијанската културна политика во Албанија, ососбено во населените места каде живееле Албанци, припадници на католичката вера.[24]

Во надворешната политика, Зогу и натаму се потпирал на поддршката од Југославија, но изразил подготвеност и да се придружи на иден Балканскиот сојуз, обидувајќи се на тој начин да ја зацврсти независноста во надворешната политика на Албанија. Рим остро протестирал поради сите овие мерки на Зогу, запирајќи ја финансиската и техничката помош, преминувајќи во директни закани и, во исто време, користејќи го своето влијание за да спречи било каква интеграција на Албанија во меѓународните структури во регионот без нејзина согласност. На тој начин, до крајот на 1934 година, Албанија целосно била парализирана и изолирана.[25]

Ахмед Зогу индиректно бил принуден да прифати дека преку неговата внатрешна и надворешна политика, Италија во иднина ќе биде најблискиот политички сојузник на Албанија, а особено во однос на незјината економска политика. Сето тоа, имало непосредно влијание во подоцнежните политички настани во Албанија како на внатрешен, така и на надворешен план. Така, во почетокот на 30-тите години на 20. век односите Албанија - Италија се вратиле на релацијата политички со релативен меѓусебен интерес.[26]

Сепак, од целокупното влијание на Италија, влегувањето на нејзиниот капитал во економијата и во сите позначајни сегменти на животот во Албанија, значело голема предност за италијанската сфера на влијание.

Албанскта економија, во минатото познавала три главни периоди, меѓусебно зависни и тесно поврзани:

- Првиот период од декември 1924 година и траел до јуни 1931 година[27].

[24] AQSH,F.5,Dosja.2,dok 246\90 Raporti I legates italiane,Tirane,15 janar 1931.
[25] Paskal Milo., Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927, Tiranë 1992, 55.
[26] AQSH,Fondi.MPJ.,Dos.100,viti1933,MPJ Mbreti Zog,20 maj 1933.
[27] Бил реализиран во почетокот на 1925 година кога истекол Договорот над банката и заемот СВЕА.

- Вториот период започнал од јуни 1931 година[28] и трае до март 1936 година.
- Третиот период започнува од веремето кога завршува договорот од 19 март 1936 година и трае до април 1939 година.[29]

Албанско -италијанскиот договор потпишан на 23. 4. 1925 година за основање на Албанската национална банка и заемот СВЕА (Друштвото за економски развој на Албанија), му дале можност на италијанскиот капитал да добие важна позиција во економијата и финансиите на Албанија. Управителите на Албанската национална банка и на друштвото СВЕА, ги ја претвориле овие институции во гнездо на информации и шпионажа во полза на Италијаните. Така, претставниците на италијанскиот капитал драстично ја зголемиле нивната присутност во Албанија.

Ваквата состојба на финансиски план, била испреплетена и со италијанското агресивно влегување во политичката, воената, административната и цивилната сфера во албанското општество. Заемот од СВЕА бил употребен за изградба на патишта, мостови и пристаништа што било услов за развој на албанската економија. Договорот за десет годишнот заем кој завршил во јуни 1931 година, помеѓу Владата на Зогу и италијанскта Влада, по служил за ублажување на финанскиската криза во албанската држава и за развојот на неколку објекти со економски, социјален и културен карактер.[30]

Сепак, инвестициите на италијанскиот капитал влијаеле за развојот на неколку сегменти од албанското општество како на развојот на нафтената индустрија, на преханбената индустрија, на земјоделските површини, на комуникациите, позитивно влијаеле на отворање на нови работни места во индустријата, транспортот итн. Од друга страна, финансиската помош била искористена како средство за притисок за потчинување на Владата на Зогу и за обезбедување на поголеми привилегии во политичката, економска, воената, административната и цивилната област. Во таа насока, може да се одбележи влегувањето на италијанскиот капитал во различни гранки во албанската

[28] Тогаш завршил договорот за десет годнишниот заем на 100 милионите златни франци.
[29] Ficher, Bernd Jurgen-Mbreti Zog dhe përpjekjet për stabilitet në Shqipëri,Tiranë,1996, 58.
[30] AQSH,F.5,Dosja.2,dok 246\90 Raporti I legates italiane,Tirane,15 janar 1931.

економија, обезбедувањето на значајни концесии за користење на изворите на нафта, потоа концесии во градежништвото и индустријата. Имено, многу италијански фирми отвориле фабрики за производство на алкохолни производи, за цигли, потоа италијански претпријатија биле формирани за изградба на патишта, мостови и пристаништа, а подоцна биле отворени и термоелектрани во многу градови. Сите тие претпријатија подоцна биле користени за реализирање на италијанските економски планови на Балканот.[31]

Големите сили, од своја страна, пројавувале инетреси за подземното богатство на Албанија, поради што Англија се залагала за зачувување на статус - квото во Балканот и Средноземното Море.

Со подоцнежното отстапување од таква политика, Лондон ја фрлил албанскта влада на Зогу во рацете на фашистичка Италија. И Франција се обидела да се почитуваат одлуите од Версајскиот договор, но подоцнаи таа, заедно со Белград, имала амбиции за влез во Албанија. Секогаш кога биле влошени албанско - италијанските односи, структури од Белград ги интензивирале напорите за свое присуство во Албанија, па така, со албанските власти го склучиле трговскиот договор на 20 декември 1933 година, согласно кој во месец мај од 1934 година Извозната београдска банка отворила свое седиште во Тирана.[32] Со овие чекори правеле обиди да го прошираат своето присуство, но и да го спречат продорот на италијанскиот капитал во Албанија. Сепак оваа активност на властите во Белград, немале поголем успех, бидејќи влегувањето на Италија во сите пори, било полесно бидејќи самиот Ахмет Зогу, некои од членовите на неговата влада, некои пратеници, предводници на племиња, државни службеници на администрацијата, и други членови на одбраната биле корумпирани.

На тој начин, одредни кругови во Рим, и диктирале а на Владата на Зогу да стави потпис на билатерални договори, во ризични услови за слободата и независноста на Албанија. Во знак на добрите државни односи, албанскиот Парламент одобрил еден договор со кој му се давале сеопши концесии на италијанскиот капитал. Со овој договор, Рим обезбедил широко влегување во

---

[31] Ficher, Bernd Jurgen-Mbreti Zog dhe përpjekjet për stabilitet në Shqipëri,Tiranë,1996, 67.
[32] Paskal Milo., Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927, Tiranë 1992, 70.

финансиите на Албанија, при што 44% на придонесите од буџетот за финансиската 1925 - 1926 год. контролирала Албанската национална банка.[33]

Постојано барајќи финансиска помош од Италија за него и неговите луѓе, во периодот од 1924 до 1936 година, Зогу видливо ги зголемувал и концесиите на Италија во Албанија. И покрај тоа, во периодот од 1931 до 1934 година, биле затегнати односите помеѓу Албанија и Италија бидејќи бил направен обид за поголемо италијанско влијание во Албанија. Условите под кои бил решен спорот, биле неповолни за Албанија.[34]

Внатрешните услови во Албанија не му дозволувале на Ахмет Зогу да и се спротиставува на Италија. Брзата италијанска експанзија преку економските концесии, преминот од економскиот продор преку завршување на договорите со политички карактер, стационирањето на војниците со цел за во почетокот да се воспостави италијанскиот протекторат во Албанија, и трансформирање на Албанија во полу-колонија и конечно освојување на Албанија од фашистичка Италија.

[33] Исто, 74.
[34] Zhivko Avramovski, Kontribut studimit të historisë së Shqipërisë në periudhën midis dy luftrave Botërore, ”Gjurmime albanologjike”, Tiranë 1968, 122.



СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА

## 1.2 Политичка војна за склучување воен сојуз

### А) Првиот пакт во Тирана од 1926 год.

Во поглед на отвореното ривалството меѓу Италија и Југославија за доминација во Албанија, во почетокот на 1925 година, меѓу Албанците доминирал интерес во полза на потесни врски со Италија, а послаб бил интересот за зближување со другите копнени соседи.[35] Согласно интересите на владата и народот, бил склучен еден таен воен италијанско-албански договор, кој беше потпишан на 23-26 август 1925 година. Меѓутоа, овој војнички пакт не бил сигурен и поради таа причина подоцна беа започнати разговорите за еден нов политички италијанско -албански пакт.[36]

Во меѓувреме, Зогу предизвикал вознемирувачка ситуација во земјата, стравувајќи дека некои северни племиња се подготвувале за рушење на неговата влада, а за одбрана од нив побарал од италијанската власт доставување на 5 милиони зрна муниција за оружје иако можел да плати само на рати.[37]

Заедно со муницијата, Ахмед Зогу побарал од италијанската влада и 2 милиони златни франци, како и друга финансиска помош. Потребата од финансиите била голема, бидејќи земјата се наоѓала во нестабилна внатрешна состојба т.е. пред востание на Дукаѓин. Востанието на Дукаѓин (Метохија) било организирано од емиграциони групи кои што преземале акции за движење против Зогу на албанска територија. Имено, католичката популација од овие окрузи, која живеела во сиромаштија, била поведена од една политичка емигрантска група противници на Ахмет Зогу, на чело со Дом Лопо Цакен. Тие се организирале и кренале востание која што набрзо доби религиозни бои со сепаратистички цели. Востанието избувнало на 20 ноември 1926 година и брзо се проширило во Рике и Малсин е Маде (Голема Гора).[38]

---

[35] Zhivko Avramovski ”Akcija jugosllovenske vlade protiv Zoguovog rezima u Albaniji, Gjurmime albanologjike,Beograd, 3/1966, 229

[36] Histoija e Shqipërisë (1921-1939),vëll.III,Tiranë,1984.срт.326

[37] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Tiranë 2002, 82.

[38] AQSH, Fondi 251,dosja 105, viti1924.

Веднаш потоа, со свои ставови се јавиле најголемите претенденто за влијание во Албанија. Така, Мусолини го обвинил Белград дека го подготвил востанието од две причини. Или, со цел да го собори Ахмет Зогу од престолот или пак со цел да го исплаши за да не го загрозува југословенското присуство во Албанија. Од друга страна, Белград го обвинувал Рим, мислејќи дека Рим го подготвил народот за востание со цел да врши притисок врз Ахмет Зогу за да го потпише што побрзо пактот „за пријателството и сигурност„ со кој, во суштина, би се озаконил италијанскиот протекторат во Албанија.

И странските и албанските документи недвосмислено покажуват дека, независно од степенот на ангажираност двете држави, Југославија и Италија биле одговорни за избувнувањето на востанието и свесно ја помагале неговата подготовка. Како и да е, востанието во Дукаѓин предизвикало несигурност и паника сред населението од режимот на Зогу. Тој момент го искористил Рим за да изврши притисок врз Ахмет Зогу и да испрати италијанскиот претставник во Драч, баронот Помпео Алоизи. Поради несигурната ситуација тој побарал да се склучи еден пакт т.е. договор за воспоставување на проктекторат во Албанија.[39] Согласно овој договор предвидениот протекторат требало да и даде право на Италија да навлезе во Албанија и без консултирање и присуство на Друштвото на народите. Според истиот пакт, се барало да и се дадат на Италија и други концесии. Една од нив била и таа што без италијанска дозвола да не и се дозволувало на Албанија да склучува договори со други држави.

На 24 јуни 1926 година, италијанскиот претставник во Тирана, Помпео Алоизит и предложил на Владата на Тирана крај на политичкиот пакт.[40] Но, со ова на Италија и се давало полно право, без учество на Друштвото на народите, да се ангажира во одбраната на Албанија во случај доколку биде нападната од некоја странска сила. Помпео Алоизи врз Ахмет Зогу употребил закани и притисоци, ветувајќи му помош на албанската држава и давање на подароци. Предлогот на Алоизи вредно се судеше во Рим и Мусолини му одобри на Ахмет Зогу веднаш да му се исплати сума од 200 илјади златни франци.Од друга страна италијанската влада сфати дека без присуство на Англија ќе имаше тешкотии за реализација на експанзионистичките планови. Поради тоа, на 30 септември 1926 година во градот

---

[39] AQSH,Fondi 263,dosja 35,viti 1925,Fletorja Zyrtare, nr.218, 11dhjetor 1926.

[40] Истото.

Ливорно била организирана средба помеѓу Мусолини и Министерот за надворешни работи, Остин Чемберлен, од кого добил согласност за проширување.

После овој момент италијанскиот притисок над Ахмет Зогу се зголемил, а тој покажал подготвеност за потпишување на пактот ако му се одобрат уште 5 милиони златни лири. На 27 ноември 1926 година бил потпишан таканаречениот пакт „на пријателство и сигурност„ или уште познат како Првиот пакт во Тирана од страна на италијанскиот претставник во Албанија, Алоизи и министерот за надворешни работи во владата на Ахмет Зогу, Хусен Вриони. Потоа, Ахмет Зогу од Алоизи зел уште 5 милиони златни лири. Овој пакт требало да трае пет години, а содржел пет члена. Првиот член ја преставувал суштината на договорот, во кој пишувало дека „Италија и Албанија изјавуваат дека се против секакава промена на постоечкото статус-кво, политичко, правно и територијално„.[41] Со овој член, всушност се стопирала Италија во можноста да изврши пресврт на режимот од внатре и надвор, што му давало цврсти гаранции на Ахмет Зогу за натамошно владеење со државата. Од друга страна, и на Италија и се давало право да влезе во Албанија во секој момент, а тоа да изгледа оправдано и со цел, доколку треба да се отстрани можен ризик. Со други зборови, Италија требало биде контролор на внатрешниот живот на албанската држава, да не дозволува промена на режимот и да го штити Ахмет Зогу од било какви обиди да биде соборен од неговиот престол. Токму поради тоа, Ахмет Зогу и дозволувал на Италија да навлегува со вооружени сили во Албанија, во случај да и се заканува некоја агресија од надвор.

Согласно вториот член од пактот, независноста на албанската држава била вратена на фиктивна нација, која немала право да делува како независен субјект во меѓународните односи. Овој член, исто така, под маската на помошта и соработката и оставал отворен пат за Италија, да влегува во Албанија во било кое време да сака, така што не само режимот, туку и албанската држава во целост била ставена под италијанско туторство.

Според останатите членови од овој пакт произлегувало дека албанскиот народ не можел слободно да врши промени на своите институции, со што се ограничувало правото на албанската Влада да превзема независна надворешна политика, додека како нејзина должност било запишано консултирање со Италија во случај да склучува или менува договори и односите со други земји[42].

---

[41] "Liria Kombetare ", 16 shkurt 1927.
[42] AQSH, Fondi I Kryeministrit, dosja III/900 Leter e Ministrit te finansave derguar pëfaqsuesve ministror.

Овој петгодишен пакт можел да се продолжи и после овој рок да биде создаден однос наречен „протекторат помеѓу Италија и Албанија„.[43]

Од страна на Ахмет Зогу договорот бил претставен како голем успех за албанската надворешната политика, по што следувале и се множеле пофалбите на адреса на Зогу.

Италијанската литература ноемврискиот договор од 1926 година, се коментира како акт кој им одговарал на заедничките интереси на двете земји.[44] Мусолини постигнал зајакнување на италијанското присуство во Јадранското Море, а пак Зогу добил гаранции за себе и за независноста на земјата. За оживотворување на пактот, од италијанска страна бил определен полковникот Алберто Париони. За својата дејност, подоцна бил награден со чин генерал и бил поставен на чело на една војничка мисија со 70 италијански офицери, кои имале задача „да извршат реорганизација и модернизација на албанската војска„ [45] со цел да го гарантираат внатрешниот ред и границите.[46]

Пактот предизвила револт и силна реакција кај југословенската Влада, која го интерпретирала како инструмент за воспоставување на италијански протекторат над Албанија[47]. Министерот за надворешни работи на Југославија, Нинчиќ кој имаше добри односи со Италијаните, пактот го нарекол "антијугословенски и предавнички".[48] Нинчиќ, на кралот Александар, му изјавил дека италијанско-албанскиот пакт ги нарушил темелите на неговата надворешна политика, а по објаснувањата пред Парламентот, тој поднел оставка, а по еден ден и целата југословенската Влада на Узуновиќ поднела оставка.[49]

Велика Британија ја поздравила пактот вреднувајќи го како еден фактор на мир и сигурност во Балканот, потпишан од двете независни држави.[50] Затоа пак, многу европски весници го осудиле првиот италијанско-албански пакт како тежок чин за независноста на Албанија и како прв чекор кон нејзина анексија од страна на Италија.[51] Во меѓувреме, Италијаните вршеле постојан притисок над Ахмет Зогу и

---

[43] Histoija e Shqipërisë (1921-1939),vëll.III,Tiranë,1984, 327
[44] Многу брзо Италија ја потпишал Пактот за соработка со Албанија. Dezhgiu M., Shqipëria nën pushtimin Italian (1939-1943), Akademia e Shkencave e Shqipërisë, Instituti i historisë,Tiranë,2005,31.
[45] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita,2002,стр.87
[46] AQSH,Fondi LI,dosja 36,viti 1925,Fletorja Zyrtare,nr.133,data11dhjetor 1926
[47] Gazeta " Politika",10 qershor 1926.
[48] Zhivko Avramovski "Akcija jugosllovenske vlade protiv Zoguovog rezima u Albaniji, 234.
[49] Francesko Jocomoni, Gjysma ime Shqiptare, Ora, Tiranë, 2005, 18.
[50] Bernd J.Fischer,Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Sqipëri, Çabej,Tiranë, 2004, 105.
[51] V. Koka, Rryma e mendimit politiko-shoqëror në Shqipëri në vitet e 30 të shek. XX,Tiranë,1985, 125.

барале проширување на полето на концесии[52]. Италијанскиот министер Помпео Алоизи[53] пред да замине од функцијата, во почетокот на февруари 1927 година, по што ја прифатил председателската задача на СВЕА во Рим, подготвил еден меморандум на римската Влада, чија содржина се сведуваше на зајакнување и натамошно проширување на италијанската економска и политичка контрола во Албанија.[54] Помпео Алоизи, исто така, предложил да се превземат ред политички мерки, како на пример, растење на италијанското влијание над католичкиот клер и создавање на една католичка црква во Албанија[55], како средство за духовно навлегување на Италија во земјата. Натаму, се предвидувале војнички мерки за поставување на целосна италијанската војничка контрола во Албанија. Меѓутоа, Бенито Мусолини не го интересирале многу економско-политичките прашања предложени од Алоизи.[56] Нему најмногу вниманието му го привлекле идеите околу морската пловидба меѓу Италија и Албанија, како и опремување и осовременување на албанската војска. Во ова време, Ахмет Зогу ја променил предходната и формирал нова Влада, која и одговарала и на Италија.

Пактот, како меѓународен акт бил прифатен и од страна на Друштвото на народите, на 8 февруари 1927 година. Затоа пак, не поминало многу време за Ахмет Зогу да сфати дека договорот бил тежок товар за независноста на албанската држава, така што остро реагирал кон крајот на рокот на истекување на првиот Тирански пакт.[57]

---

[52] Iljaz Fishta, Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë(1936-1939), Dituria,Tiranë 1999, 125.
[53] AQSH,Fondi LI, telegram i Musolinit-Aloisit në Durës,nr.191/III, 09.05.1926.
[54] Bernd J.Fischer,Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Sqipëri, Çabej,Tiranë 2004, 110.
[55] AQSH,Fondi 263,dos.3,viti 1926,telegram i Aloisit për Musolinin,22 nëntor 1926.
[56] Zhivko Avramovski, Kontribut studimit të historisë së Shqipërisë në periudhën midis dy luftrave Botërore"Gjurmime albanologjike",Tiranë 1968, 135.
[57] Истото

## Б) Вториот Пакт во Тирана од 1927 год.

По потпишување на Првиот пакт во Тирана, југословенската Влада почнала да работи на остранување на А.Зогу од власт,а за оваа цел почнала да користи албански преставници во емиграција. Но, со овој италијанско-албанскиот пакт се влошиле како италијанско-југословенските, така и југословенско-албанските односи. Од италијанска страна била обвинувана Југославија дека организирала вооружени чети во правец кон албанската граница.[58] Поради тоа, Б.Мусолини испратил италијански инструктори за граничната војска, бидејќи имал тенденции да му го пресече патот на А.Зогу кон секој друг предлог за склучување на аналогни пактови со другите земји.

Белградските власти, се обиделе да го привлечат вниманието на Европа во однос на италијанска експанзија на Балканот, но немале успех. Во Белград, штом ја сфатиле заканата од Италија, решиле да потпишат договорот за пријателството и соработката со Париз (Франција), за петгодишен рок. Овој акт бил потпишан на 11 ноември 1927 год., а според одредбите во него потписниците претендирале за зајакнување на пријателските врски помеѓу двете земји, а содржел и гаранции за соодветната сигурност. Во Рим договорот бил вреднуван како документ со антииталијански карактер, поради што Б. Мусолини не губел многу време за реализација на неговите планови во Албанија. Меѓувремено, ги започнал подготовките за потпишување на нов италијанско-албански пакт со воен заштитен карактер за двете земји. Затоа, по барање на албанската страна и без сомнение, со италијанскиот интерес, било потпишано едно тајно разбирање меѓу нив, кое ја условувало врската на Пактот со неколку други барања кои го интересирале А. Зогу, во врска со сигурноста на неговата иднина.[59] Тие барања биле прогласување на монархија, една година по

потпишувањето, како и барање за италијанска помош по прогласувањето на монархијата и да се помогне кралскиот двор со субвенции.

[58] AQSH,Fondi legata Italiane,dok.43,viti 1927.
[59] Исто.

Овие барања биле прифатени од Рим, така што се одело во прилог на потпишувањето на вториот пакт. Вториот пакт во Тирана, наречен „Трактат на заштита на алијансата„ со период од 20 години бил потпишан на 22 ноември 1927 година помеѓу Италија и Албанија. Всушност, ова било дополнување на првиот трактат, но и забележителен чекор напред кон политичкото подлегнување на Албанија во полза на Италија, која ја претвори во своја воена база во Балканот.[60] Вториот Пакт бил потпишан од страна на албанскиот министер за надворешни работи, Илјаз Врионии италијанскиот претставник во Албанија, Уго Сола. На 24 ноември 1927 година Пактот се обзанил јавно, додека на 26-30 ноември бил ратификуван од страна на двата дома на Парламентот.[61] Пактот предвидувал, во случај на еден напад од надвор, секоја страна од потписниците се стави на услуга на својотсојузник, со сите можни воени и финансиски средства, доколку тоа се бара од нападнатата страна. Новиот Трактат уште повеќе го зајакнал италијанското влиијание во Албанија, со военото влегување во случај на агресија-војна.

Во споредба со првиот Пакт, вториот Пакт се покажал уште поефикасен. Имено, во него имало простор за натамошни дополнувања. Така, на 31 август 1928 година бил дополнет со нови тајни воени италијанско-албански договори што го определуваа целосно начинот на поставување на италијанската воена контрола над Албанија, како и начинот на подготовка на пактот во случај на воена агресија.[62]

Според овие договори албанската влада се задолжувала да ангажира само италијански офицери, како организатори на албанската војска, кои што не биле задолжени да го примат албанското државјанство туку, како услов било поставено да ја носат албанската униформа. Тие биле плаќани од албанската држава, а бројот на офицерите изнесувал 280 лица, предводени од генералот Алберто Паријани[63]. Согласно вториот пакт, кај А. Зогу бил одреден еден италијански советник кој бил полносилен за воените прашања и без чии совети самиот А. Зогу неможел да донесе ниедно решение. Во случај на војна, според договорите било прифатено создавање на една висока заедничка команда, која требало да му се покори на вишиот командант на воените италијански сили. Една од точките во договорот и се

[60] Исто, 148.
[61] Во средината на август 1927 Миринковиќ му изјавил на еден член на Албанската лига во Белград дека тој е сигурен и Англичаните имат исто мислење во врска со Пактот како Југословените. Има можност ова изјава да има намера да го предомисли Зогу и да се врати кон Белград.
[62] Исто.
[63] Valentina Duka "Historija e Shqipërija ",1912-2000, Tiranë 2007 Kristalina – KH.M, 317.

давало потполно право на италијанската војска да го окупира приморјето и другите албански делови, со цел да помогане во војната и заштита на земјата.

И вториот Пакт од Тирана набрзо се проширил низ весниците на Балкан и Европа, каде бил третиран како натамошен чекор кон политичко покорување на албанската земја, и за идна нејзина окупација од Италија. Како пакт, од другите држави бил доживеан и наречен провокација и потикнување на војна во Балканот.[64] Поради тоа, со потпишувањето на пактот биле заострени односите помеѓу Франција и Југославија од една страна, и Италија со Албанија, од другата страна.

[64] Телеграм. Mussolini, "Dituria" 27 nëntor,.

### 1.3. Улогата на Италија во создавањето на кралска Албанија

Од активист на политичка патрија, Ахмед Зогу, после 1920 година станал еден од највисоките личности на албанската политика. На патот кон врвот ги совладал многуте противници, за во 1925 година да стане претседател на Републиката. Но и покрај тоа, многу брзо увидел дека со тоа целосно не се исполнила неговата желба да стане владетел и не сметал дека власта била целосно во негови раце доколку не добие кралска титула.[65] Но, за да ја оствари таквата амбиција, чувствувал потреба од надворешна поддршка, особено од Италија. Имајќи предвид дека таа била заинтересирана за долгорочно присуство во Албанија, и не сакала да го уништи вложениот финансиски влог и политички труд во последните години во Албанија, се трудела да се избегне секаква политичка нестабилност која би влијаела негативно и врз италијанските интереси.

Тргнувајќи од таа гледна точка, на дневен ред меѓу Италија и Албанија бил ставен италијанскиот предлог за создавање на албанско кралство со чело со крал Ахмед Зогу. За остварување на таа цел, биле одржани дискусии во Порит во 1927 година, кога Мусолини го повикал во Рим, италијанскиот претставник во Тирана, Уго Соло за да го консултира околу мерките што требало да се превземат за засилување и проширување на навлегувањето на Италија во Албанија.[66] Во програмата подготвена од три точки, втората се однесувала на италијанскиот предлог околу можноста за создавањето на албанското кралство, додека третата ја дополнувала втората, односно да го опфати прашањето на венчавањето на Зогу со италијанска принцеза, со цел да се обезбеди континуираноста на режимот. Според мислењето на италијанскиот дипломат во Албанија, Уго Соло, Зогу потполно се согласувал со италијанскиот предлог, како и со дискусијата по втората точка која била во врска со претворањето на републиката во кралство. Исто така, Зогу многу добро ја разбрал потребата на италијанската политика за претворањето на републиката во кралство, поради што тоа прашање не го третирал само како негова

[65] Histoija e Shqipërisë (1921-1939),vëll.III,Tiranë 1984, 123.

[66] Околу 100.000 лирети добиле во ноември 1928 год. за тајни политички трошоци кои биле поврзани во врска со спроведувањето на италијанско-албанско сојузништво.

лична желба, туку и како на интерес на внатрешните политички групации кои го поддржуваале него, но и потреба на Италија.

Од друга страна, Рим, познавајќи ги неговите амбиции и користејќи ја зависноста на Албанија, на економски и на политички план, од Италија, и гледајќи во личноста на Зогу како најпогоден кандидат за да ги зачува и одбрани италијанските интереси во Албанија.[67] Засилувајќи го личното владеење на Зогу, што би овозможило проширување на италијанската власт во Албанија и во иднина, за негова лична среќа, тој бил и единствената политичка опција која ја предлагал Рим, опција која се совпаѓала и со италијанските интереси на Мусолини од една, и со интересите на Зогу од друга страна.[68]

Освен со Италија, Зогу маневрирал меѓу внатрешните ривали и нивната подршка од странство. Истовремено, го негирал паралелното потпишување на договорот за одбранбен сојуз со неговото седнување на тронот. Но, кралското место кое било награда за договорот, имало лоша претстава во Европа, особено во Југославија и во Англија.[69] Сакајќи целосно да ја обезбеди поддршката од Италија, Зогу побарал да му се обезбеди потполното признавање на кралстата титула од страна на Италија, а за возврат бил подготвен на нови отстапувања. Знаејќи ја алчноста и намерите на Италија, тој сакал да добие се што било можно од нејзината поддршка.[70]

Всушност, тоа бил прв италијански предлог за создавање на монархија во Албанија, кој му бил предложен на Зогу од страна на Сола, во септември 1927 година. Заедно со тој предлог, одел и предлогот за потпишување на одбранбениот пакт на алијансата, но и за венчавање на Зогу со италијанска принцеза. Запознавајќи се со италијанските предлози, Зогу подготвил стратегија за да ја зголеми цената на обештетувањето, кое како и секогаш се однесувало на поголема финансиска поддршка за Албанија. Сола, кој бил подготвен за едно такво барање го известил Зогу дека Италија може да помогне само со воени и финансиски експерти, но не и директно да го финансира буџетот на Албанија, на што незадоволно реагирал.

---

[67] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita 2002, 151.
[68] Ilir Ushtelenca, Diplomacia e mbretit Zogu i I-rë,Tiranë 1995, 197.
[69] Bernd J.Fischer,Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Sqipëri, Çabej,Tiranë 2004, 151.
[70] Исто.

Сепак, бил одлучен да не ја пропушти поддршката на Италија за создавање на монархија, покажувајќи и подготвеност да ја плати потребната цена со нов договор и поголем ангажман на Италија во Албанија.[71] Веднаш по потпишувањето на пактот, Зогу ја започнал својата вообичаена игра да го саботира тоа, исто како што правел и со сите други спогодби потпишувани со Италија.

Откако почувствувал можност да стане крал, Зогу имал намера да ги ликвидира личностите како Јусуф бег и Цено бег Криезиу, за кои сметал дека се само алатки на Белград против неговиот режим, како и Шефќет бег Врлаци, кој можел да прерасне во вистински противник и да биде пожелна личност кај Владата во Рим.Обидот за ликвидацијата на проиталијански расположениот Шефќет бег Врлаци, на 13 декември 1927 година, и острата статија со текст, против Италија и нејзината политика во Албанија, во весникот ``Телеграфи``, биле причина Италија да го покаже своето незадоволство од дејностите на Зогу и покажала дека создавањето на албанското кралство лежи во нејзини раце[72]. Поради ризикот да ја изгуби италијанската поддршка за измена на Уставот, Зогу наредил затворење на весникот.

Ваквиот чекор на Зогу, бил причина Италија да го покани сериозно да преговораат во врска со начините за создавање на албанска монархија. Зогу ја прифатил поканата и ги интензивирал преговорите, кои траеле до август 1928 година. За време на преговорите Зогу секогаш барал пари, особено после конечната одлука за промена на обликот на режимот, согласно одлученото во ноември 1927 година.Откако добил 5 милиони лирети, започнале преговорите со Сола.

Убеден дека со создавањето на албанска монархија, само со помош од страна на Италија,може да создаде незадоволство и негативни реакции од страна на другите европски држави и балкански земји, Зогу започнал дипломатска дејност. Преку министерот за надворешни работи на Албанија, Илјаз Вриони, тој побара не само да се информира англиската јавност, туку и да добие мислење од англиските челници за намерата на Зогу. Но, на состанок со Чембрлен, Вриони добил неодреден одговор, бидејќи Чембрлен знаел дека зад идеата за создавање на албанската монархија стои Рим. Од друга страна, Рим му наредил на Сола да ги

[71] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita.2002, 161.
[72] Исто.

прати сите договори потпишани од Албанија и побарал од Зогу да му гарантира дека:

а) треба да стапат во сила сите договори потпишани од двете држави;

б) тоа требало да биде тајно, при што Зогу требало да даде гаранција дека Албанија нема никогаш да работи против интересите на Италија, дури да прифати да ја прифати одбраната на Италија и на Мусолини.

Постигнувањето договор за овие две работи, значело дека Италија би му гарантирала на Зогу припојување на Косово кон Албанија, во случај на распад на Југославија.[73] Ова последново се совпаѓало се намерата на Зогу да ги прошири албанскта територии во случај на нова Балканска војна. Сола мислел дека ќе ги реши овие два проблема со еден проект на хартија, кој Зогу, веднаш по прогласувањето на кралството, би му го испратил на Мусолини, додека овој би му одговорил со прифаќање на спогодбата. Вака предвидениот скриен договор, предложен од Италија, содржел во себе и обврска. И покрај тоа, Зогу веднаш ги прифатил италијанските услови[74] и покрај сознанието дека се содржеле опасни елементи во рамките на спогодбата. Подоцна, Мусолини увидел дека целината на договорот му давала повеќе слобода на Зогу, а не како што планирал, затегнати обврски или пак вазалност кон Рим. Затоа Мусолини предлагаше скриената спогодба да се подели во два дела.[75] Делот кој ги содржел обврските на Зогу требало да се објави, додека делот во кој беа изнесени територијалните измени на Албанија поддржувани од Италија, би останал таен. Било одлучено, паралелно со ова да се изврши размена на тајни писма меѓу двете Влади, но требало да се направи и размена на јавни ноти, кои би го потврдиле нивото на добри меѓудржавни односи меѓу Албанија и Италија.

Во почетокот ваквото мислење не било прифатливо, така што Сола предлочил нов компромис.[76] Првиот дел од договорот би се чувал тајно, барем привремено, додека вториот дел би останал таен за неопределен временски период. На 9 август 1928 година, Мусолини му признал на Сола дека договорот го сметаше за формално прифаќање.

[73] Histoija e Shqipërisë (1921-1939),vëll.III,Tiranë 1984, 346.
[74] Истото.
[75] Bernd J.Fischer,Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Sqipëri,Çabej,Tiranë 2004, 153.
[76] Исто.

Во таков дух се воделе, но и завршиле преговорите во Тирана. Зогу се обидел да и даде поблаг карактер на неговата изјава околу преземеното вазалство за кое се зборувало во првото писмо. Имајќи погодни позиции, Италијаните одлучиле да одат уште понатаму и во областа на војската. Рим, преку вториот Пакт од Тирана и другите спогодби постигнал значајна контрола врз албанската војска,но и поктај тоа Мусолини и Сола, не успеале да ги остварат до крај своите цели. Обврзани и со друга задача за оценување на односите на воено поле, Сола изработил неколку реципрочни обврски за двете земји како во воена состојба, така и во мировни услови.[77] Помеѓу обврските се потврдувало дека во случај на војна, албанските и италијанските воени единици ќе се соединат под италијанската команда. Барањето кое и се поставувало на Тирана, било да ги одбива сите други сили, како и нивната помош или нивниот придонос, во било каков облик. Особено било нагласено организирањето на албанската војска,што било предвидено како дел од операцијата за воено пробивање на Италија.

Од своја страна, Италијаните се согласиле да финансираат само еден дел од програмата за организирање на албанската војска, која според албанската страна, во рок од 5 години би требало да опфати до 60.000 војници.[78] Одбивајќи ја одговорноста за доследното исполнување на програмата, Италијаните оставиле отворен простор за други италијанско - албански договори. Затоа пак, Рим постигнал сигурност во обезбедувањето на бројот на италијански офицери, присутни во Албанија, Паралелно бил создаден еден Генерален Штаб, составен само од италијански офицери со статусот на советници на Зогу за воените прашања, но оваа структура немала никаква врска со високата албанска воена команда.[79] Првовремено, Зогу не изгледал задоволен со овој компромис, но не сакал да ризикува да ја изгуби кралската титула во последните мигови. Тој бил сосема одлучен и свесен во своите барања и се обидувал да го реализира својот план независно од потребните средства. Поради тоа, Зогу ги прифатил сите услови од воениот договор, како и двата други дела од тајниот договор, кои останале необјавени и во периодот после освојувањето на Албанија од страна на Италија. За потпишување на спогодбата со Зогу, италијанската Влада ги овластила италијанскиот дипломат во Албанија, Уго Сола, и генералот Алберто Паријани.

[77] Bernd J.Fischer, Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Sqipëri,Tiranë 1995,163.
[78] Исто.
[79] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita 2002,169.

Мусолини се надевал дека овие вонтериторијални спогодби, ќе обезбедат целосен протекторат врз Албанија. Десет милиони лири биле платени преку Државното здружение на железници, додека другите две рати по 5 милиони, на 18 јуни и 5 септември биле исплатени после потпишувањето на спогодбата. Овие средства го помаганале на Зогу во организирање на изборите за нов парламент, избори кои во еден германски весник од тоа време биле наречени типични балкански избори.[80] Така како што било очекувано, италијанскиот печат ја презел мисијата за да ја подготви италијанската и меѓународната јавност за создавање на албанското кралство.[81] Во оваа смисла, некои италијански весници пишувале дека најголемиот успех на Зогу бил тоа што ја спасил земјата од просрпската машинерија, попречувајќи го враќањето на Албанија во улога на ``една југословенска провинција". Весникот ``Трибуна" пишувал: ``Италија, постојаната албанска монархија ја гледа како гаранција за обезбедување на националната и органска консолидација на својот сојузник и пријател, како и гаранција за мирот во балканскиот регион и во Европа``.[82]

На внатрешен план, Зогу ја постигнал својата цел без многу спротивставувања, дури и создавајќи свои впечатоци дека целата земја стоела зад создавањето на албанската монархија. На Зогу му било јасно дека требало да се подготви измена на Уставот, за што требало подготовка на политички, јавен и медиумски терен на внатрешен план.[83] Заради тоа, Зогу провоцирал една владина криза, по што ја распуштил Владата. Преку овој чин, создавајќи нов владин кабинет, тој сакал да го отстрани и најмалиот правен или институционален ризик за остварување на поставената цел. Поддржан од страна на Италија, Зогу водел сметка за законскиот аспект,т.е. овие промени да се направат во рамките на една уставна и регуларна правна рамка. Пратениците во Парламентот гласале само еден закон, со кој се барало распуштање на Парламентот и организирањето на предвремените избори, за создавање на специјално уставното собрание, подготвено за вршење на уставни промени. За да го обезбеди саканиот резултат за избор на уставното собрание, на Зогу му биле ветени финансиски средства за манипулација со изборите.[84] Првиот случај, кога на Зогу му избегало од раце венчавањето и

[80] Исто.
[81] Исто.
[82] Исто, 170.
[83] Puto A., Shqipëria Politike 1912-1939,Toena,Tiranë 2009, 211.
[84] Histoija e Shqipërisë (1921-1939),vëll.III,Tiranë 1984, 348.

врската со италијанска принцеза, било потпишувањето на Првиот пакт во Тирана, бидејќи не била спомната Декларацијата од Конференцијата на Собранието во 1921 година.

Само една година потоа, од страна на Мусолини му бил понуден на Зогу, меѓу другото, и истиот предлог со повеќе сила и со полесни услови, како безбедносна мерка за секој непредвиден настан во иднина. Рим, сосема свесен дека овој пат се наоѓа на поповолна позиција од било кога порано, ценел дека можел на Зогу да му побара многу висока цена за неговото именување за крал. Од своја страна, Зогу бил одлучен да не ја изгуби кралската титула[85], а од друга страна Рим бил одлучен да го добие можниот максимум. Така, Ахмет Зогу ги презел потребните дипломатски чекори за, во овој многу битен настан, да ја обезбеди полната поддршка на Италија. Тој му се обратил на Бенито Мусолини со едно писмо, кое било доставено од страна на Сола, во кое се изразувало дека, со волјата на народот Зогу мочел да го промени политичко – државниот облик на државата. Италијанскиот врв со задоволство ја одобрил оваа одлука на претседателот на Албанија, и ја оценил како двостран интерес на двете страни за да се одбранат од Југославија, но изразил резерва во однос на титулата ``Крал на Албанците``, која би можела Италија да ја постави во тешка позиција. Затоа, на 31 август 1928 година, пред прогласувањето на кралството, Сола се предомислувал, но сепак разбирал дека новата титула на Зогу била можност на Рим да му донесе огромна корист, а и да го увери Зогу дека Рим ќе ја поддржува ова промена.

Од своја страна Зогу веруваше дека новата титула ``Крал на Албанците`` би била една силна заштита наспроти сите тие внатрешни или надворешни албански сили кои беа против монархијата.Еден ден пред да се прогласи монархијата, на 31 август на 1928 година, Ахмет Зогу потпишал неколку тајни договори[86] со Италијаните за да се стават во функција одредбите од Вториот одбранбен пакт на Тирана. Овие договори, на монархијата и обезбедувале силна поддршка за да се одбрани од надворешните и внатрешните ризици. Италија размислувала дека оваа војска, можела да ја користи и за своите цели во Балкан.

Овој период, Уго Сола го оценувал како поволен, бидејќи Италија создавала силни позиции во Албанија и дека на економски план иднината во таа земја им

---

[85] Historija e popullit Shqipëtar II,Prishtinë 1969, 111.
[86] Dako Kristo, - Shënime historike nga jeta dhe veprat e N.M.të tij Zogu I dhe populli i tij,Tiranë 1938, 189.

припаѓала на Италијаните, и дека со прогласувањето на монархијата италијанските интереси би биле загарантирани.[87]

На 1 септември 1928 година, денот кога бил одобрен новиот статус на државата од страна на уставното собрание (комисија), била прогласена албанската монархија, додека Ахмет Зогу бил именуван за крал на Албанците како Зогу I. Попладнето Зогу, придружен од неколку делегации отишол во Парламентот каде бил пречекан со аплауз. Таму ја дал свечената заклетва, дека како крал ќе ја брани државата, ќе го засили националното соединување, независноста и територијалната целина на државата, и дека ќе ги почитува законите и ќе се потпира врз волјата на народот.[88] Потоа, Зогу примил честитки од сите водачи и авотиртети во земјата, со исклучок на врвот на Католичката црква, кои како и порано немале симпатии кон муслиманскиот претставник Зогу.

Новиот Устав на Зогу му дал големи компетенции и во внатрешната и во надворешната политика, како и целата извршна власт спроведувана преку Владата. Извршната власт се спроведувала заеднички, од Кралот и од Парламентот, кој се состоел од еден дом, додека судската власт се спроведувала од судовите кои одлуките ги носеле ``во името на кралот``. По прогласувањето на монархијата на 5 септември, била создадена првата влада на албанското Кралство со чело на Кочо Кота, стар соработник на Зогу.

Во Владата имало седум министерства: министерството за надворешни работи, министерството за внатрешни работи, министерството за правда, министерството за финансии, министерството за образование,министерството за земјоделство и министерството за Светските прашања. Во својата програма која ја усвојувал Парламентот, Владата изразила доверба врз ``големиот сојузник`` Италија. Потоа, во внатрешната политика било ветувано дека ќе се из гради апарат кој требало да го заштити режимот од било каков ризик, дека ќе вршела строга контрола врз службениците и дека ќе вршела реформи во локалната и судската власт.[89] Што се однесува до образованието, се ветувало дека ќе бидат избрани наставници со соодветно образование. По разгледувањето и одобрувањето на

[87] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita 2002, 156.
[88] V. Koka, M. Çami, A. Puto, K.Frashëri, M. Verli, F. Rama, M. Belegu, H. Bajrami, L. Rushiti, A. Lalaj, G. Shpuza, B. Meta, A. Gjergji ,H. Kosumi, A. Vokrri, "Historia e Popullit Shqiptarë",periudha e pavarsisë (28 nëntor 1912-7prill 1939), Akademia e Shkencave e Shqipërisë, Tiranë 2007, 343.
[89] Исто

кралскиот статут, уставното собрание на 1 декември 1928 година било променето во Парламент.
Меѓутоа, она што го загрижувало Зогу била реакцијата на другите земји, особено реакцијата на соседните држави и нивните европски сојузници, со исклучок на Италијаните, кои во почеток имале негативен став во однос на тоа што Зогу себеси се нарекувал „Крал на Албанците„ [90]. Сепак, прогласувањето на Зогу I било оценето како важен настан на балканската политичка арена. Со посебен интерес било следено од странските дипломатски канцеларии. Благодарение на енергичното дејствување во полза на признавањето на новиот режим од страна на Мусолини, пред прогласувањето на монархијата, соседните земји побрзале да ја признаат албанската монархија, со цел, да не ги влошат односите со Италија и Мусолини. Откако на 13 септември 1928 година, Соединетите американски држави го признале албанското кралство[91],а после нив продолжиле и другите земји, како Англија, Франција, Грција, додека што се однесува до Југославија таа на почетокот остро реагираше. Југословените, кои во рамките на своите територии имале, етничко албанско население, ова именување на монархијата го интерпретирале како прв знак за идни иредентистички дејствувања на Албанија, поддржувана од Италија,а против Југославија.

Создавањето на албанското Кралство претставувало предизвик за Франција и Југославија, бидејќи тоа претставувало државна консолидација на Албанија,ја засилувало присутноста на Рим на другата страна на Јадранот и го буделое стравот од албанскиот иредентизам на Балканот. Меѓутоа сето тоа не можело да го спречи формирањето на новата албанска монархија.

Како и да е, Италија прва го признала албанското Кралство, а со самата брзина со која Рим го направил тоа, уште еднаш, го засилил уверувањето за многу битна улога на Италија во преземањето на оваа значајна одлука. Новиот албански крал разменил многу топли телеграми со Виктор Емануел и со Мусолини.[92]

Брзиот позитивен јавен став на Италија во поддржувањето на именувањето на Зогу за „крал на Албанците„, ги обелоденуваше нејзините намери, не само на териториите на Албанија, туку и на другите делови на Балканот, т.е. на териториите каде што живееле Албанци. На овој начин, Рим имал намера да влијае

[90] Hysni Myziri,Historia e popullit Shqiptar,Tiranë 1996, 170.
[91] Tajar Zavallani, Historia e Shqipnis, Phohenika, Tirane, 249.
[92] Исто.

врз Југославија, преку Албанија, врз основа на серијата потпишани договори, особено оние воените, со Албанија, јавни или тајни, и истовремено ја стави на проба не само реакцијата на Југославија, туку и на нејзините сојузници. Италијанската влада никогаш не била отсутна, советувајќи се со албанската Влада за секое прашање што би можело да влијае врз заеднички интерес и работејќи заеднички, за добро решавање на сите прашања од заеднички интерес на Балканот.

## 1.4 Италијанскиот притисок врз Албанија

Албанската држава преживувала тешки години во поствоениот период. Поради тешката економска положба, властите се обидувале на секој можен начин да обезбедат финансиски средства за опстојување на државата. Во неповолните општествени услови, Ахмед Зогу ценел дека силна монархија може да биде придобивка од италијанско-албанското сојузништво, а тој како монарх би имал повеќе аворитет во албанската држава, на Балканот и во Европа. Но, тешката внатрешна економска, финансиска и политичка состојба не давале многу надеж за тоа. Рим бил доста заинтересиран на чело на државата да застане крал, кој би владеел со силна рака, но познавајќи ги добро амбициите на Зогу, италијанската влада не била ослободена од стравот дека тој еден ден би можел да го изневери сојузникот.

Италијанскиот курс во текот на неколку години по ред бил за зацврстување на албанската монархија, давајќи ја сета потрбна помош на неа, а со цел да го обезбеди италијанското натамошно мирно пробивање во Албанија. Во овој период, Рим во Албанија имал две битни средства со кои го одржувал потчинет режимот, а тоа биле „Народната банка„ и особено СВЕА[93].

Сепак, односите на Албанија со Италија до 1930 година, независно од степенот на потчинетост, не поминале без проблеми[94]. Тие никогаш не биле онака како што сакала едната, ниту другата страна. Зголемениот италијански притисок и постојаното омаловажување на Ахмет Зогу, како и измамите од страна на Рим во врска со помошта, кои ниту еднаш не биле дадени по склучените договори, албанскиот крал го правеле многу незадоволен.[95] Кралот на Албанија ниту во периодот на добрите албанско-италијански односи, не се либел отворено да го изнесе незадоволството кон италијанските институции кој делувале во Албанија, а особено кон СВЕА. Имено, СВЕА од почеток не ги давала парите според договорот

---

[93] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita,2002, 178.
[94] Исто.
[95] Bernd J.Fischer,Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Sqipëri,Tiranë,1995, 210.

со албанската држава, додека со долгот правеше сама што сакаше. Таа не ги дозволувала финансиите за развој на албанското стопанство и договорените точки ги менувала одредувајќи ги сумите за оние кои биле интересни за Рим. Отворено се гледало дека таа не сакала да инвестира за подобрувањето на положбата на државата и населението, правела големи шпекулации за доброто на италијанските претпријатија. Настојувањето на Италија да го спречи развојот на Албанија јасно било изразено од страна на високите службеници во Рим, во голем број тајни документи. Меѓутоа, кралот Зогу, често го потсетувал Рим за некоректност на СВЕА и за ненормалната состојба во италијанско-албанските економски односи.[96] Римската Влада, додека ветувала дека ќе ја среди состојбата со СВЕА, а од зад грб, на банката и давала уплатства да врши повеќе притисок врз Тирана. Кралот имал надеж дека во подобрувањето на албанско – италијанските односи би помогнала и Англија, но британската дипломатија во оваа време играла дволична игра и ја поддржувала италијанската страна.

Во меѓувреме започнала и светската економска криза, која дополнително ја влошила доста лошата состојбата на Албанија. Нејзината економска, финансиска и политичка зависност од Италија се продлабочувала постојано. Состојбата повеќе се искомплицирала и од проширувањето на агресивната политика на фашистичките држави во Европа и светот. Италијанското економско пробивање во овие години, споредено на политичкото потчинување, било постигнато без многу тешкотии. Италијанскиот претставник во Албанија, Уго Сола, заедно со генералот Алберто Паријани, председател на военето мисионерство на Италија, ги дополниле обврските на албанската влада за да не прави ни една пречка во работата на капиталистичките друштва во Албанија, потпирајќи се секогаш врё одредбите на претходно склучените договори помеѓу Рим и Тирана. Овој притисок стана уште поголем особено кога станало збор за „Општото италијанско друштво за гас АЏИП (АГИП) „[97].

Владата на Кочо Кото ова друштво го прогласила за државен монопол за продажба на гас и на бензин во Албанија, со цел да го даде под концесија. Освен италијанските и американските друштва се покажале подготвени да ја земат оваа концесија, како и албанските друштва Стамлес и Сита. Сепак, трката ја добиле италијанските друштва, додека навлегувањето на Солос ја принудило албанската

---

[96] Zaunter B.,Shqipërija nën regjimin e Zogut (vepër e përkthyer në gjuhën Shqipe,ruhet në AIHT).
[97] Një shënim i Zyrës së Shqipëris, Vatra, Tiranë, 11 mars 1933.

држава да му даде концесија на италијанското друштво АГИП, кое по земањето на концесијата веднаш ја зголемило цената на бензинот. Поради тоа, на 20 октомври 1929 год. околу 36 пратеници се обратиле до Ахмет Зогу со известување во кое се изразувало незадоволството кон владата на Кочо Кото за дадената концесија на АГИП. Владата била принудена овој проблем да го разгледа. Воедно се појавило и незадоволство и од друштвото СВЕА, веднаш по усвојувањето на законот за употреба на дозволените фондови за светските работи помеѓу италијанското друштво и Албанското министерство за економија во јули 1929 година.[98] Недоразбирањата се појавиле во врска со објетите во кои би се употребувале овие фондови. СВЕА била упорна да се подигаат објекти од втора рака и ги фаворизирала италијанските друштва во светските работи. Воедно била против употребата на фондовите за развивање на домашната економија. Незадоволството достигнало кулминација поради италијанското друштво, кое сакало да се донесе законот во Албанија, што албанските пратеници го принудиле А. Зогу да ја сруши Владата на К. Кото, кој не знаел да го затвори скандалот на АГИП. За овој повод генералот Паријани му пишувал на Министерсвото за одбрана во Рим, дека доколку Албанија не се покаже добронамерна во правец на Италија „ние ќе имаме уште повеќе право, пред светот да ја отстраниме од географската карта„.[99] Италијаните направиле се што е можно за да ја сменат Владата на Кочо Кото со нова. Тоа им успеало, кога на 4 март 1930 година била изгласана владата на Пандели Евангели, која пак, на 13 март 1930 година дала заклетва пред Парламентот. Но, менувањето на Владата не ја смири внатрешната ситуација. Весникот „Арберија„ во август 1930 год., пишувал: „италијанско-албанско сојузништво има една голема тенденција за да се земе една форма на едно економско решение за Албанија„.[100]

Албанските сопственици биле против влегувањето на странскиот капитал во Албанија и барале сами да учествуваат со нивните фирми, а со оние на италијанските капиталисти. Освен тоа, тие барале покачување на царинските такси за производите кои се внесувале земјата. Било поставино барање на повторно разгледување на трговскиот договор со Италија, бидејќи слободниот пазар ги

---

[98] Ilir Ushtelenca, Diplomacia e mbretit Zogu i I-rë,Tiranë 1995, 299.

[99] Bernd J.Fischer,Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Sqipëri, Çabej,Tiranë 2004, 49.

[100] "Arbëria ", Tiranë 15 gusht 1930.

поплавил сите градови со италијански производи во Албанија, со што се придонело до уништување на некои домашни производствени капацитети и, особено, занаетчиството. Поради тоа, за трговскиот договор со Италија се разговарало и во Парламентот во февруари 1931 год. Со помош на пратениците, албанските сопственици и занаетчии барале нов договор, со кој требало да се олесни продажбата на земјоделските и други албански производи на италијанскиот пазар. Италија предвидувала големи пречки за продавање на овие производи, а кога тие би се продале, ги блокирала плаќањата на албанските трговци. Меѓутоа, Владата на А. Зогу не презела никакви мерки за разгледување на одредбите од Договорот, со тоа што потоа Италија успеала да го врати нејзиниот монопол во внарешниот и надворешниот пазар на Албанија,[101] а за сметка на тоа буџетскиот дефицит с# повеќе растел. Владата не била веќе во состојба да ја води државната администрација без нова помош од надвор, бидејќи примањата во буџетот кои биле главно од даноците и таксите на народот, не ги покривале потребите и потрошувачката за зголемениот бирократски апарат. Од друга страна, самиот даночен систем бил во тешка криза, поради што А. Зогу повторно и се обратил на Италија со барање за нов заем.

Рим го прифати барањето затоа што и нему му одговарал растот на долговите на албанската влада кон Италија[102], бидеќи на тој начин, се забрзувало политичко и економско потклекнување на Албанија. Така, на 26 јуни 1931 год. на вонредна седница, албанскиот Парламент ги усвои проект законите за одобрување на заем од 100 милион златни франци, кои требало да се добијав од Италија со ниска камата за 10 години.

Овој заем бил прв во албанско-италијанските односи кој бил одобрен со политички услов. Во договорот за заемот од 1931 год. се подвлекувало дека Италија ќе го одобри за албанската држава, ако таа и натаму продолжи да го поддржува и забрзува проиталијанскиот курс. Заемот фактички бил повеќе една субвенција без процент, која италијанската влада и ја давала како заем на Тирана, само за да ја зацврсти својата хегемонија во Албанија. Заемот целосно се администрирал од избрана комисија составена само од Италијани, но иско имало присутни и Албанци, тие немале ништо во свои раце. Италијаните впрочем дале

[101] AQSH,Fondi MPJ,dosja 148 viti 1930.Relacion i përgaditur nga Italianët mbi mardhëniet e Ahmet Zogut.
[102] Bernd J.Fischer,Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Sqipëri,Tiranë 1995, 211.

само минимална сума од овој заем, а потоа, кога се влошиле односите меѓу владата на Мусолини и владата на А. Зогу го прекинале тој заем. Таа беше една мала и привремена помош, Албанскиот буџет остана секогаш проблематичен и со голем дефицит[103]. Иако помпезно најавуван, заемот не решил ниеден економски проблем, ниту помогнал за развивање на државата.

## 1.5 Економска криза во Албанија (1929-1933)

Светската економска криза во периодот 1929 - 1935 година, како и другите држави на Баллканот, ја погоди и Албанија бидејќи била неразвиено земјоделско место, а зависела од надворешниот пазар[104]. И овде, како и во другите земји, кризата се појавила со намалување на индустриското производство, со пропаѓање на малите селски произведувачи и занаетчии, а со тоа и со зголемување на невработеноста, потоа со паѓање на цените, со големо намалување на надворешната трговија и, особено, со драстичното опаѓање на земјоделството. Првите знаци на кризата во Албанија биле почувствувани кон крајот на 1929 година, а кризата го опфатила и монетарниот и кредитниот систем на земјата.

Таквата состојба ја предочил самиот Зогу пред Парламентот во октомври 1930 год. кога изјавил дека на државата и се заканувала голема финансиска, економска криза, која според него била предизвикана делумно поради климатските услови ( за земјоделството) и делумно од последиците на светската криза. Она што било забележливо за економската криза во Албанија била долготрајноста т.е. до 1934 год., за што имало и внатрешни причини. Имено, светската криза ја затекна Албанија, на економски и финансиски план, со пасивен платен биланс и со финансиски извори што почнале да се исцрпуваат во мера на вознемиреност. Намалувањето на монетарните моќ ја намалила купувачката сила во државата многу по рано.

Освен ова, кризата од порано го опфатила и албанското земјоделство кое, пред кризата, било во една лоша состојба и неспособно да се соочи со конкуренцијата од европското капиталистчко земјоделство. Намалувањето на

[103] Gazeta “ Politika”,10 qershor 1926
[104] Historija e Shqipërisë,vëll.III,Tiranë 1984, 233.

цените кое било видливо во 1929 год. во развиените земји, се појавило и во Албанија, особено во земјоделската економија. Влошувањето на состојбата на селските производители, опаѓањето на надворешната трговија секоја година, довеле до тоа, во 1934 година, вредноста на увозот и извозот да биде 30% од нивото во 1929 година.[105]

Посебна улога во натамошното влошување на економската состојба на Албанија, во текот на годините на економската криза, одиграла и ,,Народната банка на Албанија,,. Така, во текот на 1930 год., се зајакнала инфлацијата во ,,Народната банка на Албанија,, која, со одредена мерка, ги ограничила давањата на кредитите во Албанија. Кредитите што биле давани во кризните години биле многу помали од можностите за кредитирање, кој ги имала банката. Освен ова, кредити добивале и албански фирми за финансиски и трговски дејности, а не од индустриска дејност. Кредитните фондови банката ги употребила, во голем дел, во полза на италијанската држава депозирајќи ги кон италијанските банки, кои ги употребувале за да ги финансираат италијанските капиталистички претпријатија. На крајот на 1930 год. дадените кредити во Албанија ја постигнале сумата од 3779 илјади златни франци, додека во 1934 год. сумата на дадените кредити во Албанија се намалила на 3010 илјади златни франци.[106] Економската криза ја зафатила и индустријата и занаетчиството во земјата, при што голем дел од фабриките го прекинале производството. Во тој период, фабриката за цемент во Скадар, по кус период на работа, во мај 1930 година го прекинала производството, а во август бил затворен и еден дел од фабриката за цигли ,,Стомлес,, во Скадар[107]. Многу од поранешните фабрики ја успорија нивната економска дејност, исто така и еден голем број на занаетчии ги затворија дуќаните. Според албанската историографија, само во Скадар околу 50% од работниците останале без работа.[108]

И покрај тоа, во текот на 1929-1931 год. се отвориле мал број нови фабрики, кои вработувале странки државјани.

Неколку податоци од општината на Елбасан, говорат дека на 31 декември 1934 год. во странските стопанства работеле повеќе странски државјани, додека албанските жители седеле без работа во време на тешката економска криза која

[105] Iljaz Fishta, Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë(1936-1939), Dituria,Tiranë 1999, 15.
[106] Исто.
[107] AQSH,F.legata Italiane,për MPJ të Italisë, 26. 06. 1931.
[108] Исто.

минувала со многу тешкотии. Невработеноста во Албанија достигнала највисок степен во цела Европа, додека уништувањето на малите економски стопански фирми и зголемувањето на бројот на невработените, придонело до зголемување на долговите. Од друга страна, владината буџетска политика ја отежната состојбата на државата, непродуктивните трошоци за војската, жандармеријата и бирократскиот апарат, додека за економијата, просветата и културата се трошеа мали суми. Буџетскиот дефицит достигна големи размери. Директна и главна последица на економската криза, во овие години, бил недостигот на леб. Иако вакви ситуации имало и порано во Албанија, во 1935 год. таа зазела големи размери. Толпа од стотици гладни деца се движеше по улиците на градовите барајќи леб, како во северниот така и јужниот дел на Албанија.[109]

Како последица на влошувањето на економската состојба на народот, недостатокот од храна и тешката хигиенско-санитарна состојба, во земјата се рашириле туберкулоза, маларија, морбили, имало епидемијата на грипот и други заразни болести. Исто така, бил зголемен и морталитетот кај децата. За ова жална состојба говореи и Ахмет Зогу во едно отворено писмо од 7 јули 1935 год. упатено до премиерот. Во писмото, меѓу другото пишувало: "Разбираме дека состојбата е тешка, некои сиромашни кои не можејќи да ја пружат раката, остануваат без ничија помош".[110] Годините на светска економска криза започнаа нова етапа на влијанието на италијанскиот капитал врз економијата на Албанија. Италија, во време на немаштија обезбедила водечко место на економското поле во Албанија, како и на сите други полиња, поради што побарување од властите нови концесии. Во Албанија, освен една банкарска мрежа, Италија имала десетици концесионерски друштва, повеќе минерални претпријатија, но и претпријатија на лесната прехранбена индустрија, градежни како и земјоделски друштва. Сепак, генерално земено, италијанските капиталисти не основале, ниту разработиле некое позначајно индустриско претпријатије во Албанија, додека суровините од Албанија гиноселе, во природна состојба, за преработка во Италија.

[109] Belegu M., E ashtuquajtura reformë agrare e A.Zogut dhe dështimi i saj, Studime Historike,Tiranë 1/1978.
[110] Dokumente britanike prej 1930-1939,Tiranë 1934, 243.

## 1.6 Атентатот врз кралот Ахмет Зогу

Во почетокот на 1931 година, почнале да се рашират гласини за здравствени проблеми на Зогу, кои се зголемиле од време на време кога беше претседател. Во разговор со странските претставници во Тирана, неговите блиски луѓе неговата состојба ја прикажувале како многу критична. Затоа била потребна хируршка интервенција, која би можела да биде со фатални последици. Согласно советите на лекарите на Зогу, тој кон крајот на јануари 1931 год. тргнал на контрола во Виена. При тргнувањето, тој презел некои безбедносни мерки, небаре оставал порака. Се чувствувал смирен и безбеден. За лекување сакал да оди во Виена, а не во Рим. Патувал со италијанскиот воен брод :"Љуатро"" застана во Венеција, а потоа продолжил за Виена. Во текот на лекувањето и по него, Зогу се чувствувал смирено. Австриските власти пред неговото враќање, презеле потребни мерки за да го обезбедат Зогу од секаков вид на атентат. Полицијата преземала мерки застанувајќи некои емигранти, познати како непријателски расположени кон Зогу, но и покрај сите мерки на безбедност кои биле преземени, албанските емигранти процениле дека моментот бил многу поволен за да ја постигнат нивната цел. Вистинските организатори внимавале да бидат подалеку од надзорот на полицијата и тајно се подготвувале без некоја пречка. Според податоците на Вламас, атентатот го организирале Кол Тромара и Вламас, двајцата главните раководители на организацијата ''Bashkimi''. Властите во Виена спомнувале, дека како извршител на атентатот се подготвувал Анѓелин Сума, кој бил член на Централниот комитет на организацијата "Bashkimi"а која имала редовни контакти со Југословенската амбасада во Виена.[111]

Зогу во Виена бил сметан за авантурист, при што домашниот печат ги објавил неговите врски до две австриски баронки, Франциска и Марија де Јанко, две неразделени сестри. Иако тој бил излекуван, Зогу останал уште една недела повеќе само за да ја задоволи Франческа. На 20 февруари 1931 год., Зогу заедно со неговите придружници отишол во Виенскиот театар на Опера. Од двајца емигранти, поранешни офицери на албанската џандармарија, бил извршен атентат врз Зогу при излез од театарот. Првиот, Нок Ѓелоши, кој после враќањето на Зогу на власт избегал во Југославија и се поврзал со организацијата "Bashkimi" а вториот, Азиз Чами, кој бил војник избеган во Југославија после падот на Владата

[111] Ndërhyrja e kapitalit të huaj në tregtinë e jashtme dhe pasojat e saj rënuese për Shqipërinë 1931-1936,Studime Historike, Tiranë,3/1937

на Ноли. Резултатот на атентатот не беше таков како што тиеочекувале, бидејќи убиен бил телохранителот на Зогу, мајор Леш Ѓопалај.[112] Еден член од неговата придружба бил повреден, додека самиот Зогу се спасил без некаква последица. Од прелиминарните истраги кои ги спровела австриската полиција се докажало дека Зогу постојано бил следен од една "набљудувачка група", обвинувајќи ја Југославија дека директно била вмешана во подготовката и изведбата на атентатот, а извршителите биле платени од Белград. Исто така, атентаторите беа опремени и со дипломатски пасоши дадени од Белград.

Со решение од  октомври 1931 год., судот во Австрија им поделил лесни пресуди на двајцата атентатори и тоа, Н. Ѓелоши бил казнет со 7 години вршење на тешки работи, додека А. Чами со 3 години казна затвор. [113] При изрекувањето на пресудите било земено предвид нивното "пожелно однесување при престојот во Виена", како и фактот дека атентатот не бил вршен заради "слаби мотиви"".

Според планот на организацијата"Bashkimi" после убиството на Зогу, во Албанија требало да влезат вооружени банди подготвени од Југославија, чии членови биле албанските емигранти во Југославија кои организирале банди раководени од Ѓени Криезиу, кој работел на падот на Зогу.

Како и да е, Виенскиот атентат и случувањата околу тоа довеле до натамошно заладување на албанско - југословенските односи. Зогу продолжил да ја обвинува Владата во Белград како за атентатот, така и за организирањето на бандите на емигрантите. После овој настан Ахмет Зогу почнал сериозно да размислува и за оттргнување од стегите на Италија. За ова не само дека требало да се зголеми антииталијанскиот отпор по дипломатски пат, туку требало да се обезбедат и врски со балканските земји од кои требало да се бара поддршка. За ова цел дипломатијата на Зогу, го донела и го поддржала францускиот план за создавањето на платежна зона во Балканот, како и обединување на Полуостровот од економска, политичка и културна гледна точка.

Албанската влада, за да ги одбрани интересите на земјата учествувала на неколку балкански конференции, организирани од земјите на Балканот во 1930-те години под покроводителството на Франција. На нив учествувале пет познати албански дипломати и интелектуалци. Средбите биле одржувани намера да ги соединат балканските земји, наспроти реалната опасноста од фашизмот.

---

[112] AQSH,Fondi,LI,Raporti I ugo Solës dërguar MPJ të Italis në Romë nr.740,data 26.03.1937.
[113] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934, Tirane 2002, 193.

# Глава втора

## Албанско-италијански недоразбирања и зајакнување на односите

### 2.1 Албанско-италијански недоразбирања

Првите години на монархијата се карактеризирале со социјална стабилност и смиреност, а кралската Влада била во генерална еуфорија. Но, релативната стабилност која траела од 1928 до 1930 год. почнала да се менува со потреси во внатрешната стабилност на Албанија, проследени со заладување и растечко влошување на албанско-италијанските односи, што продолжило со години.[114] Економската криза тешко ја погодила албанската економија, а во овој период ослабеле и другите извори на приходи на државата, вклучувајќи ги тука и паричните пратки на емигрантите, извозот на странските валути и кредитот на СВЕА.[115] Со крунисувањето на Зогу била затворена првата фаза на италијанското навлегување во Албанија; кое во следните години немало нови елементи, само по форма. Доаѓањето на престолот на Зогу, ја обезбедила декларираната одбрана од владата на Рим, но тоа било завршна етапа на политиката која била практикуван од 1925 година и која што тежнеела да го засили режимот на Зогу и да постави една формална рамноправност на албанско-италијанските односи.[116] Политиката на Министерството за надворешни работи на Италија во однос на Албанија до тоа време, во поголем дел, имала смирувачки тон во делувањето со тежнение повеќе да ја омекне брзината на делувањето, отколку да го забрзува. Италија, која и самата поминувала низ сериозни економски тешкотии, за да му ја покаже на Зогу својата способност, но и нејзиното пријателство во моментите на тешката економска состојба на Албанија, му понудила некои развојни програми.[117] Биле презентираа две верзии, првата, обработена од министерот Сола и втората, од генералот Париjани.

---

[114] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita, 2002, 87.
[115] Исто.
[116] Zaunter B.,Shqipërija nën regjimin e Zogut (vepër e përkthyer në gjuhën Shqipe,ruhet në AIHT).
[117] Ilir Ushtelenca, Diplomacia e mbretit Zogu i I-rë,Tiranë 1995, 54.

Сола барал на Албанија да и се дадат релативно мали суми, за да може да подмирува само најургентните потреби, но не на воен план или за воени цели. Овие суми се предвидувало да се даваат во годишни рати, или во облик на една тотална сума без да и се бараат на Албанија политички концесии како противвредност.

Верзијата на генералот Паријани, предлагала една годишна сума од 10 милиони златни франци, вклучувајќи го и италијанскиот ангажман за албанските вооружени сили.[118] Албанија била условувана да заштеди 15 милион франци злато годишно, за купување на оружје, а на Италија да и признае монополот на контролата врз заштедите. Од подоцнежните текови на настаните јасно се гледало дека верзијата на Паријани сугерирала една суштинска промена во односите помеѓу италијанските претставници во Тирана и воената мисија во Албанија.

Во суштина, новата верзија на Паријани не ила ништо друго освен обид албанската војска да се претвори во платена сила од Италија. Зогу пронашол вреден соработник кај Паријани, од кој секогаш барал поддршка. Паријани се обидувал да ја зајакне војската и мислел дека е потребен отпор против политичкото навлегување, потоа предлагал застој на финансиската контрола на СВЕА врз албанската владата.[119] Исто така, постојано барал нови концесии за Албанија, особено за воените сили и за на ова да му даде важност, ја нагласувал можноста од опасност од агресија од страна на Југославија. Сола не се согласувал со континуираното алармирање од страна на Паријани за агресивните намери на Југославија врз Албанија, така го ценел како претерани барањата на Паријани.

Текот на настаните во меѓународните односи, задоцнувањата и пречките на Италија во реализацијата на економските ангажмани спрема Албанија, особено јавните подготовки на Рим за воена експанзија, го повеле кралот Зогу да започне политиката на блокирање на италијанското влијание во Албанија. Во моментот на криза, начинот кој го одбрал Зогу бил зближување со ривалите на Италија и противниците на нејзината политика во Балканот, зачестувајќи ги контактите особено со Англија и Југославија[120]. Англија која била заинтересирана за економско навлегување во Албанија, намерно во Тирана испрати еден од најдобрите дипломати, кој на Зогу му сугерирал да ја намали војската со цел да биде се помалку зависна од Италија. Така, во Драч пристигнале четири воени

[118] Një shënim i Zyrës së Shqipëris,19 mars 1933,Vatra,Tiranë.
[119] AQSH,Fondi MPJ,dosja 151 viti 1930.Relacion i përgaditur nga Italianët mbi mardhënie.
[120] Bernd J.Fischer,Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Sqipëri,Tiranë 1995, 169.

бродови на чело со Командантот на британската флота на Медитеранот. Политиката на Зогу кон затоплување на албанско-југословенските односи започнал со именувањето на Раул Фичо за амбасадор на Албанија во Белград, потег кој предизвикал незадоволство во Рим. Според податоците во албанската историографија, Раул Фичо бил пратен во Белград со цел да ја зближи Албанија со Југославија[121]. Но, пред да се видат позитивните страни на ова политичко-дипломатско движење на Зогу, искрснал проблем со неговото здравје, кој негативно влијаел во натамошните активности. Истовремено, стигнала силнатата директна и воопшто недипломатска порака на Зогу, во врска со улогата на Југославија во атентатот против него во австрискиот главен град на 20 февруари 1931 год.

После ова изјава на Зогу, Мусолини се обидувал да изгради корисна политика со конкретни резултати и без пречки. Од друга страна со оваа изјава Зогу ја ослабнал неговата надворешна поддршка за да може да даде отпор на потиснувањето и јасните тенденции од страна на Италија за власт врз Албанија, како и можноста, во негов интерес ги обнови односите со северните соседи. Во клима на недоверба на двостраните односи, Зогу под притисок на тешките внатрешни економски услови, на 24 јуни 1931 година со Италија потпишал еден кредитен договор за Албанија.[122] Според него Италија на Албанија требало да и даде заем не поголем од 10 милиони франци (2 мил. долари) годишно за десет годишен период; овој заем да се даде без камата и отплаќањето да зависи од финансиската состојба на Албанија. Договорот, исто така, предвидувал да биде формирана една комисија од двајца Италијани и двајца Албанци кои требало ги надгледуваат трошењата на овие фондови; фондовите да се користат за јавни работи, развојот на националната економија и подобрувањето на образованието. Исто така, се предвидувало Албанија да побара италијански советник за Министерството за финансии, јавните работи, националната економија и за Министерството за образование.

Исплатите би зависеле од континуитетот на соработката помеѓу двете земји, од целосната и сигурна, техничка и политичка, соработка помеѓу Италија и Албанија.

[121] Historija e Shqipërisë,vëll.III,Tiranë 1984, 237.

[122] После извршениот атентат врз кралот 20.02.1931, тој дал изјава за виенскиот весник "New frei Press", на 12.03.1931год. според која може да се каже дека по ова Зогу дефинитивно се поврзува со Италија.

Со овој договор албанската Влада немала повеќе еден приватен партнер, како што бил случајот со СВЕА, туку ја имала италијанската влада која била директен партнер, и врз себе ја земала одговорноста за давањето на кредитот, во облик на договор Влада со Влада, независно од почетната желбата на Зогу заемот да го подигне како една приватна трансакција меѓу него и Рим.[123] Во овој период Зогу се наоѓал под антииталијански притисок, речиси во сите слоеви на албанското општество. Тој станал свесен дека треба да реагира. Треба да се спомне и тоа дека на 1930 год., во Албанија се наоѓале околу 2.000 платени Италијани од страна на италијанската влада. Во албанската војска на секој шести албански офицер доаѓал по еден италијански офицер.[124]

Во однос на оваа италијанска присутност Албанците почнале да покажуваат незадоволство, кое се раширило во сите слоеви на албанското општество, почнувајќи од сиромашните слоеви, селаните и војниците, како и богатите слоеви, земјопоседниците, но и службениците на административната и политичката бирократија на Зогу. Затоа, италијанските власти, кои го сочинувале поголемиот број од добрите позиции во власта, своите места ги користеле корумпирајќи го населението за потоа и отворено да објават желба за да окупираат, импонираат и заканувајќи се на најразлични начини на Албанците. Како пример, може да се спомне случајот на земањето под концесија на продажбата на енергенсите од страна на италијанското друштво АГИП. Давањето на оваа концесија, создало незадоволство кај слоевите на албанската буржоазија, која чувствувала дека и се задира во нејзините интереси во Албанија. На 5 април 1930 год. во посета на Албанија дошол италијанскиот министер за надворешни работи, Дино Гранди, кој при посетата се судрил антииталијанско расположение, што јасно се гледало и од фактот дека ни самиот Зогу не се сретнал со него.[125]

Народното непријателство кон Италијаните отворено избувнало кога во јуни 1930 година, еден италијански офицер бил убиен, блиску до градот Широка, од страна на еден војник на баталјонот на граничните сили кој подоцна веднаш избегал во Југославија. Еден друг дипломатски инцидент беше направен во врска

---

[123] Sinani N., Politika reaksionare e portës së hapur të qeverisë së Zogut në lëmin e tregtisë së jashtme dhe pasojat rrënuese për ekonominë dhe pavarsinë e Shqipërisë (1925-1939), Studime Historike,Tiranë, 1983/1.
[124] Истото
[125] Fishta,I – Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe pasojat e tij skllaveruese për Shqipëri në 1925-1931,Tiranë 1970.

со Министерот за надворешни работи на Албанија, Паул Фичо[126], кој кон крајот на 1930 година, во моментот кога заминал за Белград како амбасадор на Италија, дал едно интервју за еден весник од албанската колонија на Руманија, каде јасно се гледала нестрпливата ароганција на Италијаните, манипулативниот карактер на италијанските трговци, како и лекцијата која што доцна или рано, Албанците ќе им ја одржат. Од друга страна Сола, со својата дипломатска дејност не направил ништо друго, освен тоа дека кај Албанците поттикнал недовербата кон секој мотив или аргумент што го правел под плаштот на великодушноста на Италијаните.Малку подоцна Сола бил заменет од маркизот  Лупи ди Сороња.

Отворено, Италијаните започнале да го поттикнуваат духот на иредентизмот во редовите на албанската војска[127]. Најдобриот начин за постигнување на оваа цел беше Југославија да се смета за непријател на секој Албанец, со јасен став, понатаму да и послужи на аспирациите на надворешната италијанска политика. Се што се правело, водело до заклучок дека требало да се реагира позитивно кон политиката на Рим.

Зогу започнал да презема мерки и за стабилизирање на полицијата бидејќи се гледало дека таа се фашизирала полека, со цел веднаш да се покори на наредбите на генерал Аранитас, кој ги уништувал неалбанските елементи. Тој, на клучните точки на полицијата почнал да именува функционери кои биле познати како непријатели на Италија. Според Зогу, најповолен момент за да се реагира било прашањето на обновување на Пактот на Тирана, чиј рок завршувал во ноември 1931 година. Знаејќи ги ризиците што и се заканувале на Албанија според одредбите на овој пакт, бидејќи на Италијаните им се признавало правото да навлегуваат на албанска територија во определени ситуации без албанско барање, како и да се мешаат во внатрешните работи на Албанија, Зогу започнал да се однесува со големо внимание кон продолжувањето на Пактот. Фактички Пактот не само што го сметал за безвреден, туку и неприфатлив за Албанците.[128]

Во 1931 година состојбите биле сменети, почнувајќи од обликот на режимот, па се до внатрешната состојба, која во некоја мера била стабилизирана или многу подобрена во однос на онаа од 1926 година. Во јануари на 1931 год., за

---

126 Истото.
127 AQSH,F.LI,raporti i Ugo Sola derguar MPJ në Romë, 19.08.1930.
128 Во моментот кога се потпишувал пактот Албанија и Италија биле преокупирани од сериозните внатрешни турбуленции, придружени со надворешни закани и на Зогу му била потребна сигурноста на италијанската гаранција.

прв пат премиерот Еванѓели го информирал британскиот дипломат во Тирана дека односите меѓу Албанија и Италија се заосновани врз договорот на Алијансата од 1927 година, а Пактот од Тирана од 1926 година веќе бил непотребен и дека албанската влада немала намера да го обнови.[129] На тој начин, јасно било дека потпишуваните договори во годините 1926 и 1927, имале за цел зачувување на државата и на нацијата, укинувајќи ја индивидуалната гаранција на Италија за да се обезеди политичката независност на Албанија.

Иако дискусијата по ова прашање се отворила во преговорите за кредитот од 1931 год., Зогу се обидел неговото отплаќање да го пролонгира за еден поповолен период, при тоа сакајќи сосема да го избегне тоа. Неколку денови пред завршувањето на рокот на Пактот, Мусолини барал од Паријани за последен пат да се обиде да го убеди Зогу да го обнови Првиот пакт од Тирана. После острите и напнати разговори, Паријани му изјави на Зогу дека сега веќе не му останува ништо друго, освен да бара од Кралот да даде оставка, нешто што никогаш не се случило. Зогу го информирал италијанското претставништво во Тирана дека на пактот му поминал рокот и дека тој немал намера да го обнови. Зогу се обидувал албанско-италијанските односи да ги постави врз основа на Договорот за соработка од 1927 година, кој се прикажувал како договор помеѓу еднакви страни. Ова била првата отворена битка меѓу Зогу и Италија, од која последната излегла поразена.

Победата на Зогу била поздравена од албанските националисти како внатре, така и надвор од Албанија и значително влијаела за зголемувањето на нивното вреднување на патриотизмот кај Зогу.[130]

Секако, Рим не можел да го остави Зогу политички да профитира на негова сметка, и не можел да прифати неговата политика да биде нарекувана наивна, како внатре, така и надвор од Албанија.[131] Необновувањето на Пактот од Тирана од страна на кралот Зогу, од тој момент, било предупредување за Рим дека треба да се подготви ако е потребно и на отворен отпор, околу својата политика кон ова мала земја.[132]

Сепак, Министерството за надворешни работи на Италија не инсистирало на обновувањето на Пактот бидејќи во моментот државата добивала многу малку или

[129] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita, 2002, 193.
[130] "Vullnet", nr.3/73, 1984 , 187.
[131] " Bota e re", Korçë, nr.418, viti 1936.
[132] Исто.

воопшто ништо од овој акт. Сепак, како сериозна дипломатија реагирала веднаш. Тоа била реакција проследена со една од економска природа, така што било блокирано првото доделување на дадениот кредит, во согласност со завршената спогодбата само пред неколку месеци. Заедничката комисија за администрација на фондовите и буџетот, на почетокот добила само неколку симболички суми, кои подоцна потполно биле запрени.[133] Оваа акција на Италијаните предизвикала вистински удар за албанската економија и држава. Блокирањето на кредитот било придружено со излегувањето на сцена на претставникот на СВЕА кој, по барањето за исплатата на долгот од Тирана, сугерирал италијанската влада да испрати службеник кој би помагал во собирањето на албанските царинските такси.

Зогу свесен за неопходноста на овие фондови, но истовремено и одлучен да не им подлегнува веднаш на Италијаните, избрал офанзивет начин.[134] Принуден од специфичните услови создадени од недостатокот на фондовите, тој се обидел да подготви, преку поранешниот негов министер за финансии, Фејзи Ализоти еден нов буџет, со цел да ги намали трошоците во кралскиот двор и за военни потреби[135]. Во војска се планираше и намалувањето на бројот на офицерите на 160 лица. Тој размислувал дека ова било најрационално делување, во овие услови, за италијанската власт да ги пушти фондовите. Италијаните, биле многу чувствителни на секое навлегување во воените работи, бидејќи тоа било полето во кое тие најмногу инвестирале, повторно ги започнале преговорите со Зогу преку една нота испратена до кралот. Имено, кон крајот на февруари во 1932 година, бил испратен документ кој што содржел неколку предлози според кои Рим му давал на знаење на Зогу, дека би започнале со помош за воени и економски цели, под услов Италијани да вршат еден вид на контрола над начинот на администрацијата со ова помош. Потоа имало и неколку предлози за одреден број на концесии поврзани со проширувањето на италијанската нафтена агенција и на агенцијата за електриката. Зогу ги прифатил овие предлози, сметајќи ја за нова негова победа над Италијаните.

Но, Италијаните и натаму инсистирале на кредитот на СВЕА[136], која од нивна страна бил ценет како приватен кредит, информирајќи го Зогу дека ќе дадат

[133] Fishta, I.-Toçi,V.-Gjendja ekonomike e Shqipërisë në vitet 1912 – 1944, Tiranë 1983, 291 .
[134] AQSH,Fondi 5,dos.2 dok.246/90.Raporti I legat;s italiane-Musolinit,Tirane 15 janar 1932.
[135] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934, Afërdita 2002, 200.

[136] Jacomoni F., Politika e Italisë në shqipëri,превел-Kostaq Xoxa,Kastriot Dervishi,Tiranë 2005, 87.

сé од себе за да ги ублажат условите, сугерирајќи само одложувањето на мораториумот за една година понатаму, со надеж дека двете страни во овој период би постигнале договор. Зогу побарал надворешно влијание врз италијанската Влада информирајќи го претставништвото на Англија во Тирана за неможноста на Албанија за да одговари на барањата на СВЕА, покажувајќи ги ветувањата и ангажманите на Рим кон Тирана. Албанската влада барала преговори со СВЕА, побарувајќи да се разгледа долгот и каматата, како и олеснување на давачките, предлагајќи намалување на почетната камата за 50%.[137] Но, овие барања не биле прифатливи за Италијаните, а на напнатите албанско-италијанските односи се наталожил уште еден проблем. Имено, Југословените објавиле веста дека Италија и се заканувала на Албанија со запирање на сета финансиска помош, во случај да не го прифати нејзиното барање за царинско соединување што за економски слабата Албанија би значело и постепено губење на политичката независност. Затоа италијанскиот предлог предизвикал отпор во Албанија изразен преку нејзиниот дневен печат. Албанско-италијанското царинско соединување би значел конечно анектирање на Албанија и првобитното територијално протегање на Италија на Балканскиот Полуостров. Италијанската влада зазела многу внимателен став, а италијанскиот печат не одговарал на пишувањата на европските весници. Таквата реакција на европската јавност во врска со царинското соединување меѓу Италија и Албанија предизвикала поголеми компликации во меѓународната состојба.[138]

Поради отпорот што се појавил во Албанија, италијанската Влада ги демантирала најавите околу предлогот за царинското соединување. Министерството за надворешни работи во Рим изјавила дека никој не спомнувал царинско соединување и, дека министерот лично мислел дека едно такво нешто е невозможно. Од друга страна, и албанската влада зазела воздржан став. Владата никогаш официјално не го добила барањето на Италија за царинското соединување, но Зогу ставил до знаење дека тој никогаш нема да прифати спогодба со ризични последици за Албанија и Балканот. Обидот на Италијаните за царинското соединување со Албанија ги заострил односите меѓу двете држави и го засилило националното чувство на Албанците, кои овој акт го сметале за злонамерен обид кон нив. Оваа ситуација се обидела да ја искористи Југославија, која била

[137] Misha Glenny.,Historia e Ballkanit 1804-1999,Instituti i Dialogut ,Tiranë, 345.
[138] AQSH,fondi i MPJ,dosja.100,viti 1933.

загрижена од италијанските барања, изјавувајќи дека со ова барање се ризикува мирот на целиот регион.

Во овие моменти секоја финансиска помош, независно од каде доаѓала, би претставувала политичка поддршка за Зогу и можност уште повеќе да се оддалечи од италијанското влијание.

За почеток тој, на југословенскиот претставник во Тирана му побарал еден заем од најмалку 3 милиони златни франци, но одговорот бил „не требаше да се провоцира Мусолини„ и дека Југославија би се ангажирала пред Друштвото на народите да ја заштити Албанија и да ја гарантира неутралноста и интегритетот на Албанија, како и да и биде даден еден заем. Италијанско-албанските односи, особено се заостриле на 1 април 1933 година, кога Парламентот на Албанија донел декрет за Законот над реорганизирањето на образовниот систем, основан на членовите 206 и 207 на новиот Устав, дополнет од Националното собрание. Според новиот закон, образувањето на албанските државјани беше облигативен за сите и без плаќање, додека приватните училишта ќе се затворат или ќе се претворат на државни користејќи ја истата програма како и државните училишта.

Албанскиот министер за образование Мирош Иванај, личност позната по своите национални чувства, поддржан од Зогу, аргументирал дека од времето Италијаните ја злоупотребувале својата позиција бидејќи преку нивните инструктори во албанските училишта, влијаеле на формирање и креирање политика и култура кај нивните ученици, употребувајќи италијански јазик на место албанскиот. Тој информирал дека во некои случаи Италиајните ги замениле портретите на нациолналните херои Албанци и тоа со портретите на Виктор Емануел и Мусолини.[139] Италијанците биле активни и во редовите на католичката популација на северот на Албанија и во делот на Скадар, каде тие имале изградено повеќе училишта отколку што било потребно. [140] Четири професионални училишта организирани и управувани од Италијаните имало во Скадар, Берат, Ѓирокастро и Корча.

Раководењето на директорите од Италијани било префрлено под раководство на Министерот за образование, кој именувал директори Албанци на чело на тие школи. Донесениот закон од Владата предвидувал тешки казни за

[139] Raporti i ministrit Xhafer Villa derguar madhëris së mbretit Zog.
[140] Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Dituria,Tiranë 1999, 112.

родителите кои  ги носеле децата во овие училишта. Оваа реформа ги погоди професионалните и основните училишта отворени од Италијаните и Грците во јужниот дел на Албанија. Албанскиот јазик бил задолжителен за сите предмети, а италијанскиот и грчкиот јазик биле оставени да се изучат како странски јазици само во средните училишта.

Министерот за надворешни работи на Албанија му испратил писмо на италијанскиот дипломат во Тирана, во кое се истакнувала потребата на албанската држава и младината да учат само во албански училишта, зашто целта на државата била да се зацврсти лубовта кон татковината.

Овие случувања предизвикале незадоволство не само кај Владата во Рим, туку и на Грција, како и силна антивладина реакција од католичкиот клер.

Грчката влада протестирала пред Друштвото на народите поради овој закон донесен од албанската влада, и ја обвинила Албанија во Хашкиот суд за непочитување на правата на грчкото малцинство да има свои училишта во Албанија. Хашкиот суд по разгледувањето на случајот, и дал право на грчката страна, апелирајќи на Владата на Зогу да ги одвори грчките училишта. Конфликтот за грчките училишта ги заоштрил и политичките односи помеѓу Албанија и Грција, иако и предходно не биле добри.

Силен протест поради затворањето на католичките училишта испратиле и католичките свештеници до Друштвото на народите. Случајот за училиштата бил уште една голема причина за заострување на односите на католичкиот клер со албанската влада.[141] Свештениците остро критикувале, во својот печат, против мерките кои ги загрозувале интересите на албанските католици и ги споредувале со владените мерки со оние од нацизмот и од болшевизмот.

Пристигнал и протест на италијанскиот претставник во Албанија до министерот за надворешни работи на Албанија, Вила (Вилла) во кој се нагласувало дека Рим бил многу лут од мерките што биле превземени од Тирана во сферата на образованието, мерки кои биле причина за ново непријателство против Италија. Во времето кога дипломацијата од двете страин ги продолжувале разговорите за премногуте проблеми што никнале во односите меѓу Тирана и Рим, Владата на Албанија презела една дејност која директно ги загрозуваше интересите на Италијанците во Албанија. Поднела, жалба за стопирање на едностран трговски

---

[141] Исто.

договор со Италија, кој предизвикувал голема штета во овие моменти особено за слабата економија во Албанија. Зогу побарал нова спогодба без дискриминација и отворено му изјавил на италијанскиот претставник, Армандо Коку, дека преземените мерки што биле предвидени од Италија за прекин на увозот на земјоделските и столарските производи, биле проба што укажува дека Италија немала интерес за доброто на Албанците.

На 9 мај 1933 год., од страна на Министерот за надворешни работи на Албанија, Вила, му биле презентирани на италијанскиот претставник Армандо Коку, сите трговски спогодби кои Албанија ги договорила со другите земји, вклучувајќи ги и тие со Италија.[142] При тоа, му изјавил дека доколку се спроведуваат еднострано, и нема да бидат земани предвид албанските интереси тогаш Албанија би се дистанцирала од спогодбите. Реакцијата на Коку била како да се најавувало непријателство против Италија, но дека државата што би изгубила повеќе, би била Албанија.

Според друго решение на албанската Влада кое не дозволувало продолжување на спогодбата од 1928 год., а која им давала право на италијанските воени инструктори да бидат на редовите на албанската војска, мнозинството од италијански офицери, на чело со генералот Алберто Паријани, требало да заминат од Албанија, додека англиските организатори од жандармериата останале и продолжиле со активностите. Ова била уште една мерка што ги зголемила тензиите за заострување на односите помеѓу Италија и Албанија.[143]

За да ја поминеме тешката финансиска состојба која настанала со прекинот на италијанските кредити, биле преземени репресивни мерки од страна на Зогу за скратување на буџетните трошоци. Распуштил од работа голем број административци, од војската, а притоа биле додадени нови такси што ја отежнало, уште повеќе, состојбата на народот. Сепак, овие мерки не биле доволни за да ја променат состојбата.

Италија од своја страна реагирала против мерките на Зогу, така што на 01 април 1933 год., прекинала со плаќањето на рата од заемот на СВЕА, со што уште еднаш албанските финансии ги ставила пред целосна катастрофа.[144] Барањата повторувани од Ахмет Зогу, Италија да се повлече од овој став, не вродиле плод.

[142] Исто, 113.
[143] Jacomoni F., Gjysma ime Shqiptare,Ora,Tiranë 2005, 38.
[144] AQSH,fondi i MPJ,dosja.100.viti 1932,Ministri i punëve të Jashtme,mbreti Zog, 1933.

Напротив, Рим повеќе ги зацврстувал законувачките барања, поради што Зогу донел закон според кој на италијанските рибари кои дотогаш не плаќале никакви давачки, им се одредувала еднагодишна такса кога требало да рибарат во албанските води. Бидејќи со спогодбата од 1931 год., царините и монополите на солта и цигарите, дејствијата на Националната албанска банка и долгот на СВЕА, беа оставени на советниците т.е. на Италија и се давало целосно право врз финансиите и албанската економија. Тоа што го правела Италија било чекор за обезбедување на политичката и воената контрола во Албанија преку заемите и инвестициите, наместо да се употреби воената сила. Во оваа тешка критична состојба, Зогу се залагал да најде поддршка од балканските и европските земји, па и од Друштовото на народите, но не успеал.

Таквите околности го притиснале Зогу да бара од Бенито Мусолини да се зајакнат преговорите за активирање на поранешните спогодби ветувајќи дека италијанскиот јазик повторно ќе биде задолжителен во сите училишта во Албанија. Овој предлог не го задоволувал планот на Мусолини, кој што профитираше од тешката состојба на Албанија и му предложил на Зогу еден ултиматум[145] под овие услови:

"1. Инспекторите на британската жандармерија да се заменат со италијански инспектори;

2. Албанија да влезе во унија со италијанските царини;

3. Финансиите на земјата да се стават под италијанска контрола;

4. Да се дистанцира од сите трговски спогодби што Албанија ги имаше со другите земји, и за секоја нова спогодба што ќе се воспостави, да се бара најпрво согласност од Италија;

5. Сите воени објекти на земјата да му се продават на Министерството за одбрана на Италија;

6. Да се вратат италијанските офицери што беа избркани претходно;

7. Католичките училишта предходно затворени да се отворат повторно. Италијанскиот јазик да биде задолжителен во сите средни училишта; сите албански студенти да се испратат само во италијанските училишта;

8. Воспоставување во едне број италијански колонизатори во градот Музеќер."[146]

---

[145] Bakalli E.,Marëdhënie Ekonomike Shqiptaro-Jgosllave 1929-1939, Prishtinë 1997, 256.
[146] Histoija e Shqipërisë (1921-1939),vëll.III,Tiranë 1984, 354.

Ова бил план кој тешко ја повредувал независноста на земјата. Овие тешки барања Зогу не ги прифатил, по што своето внимание го насочил кон Англија. Таа имала намера да го натера Рим да не преземе ништо без согласност од Лондон, како и од Југославија, ривалот на Италија во Албанија. Но, овие држави играле двојна игра и кога беше работата да ја бранат Албанија, не го правеле тоа само за да не ги расипат односите со другата држава. Југославија профитирала од несогласувањето помеѓу Рим и Тирана, со подобрување на односите со Албанија, па искажала подготвеност да ја поддржи како на економски, така и на политички план.

После потпишувањето на некои договори, главно со економски карактер, Југославија изразила волја за да ја повлече Албанија во Балканскиот сојуз. Зогу членството на Албанија[147] во Балканскиот сојуз го сметаше за можност за да ја тестира јавно, независноста во сферата на надворешната политика, како и да се решат проблемите со, двете држави на сојузот, Југославија и Грција.[148]

Владите на балканските држави не гледаале благонаклоно кон Албанија, нарекувајќи ја вазална држава на Италија, иако не биле заинтересирани да имаат јаки врски за неа, не сакајќи да си ги расипат односите со Рим. Во критичниот миг, кога италијанскиот притисок бил неподнослив и многу арогантен, владата на Ахмет Зогу побарала помош од Франција за да се ослободи од Италија, но помош не добила. Албанската влада изразила желба да влезе во балканскиот пакт и да се префрли под влијание на Франција[149], но Франција и наметнала уште потешки услови во однос на тие од Италија, и на тој начин и го отежнала патот на Албанија, несакајќи да се замети со Италија.

Кога Владата во Рим видела дека А. Зогу не сакал да се повлече, во Тирана испратила нов дипломат, Армандо Коку. Тој требало да изврши силен притисок врз кралот, додека тој да ги исполни едно по едно италијанските барања, од кои најважни, најзначајни и одлучувачки беше обединување на албанската царина со италијанската. Дејноста на Италија во јануари 1933 год., ги возменирила Велика Британија и Југославија, а Зогу го отфрлил ова барање.

Армандо Коку бил повикан во Рим каде што му било речено дека насила требало да се формира нова проиталијанска влада. Но, најглавното било да се

---

[147] Bernd J.Fischer,Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Sqipëri,Çabej,Tiranë 2004, 157.

[148] Zhivko Avramovski, Kontribut studimit të historisë së Shqipërisë në periudhën midis dy luftrave Botërore"Gjurmime albanologjike",Tiranë 1968, 145.

[149] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita 2002, 180.

изврзи силен притисок преку долгот на СВЕА. Зогу повторно побарал помош, а за возврат ветувал отстапување на одбраната на земјата на силите. Во, меѓувреме Италијаните ја објавиле веста дека Италија имала можност за соборување на А.Зогу, а замена би бил Шевќет Врлаци, близок соработник на Италија. Постоела предвидена варијанта дека од страна на неговиот секретар, пратеникот Јак Кочи, италијански агент, му било препорачано на некои косовари да го тргнат кралот. Италијанците и другите се залагале да создават што повеќе проблеми во Албанија. Започнале тајните преговори помеѓу Зогу и Армандо Коку, но кога Коку му се заканил дека Италија можела го избрише и него и Албанија, Ахмет Зогу му одговори смирено и без да го крене гласот „Се што баравте, се сум дал,,[150].

Во почетокот на јуни 1934 год, министерот за надворешни работи на Албанија изјавил дека Албанија не ја признава „Парисказа декларација,, од ноември 1921 год. Овој акт бил поздравен од Франција и Југославија преку нивните претставници во Тирана. За сета нивна поддршка, овој беше многу важен дипломатски потег, многу позитивен и за независноста на Албанија. Ова се случуваше во моментот кога Балакнскиот пакт во меѓународната јавност го омаловажуваше престижот на Италија на Балканскиот Полуостров. Се разбира дека потоа, Рим го изгубил трпението и неговата реакција врз Тирана не доцнела. Првиот удар го добила комисијата оптоварена со администрирање на кредитните фондови од 1931 год., кои ја преминале дејноста и организацијата. Целосно била прекината италијанската помош, снабдувањето на албанската војска со оружје и воен матријал, а биле повлечени цивилниот персонал и воените претставници.

Италијаците одлучиле да го чекат моментот на почетокот на конечните економски тешкотии во Албанија, бидејќи тие и ги блокирале сите финансиски спогодби. Со овој потег се целело Албанците да се откажат од несогласувањата и повторно да соработуват со Италија. Штом се истрошиле сите можни политички и дипломатски обиди од страна на Италијанците, нивната Влада се одлучи на воена закана.

На 1923 јуни 1934 год. Мусолини врз Албанија презел агресивен акт со кој ги прекршил сите норми од меѓународните права, што не ги почитувал двостраните спогодби со Албанија, ризикувајќи ги политичките и воените спогодби што биле потпишани. Со 22 воени бродова, под команда на адмиралот Канту, Италијаните се

[150] Ilir Ushtelenca, Diplomacia e mbretit Zogu i I-rë,Tiranë,1995, 257.

доближиле до пристаништето во Драч без никакво предупредување, и, без дозвола од албанските власти, влегле во територијалните води на Албанија. Италијанскиот дипломат во Тирана Армандо Коку ја известил Владата на Албанија дека воената флота ќе се тргне од албанското крајбрежје, само кога ќе бидат исполни некои барања на Рим и тоа:

- Отворање на италијанските училишта;
- Враќање на воената мисија;
- Албанија да не учествува во Балканскиот пакт;
- Веднаш да размислат за долгот и за разните италијански кредити.

Зогу ја сфатил целта на доаѓањето на италијанската флота, и за да и се спротистави на овој воено - дипломатски притисок, дејствувал во неколку правци. Меѓувремено, Зогу почнал да презема одбранбени мерки испраќајќи војници во Драч. Албанскиот министер за надворешни работи го информирал италијанскиот дипломат Коку, дека за да почнат преговори требало да владее мирна атмосфера, а не со закани, преку воените бродови што престојувале во албанските води. Ахмет Зогу веднаш ги запознал дипломатските претставници во земјата.

## 2.2 Албанија во италијанско-југословенските односи

а) Состојбата на Албанија и на албанската Влада станувала се покритична и под притисок на европските и балканските држави, кои го фаворизирале италијанскор присуство во земјата. Во овој период, Италија постигнала значае успех во засилувањето на своето влијание на Балканот со постигнувањето на англиско-италијанскиот договор од 2 јануари 1937 година, според кој двете страни го гарантирале политичкото и територијалното статус-кво во сите сектори. Тоа некако го смирило кралот Зогу, кој мислел дека со тоа и неговата позиција била загарантирана и обезбедувана на меѓународната арена. Но, Англија и Франција, во овој период им правеле се повеќе отстапки на фашистичките сили, и ги поддржувале нивниот напад да го насочат кон Исток. Италија се зближила со Југославија, нејзиниот постојан ривал и противник, со која потпишале сојузен пакт, од кое зближување Ахмет Зогу многу се плашел.[151] Разбирал дека потпишувањето на пактот помеѓу овие две држави, нему ќе му наложи да ги поднесува притисоците на "големиот сојузник" и ризикот кој му се заканувал од страна на Италија. Во тајните преговори помеѓу Италија и Југославија пред потпишувањето на договорот многу се дискутирало за Албанија.[152] Југославија, која ги загубила своите позиции во Албанија во 1925-1926 година, се обидувала повторно да ги обнови барем делумно, па затоа југословенската влада била загрижена од политичко-воените подготовки на Рим околу Албанија. Затоа, таа поставувала неколку услови за зближување со Италија, барајќи да бидат отстранети италијанските организатори од војската, да се прекине изградбата на воените објекти во земјата, да се прекине изградбата на патиштата во северниот дел на Албанија, исто така да се тргне помошта за Албанија и за нејзината војска.

Овие и други барања од страна на Југославија, Италијанците не ги прифатиле, бидејќи не го зеле предвид ниту претставениот предлог во југословенскиот проект на Пактот "За зачувувањето на територијалната целина на суверенитетот и независноста на Албанија". Италијаните не сакале да слушаат за ревидирањето на нивните позиции во ова земја. Во завршниот облик на договорот, Владата на Рим направи неколку ратификации, кои говореле за почитот на

[151] Historija e popullit Shqipëtar II,Prishtinë 1969, 311.
[152] Një elaborat për Shqipërinë (1929),Gjurmime albanologjike,Prishtinë, 1994/24.

меѓународните ангажмани на Италија во врска со Албанија. Ова било некаква отстапка од страна на Италијанците, но сепак да се обезбедело тоа што било суштинско, и што Југословените ги дознале и признале најважните и поприоритетните позиции на Италија во оваа област.[153] Фашистичката влада го држела Белград со ветувања дека ќе се советува со него почесто за албанското прашање, додека подоцна му ветила дека ќе пушти и неколку гранични отстапки во нејзина полза, но сето тоа било само за да парализира секакво југословенско противење врз италијанската акција. Во водените преговори Италијаните не ја криеле другата главна причина за италијанско-југословенското зближување, заедничкиот интерес за да му се спротивставуваат на гермнаскиот ризик. Тие беа на мислењето, освен пактот Рим-Берлин, би било добро да постои уште еден пакт Рим-Белград, со цел да биде ограничено германското проширување. Зближувањето со Југославија на Рим му го советуваше и англиската влада, која имала цел да ги раздели фашистичките сојузници.[154] Министерот Чано се обидел да го смири Ахмет Зогу и да го увери дека новите италијанско-албански услови биле посилни од порано и дека независноста на земјата била потполно сигурна во состојбата на новите итало-југословенски односи. Во позицијата во која што се наоѓал, кралот Зогу се правел дека ситуацијата била смирена и на странските новинари им изјавил дека географската и економската позиција на двете земји овозможувале “братските врски” меѓу Италија и Албанија бидат сосема природни.

Навистина Владата на Тирана, чуствувајќи го ризикот кој и се заканувал, се обидела да излезе од политичката изолација[155], во која влегла со концесиите и со многуте отстапувања што и биле направени на Италија. Летото 1937 година, таа на таен начин на Атина и предложила потпишување на еден пакт (сојуз). Но, грчката Влада, која исто така започнала да следи зближувачка политика со фашистичките сили, не го прифатила овој предлог, со објаснување дека би бил штетен за сојузничките односи помеѓу Италија и Грција. Владата на Тирана, во октомври 1937 година, и на Белград му се обратила со барање да ги регулираат албанско-југословенските односи и, особено прашањето на албанското население во

[153] Kontribut studimit të historisë së Shqipëtisë në periodën midis dy luftrave botërore, Gjurmime albanologjike,Prishtinë, 2/1968.
[154] Izbert Hoti, Qëndrimi i diplomacisë Italiane ndaj Shqipëris dhe shqiptarëve(1930-1941),Instituti i Historisë Prishtinë,1997.37
[155] Puto A., Shqipëria Politike 1912-1939,Toena,Tiranë 2009, 507.

Југославија.[156] Но, и во овој пат, барањето на албанската Влада не било прифатено. Југославија му се спротивставувала на барањата на Ахмет Зогу и порано, и кога била во непријателство со Италија и под заштитата на Франција, додека, сега во условите на југословенско-италијанското зближување и на враќањето на целата Албанија под италијанското влијание, не сакала да се зборува за албанско-југословенско сојузништво[157]. Таа се надевала дека албанското прашање можела да го реши, во своја полза, со помош на Италија.

[156] Исто.
[157] Bakalli E.,Marëdhënie Ekonomike Shqiptaro-Jugosllave 1929-1939, Instituti i Historisë Prishtinë, Prishtinë 1997, 143.

## 2.3 Албанија во ривалството на Италија и Југославија

Активниот ангажман на Италија во Албанија и Балканскиот Полуостров и намерата за зајакнување на нејзините позиции во целиот регион, би можел да го намали влијанието на Англија на Полустровот. Истовремено се легитимирала нејзината политика како голема сила и го приврпшувал конфликтот со Југославија, со потпишаниот пакт за пријателство помеѓу Италија и Југославија потпишан во јануари 1924 год.[158] Со овој пакт двете земји Италија и Југославија се договориле да не превземат ништо против Албанија без заедничка консултација. Тоа бил првиот таен и директен договор помеѓу двете држави над Албанија која на двете земји им гарантирал привилегии[159].

Во исто време, со овој потпишан договор, Италија се обидувала да неутрализира секаков вид ризичен почеток што можел да го превземе Југославија против Албанија, додека Југославија од Италија добила цврста гаранција дека албанскиот иредентизам во Косово немало да ја добие италијанската поддршка. Но, Мусолини не ја заборавил својата намера за зацврстување на неговите позиции во другата страна на Јадранот, што значело ослабување на југославинските позиции. Тој не можеше да прифати дека со Албанија би владеел еден пројугословенски политичар, и би се намалиле плановите на Мусолини за навлегување во Албанија.

Понудата за соработка со новата албанска влада на Фан Стилијан Ноли од италијанска страна предвидела потпишување договор за сојуз.[160] Но. со таква спогодба италијанската влада би ја поддржала Албанија на секаков начин, освен тоа, таа била подготвена да ги превземе сите трошоци за одржување на војската и за покривање на некои административни трошоци во албанската држава. Брзиот пад на демократската влада на Ноли бил интерпретиран како директен успех на југославската дипломатија и пораз на италијанската, а воедно биле реализирани југославенските интереси оштетувајќи ги италијанските интереси во Јадранот[161]. Од тој момент започнал италијанско-југословенскиот конфликт, а главната улога на Балканот ја презеле Илтаија и Југославија. Успехот на Пашиќ бил загарантиран со енергичната политика, обидувајќи се да воспостави хегемонија над балканските

[158] Paskal Milo.,-Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927,Tiranë 1992, 242.
[159] Arben Puto,Çështja e njohjes ndërkombëtare të qeveris demokratike të 24-ës,Studime historike,nr.1,Tiranë 1964, 11.
[160] Valentina Duka "Historija e Shqipërija ",1912-2000,Tiranë 2007, 287.
[161] Kujtime e shënime historike në Arkivin e Institutit të Historisë dhe të gjuhës,fletorja zyrtare nr.7

народи. Обвинувањата на Мусолини, упатени кон југословеската Влада, дека Зогу бил подготвен на југославската територија, со знаење и помош од југославенски владини кругови кои тајно ја подготвиле ситуацијата за негово враќање на чело на албанската држава. Овој југословенски обид остро бил критикуван од Италија.[162]

На средбата на италијанскиот претставник со министерот за надворешни работи на Југославија, се нагласувало дека југословенската влада му гарантирала на Мусолини дека југословенската политика во врска со Албанија имала јасен став, а тој бил да не и помага на ниту една албанска влада без заеднички договор со Италија.[163] Враќањето на Ахмет Зогу на власт, донел нов план за користење на странски капитал за економски концесии во Албанија, кои биле прекинати во времето на владеењето на Фан Стилијан Ноли. Во борба за економските концесии во Албанија најголеми ривали биле италијанскиот, францускиот, американскиот, англискиот и југословенскиот капитал. Италијанскиот и англискиот ривалитет се ограничиле само на внатрешната сфера на економските интереси, додека помеѓу италијанскиот и југославскиот капитал имал видливи политички бои.

Зогу, за да остане на власт имал потреба за финансиска помош, бидејќи во тој момент државната каса била празна.[164] Во овие услови тој побарал помош од двете соседни држави кои биле најинтересирани за Албанија, Италија и Југославија. Во првите контакти со италијанските претставници во јануари 1925 год., Зогу ја признал апсолутната преднос на економските и трговски италијански интереси во Албанија, во однос на секоја друга држава, ветувајќи дека албанскиот Парламент би ја потврдил трговската спогодба за пловидба потпишана пред една година.[165] Оваа подготвеност на Ахмет Зогу да му отвори терен на италијанското економско навлегување довело до тоа министерот за надворешни работи на Италија, набрзина да подготви документ од 9 точки.[166] Меѓу точките, две биле најважни: точката 8 која предвидувала давање концесии за барање и користење на полињата со керозин во Албанија, и точката од планот која ја регулирала работата на Државната албанска банка. Кон крајот на јануари 1925 год. албанската Влада усвоила 8 точки од деветe предвидени. Не била прифатена точката која предвудавала давање на нафтените концесии на Италија, бидејќи со предходните договори со Англија,

[162] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita, 2002, 57.
[163] Исто.
[164] AQSH,f.2,dok.207/8,Telegram i prefectures së Shkodrës-Ministër së punëve te mbrtshme, 09.12.1924.
[165] Svire I.,- Shqipërija ngritja e një mbretërije, Tiranë 2005, 84.
[166] Paskal Milo.,-Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927,Tiranë 1992, 298.

Ахмет Зогу ги ветил тие концесии на Англо-персиско друштво на кое им ги одобрил во февруари 1925 год.[167] Овој потег на Зогу предизвикал тензии во Рим, каде се барало англиската влада да се повлече и да се постигне англо-италијански компримис, при крај на февруари 1925 година, за нафтените концесии во Албанија. Англиското повлекување било отворен поттик за Зогу за да ослободи патот за нови договори со Рим, особено за заемот и созавањето на банката. Албанската влада, побарала ургентен заем од 2 милиони лири за ублажување на ситуацијата.

Италијанскиот дипломат во Албанија, Уго Сола, нагласувал дека „ова е последната понуда што ни се предложи за да ја зближиме албанската економија со нашата економија".[168] Мусолини го одобрил проектот за албанско-италијански договор за заем, кој што требало да се реализира за 5 години според одредените рати.[169] Потпишаниот договор што и дал на Италија одврзани раце во Албанија, го означил почетокот на влошување на албанско - југославенските и италијански - југославенските односи.

Веднаш по доаѓањето на власт на Ахмет Зогу, министерството за надворешни работи на Југославија му понудил заем во вид на помош од 30 -50 милиони денари за да ја надмине буџетската и финанскиската криза, а во склоп на тоа на Зогу му била предложено и воена помош.[170] Несогласувањата помеѓу Генерал штабот и министерството за надворешни работи доведе до тоа што предлозите да немат резултат.[171] Пропустите на Југославија го терале Зогу се поблиску и поблиску до Италија. Југословенската влада поднела документ до италијанската Влада со кој се барало кога ќе се создаде Националната албанска банка југословенските интереси да бидат еднакви со италијанските, што значело дека југословенскиот капитал требало да биде застапен подеднакво со италијанскиот капитал во Албанија.[172]

На 2 септември 1925 година, кога во Рим била одржена церемонијата за создавањето на Националната албанска банка, во исто време биле поделени и нивните акции. Југословенската група на банкари успеала да обезбеди на независен

[167] Zhivko Avramovski, Kontribut studimit të historisë së Shqipërisë në periudhën midis dy luftrave Botërore"Gjurmime albanologjike",Tiranë 1968, 131.
[168] Ndërhyrja e kapitalit Italijan dhe përdorimi i saj për përgaditjen e pushtimit të Shqipërisë nga Italija fashiste (1925-1939), Probleme ekonomike, Tiranë, 5-6/1974.
[169] Исто.
[170] Hysni Myziri,Historia e popullit Shqiptar,Tiranë 1996, 177.
[171] Исто.
[172] Një elaborat për Shqipërinë (1929),Gjurmime albanologjike,Prishtinë,24/ 1994.

начин само 10% од акциониот капитал на Националната албанска банка. Врз основа на конкуренцијата се развила нетрпеливост меѓу италијанскиот и југославенскиот капитал и во областа на транспортот. Југословенската влада барала да се изгради патот Драч - Елбасан - Кукс преку кој би се поврзувале со Охрид и Скопје. Југословенската влада побарала да ги добие концесиите на железницата во Албанија[173]. На овие побарани концеии веднаш реагирала италијанската влада која била против сите југословенски барања. Во периодот 1925-1926 година постоело големо ривалство меѓу италијанските и југословенските друштва за морскиот транспорт на стока и за патници од Албанија за други земји и обратно[174].
Покрај концесиите во транспортот, Белград бил заинтересираи и за постигнување на еден таен договор, кога Ахмет Зогу бил во Белград.

Југославија се надевала дека Италија нема да може да воспостави контрола врз политичката власт во Албанија, и, дека Албанија ќе остане независна. Таквата надеж била оправдување за да го одбие новиот план за поделба на Албанија, предложен од Италија во јануари 1926 год., според кој на Југославија требало да и се приклучат делови на Албанија до реката Шкумба, а другиот дел требало да го земе Италија.

Друг југословенскиот предлог за царинска унија со Албанија, ги загрозувал италијанските интереси во Албанија, па затоа Југословените добиле остра критика. Несакајќи да се остварат овие намери, Рим извршил силен притисок врз Албанија за потпишување на политички пакт помеѓу двете земји.[175] Во јуни 1925 год. на италијанското барање, Ахмет Зогу ја информирал југословенската влада во детали за сите брања, кои биле ризични не само за Албанија, туку и за Југославија. Во овие околности југословенската влада ја предвидела ситуацијата и била приморана привремено да се откаже од својата одлука за царинска унија со Албанија.

Затекнат во незгодна и безизлезна ситуација, и силниот притисок на Мусолини за потпишување на политички пакт, Зогу бил принуден да ја „забрза процедурата„ и во јуни 1926 година бил потпишан договор за трговија и пловидба со Белград. Освен тоа, била потпишана и конзулска конвенција и договор за

[173] Marveshjet ekonomike –tregtare midis mbretërisë së Shqipërisë dhe Mbretërisë së Jugosllavisë 1929-1939, Gjurmime albanologjike Prishtinë,15/1985.
[174] Смирнова.,Балканская политика фашистичкой Италии,Очерк дипломатической (1936-1941), Москва 1969, 127.
[175] Antoljak S,Hadri A,Cana Z, Jovica I ,Zogaj R, Dermaku I, Godišnjak Pokrajinskog Državnog Arhiva, Priština, 1965.

екстрадиција, кои биле ратификувани веднаш од албанскиот парламент. Со овој договор Југославија добивала економски, политички и стратешки позиции. Иако бил потпишан овој договор не успеал да влезе во сила. Југословенскиот парламент не го прифатил бидејќи ја дознал намерата на Зогу да го потпиеше Тиранскиот пакт, потпишан во ноември 1926 год. помеѓу Албанија и Италија.

## 2.4 Мерките од фашистичката влада за италијанизирање на Албанија

Владата на Рим, со години наназад, како своја обврска си ја поставила италијанизацијата и фашизацијата на Албанија. Со одлучност, преку различните дејствувања, работела на тоа за што пократок рок да ја оствари оваа цел. Без сомнение таа ги разбирала проблемите на ова залагање и отпорот кај албанскиот народ. За забрзувањето на агресијата и на италијанизацијата на земјата, во 1937 година Владата на Бенито Мусолини го испрати во Албанија ново именуваниот претставник Франческо Јакономи, додека организатор за создавање на фашистичкото движење и за регрутирање на агентите во Албанија, бил Ѓовани Ѓиро.[176] Тие доаѓале за да ја продолжат работата на неколку италијански мисионери за проширување на италијанската култура и на фашистичката идеологија во Албанија. Додека, воените организатори, на чело со Зануколи, биле задолжени за забрзување на работите за создавање на една неопходна воена инфраструктура за агресија.[177] За кусо време биле подигнати многу објекти како тврдини, патишта, мостови, пристаништа и други во Централна и Северна Албанија. Имале намера истото да го направат и во Јужна Албанија, но во тоа не се успеало.

Едно тајно писмо, што Сестилио Монтанели им го испратил на италијанските претставници во Тирана во 1937 година, говорело дека главната цел на Италија во Албанија била италијанизацијата и фашизацијата на албанскиот народ, која требало да започне со младата генерација и постепено да ги опфати сите слоеви на народот. Италијанските официјални власти биле сосема свесни дека тоа била многу тешка задача, имајќи предвид дека против оваа активност биле албанските интелектуалци, кои се труделе да го одбранат народот од италијанско фашизирање. Затоа, во овој правец требало да се работи со голема одлучност.

Италијанскиот претрставник Франческо Јакомони, од самиот почеток на својот мандат во Албанија, при првиот состанок со кралот Зогу, на формален начин му ветил целосна италијанска поддршка за Албанија.[178] За оваа поддршка тој побарал, Зогу подобро да ги исполнува италијанските услови и на фашистичките

[176] Puto A., Shqipëria Politike 1912-1939, Tiranë 2009, 532.
[177] Italijanska ekonomska penetracija u Albaniji,1925-1939 godine, Istorija XX veka, Beograd,V/1963.
[178] AQSH,F. LI ,telegram I Ugo Solas derguar ministries se MPJ në Romë, nr. 82, data 22. 02. 1925.

организатори да им создаде услови слободно да дејствуваат. Тој му се пожали на кралот дека албанската Влада не ја употребувала соодветно италијанската помош за развојот на земјата, а за тоа одговорноста била на владата во Тирана. Ахмет Зогу му се спротивставил велејќи му дека “за Албанија ќе биде подобро воопшто да не се развива, отколку да има ваков развој кој ништо да не и носи неа, освен општествените немири, како што се случува со развиените земји”.[179]

Едно од полињата каде што Италијаните многу инвестирале, со цел да го постигнат планот за италијанизација и фашизирање, биле албанските училишта од сите степени. Италијанската цел била асимилацијата на албанскиот јазик, при што училиштата каде што наставата се одвивала на албански јазик се воведувал и италијанскиот јазик, со или без дозволата на албанските претставници.[180] Програмите, предметите и италијанските текстови со фашистичка содржина, биле донесени заедно со италијански наставници, кои во многу случаи управувале со училиштата. Така и директорите на училиштата биле заменувани со Италијани, а биле создадени и сосема италијански училишта. На ова поле се ангажирал и италијанскиот воен аташе во Тирана, Алберто Паријани, покрај специјализираните организатори.

Овие организатори не работеле согласно законот во Министерството за образование и не ги спроведувале ниту директивите на Министерството. Согласно нивната образовна политика, Италијаните го попречувале развојот на средните училишта од општа култура, а давајќи му предност на создавањето на четири професионални приватни училишта во албанските градови.[181] Еден дел од нив беа само со две одделенија, а создавањето на овие училишта требало да помагне во напредувањето на италијанскиот јазик во училиштата, во кои наставата се одвивала на албански и италијански јазик. Бројот на основните училишта требал да стигне до 9 училишта, за подготовката на албанските ученици на основна култура, бидејќи, според Италијаните, на земјоделска и занаетчиска Албанија без индустриски развој, не и требале кадри со поширока култура. Овие училишта биле опремени со модерни средства, со електрични централи, со богат инвентар и школски прибор, и др.

[179] Ligje-dekret-ligje e rregullore të vitit 1925, vëll III, Tiranë 1938, 63.
[180] M.Belegu, Politika zoriste e dyerve të hapura në v.1925-1926, studime historike, Tiranë 1964, nr.3.
[181] Исто.

Албанската индустриска буржоазија, која имаше потреба за кадри со практични познавања, овој начин на образование не го сметаше за лош. Но, оние што гледале подлабоко го согледувале ризикот од исчезнување на албанската култура и албанскиот јазик од овие училишта, поради што биле многу загрижени и протестирале кај Владата против овие училишта.[182] Албанските наставници на трговското училиште во Валона, на средното училиште во Корча, во Скадар и во другите училишта биле меѓу првите кои протестирале. Италијанизаторската политика Рим ја концентрирал особено во основните училишта, за која цел создале многу такви приватни училишта во градовите низ Албанија, како во Драч, Тирана, Скадар, Валона и др. и успеале да убедат голем број албански семејства нивните деца да ги носат во овие училишта. Таму се учело само на италијански и, многу малку, на албански, со што кај новите генерација албанската култура би била потисната.

Но, оваа политика предизвикала незадоволство кај народот. Италијанските службеници признавале дека по "училишта, кафулиња и по улици се води кампања сред албанскиот народ, претставувајќи ја Италија како поттиснувач на националните чувства на децата".[183] Во неколку градови албанските патриоти пропагандирале против испраќањето на децата во италијанските училишта, но пропагандата успеала да се пробие и во средните државни училишта, во гимназиите, педагошките училишта на Албанија, каде бил задолжителен италијанскиот јазик, како и предметот за италијанската култура. Некои училишта, како тоа во Корча, кое било и срж'та на образованието и антифашистички центар, барале да се затворат или пак да се претворат во италијанско училиште.

За проширувањето на влијанието на италијанската култура голема улога имале курсевите по италијански јазик на италијанското здружение "Данте Алигиери". Ова здружение работело во Албанија, особено во 20-те и 30-те години. Италијанските наставници на ова здружение вршеле голема работа во проширувањето на италијанскиот јазик и на фашистичката култура. Ова здружение располагало со големи фондови и дистрибуирало фашистичка литература низ целата земја.[184] Курсевите имале облик на 1-3 годишни училишта, кои доделувале и дипломи. Во 1936 година, курсот на здружението "Данте Алигиери" во Тирана го

[182] Jacomoni F., Gjysma ime Shqiptare,Ora,Tiranë,2005, 84.
[183] Dokumente britanike prej 1930-1939, Tiranë, 1934.
[184] Jacomoni F.,Politika e Italisë në shqipëri,превел-Kostaq Xoxa,Kastriot Dervishi,Tiranë 2005, 38.

управувал лично Јакомони. Министерството за внатрешни работи на Албанија во ова време упатувало на потребата да не се попречува нивното дејство.

Италијаните развивале и други различни културни и уметнички дејствија, додека албанската култура целосно била негирана.

Не помалку внимание се обрнувало на организирањето на албанската младина во паравоена фашистичка организација. Ова се реализирало во времето на создавање основа кралството, кое и оставило на Италија слободен пат да дејствува во овој правец, мислејќи дека воено организираната младина ќе послужи како одбрана за Италија. На тој начин, во Албанија се создала организацијата "Енти Djelmënia Shqiptare", која формално припаѓала на Министерството за образование. Со неа управувале воени италијански организатори, главно од високиот офицер Агостинучи. Тука младината се едуцираше и физички и воено се подготвуваше во двегодишен период, според фашистичките методи, по надзор на 30 италијански инструктори. Многу млади од училиштата не сакале да учествуваат во тоа, но, Владата наредуваше да се преземаат казнени мерки против непослушните младинци.[185] После отстранувањето на италијанските офицери од Албанија во 1933 година, организацијата исчезнала. Обидите за организирањето и за фашистичката едукација на младината подоцна биле преземени повторно, но неуспешно. Друг, "ефективен" начин за образование на албанската младина во духот на италијанска култура и образование, се спроведувала со испраќање на млади во Италија каде им се делеле стипендии за студирање, во деветгодишни училишта, потоа за специјализирани курсеви за средни училишта, а подоцна и за универзитетите и за воените училишта. Министерот Сорања во почетокот на 30-те години, доделувањето на стипендиите за студирање за вишите педагошки училишта го гледал како многу корисно за Италија, бидејќи на овој начин полесно би ја пренеле италијанската култура во Албанија. Во август 1935 година, генералот Паријани се сретнал со кралот Зогу, кој му кажал дека во Италија ќе испратат млади Албанци за студирање во воените училишта. Според Паријани секој од кандидатите би престојувал во Италија 6-8 години. Но, италијанските служби посочиле дека Албанците повеќе интерес покажувале за француските и другите училишта, отколку за италијанските. Иако оделе во Италија, тие, според воениот италијански аташе, "учеа како да не ја вреднуваат Италија".[186] Тие враќале со лоши впечатоци и

[185] Një elaborat për Shqipërinë (1929),Gjurmime albanologjike, Prishtinë, 24/1994.
[186] Jacomoni F., Politika e Italisë në shqipëri, превел-Kostaq Xoxa, Kastriot Dervishi, Tiranë 2005, 43.

со антипатија кон неа, поинаку од учениците од другите земји кои во своите земји се враќале со симпатии кон земјата каде што студирале. Самите Италијани, ова антипатија на Албанците ја образложувале со фактот дека италијанските служби, во текот на студиите, кон нив се однесуваа како со една поинфериорна раса и со некаков вид "колонијална ароганција", нешто што не се случуваше со студентите од другите земји. Владата на Рим вршела притисоци врз албанската Влада во Италија да се пратат 80% од студентите кои земале стипендии,[187] а за сметка на тоа Министерството за надворешни работи доста ја покачило висината на стипендиите.

Грешката ја направиле фашистичките служби кога мислеле дека сите оние кои студирале во Италија, дома би се вратиле со фашистичка култура. Италијанците правеле многу обиди и за слабеењето на другите странски училишта во Албанија, дури и нивното затворање. Нив ги загрижувал фактот што други странски училишта во земјата, како американските, француските и други, биле поуспешни и имале повеќе студенти, бидејќи во нив добивале широко и здраво образование. Освен кон лицејот во Корча, како образовна напредна установа, која била управувана од француски и албански наставници, тие имале антипатија и кон други училишта. Тука било и земјоделското американско училиште во Каваја; американското техничко училиште на Хари Фултс во Тирана и др. Италијаните се обиделе да изградат училиште по примерот на американското во Каваја, но без успех.[188] Исто така, го попречувале и градењето на еден колеџ во Валона финансирано од верските американски мисионери, а било потценувано и приватното училиште "Ќириази на Ќамза", блиску до Тирана, каде што предавале американски наставници на англиски и француски јазик. И покрај тоа, интерес за учење во тоа училиште постоел, поради што Италијаните сакале да го проширувaат нивното влијание и во ова училиште[189]. Во училиштето на Дако во Корча тие успеале да го вметнат италијанскиот јазик, како и една италијанска наставничка. Особена грижа на Италијанците им било основното протестантско училиште "Кенеди", отворено уште од 1905 година, поради успесите на ова училиште.

Сепак, најголемиот напад врз албанските училишта, особено против основните училишта, италијанските служби го презеле во прагот на фашистичкиот напад во 1938 година, со тоа што биле применети образовни реформи подготвени

---

[187] Исто.
[188] Paskal Milo.,-Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927,Tiranë 1992, 353.
[189] Исто, 354.

од Министерството за образование т.е Сестилио Монтанели. Тој, промовирајќи реформа во школството за да се прилагодат условите на образование со “земјоделскиот развој на земјата”, многу ги ограничил училиштата кои предавале општа култура. Така, според Законот донесен во јуни 1938 година, италијанскиот организатор го убедувал Ахмет Зогу дека албанскиот опстанок повеќе зависи од земјоделството и сточарството, и дека условите на земјата не беа поволни за една широка индустријализација. Од друга страна Монтанели, му пишувал на Јакомони дека реформите го фаворизирале проширувањето на образованието, на јазикот и на италијанската култура во Албанија. Овој образовен закон, според италијанскиот претставник “ја одбележуваше нашата убава победа во образовната, културната и политичката област”.[190]

Во јуни 1937 година бил потпишан договор помеѓу италијанскат и албанската влада за создавањето на еден италијанско-албански културен клуб, чии основи ги поставил министерот за надворешни работи на Италија гроф Галеацо Чано. Како повод за неговата посета во Албанија во пролетта на 1938 година, била улогата на прв сведок во венчавката на кралот Зогу. Клубот би наречен “Скендербег”.

Во согласност со културните и образовните обиди, биле политичките, развиени од фашистичкиот организатор Џовани Џиро. Тој во Албанија дошол со цел да ја организира албанската младина во вонобразовното и вонработното делување. Во суштина негова цел била да организира фашистичко движење, зад кое би стоела Италија, како и да ангажира за пари што повеќе доушници од антинационалните луѓе. Италијанската влада го поддржала Џовани Џиро во неговото дејствување со една сума од 140 илјади италијански лирети. Тој директо бил поврзуван со Јакомани и бил непосакуван од страна на Албанците, дури и од албанската влада, бидејќи бил вмешан во највалканите и најантиалбански афери. Џовани Џиро се активирал и во регрутацијата на проиталијански Албанци во миграција, како Мустафа Круја и други, со цел да ја поддржуваат фашистичката агресија на Албанија. Џиро, само штом стигнал во Албанија, регрутирал една група младинци, предводени од авантуристот Васил Аларупи.[191] Тие, според италијански проект и со политичка и со финансиска италијанска поддршка го формирале т.н. “Комитет на дејствувањето”. Ова организација имала за цел да регрутира

[190] Исто.
[191] Lëvizja antizogiste e vitit 1935,karakteri dhe rëndësija e saj,studime historike,Tiranë, 1/1975.

следбеници од школската младина и од другите интелектуалци, со што требало да се ослабат патриотските движења за татковината во Албанија, особено антифашистичките движења. Но, организацијата била многу слаба, и немала успех поради силниот отпор на кој наишла, особено од народот од градот Корча.

Овој случај го искористил и Ахмет Зогу, кој со загриженост го следел делувањето на Џовани Џиро и на фашистичкото движење создадено од него.[192] Тој ги привел В. Аларупи и неговите другари, со што го запрел дејствувањето на "Комитетот на дејствувањето", а Џовани Џиро бил поставен под постојано надгледување од страна на Муса Јука. Кога Џиро се обидел да предизвикува дополнителни турбуленци во прагот на агресијата, Ахмет Зогу го протерал од Албанија. Меѓутоа, Џовани Џиро и другите под дирекцијата на Јакомани, успеале да создадат група луѓе со проиталијанска и профашистичка ориентација од антинационалните слоеви на општеството, [193] која служела како колонија на германскиот претставник во Албанија, Панвич, кој воочувал кон Италија антипатија во албанското општество.

На прагот на агресијата, Италија презела нов економски напад врз албанската држава, обезбедувајќи си нови концесии во областа на економијата. Таа го засилила монополот во областа на надворешната трговија на Албанија, со тоа што, по барање на Рим, албанската влада на 3 август 1937 година донела нов правилник за надворешната трговија, со која се ограничувал увозот на стоките од земјите кои имале пасивен биланс со Албанија, со исклучок на Италија, Грција и САД.[194] Овој правилник, го фаворизирал увозот на италијанската стока во Албанија. Под притисок на протестите на албанските и странските трговци против овие ограничувачки мерки, Ахмет Зогу од италијанската Влада побарал да донесат нов трговски договор за слободен извоз на албанската стока, особено извозот на сточарските производи и на некои други производи. Но, ова барање останало без одговор.

Владата во Тирана на Италијаните им дала концесии и на финансиско поле. Во март 1938 година таа го одобри статутот на "Банката на Неапол во Албанија", со административен центар во Тирана. Ова била филијала на "Банката на Наполи",

[192] Histoija e Shqipërisë (1921-1939),vëll.III,Tiranë 1984, 387.
[193] Izbert Hoti, Qëndrimi i diplomacisë Italiane ndaj Shqipëris dhe shqiptarëve (1930-1941), Instituti i Historisë Prishtinë 1997, 154.
[194] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita 2002, 114.

една од најстарите во Италија, а истиот месец била основана и "Земјоделската банка на Албанија", која иако била албанска кредитна институција целосно зависела од "Банката на Наполи" и била управувана од Италијаните. Пролетта 1938 година, италијанските капиталисти добиле уште редица нови важни концесии. Така, здружението СИМСА,[195] покрај користењето на битуменот од градот Селеница, добило и други концесии за создавање, користење и извоз на бакарот во областа на Лежа, со површина од 16.952 хектари површина, за период од 50 години и со право на продолжување на рокот за уште други 30 години. Во април истата година, италијанското здружение "Пескалба", обезбедила концесија за риболов за 25 години, под контрола на албанската влада во поголемиот дел од територијалните албански води. Според договорот, здружението на албанската држава требало да му даде 50% од добивката и во секој случај, сума не помала од 300 илјади златни франци годишно. Освен ова, таа се обврзувала во Албанија да гради професионално училиште за подготовка на рибари, како и да изгради една или две фабрики за обработката на риба. Но, овие услови од договорот не биле почитувани.

Во текот на престојувањето во Албанија, по повод венчавката на кралот Зогу, во април на 1938 година, министерот Чано обезбедил значајна концесија во полза на здружението АММИ, кое било едно од најсилните италијански здруженија. Ова концесија, која била одобрена од албанската Влада, во март 1939 година, само на ова здружение му давала право за користењето на минералот на хром, откриен во близина на Тропоја. Барањата на албанските капиталисти, упатени до Министерството за национална економија, за ним да им биде дадена оваа концесија, не биле прифатени. На 28 април 1938 година, албанската Влада, под притисок на Рим, му одобрила на здружението на АИПА да гради нафтена рафинерија во Албанија, која била предвидена со договор од 19 март 1936 година.[196] На крај албанската влада го поништа стариот закон за надворешна трговија и да го заменила со нов закон, според кој Италија потполно ја монополизирала надворешната трговија на Албанија. Италијанскиот економски експансионизам ја опфатил и областа на земјоделството. Италијанските крупни здруженија, со финансиска помош од италијанската држава се развивале с# повеќе, проширувајќи ја земјишната површина и зголемувајќи го бројот на работниците.[197]

---

[196] Jacomoni F.,Politika e Italisë në shqipëri,превел-Kostaq Xoxa,Kastriot Dervishi,Tiranë 2005, 46.
[197] Tajar Zavallani, Historia e Shqipnis, Phohenik, Londër 1996, 227.

Здружението ЕИАА на Скти во 1938 година било најголемото земјоделско претпријатие во земјава, тоа имало околу 500 хектари земја и неколку илјади вработени, повеќето Италијани. Како компензација за новите концесии кои ги зела во Албанија, италијанската влада одлучи да му даде “нова помош” на албанската влада за да може да ја поднесе тешката финансиска состојба, која беше создадена заради долгот на СВЕА, но таа немала намера да ја ослободи Албанија од овој долг.

# Глава трета

# Билатералните преговори и договори за концесии

## 3.1 Договорот во Ливорно и разговори за добивање меѓусебни концесии

Од јуни 1934 година, албанските воени бродови биле стационирани во пристаништето на Драч, бидејќи Владата на Зогу ги чувала како гаранција дека би започнале преговорите со италијанската Влада за смирување на тензиите и решавањето на сите нерешени прашања. Но, после заминувањето на воените бродови, ситуацијата се смирила и се одржале состаноци за почнување на преговорите. На овие состаноци дипломатскиот претставник на Италија во Тирана, од министерот за надворешни работи на албанската Влада побарал да се преземат мерки за отворање на католички училишта, како прв услов за почеток на преговорите[198]. Овој услов не бил прифатен поради што преговорите биле одложени за неодредено време. Зогу го искористил моментот и се свртел кон Југославија и Франција, со цел да врши одредено влијание врз Рим, надевувајќи дека со тоа би добил подобри услови во преговорите за албанската страна. Зогу спроведувал преговори со Владите на Франција и Југославија за различни прашања, покрај што побарал и економска и финансиска помош за Албанија.[199] Ова барање не се реализирало, но министерот за надворешни работи на Југославија се обидел да го убеди Зогу да се дистанцира од албанско-италијанскиот воен пакт, ветувајќи му дека преземе мерки за да помагнат и дека Југославија би отворила една филијала на "Извозна банка" во Тирана. Сепак, финансиското прашање и тешката состојба го натерале Зогу да ги запре преговорите со Франција и Југославија, и да и се обрати на италијанската Влада.

Имено, Зогу од Италија добивал помош во повеќе наврати, особено на економското поле, поради што на 23 јули 1934 год., министерот за надворешни работи на Албанија, по препорака од самиот Ахмет Зогу, го поканил министерот за

[198] AQSH.Fondi LI,viti 1934,dos.1.dok. me lëndë 11.07.1934, nr.74
[199] Исто.

надворешни работи на Италија и повел темелен разговор околу состојбата на албанско-италијанските односи. Надежите на албанскиот дипломат биле дека Италија би ја помогнала албанската Влада за надминувањето на тешката економска и финансиска состојба[200]. Според министерот за надворешни работи на Италија, албанскиот претставник му изјавил дека албанската Влада била подготвена за решавање на прашањата кои останале нерешени, бидејќи иднината на Албанија била поврзана со Италија. Исто така, албанскиот министер за надворешни работи му ги предочил на италијанскиот дипломат, прашањата за кои што била заинтересирана албанската влада. Според него најважно било потпишувањето на еден трговски договор за да се обезбеди влез на сите албански продукти во Италија, продолжувањето на рокот за плаќањето на долгот за СВЕА за 15 години, давање на неповратен заем од 8 милиони златни франци за да се намали буџетскиот дефицит, соработката во економското поле, особено за тутунот, волната, оризот и др.[201]

На 8 август 1934 година, министерот на Италија се сретнал со Зогу и потоа, со министерот за надворешни работи. При овие средби, италијанскиот дипломат повторно го истакнал ставот на Италија во врска со барањата кои биле направени порано, поконкретно на 23 јули 1934 година. Тој ја информирал албанската страна дека италијанската Влада со внимание ги разгледувала предлозите на албанската Влада и побарал неколку нови објаснувања, особено со проблемот на училиштата и нивното организирање.[202]

Но и овој пат не бил постигнат некаков компромис за концесиите, по што албанско-италијанските односи останале на мртва точка[203].

Во меѓувреме, италијанската дипломатија направила неклку нови дејства за да ги реши и да ги надмине тешкотиите отворајќи нов канал за разговори со Зогу. Обидувајќи се да ги решава прашањата со тајни приватни преговори, преку човек од министерството за надворешни работи на Италија, кој бил испратен во Албанија со посебен меморандум за Зогу, подготвен од претседателот на италијанскиот парламент и од неколкумина професори. Овие италијански претставници изразиле жалење за создадената состојба во албанско-италијанските односи, обвинувајќи ги

[200] Ndërhyrja e kapitalit Italijan dhe përdorimi i saj për përgaditjen e pushtimit të Shqipërisë nga Italija fashiste (1925-1939), Probleme ekonomike, Tiranë 5-6/1974, 41.
[201] Histoija e Shqipërisë (1921-1939), vëll.III, Tiranë 1984, 213.
[202] Ushtelenca I.,Diplomacia e Mbretit Zog I, 1912-1939, Tiranë 1996, 89.
[203] AQSH.F.i MPJ.viti 1934dos.49, Letra e ministris së punëve të Jashtme dërguar Ahmet Zogut.

министерите за надворешни работи на двете земји и изразиле подготвеност да посредуваат за повторното започнување на преговорите[204]. Тие предлагале Зогу и Мусолини да се сретнат во Италија, или во некој брод на море. Ахмет Зогу го прифатил барањето на Рим и во август 1934 год., без знаењето на неговата Влада, тој во Италија го испратил Зеф Сереќи за продолжување на преговорите, кои се одржале во Ливорно, Италија. Таму, Зеф Сереќи заедно со баронот Алоиси преговарале за сите прашања кои биле нерешени помеѓу Тирана и Рим, а било разговарано и за унапредување на албанско-италијанската соработка. Во текот на преговорите баронот Алоиси му ги повторил на Зеф Сереќи барањата и понудите на италијанската Влада за албанската Влада, и обратно Зеф Сереќи ги искажал барањата и понудите на албанската Влада. На 22 август 1934 година Зеф Сереќи се вратил во Драч, и веднаш се сретнал со Ахмет Зогу, кому му ги објаснил сите прашања кои биле дискутирани во текот на преговорите и заклучокот кој бил постигнат.

Ахмет Зогу за оваа средба го известил англискиот дипломат во Албанија, кажувајќи му дека предлозите кои му биле предложени на Сереќи во Ливорно, од страна на Италија, биле прифатливи за албанската влада.[205]

Во врска со католичките училишта на албанската Влада и се сугерирало да испрати една посебна делегација во Ватикан.

Во врска со долгот со СВЕА, Рим ветувал неколку олеснувања т.е. да се одобри мораториум на обврските за десет години, додека албанската Влада барала 15 години. Италијанската Влада понудила да и даде на албанската влада заем од 30 милиони франци злато, наместо заем од 100 милиони франци злато, кој бил запрен во 1933 година. Овој предлог не бил прифатлив од Зогу, бидејќи планирал заемот да се користи за развојот на земјоделието. Затоа пак, италијанската Влада предвидувала олеснувања за купување на албански земјоделски и сточарски производи и ветувала кела ќе изгради мала рафинерија за обработката на нафтата во Албанија.

Од Албанија се барале серија отстапки, со кои би се обрзувала да води надворешна политика која би ја следела италијанската, додека во врска со војската, албанската Влада се обврзувала да ја спроведе воената програма која и ја сугерирала Италија. Врз основа на оваа програма, Италија би имала морнарица во

---

[204] AQSH.F.i MPJ.viti 1934dos.1,Telegram e ministrit te Italis në Tiran dëgur MPJ.
[205] Zaunter B.,Shqipërija nën regjimin e Zogut (vepër e përkthyer në gjuhën Shqipe,ruhet në AIHT).78.

Драч и воздухопловна база во Тирана, додека војската и џандармаријата би се соединиле и би вежбале под команда на италијански стратези. Во преговорите во Ливорно, Италијаните побарале да заминат од Албанија странските воени стратези, особено англиските.

Во текот на преговорите во Ливорно, баронот Алоиси направил притисок преговорите да завршат за кратко време. Тој му предложил на Зеф Сереќи, ако Ахмет Зогу изрази волја да биде испратен еден италијански дипломат во Тирана за завршување на преговорите. Разговорите во Ливорно, имале значителен чекор за постигнување на компромис меѓу Владата на Зогу и италијанската Влада. На 24 август 1934 година, Зогу имал состанок со англискиот дипломат во Албанија и, со него имал долг разговор за албанско-италијанските односи. Тогаш за прв пат, Зогу го известил англискиот дипломат во врска со преговорите на Ливорно, но на овој состанок англискиот дипломат не му дал никаков совет на Зогу во врска со поставените прашањата, дури не му ветил ни помош за да помогне за подобрувањето на ситуацијата. Во основа, Англија ги поддржувала заклучоците на Конференцијата на амбасадорите во Париз од ноември 1921 година, кои и признавале на Италија еден посебен привилегиран статус во Албанија. Од состанокот со англискиот дипломат Зогу сфатил дека, како и порано, англиските владеачки кругови не биле против натамошно навлегување на италијанскиот капитал во Албанија. Напротив, Лондон му сугерирал да ги продолжи преговорите со Рим.

Меѓутоа, кога преговорите кои се воделе со Рим, заглавувале на мртва точка, албанската дипломатија ги продолжувала состаноците со Белград, но и тие не дале некаков резултат. Со време, економската криза продолжувала и се продлабочувала, така што достигнала критична точка. Репресивните мерки што ги преземала Владата на Зогу и притосокот која таа го вршела врз нејзината администрација за собирањето на давачките од народот, не го постигнале ефектот. Рим го блокирал обидот на Владата на Зогу да земе долг од 6 милиони златни франци од “Националната Банка на Албанија”, која се сметала за главно средство во намалувањето на тешкотиите и на финансиската криза.

И неколку други обиди за да се обезбедат финансии од италијански друштва и претпријатија, или од други земји, биле блокирани од страна на Рим.[206] И овој

[206] Dezhgiu Muharem, Shqipëria dhe diplomacija angleze 1919-1927, Tiranë 2005, 176.

пат, како и претходно, за олеснување на финансиска состојба во земјата, Владата на Зогу го одбрала патот на несамошни пазарења со Рим, патот на обезбедувањето на заемите давајќи нови концесии на италијанскиот капитал.

Состојбите на Балканот од јуни до октомври 1934 год., им донеле проблеми на претставниците на фашистичка Италија. Иако при преговорите во Ливорно имало напредок во постигнувањето на албанско-италијанските спогодби, Владата на Зогу ги продолжила тајните средби со претставниците на југословенската и француската влада за многу прашања од политичка, економска и воена природа.

Но, и италијанската Влада во октомври 1934 година презела мерки со политички и организативен карактер.[207] Армандо Коку бил заменет на функцијата амбасадор во Тирана со италијанскиот дипломатот Марио Индели,[208] со цел да се омекне тешката состојбата која била создадена во албанско-италијанските односи. Ова намера на италијанската Влада имала тешкотии бидејќи договорите останале на мртва точка[209]. Затоа Рим се решил за зголемување на притисокот врз албанската Влада, за таа да се откаже од состаноците со Југославија и Франција, но и да се принуди Зогу да преговора со Италија за намалувањето на тензиите, а со тоа и за отворањето на патот за поширокото протекнување на италијанскиот капитал низ Албанија. На 5 ноември 1934 година, италијанскиот претставник Пиетро Ла Тереза, се сретнал со Зогу, при што разговарале за политичките, економските, воените, образовните и културните проблеми. Според Пиетро Ла Тереза на состанокот се разговарало за проблемот и на католичките и на стручните училишта. Во однос на првото прашање Зогу изјавил дека во Рим ќе испрати една делегација за да разговара и за да бара решение заедно со Ватикан. Зогу исто така дал согласност за повторното отворење на стручните училиштата. Биле водени и разговори за прашањата од воен карактер.

Зогу покажал подготвеност за поставувањето на италијанската контрола над воената албанска морнарица. Од поголемо значење биле прашања во врска со економските договори, а албанската Влада ветила дека на италијанските граѓани би им дала предност при добивањето на сите економски концесии кои биле со одредена важност, како и концесии кои би им се давале на заедничките

---

[207] Françesko Jacomoni, Politika e Italisë në Shqipëri, Tiranë 2005, 31.
[208] Исто.
[209] AQSH.F.i MPJ.viti 1934dos.1,Telegram ekspres i M.Indelit në Tiran dëgur MPJ te Italis ne Rome, nr.14.

италијанско-албанските друштва. Според италијанскиот дипломат, Зогу покажал подготвеност за решавање на нерешените прашања со италијанското нафтено претпријатие АИПА, а Зогу барал олеснување во врска со долгот на СВЕА, иако Рим инсистирал рокот за плаќање на долгот да биде што пократок. Рим, при преговорите, го користел долгот на СВЕА да се користи како средство за притисок врз Владата на Зогу. Дискусиите на Зогу со италијанските дипломати, го отвориле патот за продолжување на преговорите како предуслов за постигнувањето на еден широк компромис.[210] На 7 ноември 1934 година, дипломатот Индели водел преговори со албанските министри Димитар Берати и Џафер Вила, во куќата на Вила, каде што дискутирале за многу прашања во врска со албанско-италијанските односи, при што од Рим, особено се барало долгот на СВЕА да се пролонгира за 15 години. Со ова дејствување албанската Влада имала намера да се ослободи од постојаното заканување од ова друштво. Користејќи го долгот на СВЕА како средство за притисок, под превезот на добронамерно средство на албанската влада, италијанскиот дипломат на албанските министри им рекол дека ако се дозволи пролонгирањето на плаќањето на долгот на СВЕА за 15 години, тоа би значело дека “тој долг и се простува на Владата на Зогу”.[211] Албанскиот министер Берати на италијанскиот дипломат му побарал да обезбеди заем од 30 милиони франци злато, што не би зависело од отплаќањето на остатокот на долгот од 100 милиони франци злато[212]. Овој долг од 30 милиони франци злато би се гарантирал со производството на нафтата кое му припаѓало на албанската влада. Од друга страна, италијанскиот дипломат на албанските претставници им побарал да достават програма во врска со нивните барања и целите за користењето на долгот. На 13 ноември 1934 година, повторно во куќата на Џафер Вила, се состанале на втораа средба, италијанскиот дипломат Марио Индели и двајцата албански министри. Се разговарало за заемот од 30 милиони златни франци, за развојот на земјоделството и за светски прашања. Индели од албанските министри побарал раководствата во албанските министерства да ги сочинуваат Италијани, а тука се мислело не само за економските и финансиските организации, туку и за културните.[213] Многустрани

[210] Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Dituria,Tiranë 1999, 129-130.
[211] Ndërhyrja e kapitalit të huaj në tregtinë e jashtme dhe pasojat e saj rënuese për Shqipërinë 1931-1936, Studime Historike, Tiranë, 3/1937.
[212] Koka V., Marrëveshjet italo-shqiptare të marsit 1936,Buletini i Univerzitetit Shtetëror, Tiranë , 1964.
[213] AQSH.F.i Ministrisë Botrore.viti 1934 ,dos.106, Lënda: Shënime, 14. 11. 1934.

биле дискутабилните објекти помеѓу албанската и италијанската страна, од економска и финансиска природа, како и од политичка, воена, културна и административна природа.

На 16 ноември 1934 година, албанскиот министер Димитар Берати на Владата и ја презентирал програмата со главните точки кои требало да се решат за преговорите со Италијаните да напреднат. Албанската влада, за да го убеди Рим дека сакала да ги реши проблемите и да ги продолжи преговорите, изјавила дека одлучила да не биде дел од Балканскиот пакт. Ова било доказ дека албанската Влада чекореше кон нормализација на албанско-италијанските односи. Кон крајот на 1934 година и почетокот на 1935 год., Владата на Зогу до италијанската влада јасно ставила на знаење дека за да ги продолжат понатаму преговорите и за да дискутираат околу концесиите, требало да започне пуштењето на финансиските фондови од страна на Рим. Тоа било неопходна потреба за решавање на многуте финансиски проблеми и тешкотии, особено за ликвидацијата на многуте долгови кои таа ги имала спрема државните службеници, кон трговците и претпријатијата. Владата на Зогу се покажа како неволна кога се работело за зголемување на концесиите, но затоа пак секогаш барала се поголеми финансиски фондови. Од друга страна, италијанската Влада се покажала како скромна при одобрувањето на нови заеми, кои ги врзувала со нови концесии, посебно на политичко, еконоско, воено, културно и административно поле. Во прво време, Владата во Рим и помагала на албанската влада со 2-3 милиони франци злато, што било незначајно во однос на потребите. Зогу објавил дека ако барањето за реална помош не се исполни, тогаш на југословенскиот капитал би му се дала концесија за тутунскиот монопол во Албанија. На 5 мај 1935 година Марио Индели, кој преговарал со претставниците на албанската влада, на Рим му сугерирал да се разгледа барањето на албанската страна. Министерството за надворешни работи на Италија, на 9 јануари 1935 година, го информирало италијанскиот претставник во Албанија да ја извести албанската Влада дека Рим може да и даде сума од 400 илјади златни франци, како прв потег на добродушност на италијанската страна кон албанската влада.[214] Но, оваа помош била условена со отворењето на стручните училишта, поради што Зогу не бил задоволен, па го испратил во Италија генерал Зеф Сереќи, кој отишол во Рим и разговарали со Бенито Мусолини. Во текот на состанокот Зеф

[214] Исто.

Сереќи на Мусолини му ја претставил трагичната состојба низ која поминувал албанскиот народ, тешката положба на Владата, како и тешката положба на режимот, а во име на Ахмет Зогу апелирал до претседателот на италијанската Влада, да го помогне сојузникот за да ја надмине оваа состојба[215]. На Рим му било ветено дека ќе се спроведат преговори за подобрување на односите меѓу двете земји, а од друга страна Мусолини прифатил да го помогне кралството на Зогу со 3 милиони франци злато, кои биле исплатени на 23 јануари 1935 година.

На италијанскиот претставник му било кажано дека требало побрзо да се решат бројните прашања, кои останале нерешени од претходните преговори, како повторување на концесијата за воздушниот транспорт со италијанското друштво САМ, повикувањето на италијанските наставниците за предавање на италијанскиот јазик во средните училишта, но и за другите прашања. Повторното било отворено прашањето на водоводот во Тирана, за подмирувањето на долговите кон некои италијански претпријатија[216] кои вршиле работи со фондовите на СВЕА, за намалувањето на даноците за алкохолните пијалоци, кои биле покачени за време на заострените италијанско - албански односи, како и многу други прашања. Според податоците на "Националната албанска банка" во Тирана, кои ги праќала во Рим, на 2 август 1935 година, распределбата и користењето на овие пари (3 милиони франци злато) било спроведено на овој начин:

| Бр. | Денови | Подигнати пари[217] | Намерата и употребата на парите |
|---|---|---|---|
| 1. | 29.01.1935 | 100.000.00* | Подарени на директорот за касата на кралот |
| 2. | 29.01.1935 | 102.000.00 | Дадени на Општината во Кукс за плата на цивилниот и воениот персонал |
| 3. | 30.01.1935 | 652.620.00 | Добиени за платата на џандармеријата и војската во Тирана |
| 4. | 30.01.1935 | 364.000.00 | Одобрените за потребите на Општината во Скадар |
| 5. | 30.01.1935 | 298.160.00 | Одобрени за потребите на Општината во |

[215] Kodra Masar, Çështja shqiptare në analet diplomatike Amerikane (1918-1945), Shkup 1997, 56.
[216] Telegrami i MPJ të Italisë në Romë dërguar legates Italiane në Tiranë nr.6, 09.01.1935.
[217] Fishta I., Sistemi monetar dhe i kreditit në Shqipëri 1925-1944, Tiranë, 1971, 59.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Корча |
| 6. | 30.01.1935 | 182.400.00 | Одобрени за потребите на Општината во Ѓирокастро |
| 7. | 30.01.1935 | 36.200.00 | Одобрени за потребите на Општината во Валона |
| 8. | 30.01.1935 | 56.580.00 | Одобрени за потребите на Општината во Саранда |
| 9. | 30.01.1935 | 770.000.00 | Дадени за платите на цивилните работници во Тирана |

* сумата е изразена во златни франци

Сумата која останала за да ја достигне цифрата 300 илјади франци злато била употребена подоцна.

Едно од ветувањата кои ги дал владата на Зогу, било завршувањето на договорот за давање концесија за воздушниот сообраќај на италијанското друштво САМ. Друга отстапка, која му била направена на италијанскиот капитал било повлекувањето на данокот за алкохолните пијалоци. Италијанскиот капитал, во тоа време, не стигнал од албанската Влада да ги обезбеди сите концесии кои биле ветени при преговорите за доделувањето на помошта од 3 милиони франци злато. И во следните месеци, март и април 1935 година, италијанскиот дипломат во Тирана спровел дополнително политичко дејствување за натамошен развојот на преговорите за завршување на договорите со Владата на Зогу.

На 22 април 1935 година, Мусолини на својот претставник во Тирана, му испратил телеграма во која го пренесувал сопствениот став во врска со поволностите од финансиски карактер, кои би можеле да и бидат дадени на Владата на Зогу, ако таа соработува. Рим ветувал дека ќе ги даде фондовите за создавање на Институт за земјоделски кредит, а капиталот кој би се дал за оваа цел, би можел да биде 5 милиони златни франци. Освен ова, би бил даден уште еден друг заем од 10 милиони златни франци за развој на земјоделството. Заемот би бил даден за 5 години, првата половина во готово, а другата половина во материјални средства. Долгот би се гарантирал со приходите кои албанската Влада би ги добивала од АИПА.[218] Италијанската Влада бараше концесии за контрола на пристаништето во Драч за 30 години, кое би го контролирало италијанско друштво.

[218] “Besa”, 23.01.1935.

Дополнително, италијанската Влада предвидувала уште еден заем за албанската страна во висина од 3 милиони златни франци, кој би бил потребен за услугите на тутунскиот монопол[219], а кој би се враќал за 10 години. За ова би гарантирала албанската Влада со тоа што би го исполнувала барањето на АИПА за нови концесии јужно од Берат, дека ќе го продолжи рокот за користењето на нафтата од страна на италијанското друштво до 1936 година. По ова би се решил проблемот на конфесионалните и стручните училишта, исто така би се решил и проблемот на цивилните и воените организатори и др.

Кога се говорело за друштвото на СВЕА[220], Мусолини му порачувал на италијанскиот дипломат дека било потребно албанската Влада да обезбеди една мала сума во нејзиниот буџет, за постепено да го исплатува долгот кој го имала кон друштвото на СВЕА. Додека се развивале овие настани, Владата на Зогу користејќи ги првите знаци на поправање на односите, ја замоли италијанската влада да и одобри заем од 1 милион златни франци, потребен за систематизирањето на косовските емигранти. Мусолини го прифатил барањето и наредил на 5 мај 1935 година, на Владата на Зогу да и се исплати првата рата од 400 илјади златни франци[221].

Конкретно Зогу наишол на согласување со Марио Индели за следните прашања:

1. Еден заем од 10 милиони златни франци за развојот на земјоделието;
2. Еден заем за организирањето на тутунскиот монопол, кој се условуваше со регулирањето и исполнувањето на барањата за нафтеното претпријатие АИПА од страна на албанската Влада;
3. Еден фонд за Владата на Зогу;
4. Еден фонд за исплаќање на останатиот дел од долгот од 100 милиони златни франци;
5. Регулирање на прашањето за цивилните организатори.

Додека Зогу не се согласил за овие прашања:

1. За создавањето на Институтот за земјоделски кредит со условите предвидени од италијанската страна;

---

[219] "Demokratia", 03.02.1935.
[220] "Gazeta e Korces", 03.02.1935
[221] Fishta,I. Sistemi monetar dhe i kreditit në Shqipëri, 1925-1944, Tiranë 1971, 237.

2. За давање под концесија управувањето на пристаништето во Драч од страна на едно италијанско друштво за 30 години;
3. За регулирањето на проблемите кои ги имале околу долгот на СВЕА.

Плашејќи се од јавноста, Ахмет Зогу не се согласил да ги даде тутунските концесии и пристаништето во Драч. Според Индели и за долгот на СВЕА, со Зогу имало несогласност. Според албанската историографија се вели дека Зогу сфатил дека давањето на концесиите што ги барал Рим, еден ден би заначело крај на неговиот режим и владеење. Гледајќи како се развиваат настаните, и дека преговорите премногу се оддолжуваат, Зогу презел неколку мерки во областа на финансиите.[222] Имено, по негова препорака бил скроен скратен проект - буџет за финансиската 1936-1937 година, кој не предвидувал италијанската поддршка. Овој чекор на Зогу од многу странски дипломати, а особено од британските, бил оценет како неуспех на албанско-италијанските преговори.

На јуни 1935 година Ахмет Зогу ги повикал министерите од неговата влада, со цел да ги извести за новосоздадената ситуација, за преговорите во Ливорно, Италија, за намалувањето на тензиите и за преговорите кои ги имал со италијанскиот дипломат Марио Индели.[223]

Разликите кои постоеле меѓу албанската и италијанската влада, во врска со степенот и природата на политичките, воените, економските, финансиските, културните и административните разлики, не поминуваа. За ова цел од јули 1935 година албанско-италијанските преговори биле прекинати.

---

[222] Fletorja Zyrtare ,nr.10, data 02. 03. 1935.
[223] Kodra Viron, Marëveshjet italo-shqiptare në mars 1936, në: "Buletini i shkencave shoqërore", nr. 2, 1962.

## 3.2 Актуелната состојба во Албанија и интензивирање на разговорите и постигнатиот компромис

Од октомври 1934 до август 1935 год, не бил превземен ниту еден значаен чекор за подобрување на односите меѓу двете земји, така што разговорите останале во место. Влада на Зогу, која што сакала да се приближи кон Италија, се држела резервирано и се двоумела за некои барања од италијанските претставници. Друга причина, која пречела во подобрувањето и забрзувањето на односите била агресијата против Етиопија.[224]

Во овој период, Италија се обидувала да постигне политички договор со југословенската Влада, бидејќи сметала дека југословенското навлегување на територијата на Албанија, која била под нејзина контрола, особено употребата на сила во таа насока можело да го зголеми спротивставувањето на југословенските кругови и на државите членки на Балканскиот Пакт. Една таква акција би можела да ги спречи и дипломатските разговори за постигнување на политички компромис на Рим со Белград. Италија, во таа насока, работела внимателно и се залагала за реализација на своите интереси во Албанија без посебни потреси. Новите настани од август и октомври 1935 год., условувале натамошни разговори и преговори меѓу Албанија и Италија и нивно директно влијание за забрзување на овие разговори, за конкретизирање и затворање на договорите меѓу двете држави.[225]

Во 1935 год., во Албанија се влошувала состојбата на работниците, а како резултат на тоа на 14 август 1935 год., избувнало Фиерското востание, преку кое се изразувало незадоволство и омраза кон владата на Зогу. Албанската влада превзела остри мерки за неутрализирање на ова движење, вршејќи силен притисок и употребувајќи разни методи за да ја неутрализира опозицијата. На некои учесници во ова востание, кои биле изнесени пред суд, им биле досудени најстроги казни како смртна казна, доживотен затрвор и по повеќе години затвор.

[224] AQSH, Telegrami i MPJ të Italisë në Romë dërguar legates Italiane në Tiranë nga Lec Kurti, nr.6, 10. 10. 1935.
[225] Исто.

Во вакви околности на 24 август 1935 год, Марио Индели се сретнал со кралот Зогу и предложил да се превземат мерки за да се забрзаат и завршат преговорите со постигнување на албанско-италјански договори. Бидејќи албанската Влада се наоѓала во тешка политичка, економска и општествена состојба, барала веднаш за да бидат исполнети барањата на Рим[226]. При оваа средба Зогу му соопштил на италијанскиот дипломат дека се согласува со неговото мислење и се залагал за забрзување на преговорите за договорите кои биле на дневен ред со италјанската страна.

На средбата, Зогу дал ветување дека тој ќе го почитува воениот пакт со Италија, дека за секој политички чекор што ќе ја превзема Албанија со соседните земји, тој би се советувал со Рим.[227] После тоа, во релативно краток рок биле постигнати голем број спогодби. Марио Индели однел во Рим голем број проекти кои што требало да се прегледаат и разгледат од италјанските власти и потоа за нивното финансирање би се дискутирало со албанската страна. Тие биле:

- проектот за организирање на албанската војска;
- проектот за концесиите на пристаништето во Драч, заедно со заемот за организацијата на монополот на тутунот;
- проектот за бришење на заемот СВЕА;
- проектот за албанскиот буџет и др.

Според италјанскит дипломат во Тирана, можело да бидат постигнати нови 13 договори, покрај 14-те предвидени од порано. Албанската влада се спротивставувала на проектот за организирање на албанската војска, а како одговор на тоа дипломатот Индели напомнал голем број прашања со економски и финансиски карактер. На 3 октомври 1935 год., фашистичка Италија превзела воена агресија врз Етиопија. Поради тоа, Друштвото на народите на 7 октомври 1935 год. вовело економски санкции против Италија.

Италјанската влада повторно побарала интензивирање на разговорите за постигнување компромис со Владата на Зогу, преку нејзиниот претставник во Друштвото на народите[228]. Имено, баронот Помпео Алоизи, вршел силен притисок брз албанскиот претставник во Друштвото на народите со намера, тој да јавно да се произнесе против економските санкции што биле воведени против

---

[226] Haxhi A.,Politika financiare antipopullore e regjimit zogist, Studime Historike,Tiranë 1996/1.
[227] Fishta,I.; Sistemi monetar dhe i kreditit në Shqipëri 1925-1944, Tiranë 1971, 137.
[228] Ficher, Bernd Jurgen-Mbreti Zog dhe përpjekjet për stabilitet në Shqipëri,Tiranë 1996, 198.

Италија. Италјанскиот претставник му се заканил на албанскиот претставник, дека, ако тој јавно не се изјаснел против санкциите на Друштвото на народите, Рим ќе ги сметал за ништавни сите албанско-италјански договори, кои пред тоа биле предвидени. Ваквата закана придонела албанската Влада да го прифати овој италјански услов, изјавувајќи дека не се согласувала со решението на Друштвото на народите за примена на санкциите.[229]

Во октомври 1935 год., била соборена албанската Влада, по што Ахмет Зогу поставил нова, на чело со Мехди Фрашери. А како награда што Владата на Зогу била против економските санкции за фашистичка Италија во Друштвото на народите, Рим тајно и дал нов подарок на албанската Влада. Од 31 октомври до 13 ноември 1935 год. со препорака од Рим, Националната албанска банка му дала голема сума на Димитар Берати[230].

| Бр. | Дата за давање на пари | Сума дадена на златни франци |
|---|---|---|
| 1. | 31. октомври 1935 | 200 000 |
| 2. | 01. ноември 1935 | 300 000 |
| 3. | 05. ноември 1935 | 500 000 |
| 4. | 13. ноември 1935 | 500 000 |
| | Вкупно | 1 500 000 |

Според некои италјански податоци, овие пари завршиле во џебовите на некои албански функционери кои биле проиталјански расположени и под контрола на Зогу. Мусолини го информирал италјанскиот дипломат дека во разговорите со албанскта влада треба да влијае пријателска атмосфера, и јасно да му биде кажано на Ахмет Зогу дека италјанската влада била подготвена да и направи некои отстапки на албанската Влада, за, од порано поставените барања дадени на разгледување во римските кругови. Но, овие попуштања не требало да ги ризикуваат главните експансионистички планови на Италија во Албанија, поради што „подароците“ што ги добила албанската Влада продолжиле да се држат во строга тајност.[231] Во јануари-февруари 1936 год., и покрај сите одобрени средства од Италија, финансиската состојба на албанската држава била многу тешка. За

[229] AQSH.dos.39.Letra e BKSH në Durës,dërguar legatës Italiane në Tiranë, 13.11.1935
[230] AQSH.Fondi MPJ,viti 1935,dosja 95.
[231] AQSH.Fondi BKSH,viti 1935,dosja 39.

подобрување на ваквата ситуација, голема група трговци испратиле писмо до албанскиот Парламент во кое се нагласувала тешката економска состојба, што влијаело и на нивната работа и егзистенција. Катастрофалната финансиска состојба во некои општини во Албанија, ја натерале Владата да дејствува на неколку правци.[232] Во јануари 1936 год. албанско-италјанските разговори биле интензивирани, а било разговарано за договор за земјоделски заем, за концесија на тутунскиот монопол, за долгот кон СВЕА. Во ова време се уште имало обновување или замена за некои од договорите што биле пред крај на истекување на рокот, и што останале за дискутирање со италјанските претставници.

Освен за овие прашања, италјанскиот дипломат Марио Индели побарал објаснување и во врска со функционирањето на верските училишта, за зголемување на бројот на италјанските професори за учење на италјанскиот јазик и за стипендиите на студентите кои требало да студираат надвор од земјата и др.[233] Кога процесот на дискусии и завршувањето на албанско-италјанските договори се одвивал со брзи чекори, италјанската Влада одобрувала подароци на албанските владини претставниоци, еднаш од 1,5 милиони златни франци, а потоа уште еден друг подарок од 2 милиони златни франци, кои биле дадени тајно од италјанската страна. Индели му соопштил на Рим да не ги одолговлекува работите, туку да се притекне што побрзо во помош. Бенито Мусолини кој што ги следел со внимание разговорите, се сложил со предлозите на Марио Индели.

На овој начин, користејќи ги економските и политичките внатрешни тешкоти, особено финансиските, на режимот на Зогу и имајќи го поддршката од некои капиталистички сили (Англија, Франција), бил вршен силен притисок за целосно покорување на албанската Влада. За постигнување на оваа цел, Рим ги употребил сите методи как дипломатските дејствувања, заплашувања, фашистичките агенти што биле соработници со режимот на Зогу и агенти, во и надвор од Албанија, навлегување во албанските финансии и др.

Сите овие дејства биле на штета на интересите на албанскиот народ, што влијаело за завршување на договорите од март 1936 год.

[232] Fishta, I. Toçi,,VGjendja ekonomike e Shqipërisë në vitet 1912 – 1944, Tiranë, 1983, 79.
[233] Dako Kristo, Shënime historike nga jeta dhe veprat e N.M.të tij Zogu I dhe populli i tij, Tiranë 1938, 154.

## 3.3 Понатамошно италијанско продлабочување во Албанија и постигнатите договори од 19 март 1936 година

Албанско-италијанските односи имале големо влијание на општиот политички, економски и општествен развој на Албанија, која била во незавидна положба.

На 19 март 1936 год., после долги разговори од страна на министерот за економија на Албанија, Димитар Берати и италјанскиот дипломат во Тирана, Марио Индели биле потпишани повеќе договори.[234]

На 25 март 1936 год. овие договори биле разгледани и прифатени од албанскиот Парламент, а веќе на 3 април 1936 год. биле потпишани од Зогу.[235] Влезот на финансискиот капитал во Албанија, без сомнение влијаел на ублажување на тешкотиите во државниот буџет на Албанија. Со заемот СВЕА се направиле патишта, мостови, пристаништа кои биле потребни од многу порано за Албанија.[236] Но, влезот на финансискиот капитал бил придружен со услови, за тешки концесии што ја загрозиле слободата и независноста на Албанија, но сепак тоа била една задолжителна појава за влезот на странскиот финансиски капитал преку заем.

Прва, главна карактеристика на договорите од 19 март 1936 год. била употребата на разни форми, јавни и скриени за усвојување и нивно објавување. По завршувањето на договорите од 19 март 1936 год. албанската и италијанската влада се согласиле да не се соопштуваат условите по кои се одбруваат заемите како на внатрешната, така и надворешната јавност. Кога биле потпишувани договорите била следена истата политика, а Ахмет Зогу се согласил со претставниците на италјанската Влада да не ги разгледуваат, да ги гласат во Парламент, но не и да се објават во јавност. Договорите можеме да ги делимена три групи :

а) потпишани договори, кои биле јавно процесуирани од Парламентот и биле објавени на јавноста. Во ова група биле опфатени поголемиот дел на договорите, вкупно 13 договори, кои имале за цел детално да се одредат економските и финансиските односи на Албанија со Италија. Таков бил договорот

[234] Fletorja Zyrtare,nr.22, 23. 04. 1936.
[235] " Vatra", 26. 03. 1936.
[236] Hysni Myziri, Historia e popullit Shqiptar, Tiranë 1996, 74.

за ликвидација на заемот од 100 милиони златни франци од 1931 год., потоа договорот за подобрување на финансиската состојба на албанската држава и др.[237]

б) таен договор за организирање и финансирање на албанската војска, кој не бил познат за јавноста.[238]

в) претставени тајни договори или како што биле нарекувани, од самиот режим на Зогу, договори во дадена вербална форма. И овие договори не се разгледувале и не се гласале од Парламентот, па затоа не и беа познати на албанската и меѓународната јавност. Во ова група биле опфатени три договори :

- договорот за отворање на католичките училишта;
- договорот за повлекување на англиските организатори од албанската џандармерија;
- договорот за прифаќање на цивилни, посебно италјански организатори во албанската администрација.

Марио Индели му сугерирал на Рим да не инсистира повеќе на завршување на писмените договори за овие три проблеми.

Втора главна карактеристика на договорите од 19 март 1936 год. била нивната опширност и разновидност. Треба да се знае и тоа дека како заклучок на преговорите биле потпишани единаесет познати јавни договори, две соопштенија со запишани и објавени економски проблеми, еден таен договор за организирање и финансирање на албанската војска[239] и биле потпишани три тајни договори за разгледување на албанско-италјанските односи. Завршните документи кои биле потпишани во март 1936 год. помеѓу албанската и италјанската влада биле :

- договор за ликвидирање на десет годишниот заем од 100 милиони златни франци;
- договор за системот и финансиската состојба на албанската држава;
- договор за земјоделски заем од 10 милиони златни франци;
- договор за заем за формирање на тутунски монопол во албанската држава;
- договор за организација на пристаништето во Драч;
- договор за заемот СВЕА;

[237] Истото
[238] Kodra Viron, Marëveshjet italo-shqiptare në mars 1936, “Buletini i shkencave shoqërore”, nr.2, 1962.
[239] Kodra Masar, Çështja shqiptare në analet diplomatike Amerikane (1918-1945), Shkup 1997, 321.

- Дополнителниот протокол за трговскиот и пловидниот договор потпишан помеѓу албанската и италјанската влада на 20 јануари 1924 год.;
- Привремен договор за трговија;
- Договор помеѓу министерството за национална економија и друштвото ЕИАА;
- Таен договор за повлекување на англиските организатори од албанската џандармерија;
- Договор за примање на италијански цивили во улога на организатори во албанската администрација .[240]

Трета главна карактеристика на договорите од 19 март 1936 год., била нивната комплексна и потчинувачка природа. Уште од почеток на владеењето на Ахмет Зогу, Италија се обидувала и постепено, ја постигнувала целта дозволувајќи заеми за да добива од албанската Влада концесии во различни полиња. Така давајќи го заемот СВЕА, таа успеала да обезбеди многу важни концесии на економско поле. Со концесии била подигната Народна албанска банка[241], притоа навлегувајќи во буџетот на албанската држава, но биле обезбедени други концесии во разни гранки на економијата, индустријата, градежништвото и транспортот. Со десет годишниот заем од 100 милиони златни франци, италјанската Влада го проширила своето навлегување во финансиите на Албанија и постигнала повторни гаранции за добивање на други важни концесии на политичко и културно поле во земјата.[242]

Со договорот за организацијата на пристаништето во Драч била поставена италијанска контрола над ова пристаниште.[243]

Во договорите од 19 март 1936 год., главно место заземале договорите со финансиски карактер. Италјанската влада превзела врз себе да одобри на албанскта влада, како подарок, висока сума од 9 милиони златни франци за да го покрие дефицитот во буџетот на албанскта држава до крај на финансиската година 1934 – 1935 год. Сумата од 6 милиони златни франци би сењ давала по:

- сума од 3 200 000 златни франци во период од два месеци од датумот на потврдувањето на договорите.
- сума од 2 800 000 златни франци, која била наменета за формирање на капиталот на земјоделската банка и требало да се дава на рати од по 900.000

[240] Koka V., Marrëveshjet italo-shqiptare të marsit 1936,Buletini i Univerzitetit Shtetëror, Tiranë 1964, 98. Овие договори биле придружени со многу концесии помеѓу Италија и Албанија.
[241] Dezhgiu Muharem,- Shqipëria dhe diplomacija angleze,1919-1927,Tiranë 2005, 58
[242] Cici A., Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934 ,Afërdita, 2002, 159.
[243] " Arbëria ", Tiranë, 1929-1931.

златни франци, во текот на финансискиот период од 1936-1937 год. и 1937-1938 год., додека последната рата од 1 900.000 златни франци требало се дава во текот на периодот од 1938-1939 година.

Албанската влада си зела одговорност да ги плаќа долговите за италијанските друштво.[244] Италијанската Влада повторно и одобрувала на албанската Влада уште еден заем од 10 милиони златни франци, кој заем требало да се плаќа на 5 пати, и тоа по 2 милиони златни франци. Овој долг албанската Влада требало да го враќа во текот на 50 години, почнувајќи од петтата година откако би бил целосно добиен заемот.

Во врската со договорот за давање на заем за тутунскиот монопол во Албанија биле определени одредени мерки. Италијанската влада требало да и даде на албанската влада долг од 3 милиони златни франци за организирање и функционирање на албанскиот тутунскиот монопол, кој требало да биде управуван од државата. Овој заем се давал без никаков интерес на два рати. Затоа пак, албанската Влада се задолжувала да соработува со италијанската Влада за сите прашање од сферата на финансиите, организацијата и функционирање на овој монопол. Заемот требало да се враќа во текот на 15 год. по 200.000 златни франци годишно, а бил гарантиран од монополските приходи на тутунот. Исто така, Владата се обврзала да прими најмалку еден италијански технички советник, определен од Влада.

За долгот СВЕА[245] дојдоа до овие заклучоци: италијанската Влада се зафатила да влијае кај друшвото СВЕА, со цел да ги реши долговите што ги имала албанската влада кон него, како за заостанатите долгови, така и за идните долгови со одложување за еден 5-годишниот перод. Албанската влада се ангажирала да предвидува на сопсвениот буџет една сума од 250.000 златни франци годишно во корист на друшвата во текот на 5-годишниот период. Албанската Влада под надзор на италијанската Влада, после две години од денот на спогодбата, требало да разговара со друштвото СВЕА.

Во спогодбата за финансирање на еден дел од трошоците за одржување на албанската војска, се предвидувале мерки според кои италијанската Влада требала да и одобри на албанската Влада сума од 3500.000 златни франци годишно за

---

[245] - Shqipëria në vitin 1937, vëllimi II, Tiranë 1938, 245.

финансирање за потребите на албанската војска, а за возврат албанската Влада се задолжувала да прими италијански организатори, за организирање на државниот апарат и на војската. На име на сопствена војска прифатила да не одржува повеќе од 6000 војници и подофицери, како и 675 официри.[246]

Извозот на албанската стока во Италија требало да се одвива на основа на шесмесечни контигенти определени според одобрените дозволи на италијанското Министерство за финансии.[247] Албанската влада се обврзувала да го обезбеди и да го поитикне увозот на стоките во Албанија.

Според податоците на албанското министерство за национална економија, печатени во списанието "Илирија", во почетокот на април 1936 год., италијанската влада требало да и одобри на владата на А. Зогу голема сума на пари[248].

| Бр. | Година | Сума на златни франци |
|---|---|---|
| 1. | 1936 | 10690886 |
| 2. | 1937 | 5200000 |
| 3. | 1938 | 3800000 |
| 4. | 1939 | 2800000 |
| 5. | 1940 | 2300000 |
| 6. | 1941-42 | 500000 |
| | сума | 25290 886 |
| 7. | финансир.на алб.војска | 14500 000 |
| | општа сума | 39 790 886 |

Враќањето на овие долгови ќе почнеше од 1941 год. и би траело 50-тина години. Тешките услови на СВЕА биле доволни за постојана одржување на Владата на А. Зогу под притисок и постојаниот опасност од Рим.

Овие заеми требало да се потрошат за финансирање на војската, за финансирање на албанските државни институтии, како и за други неопределени цели. На овој начин, албанската Влада ги употребувала овие заеми под диктот на фашистичка Италија, немајќи можност да делува независно.

[246] Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Dituria,Tiranë 1999.
[247] Истото.
[248] Bakalli E.,Marëdhënie Ekonomike Shqiptaro - Jugosllave 1929-1939, Prishtinë 1997.

Врз основа на овие договори било извршено бришење на некои долгови од страна на италијанската Влада, еден дел од придонесите од државниот буџет и конкретно за решавање на придонесите од користењето на албанското нафтено богатство од АИПА(AIPA)[249], како и од придонесите од тутунскиот монопол.

Со овие дејствувања сумата од придонесите на буџетот на албанската држава, за исплаќање на добиените заеми се проширила и пораснала уште повеќе. Со потпишување на тајните договори, Италија поставила контрола над албанската војска, диктирајќи му на А. Зогу за општиот број на подофицерите и офицерите во албанската војска, а што требало да биде проследено со примање на италијанските советници во албанската војска.

Италијанските организатори имале задача не само што да го одржуваат под контрола целиот државен апарат, туку и да играат улога на агенти, со цел да информираат за најзначајните политички случувања, економски и воени стратегии во земјата.

Во 9 мај 1936 год. со заповед на Зогу, Владата ја прогласила одлуката за отварање на католички училишта, според која само католичкиот клер имал лправо да отвора училишта колку сакаше и каде сакаше.

Според договорот со воен карактер[250],се превидувала изградба на патишта и воени објекти, кои биле потребни за брзо пристигнување во Албанија и на Балканот. Според италијанскиот дипломат Манлио Габрел, Италија требало добро да се обезбеди од секое дејство на соседите за остранување на италијанското присуство во Албанија.

Италијанската Влада, мартовските договори ги искористила како основа за земање на бројни концесии, значајни за проширувањето на натомашната негова експонзија во разни економски гранки на албанското стопанство: во индустрискиот сектор, рудниците, земјоделството, градежништвото, сообраќајот, внатрешната и надорешната трговија, финансисиот систем и др. На полето на природните богатства, на италијанските капиталисти им биле дадени нови концесии за користење на нафтените полиња. Другите италијански дејствија за подготовка на агресија, како и дејствувањето на агентите во земјата, субвенциите на некои органи, печатот за развивање на пропаганда во корист на Италија, и проширување на идеи и фашистичка култура во Албанија, создавање на фашистички

[249] AQSH.Fondi iMPJ, viti 1936, dos.124.
[250] Fishta, I.-Toçi,V.-Gjendja ekonomike e Shqipërisë në vitet 1912 – 1944,Tiranë,1983, 274.

организации, проширување на училиштето и на курсевите со италијански профил, и др., влегувале во италијанскиот план, но сепак за овие активности не може да се зборува врз основа на тајниот мартовски договор[251].

Владата на Зогу дејствувала и во еден друг правец. Пред и по потпишување на договорите од 19 март 1936 год. албанскиот печат[252], се разбира со порака на Владата на Зогу, овој последниот поттикнат од Рим, го известил и запознал албанскиот народ за разговорите и заклучоците од договорите[253]. Информациите за договорите биле објавени во весниците ”Арберија”, ”Илирија” и др. Дејстувајќи како и порано, Владата на Зогу, презела мерки и за информирање на своите дипломатски претставници, кои биле надвор од земјата за новите договори со Италија. Веста во една телеграма од март 1936 год., која што информирала за потпишувањето на овие договори до албанските конзули во Бари, Солун, Крв, Бостан и др., била непријатно оценета од дипломатите. На овие договори се спротивставувале и еден дел од интелектуалците, кои сфатиле дека како предходните преговори, така и новите, биле со лоши цели за слободата и независноста на Албанија.[254]

Потпишаните договори ги разнишале односите на Албанија со другите држави. Поради тоа, Владата на Мехди Фрашери, без сомнение, со согласност на А.Зогу, се обидела да ги поправи односите со другите држави. Во таа насока, за подобрување на врските со Германија се планирало основање на албанско претставништво во Берлин. Но, Германија го критикувала ова, не сакајќи да ги расипе односите со Италија и нарекувајќи ја Албанија сателит на Италија. Но, со текот на времето, германската Влада го прифатила напорот за подобрување на дипоматските албанско-германски односи и отворање на албанска амбасада во Берлин.

Албанскиот министер за надворешни работи Фуат Аслани, се обидел да ги подобри однодите со Лондон и Париз, но без успех, бидејќи тие не сакале да ги расипат односите со Италија.[255]

[251] Vllamasi S., Ballafaqime politike në Shqipëri 1897-1942 (Kurjtime dhe vlersime historike ), Tiranë, 1995, 187.
[252] V.Koka и други, ”Historia e Popullit Shqiptarë”..., Tiranë 2007.
[253] Robert J.Stevens,B.S., Zhvillimet Politike në Shqipëri 1920-1939,превeдел Halit Daci,Geer,2004, 69.
[254] Koka V., Marrëveshjet italo-shqiptare të marsit 1936,Buletini i Univerzitetit Shtetëror, Tiranë 1964, 134.
[255] Исто.

Мартовските договори биле критикувани и од Албанци кои биле надвор од земјата, а кои што договорот го нарекле чекор кон вазалство на земјата. Швајцарскиот весник од Лозана ”Правото на народот” на 5 мај 1936 год, пишувал дека ”националните богашства на еден народ и се оставени во рацете на фашистичка Италија”.[256]

Зогу често пати се обидуваи и прави тајни обиди за зближување со соседните држави и за поврзување со нив, но тие немале доверба кај А. Зогу, а од друга страна се плашеле од Италија. Меѓу балканските влади, кои реагирале на договорите била и југословенската влада, која што постојано го следела, со вознемиреност, италијанското напредување во Албанија, и покрај сите обиди на Владата во Рим, за нејзина смирување.

За односот на италијанската политика се изјаснила и турската Влада, изразувајќи нервоза и вознемиреност, која преку својот министер за надворешни работи, Ружди Араси, му изјавила на југословенскиот министер, дека овие договори “претставуваат ризик за Балканскиот пакт”. Грчката Влада, имала неутрален став.

Со договорите од 19 март 1936 год. биле проширени и продлабочени многу сервилните односи на Албанија во албанско-италјанските односи. Во суштина, Рим го зацртал правецот и развојот на албанско-италјанските односи, нивниот карактер и нивната природа, притоа поставувајќи ги овие односи во функција на реализирање на конечниот план за освојување на Албанија.

[256] Koka V., Marrëveshjet italo-shqiptare të marsit 1936,Buletini i Univerzitetit Shtetëror, Tiranë 1964, 134.

## 3.4 Обидот на италијанскиот капитал за целосно преземање на албанските нафтени извори

Со договорите од 19 март 1936 год. италијанскиот капитал постигнал зацврстена позицијата во Албанија. Со овие договори, во исто време, им задала нов удар на нејзините конкуренти, на Франција и Англија. Исто така, биле создадени нови услови за поинтензивно користење на албанските извори од страна на Владата на Мусолини. За разлика од другите држави, Италија беше сиромашна со нафтени извори[257].

Во втор план, Италија интензивно се подготвувала за Втората светска војна, поради што му давала поголемо значење за развивање на тешката индустрија, особено на индустријата за обработка на металите. Италијанската влада делувала со сите средства во два главни правци, прво да ги провери сите нафтени извори во Албанија, и второ, зголемување на инвестициите за користење на нафтата во новооткриената зона на Кучово[258]. Откривањето на изворот во Кучово, внело надеж кај Италијаните дека би можеле да обезбедат доволно големи количеста на енергетски суровини за потребите на војните машини, што ја потикнало италијанската Влада да ја зголеми намерата за апсолутно владеење над албанската нафта. Ова тенденција на италијанската Влада била олеснета од фактот дека со мартовскиот договор од 1936 год., со дадените кредити на албанската влада, италијанското стопанство агресивно навлегле на голема врата, дури и во нафтениот пазар. Сепак, италијанската тенденција целосно да ги земе под контрола сите нафтени извори не се реализирала одеднаш. Имено, сакајќи да се заштити албанскиот интерес интерес, направи посебни напори со цел да ги повлече Франција и Англија, со цел да влезат на нивниот капитал во нафтената гранка, што сакал да го употреби како противтежа на растењето на италијанскиот капитал во Албанија. За концесијата што францускиот капитал ја имал во Албанија, договорот поминувал во 12 јуни 1936 год., поради што тие барале од Министерството за

---

[257] Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Tiranë 1999, 125.

[258] Një elaborat për Shqipërinë (1929), Gjurmime albanologjike, Prishtinë, 1994/24.

економија рокот да се продолжи за уште три години[259]. Од другата страна, албанската страна барала сума од 150.000 златни франции, за одобрување на француското барање, па потоа, на 17 октомври 1936 год., дошло до потпишување на новиот договор меѓу двете страни.

Што се однесува до англискиот капитал во овој период, немал некоја особена активност, но подоцна започнале активностите на англо-персиското друштво.

Во текот на 1938 год., кога фашистичките планови на Германија, Италија, Јапонија ги зголемиле активностите и подготовките за војна, владата на Мусолини, делувала со сите средства за да го зголеми своето влијание врз Албанија. Таа превзела посебни мерки за зацврствување на својата позиција околу нафтените извори во Албанија, како и привилегирана позиција на нејзиниот капитал, воопшто.[260] Тоа го ограничило можностите за делување на францускиот и англискиот капитал на албанските нафтени извори, а нивните обиди за добивање на нова концесија за барање на нови нафтени извори целосно пропаднале. Со тоа италијанскиот капитал станал сопственик на албанските нафтени извори, а обидите за натамошен развој на експлоатацијата на нафтата дале позитивни резултати[261].
По интензивните барања кои биле постојано актуелни, во текот на 1925-1935 год., италијанското претпријатие АИПА, во текот на 1936 год. успеало да открие и нови наоѓалишта.

Претпријатието АИПА се повеќе и поинтензивно го зајакнало своето делување за користење на нафта и инсистирало кај органите на Владата на Зогу да ообезбеди одобрение за извоз на извадената нафта. На 4 април 1936 год. Владата на Зогу, со посебна одлука му одобрила на АИПА извоз од од 100.000 тони нафта годишно. Италијансото претпријатије АИПА презело мерки за интензивирање за вадење на нафтата, за која намена донело нови машини и го зголемило бројот на нафтените извори за експлоатација на нафтата.

Меѓутоа, и покрај сите завршени барања од Владата на Зогу и дадените ветувања од страна на италијанската Влада, не било направено ништо за изградба на една мала рафинерија во Албанија за потребите на земјата. Напротив, претставниците од италијанската дипломатија требале да ја убедат албанската

[259] AQSH,Fondi I MPJ,viti 1936,dosja 178.
[260] Истото.
[261] AQSH,Fondi I MPJ,viti 1936,dosja 178,letra e MPJ të Shqipërisë,dërguar legatës shqiptare në Pariz.

Влада да се повлече од идеата за изградба на рафинерија во Албанија. Според италијанската страна повлекување на идејата за рафинерија во Албанија се базира на позицијата дека една мала рафинерија, каква што барала Владата на Зогу, би имала големи загуби, така што ќе би се намалиле придонесите од нафтените концесии. Исто така, нафтата била со послаб квалитет од онаа што се увезувала во Албанија. АИПА била подготвена да и даде на албанската влада други поволности на финансиско поле, доколку се повлечела од нејзините барања за рафинерија.

Сепак, и покрај замерките на италијанската Влада и АИПА, во текот на 1937 год. од албансите нафтени извори биле извадени оклу 360 тони нафта на ден. Во овие услови албанската влада не успеала да ги реализира нејзините намери за подигање на нафтената рафинерија во Валона[262], основање на друштво за користење на нафтата и некои други прашања, за кои што таа водела разговори уште од почетокот на дејствување на претиријатието АИПА во Албанија, а особено во периодот од 1936 до 1939 год.

[262] Fishta, I.-Toçi,V., Gjendja ekonomike e Shqipërisë në vitet 1912 – 1944,Tiranë 1983, 211.

# Глава четврта

## Албанско-југословенските односи

### 4.1 Инциденти за влошување на албанско – југословенските односи

По завршување на првиот албанско-италјански пакт започна еден период на заострување и затегнатост на италјанско - југословенскиte односи, но исто така се заострувале и југословенско – албанските односи. Повод за тоа бил „случајот на Ѓурашковиќ".

Се започнало на 27 мај 1927 год., кога албанските власти го привеле Ѓурашковиќ, кој бил познат човек со црногорско потекло, осудуван за шпионажа во корист на Југославија. Во тек на прогонството му биле пронајдени компромитирачки документи, кои што покажувале дека Ѓурашковиќ бил на чело на една организација која и служела на Југославија. Италија го поттикнала Ахмет Зогу да држи остар став кон Југославија и да ги заострува уште повеќе односите со неа. Белград се спротивставил на ставот на албанските власти со заострување на односите.[263] На Министерството за надворешни работи во Тирана му била упатена протестна нота[264], со која прогонството на Ѓурашковиќ било оценето како газење и непочитување на меѓународното право и се барало веднаш негово ослободување. Југословенската влада на 4 јуни 1927 година, го повлекла својот дипломатски претставник од Албанија и така ги прекинала дипломатските односи.[265] што придонело за нов прекин на дипломатските односи и за повлекување на персоналот на двете дипломатски канцеларии.[266] Со помош на англиската, француската, италјанската и германската Влада, na 3 јули 1927 год., инцидентот бил затворен со следните два услова, и тоа :

[263] Cici A., Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet ..., 130.
[264] Истото
[265] Belegu M., E ashtuquajtura reformë agrare e A.Zogut dhe dështimi i saj, Studime Historike,Tiranë, 1/1978.
[266] V.Koka, и др., "Historia e Popullit Shqiptarë"..., 267.

1) албанските власти го ослободиле Ѓурашковиќ и не му дозволиле да работи повеќе во југословенското претставништво во Тирана, а од Југославија се барало да ја корегира заострената и навредувачката нота испратена во адреса на албанскта Влада. Предлогот бил прифатен од двете страни и на почеток на август повторно се подобриле односите меѓу нив. Меѓутоа, овој случај оставил траги во натамошните југословенско-албански односи кои потоа не биле целосно подобрени.
2) Ахмет Зогу бил заинтересиран италјанско-југословенскиот конфликт да биде траен, со што тој би имал можност да дејствува и да ги користи преговорите со цел да го зачува независноста.[267]

Истовремено, се случила уште една случка што ги вознемирила повторно односите меѓу Албанија и Југославија. Во октомври 1927 год. во Прага бил убиен југословенскиот агент и албански дипломат Ценo беј Криезиу, од еден студент по име Алгивиад Беби.[268] Еден италјански извор говори дека Беби бил студент во Болоња и познат експерт за албанските прашања. Од него не можело да се добие објаснување за убиството, бидејќи Беби бил убиен од Азиз Вучитрни, во судската сала во Прага, првиот ден од судскиот претрес против него. Ова убиство повторно ги заострило односите меѓу Југославија, од една, и Албанија со Италија, од другата страна. Цено Криезиу предходно бил амбасадор на Албанија во Белград и близок пријател и соработник на југословенската влада.[269] Ахмет Зогу беше добро информиран за неговото дело и затоа го повикал во Албанија за да се сретне со него. Зогу го информирал Криезиу дека бил именуван за албански амбасадор во Прага, што тој не го прифатил со голема желба, но, бидејќи бил приморан да ја изврши заповедта на кралот, заминал за Чехословачка. Но, тој не отстапил од праксата да и служи на Југославија. Неговото убиство, било оценето како заедничка албанско-италјанска акција, бидејќи Италијаните, кои биле вознемирени од неговото дело во служба на Југославија сметале дека ова прашање повеќе не можело да се толерира.

[267] Fisher J.B., Mbreti Zog dhe përpjekja për..., 130.
[268] Paskal Milo., Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927,Tiranë 1992, 424.
[269] Исто.

Постојат повеќе измислувања во врска со убиството на Ценo Криезиу[270]. Така, Ч. Сараќи во еден неговиот расказ изразува целосна убеденост дека Зогу бил вмешан во ова дело, додека според некои дипломатски извори во Тирана оваа верзија била прифатлива. Дури и професорот Балдаци мислел дека Цено Криезиу бил убиен поради блиските врски со Белград. Б. Ј. Фишер изразувал сомнеж во оваа верзија објаснувајќи дека „ако Зогу сакал да го елиминира Цено, тој можел тоа полесно да го изврши во Тирана, без да направи голема врева каква што предизвика убиството на Цена"[271]. Спротивно на тоа, министерот Сола пишувал дека „Зогу го исплакал со солзи, но тргна од врат една препрека која можеше да ја засени неговата програма со Италија".[272]

[270] Arben Puto, Çështja e njohjes ndërkombëtare të qeveris demokratike të 24-ës, Studime historike, nr.1, Tiranë 1964, 19.
[271] AQSH.Fondi 251,dosja 116,viti 1927.Tel. I MPJ drejt legates shqiptare në Beograd, 31. 05. 1927.
[272] Исто.

## 4.2 Востанието во Фиер

Политичката и економската состојба во Албанија, во 30-те години од 20. век, не биле наклонети кон Владата на Зогу. Годините минувале, а значајни внатрешни моменти не се случувале, а се се сведувало на заемите од соработката меѓу Италија и Албанија. Напорите за регулирање на италијанско – албанските односи почнале во средината на 1934 година, кога полковникот Зеф Сереќи отишол во Рим на преговори со Владата. Кон крајот на август 1934 година се вратил во Албанија со предлозите на баронот Алоиси:

1. Во иднина Албанија, требало да следи истата надворешна политика со Италија.
2. Албанија требало да и даде на Италија една воено-поморска база во Драч и една воздушна база во Тирана.
3. Војската и полицијата и целата нивна подготовка требало да помине во рацете на Италијаните.
4. Сите странски интруктори, кои не биле Италијани требало да ја напуштат земјата.

Доколку овој италијански предлог бил прифатен од Зогу, тие би биле подготвени:

1. Да влијат врз Ватикан да даде можност за еден претставник на Крал Зогу да оди во Рим, за да склучи договор поврзан за католичките цркви.
2. Да и одобри на Албанија десет годишен мораториум поврзан со предвидените обврски од договорот за кредит на СВЕА и можност за Албанија за отплата на долгот.
3. Да и даде на Албанија кредит од 30 – 40 милиони златни франци за земјоделски развој.
4. Италијаните да откупуваат албански производи.[273]

[273] Puto A., Shqipëria Politike 1912-1939, Tiranë 2009, 535.

Зогу несакал да ги прифати овие барања и одлучил да го чека следниот момент кога Мусолини би ги омекнал неговите барања. Во многу албански документи се вели дека во декември 1934 година, од Италија во правец на Албанија биле испратени од 1 до 3 милиони златни франци. За време на престојот на Зеф Сереќи во Рим, тој изјавил дека, "во името на Зогу ве уверувам дека прашањето за училиштата ќе биде решено и дека тие ке бидат пак отворени подоцна"[274]. Тие биле отворени со кралска уредба на 4 мај во 1934 година.

Околностите што го принудиле Зогу да се врати на соработката биле, италијанскиот притисок и внатрешната состојба во земјата која била исклучително тешка. Исто така, свое влијание имала и светската економска криза, како и неколкуте анти-владини немири и анти-италијански, особено она од Фиер во 1935 година.

Така, албанската економија останала зависна целосно од надворешните финансии, главно од италијанските, а за прашањата од политиката, економијата и војската на Албанија се одлучувало во Рим. Зогу попусто се обидел да обезбеди сојузници и нов политички соработник околу нејзините п граници. Конечно прифатил дека Албанија останала безпоговорно дел од политичкиот интерес на Италија. Соочен со новата динамика на фашистичката стратегија и надворешна политика на Мусолини, Зогу сам и принуден да се повини.

Подоцнежниот период на односите помеѓу Албанија и Италија се карактеризирал, од една страна, со притисок каде растела италијанската политика и, од друга страна, постепено внатрешно потчинување на Зогу на оваа политика не само на внатрешен, туку на надворешен план. [275] Есента 1934 година, Владата на Рим го заменила дипломатот Армандо Коку од Тирана со Марио Јуделин.

Тој требало да преговара со албанската страна да ги завршат новите договори од економски, политички, финансиски и воен карактер. Но, пред да почнат преговорите, Б. Мусолини се обидел, да даде сигнали дека наводно неговата Влада ќе ги направи сите напори за нормализирање на односите со албанската Влада.

Бидејќи нормализирањето не значело и подобрување на животот, сред населението било забележано постојано незадоволство, кое со време, добивало на интензитет. Како резултат на тоа, било кренато востание во август 1935 год. во

---

274 Puto A., Shqipëria Politike..., 537.

275 Izbert Hoti, Qëndrimi i diplomacisë Italiane ndaj Shqipëris dhe shqiptarëve(1930-1941), Prishtinë 1997, 81.

градот Фиер.[276] Тоа било најзначајното народно движење во текот на владеењето на Зогу, а во албанскта историографија се спомнува како „револуцијата во Фиер". Востанието опфатило и други места како Љушња и Скрапар.

Востанието било предводено од демократски националист и други револуционери и патриоти кои правеле обиди за промена на Владата во Албанија. Оваа група, била составена од поранешни офицери како Али Шефкети, Рамиз Дибра, Али Фехми и револуционерите Мустафа Качачи, Зенел Хекали, Мустафа Ѓиниши и др.[277] Тие, пролетта 1934 год. во Тирана го сочинувале јадрото на една „тајна организација ". Организаторите и другите членови имале тенденција да ја срушат монархијата, а потоа и поставување на републички речим. Сето тоа требало да биде проследено со ликвидирање на италијанскиот притисок врз Албанија. Со формирањето на тајната организација биле запознати и комунистите, особено оние во Корча, кои што во август 1934 год., организирале еден таен собир во близина на градот под раководство на Али Келменди. Таму било решено комунистите да формираат посебна група во оваа организација и во случај кога би избувнало востание, да земаат учество во него како независна сила. За сето тоа била подготвена и програма што предвидувала да се формира народна демократска република, да се одложат сите долгови кон Италија, да се одземат монополите и странските концесии, како и амнестија за сите политички затвореници. И покрај планот, комунистите од Корча не зеле учество во востанието.[278]

На чело на комунистичката организација бил Косте Черкези, познат новинар и политичар, кој штотуку бил ослободен од затвор.
Негов помошник бил Муса Краја, еден офицер во џандармеријата. Ова било прво востаничко движење каде што се јавувал и комустичкиот елемент. Во него учествувала и четата на Риза Церова, кој само што дошол од Советскиот Сојуз и кој делувал по сопствена иницијатива, без да воспостави врски со ниту една од комустичките групи кои што делува во Албанија. Во почетокот востаниците постигнале успех и контрола над Фиер, кој што станал и центар на востанието. Овде бил одржан митинг[279], при што биле одржани жестоки говори против режимот на Зогу.

[276] Fishta,I. Sistemi monetar dhe i kreditit në Shqipëri,1925-1944,Tiranë 1971, 143.
[277] Paskal Milo.,-Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927,Tiranë 1992, 428.
[278] Bernd J.Fischer,Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Sqipëri,Çabej,Tiranë 2004, 256.
[279] Исто.

Востанието започнало со нападот на еден автомобил во кој бил инспекторот на албанската војска генералот Гиралди. Тој, заедно со офицерите кои го придружувале на враќање од Берат, биле нападнати со огнено оружје и по кратка престрелка, генералот бил убиен, исто како и неговите придружници. Иако главната цел била Тирана, востаниците додека се движеле кон Љушња, по неколку престрелки со џандармеријата од градот, востаниците се повлекле и повторно се вратиле во Фиер.[280] Двајцата водачи Черкези и Краја побегнале во Италија, додека повеќето од востаниците се предале без силен притисок од владините сили, додека Градскиот затвор не ги собирал, поради што биле користени згради и хотели.

Во востанички дух продолжила само четата на Риза Церова, кој се повлекувал кон исток и се обидел да премине во Југославија, но, бил убиен во близина на Поградец во август 1934 год.

Во албанската историографија се говори дека востанието во Фиер доживеало неуспех затоа што започнало предвреме и без програма. Било лошо подготвено и несигурен состав, т.е. востанието имало хетероген состав на учесници, што значи дека во него зеле учество сопственици на земји, интелектуалци, офицери, но без поддршка од народот. Поради тоа, не беше случајно и неочекувано што движењето, т.е востанието било задушено набрзина од владата.

Имено, некои земјопоседници и стопанственици имале сопствени цели и преку востанието посакувале да го елиминираат Ахмет Зогу и да го заменат со некоја друга личност, која требало да ги поддржува нивните интереси, но кој требало да биде близок со Италија. Таквите личности биле Шефќет Верлаци, Ќемал Вриони, Нуредин Влора и други, кои што биле поддржувани од Италија. Но, откако виделе дека востанието ќе заврши со неуспех, сите се повлекле од нивните цели.[281]

Друг момент за неуспех на востанието бил фактот што според првичните планови востанието требало да почне есента на 1935 год., или пак пролетта 1936 год. Во меѓувреме, сепак Зогу успеал да ги открие сите подготовки на востанието. Југословенското претставништво било информирано од еден агент, но албанскта Влада била информирана и од Италјаните, бидејќи и генералот Париани бил добро

---

280 Dezhgiu M., Shqipëria nën pushtimin Italian (1939-1943) ..., 19.
281 Robert J. Stevenc, "Zhvillimet politike në Shqipëri" 1920-1939 превел од англиски Halit Daci, GEER, 2004, 80.

информиран за подготовките и почетокот на востанието. Кога раководството сфатило дека за почетокот на востанието била информирана и албанската влада, било решено почетокот на востанието да се промени[282]. Окривањето на сите дејствија на организаторите од страна на Ахмет Зогу, ги натерало востаниците да ги забрзаат нивните одлуки, па така востанието почнало недоволно подготвено во градот Фиер. Востанието не почна на определениот датум, туку избувнало на 14 август 1935 год[283].

Подготвениот план според кој востанието освен во Фиер, требало да се прошири и на други места од земјата, но не дошло до реализација на планот. Имено, востаниците од Музеќере и Малакастер кои што тргнале со цел да го ослободат Љушња, а потоа да се упатат во правец кон Тирана, во моментот кога почнало востанието, тие се судриле со еден голем број на градската џандармерија и еден број војници испратени од Владата, со цел да ја помогнат џандармеријата. По една оштра битка, востаниците изгубиле и се повлекле, така што се парализирале сите дејствија на востаниците. Востанието било задушено, а во прогонство отишле повеќе од 2000 лица, а во Фиер веднаш било формирано едно посебно судско тело[284]. Пред судот излегле 539 лица, од кои 51 добил смртна казна, додека 160 лица беа казнети со доживотен затвор. Оштрите мерки кои биле превземени против востаниците, посебно изведените смртни казни, во Албанија и надвор од неа прдизвикале протести, во кои значајна улогаималеа албанските емигранти предводени од Халим Џело.

Историчарот Тајар Завалани направил еден детален опис за судот на Фиер, истакнувајќи дека Владата била уплашена и затоа имала став да го направи градот војнички камп.

Во документите кои се чуваат во Архивот на Министерството за надворешни работи, има голем број на извештаи на албанските дипломати кои слушеле во главните градови на Европа. Во нив се говорело за широкиот замав што имало во странскиот печат ова востание, потоа тешките судски казни, а посебно за

[282] Истото.
[283] Fischer J.B., Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Shqipëri, 2004, 258.
[284] Puto A., Shqipëria Politike 1912-1939, Toena, Tiranë 2009, 331.

судењето под политичко влијаније.[285] Во многу од документите, востанието во Фиер било наречено „движење во Фиер“[286].

Според, Завалани остриите санкции што биле превземени, особено изведените смртни казни, ги натерале да се вмешаат и англиската, и многу други влади. Под притисок на европските влади, Ахмет Зогу беше приморан да преземе нешто и да ги ублажи казните што ги изрекол судот во Фиер.

Во движењето на Фиер, биле опфатени голем број луѓе од разни слоеви, а судејќи според бројот на протераните од Владата може да се каже дека движењето било релативно проширено.

Под притисок на надворешната јавност Зогу направил некои отстапки со намалување на казните. Во меѓувреме од Владата предводена од Пандели Еванѓели бил остранет министерот за светски работи за злоупотреба на хартијата од цигари, која била државен монопол. Нешто подоцна оставка си дал и министерот за образование Мираш Иванај, поради реформата за ставање под влијание на државата на верските и приватните училишта. Овие владини промени не биле доволни за да одговарат на новата фаза на албанско-италијанските односи. Кралот Зогу ја заменил влада на Пандели Еванѓели со нова на Мехди Фрашри во октомври 1935 година. Незадоволството кај народот, кое било зајакна, поради се потешката состојба, креирани во текот на светската економска криза, го принудиле Зогу да направи промени во внатрешната политка. Новата влада се состоела од интелектуалци, кои имале задача да вршат реформи според западниот модел и да се воспостави демократијата во Албанија.[287] Политичката јавност, како внтарешна така и надворешна, во целина ги поздравија промените за "слобода" на говорот и на печатот. Во врска со Италија, не се вознемирувала поради новата влада, бидејќи тие биле сметани како проиталијански. Новиот премиер ветувал дека мерки за развој на земјоделството и сточарството, за нормализирање состојбата на државниот буџет, воспоставување на контрола врз увозот и извозот, подобрување на состојбата во образованието во Албанија.

[285] Ndërhyrja e kapitalit të huaj në tregtinë e jashtme dhe pasojat e saj rënuese për Shqipërinë 1931-1936, Studime Historike, Tiranë, 3/1937.

[286] Haxhi A.,Politika financiare antipopullore e regjimit zogist, Studime Historike,Tiranë, 1966/1.

[287] Fishta I ., Marrëveshja e vitit 1931 për huanë prej 100 milijonë fr.ari,ndërmjet Qeverisë së Zogut dhe Qeverisë Italijane dhe karakteri i saj skllavërues për Shqipërinë,Probleme ekonomike, Tiranë, 3/1976.

Со цел, да не се повторат вакви немили настани, Зогу се упатил кон Англија и Франција за да побара од нив да интервенираат врз Италија за да го почитува совранитетот на Албанија и нејзините територијални води. Зогу, на овој начин, јасно им укажувал дека од едно идно востание не била во ризик само Албанија, туку и целиот регион. Англија веднаш интервенирала со дипломатски и воени средства. Нејзиниот пратставник, извршил притисок кај Коку и истовремено ја извадила нејзината флота на Јадранот. Голем број италијански бродови после 24 часа се повлекле, а после пет дена се повлекоа и останатите бродови. Овој настан бил најтежок инцидент во историјата на односите помеѓу двете земји, иако биле поврзани со пријателски договор и сојуз во сите области.Како никогаш порано италијанско-албанските односи биле напнати и влошени, а се појавила и меѓусебна политичка недоверба. Од влошувањето на овие односи се обидувала, како секогаш, да профитира југословенската влада. Таа се ангажирала да го намали италијанското влијание во Албанија. Сепак главното прашање кое требало да се решава, била силната поддршка, посебно финансиската, која таа требала да и ја даде на албанската Влада. Југославија всушност не била во можност да ја замени Италија во областа на финансирањето, додека нејзиното ангажирање било со намера да создаде поголемо заострување на италијанско-албанските односи и да предизвика нова дестабилизација на Албанија. Зогу не успеал да обезбеди помош од големите сили, а Југославија во тој момент не била во состојба да и помогне.

Целиот ангажман на Зогу не донел успех, а Албанија ја изгубила и најмалата можност да се спаси од влијанието на Италија. Од друга страна, Владата од Рим, за да ги намали тензиите, и соопштила на албанската Влада дека бродовите биле испратени во пријателска посета во Албанија, но пратената телеграма за да ја најави оваа посета останала по пат. Ахмет Зогу, кога видел дека се наоѓал во бесизлезна ситуација, ги почнал разговорите со Италијаните, какошто го советувале и големите сили, за регулирање на италијанско-албанските односи. Тој ја прифати верзијата дека италијанските воени бродови доаѓале во пријателска посета и дека им дозволил на италијанските морнари да се симнат на копно и да го посетат Драч. Во овие услови на Албанија не и останало ништо друго освен да се смири со Италија. Во февруари на 1935 година, Мусолини дал 3 милиони златни франци за да се пополни дел од буџетскиот дефицитот, што била најслабта точка на оваа Влада. Неколку недели подоцна Мусолини го задоволил барањето на А. Зогу за нов кредит од еден милион златни франци за помош на косовските бегалци

кои доаѓале во Албанија. Службено, Италијаните на тоа време тврделе дека оваа сума била личен подарок за самиот крал од врвот на Италија.

Во текот на летото 1935 година, продолжиле преговорите помеѓу Владите од Тирана и од Рим за обновување на албанско-италијанските односи до 1926-1931 година.[288] Со тоа, бил превземен нов дипломатски напад врз Албанија, со цел Италија да ги зацврсти економските и политичките позици, како и да подготви план за освојување на овој дел од Балканот.

Незадоволни од италијанското раководство, работниците од градчето Кучово барале подобрување на животните услови и промена на лошите животни услови поради малите плати, 10-13 часовната работа, нередовната плата итн. Незадоволството пукнало на 21 февруари 1936 година, кога занаетчиите и студентите од тој град извикувале антивладини пароли "долу војска и полиција". Соочени со полицијата, која употребила сила, демонстрантите биле растурени, а организаторите преведени.

Владата на Мехди Фрашри, која се сметала за "либерална" влада, немала долг живот. Од летото на 1936 година било во весникот "Беса" било објавено дека на Владата и Парламентот им доаѓал крајот. При тоа, Влада се обвинувала за тајни акции за манипулирање со изборите од 1937 година, а со цел да обезбеди нов состав на Парламентот во корист на Владата. Според информациите во весниците "Ватра" и "Беса", и Зогу не ја сакал "либерална" влада. Така, во ноември 1936 година, во Парламентот од голем број на пратеници било покренато прашањето за недоверба на Владата. Како изговор за ваквиот потег бил искористен Законот во врска со изградба на патишта, кој бил донесен од Владата. Имено, до донесувањето на овој закон се работело седум дена во седмично за изградба на патишта, а според новиот закон, работата била прекината и о требало прво да се платат работниците со пари, па да се продолжи со работата.. Повеќето од пратениците гласале против, па така Мехфи Фрашри бил принуден на 7 ноември 1936 година, да даде оставка.

Штрајковите, демонстрациите и манифестациите покажале дека Владата не можела да го зачува политичкиот и социјалниот мир во земјата. Се рабира дека пратениците кои гласа против Законот биле поддржани од Зогу и Италија. Новата Влада била предводена од Костаќ Кота и била составена од конзерватвни министри.

[288] M.Bielugu., Kryengritja antizogiste e Fierit, Tirane 1987, 182.

# Глава петта

## Потпишување на албанско- италијански договори за меѓусебна соработка

### 5.1 Договор за враќање на долгот од 100 милиони златни франци

Слободно можеме да речеме дека во периодот од 1936-1939 година финансиите на албанската држава зависеа од италијанските финансии. Едно од прашањата кое излезе на преден план, веднаш по ратификацијата на договорите од 19 март 1936 година, беше имплементирањето на договорот за ликвидацијата на 10-годишниот долг од 100 милиони златни франци. Во април 1936 година Министерството за светски работи со едно писмо му се обрати на премиерот со кое го информираше за обврските што ги имаше спрема претприемачите (претпријатијата), кои вршеле работа за сметка на долгот од 100 милиони златни франци. Тоа го информираше премиерот за барањата и жалбите на многуте претприемачи и претпријатија, кои не ги зеле своите пари.[289] На почетокот на јуни 1936 година Министерството за финансии, потпирајќи се на завршниот договор помеѓу албанската и италијанската влада, презеде мерки за формирање на посебна комисија која ќе се занимава со ликвидацијата на долгот од 100 милиони златни франци.

Во оваа комисија членуваа Кол Тачи, претседател на контролниот совет на Албанија, и Фредерико Мерлини, италијански организатор во Министерството за финансии.[290] По одредено време комисијата ги започна работите. На 16 јуни 1936 година комисијата за ликвидација на десетгодишниот долг од еден милион златни франци го информираше Министерството за финансии дека листата на неликвидираните обврски за овој долг се наоѓа во кралската комисија.[291]

---

[289] Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Dituria, Tiranë 1999, 95.

[290] Истото.

[291] Fishta I., Marrëveshja e vitit 1931 për huanë prej 100 milijonë fr.ari, ndërmjet Qeverisë së Zogut dhe Qeverisë Italijane dhe karakteri i saj skllavërues për Shqipërinë, Probleme ekonomike, Tiranë, 1976/3.

Според листата, кон обврските за долгот од 100 милион златни франци, со огромни парични суми беа вклучени: Министерството за национална економија, Министерството за светски работи и Министерството за образование.[292]

Во октомври 1936 година Националната банка на Албанија, потпирајќи се врз податоците што ги даваше посебната комисија обврзана со ликвидацијата на 100 милиони златни франци, го информираше Министерството за светски работи дека обврските, коишто албанската влада им ги должеше на неколку претприемачи во висина од 27.482.075 златни франци беа исплатени до 30 септември 1936 година.

Различни капиталистички претпријатија, меѓу кои Шефки Туркеши, Џемал Кадеша, Сефер Малиќи, Исмаил Сефа и др., на кои државните органи им должеа имаа придобивки од ова.[293] Во јануари 1937 година филијалата на Националната банка на Албанија ја информираше италијанската легата дека на крајот на декември 1936 година беа наплатени и некои други долгови кои беа подмирувани со определени фондови за ликвидацијата на долгот од 100 милиони златни франци во висина од 15.908.424 златни франци. Од нив 13.616.980 беа обврски на Министерството за национална економија и 2.291.444 франци злато му припаѓаа на Министерството за светски работи.[294] Активностите за плаќањето на обврските, кои албанската влада ги имаше спрема приватните претпријатија, беа пролонгирани за еден понатамошен период.

На 13 јануари 1937 година италијанскиот организатор од Министерството за финансии на Албанија ја информираше италијанската легата дека на албанските претпријатија останало да им се исплати уште една сума од 210.925 златни франци за работи извршени отпорано.[295] Освен ова, ја известил италијанската легата дека, врз основа на спогодбите за ликвидацијата на долгот од 100 милиони златни франци би се потрошиле уште 18.647.660 златни франци за некои активности кои треба да се завршат.

Во текот на 1937 година се вршеа неколку други плаќања за ликвидација на долгот од 100 милиони златни франци.[296] Во декември 1937 година Франческо Јакомани му испрати експресна телеграма на Министерството за надворешни работи на Италија, во Рим, со која го известуваше дека од завршувањето на

---

[292] AQSH. F.i FJ,viti 1936, dos.1174. Letra e komisionit te huas 10 vjecare. data 16.06.1936.
[293] Puto A., Shqipëria Politike 1912-1939, Tiranë 2009, 576.
[294] AQSH..F.i FJ,viti 1936, dos.1174. Letra e komisionit te Frederiko Merlinit, 03.06.1936.
[295] Fishta Iljaz dhe Toçi Veniamin, - Gjendja ekonomike e Shqipëris në vitin 1912-1944, 29.
[296] Robert J. Stevenc "Zhvillimet politike në Shqipëri" 1920-1939..., 82.

договорите, од 19 март 1936 година, до крајот на ноември 1937 година, за ликвидацијата на долгот од 100 милиони златни франци биле дадени 816.000 златни франци.[297] Останала уште сума од 70.000 од вкупно 886.000 златни франци. Се предвидуваше ликвидацијата на обврските за овој долг да се реализира за период од два месеца по одобрувањето на договорот, но, фактички, тоа траеше уште многу, односно до 1938 година.

[297] Ndërhyrja e kapitalit të huaj në tregtinë e jashtme dhe pasojat e saj rënuese për Shqipërinë 1931-1936, Studime Historike, Tiranë, 1937/3.

## 5.2 Договор за финансиската состојба во албанската држава

Уште позагрижувачки проблем беше тешката финансиска состојба во Албанија. Со завршувањето на договорите од 19 март 1936 година, од долгот за систематизацијата на финансиите на албанската држава од 9 милиони златни франци, според дадените ветувања, Рим на албанската влада требаше да и даде сума од 6 милиони златни франци. Кога започна спроведувањето на договорот од 19 март 1936 година, Рим на албанската влада сакаше да и даде една помала сума од 4.5 милиони златни франци, која се предвидуваше да се распредели на овој начин:

- една сума од 1.7 милиони франци злато би и се дале на албанската влада за понатамошното ублажување на финансиската криза на државата.

- другиот дел од 2.8 милиони златни франци би и се дал на владата за обновување на капиталот во државната Земјоделска банка. За спроведување на договорите кои беа постигнати со италијанската влада на 7 сепрември 1936 година владата на Зогу најде едно посебно решение во врска со Земјоделската банка.[298] Во овој случај се одреди дека советот на оваа банка би се состоел од еден претставник од Министерството за национална економија, еден претставник од Министерството за финансии, два делегата предложени од Владата и од директорот на Земјоделската банка.[299]

За организирање на оваа банка ќе се задолжи еден италијански специјалист, кој навистина би ја имал под контрола целата активност на Земјоделската банка. Без некаква основа, првата рата за обновувањето на капиталот на Земјоделската банка на државата не се плати до 1936 година па создавањето на оваа банка продолжуваше да се пролонгира и се задоцни со нејзиното отворање.

Во текот на 1936 година, иако италијанската влада плати некои суми за ублажување на финансиската криза на владата на Зогу, финансиската состојба на Албанија не забележа деловно подобрување.[300] Тешкотиите продолжија да се чувствуваат во различни префектури и други центри на Албанија, додека Рим

[298] AQSH. fondi BKSH, viti 1936, dos. 31. letra e deges se Tiranes se BKSH derguar MPB.14.10.1936.
[299] AQSH.fondi MF, viti 1936, dos letra e ministrit te Itail derguar Fuat Asllanit, nr.1963, dt, 29.07.1936.
[300] Fishta I., Ndrehyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Tiranë 1999, 97.

преземаше мерки да ја засили својата интервенција во Албанија. За оваа цел Рим ја координираше активноста на нивните организации и ги искористи финансиските тешкотии на режимот за натамошното потпишување на други договори со владата на Зогу, за таа секогаш сѐ повеќе да зависи од односите со италијанската влада.

Не помина многу време од завршувањето на договорите од 19 март 1936 година и владата на Рим ги промени нејзините претставници во Албанија. Марио Индели даде оставка од својата дипломатска работа како претставник на Италија во Тирана и на негово место дојде Франческо Јакомани.

На 5 ноември 1936 година стигна во Тирана, и од самиот почеток започна притисок врз владата на Зогу. Иако помина долго време од потпишувањето и ратификацијата на договорите од 19 март 1936 година италијанската влада продолжи со неисплаќање на првата рата на државната Земјоделска банка. Гледајќи ја оваа состојба Министерството за финансии на Албанија се принуди да му се обрати на Советот на италијанските министри, и го замоли да интервенира до дипломатскиот претставник на Италија во Тирана за решавање на проблемот.[301] Во мај 1937 година министерот на национална економија презеде конкретни чекори за создавање на Земјоделската банка. На 15 јули 1937 година, по порачка на италијанската легата, Националната банка на Албанија на албанската влада & ја исплати првата рата од долгот во висина од 900.000 златни франци за создавање на капиталот на Земјоделската банка.[302] На 19 јули 1937 година, значи, по долго задоцнување, Ахмет Зогу го прифати создавањето на оваа банка. За организирање на Земјоделската банка во Албанија дојде Франческо Фригиони, кој уште од времето работеше во банката на Наполи.[303] Овој организатор, уште од почетокот, беше диригент на италијанската политика во активноста на Земјоделската банка.

Во ова време, на неколкуте состаноци со претставниците на албанската влада, Франческо Јакомани се обидуваше со засилување и продлабочување на економските односи помеѓу Албанија и Италија. Тој се обиде да го постави старото прашање за царинско соединување (царинска унија) помеѓу Албанија и Италија како еден облик за понатамошно подредување на Албанија и еден битен чекор за подготвување на нејзината инвазија.

---

[301] Puto A., Shqipëria Politike 1912-1939..., 584.

[302] Sinani N., Politika reaksionare e portës së hapur të qeverisë së Zogut në lëmin e tregtisë së jashtme dhe pasojat rrënuese për ekonominë dhe pavarsinë e Shqipërisë (1925-1939), Studime Historike, Tiranë, 1983/1.

[303] Fleorja Zyrtare, nr. 54.dekret-ligji i Ahmet Zogut, dt. 19 korrik 1937.

Но, овој проект на Јакомани не наиде на поддршка од страна на албанската влада. Самиот Зогу се плашеше од едно такво поврзување со Италија. Тој сфати дека таквиот потег го забрзуваше крајот на неговото владеење. Заради ова, во ова време, овој проект беше одбиен и не успеа да се реализира. Иако италијанската влада и даде одредена финансиска помош на албанската влада, состојбата и понатаму беше тешка. Финансиската криза за време на режимот на Зогу продолжуваше да биде постојана појава и во текот на периодот април-декември 1937 година, како и подоцна. Според податоците на финансиската управа во Тирана, платите на службениците во главниот град продолжиле да се исплаќаат со доцнење од 3 месеци.[304] Самото Министерство за финансии и пишуваше на Владата дека финансиската состојба во градот е многу тешка и дека во овие услови би требало да се преземаат мерки за олеснување на нејзината состојба, нешто што и во стварноста беше вистина. Истата состојба се појавуваше и во општина Елбасан.

Наоѓајќи се пред финансиска криза, албанската влада се обидуваше да презема некакви мерки за да ги ограничи трошоците на државната администрација и да ја ублажи тешката финансиска состојба. И покрај сите преземени обиди, сепак, италијанската влада не ги почитуваше своите обврски кои ги презеде со договорот од 19 март 1936 година за обновување на капиталот на Земјоделската банка, кој беше битен предуслов за развојот на активноста на оваа банка. Владата на Зогу, врз основа на предлогот од страна на Земјоделската банка, се обврза да маневрира. Во декември 1938 година албанската влада презема одлука, според која Генералниот директорат на Црвениот крст и Националниот завод за туризам се овластуваа еден дел од вишокот од паричните средства да го остават во Земјоделската банка како депозит. Ова се направи со цел да се поправи билансот на оваа банка, која уште од самиот почеток се наоѓаше во тешка состојба и во неможност нормално да ја развива својата активност. Меѓутоа, и покрај преземените мерки, состојбата на Земјоделската банка продолжуваше да биде тешка и да се отежнува уште повеќе.

Министерството за национална економија му пишуваше на Советот на министрите на Италија дека поради неплаќањето на втората и третата рата, односно вкупно 1.900.000 златни франци, ветени од страна на Италија за повторно формирање на Земјоделската банка на државата, таа се наоѓаше во неможност да ги

[304] AQSH. fondi i MPJ.letra e ministrit te finansave derguar MPJ te Shqiperis, nr.3505, 14.05.1935.

задоволи не само барањата на земјоделците, туку и трошоците од нејзината активност.

На овој начин стигнуваме до подолу наведените заклучоци: круговите на Рим, на овој начин, од владата на Зогу стигнаа да ја земаат концесијата за создавање на една земјоделска италијанска банка. Италијанците уште од почетокот постигнаа да ја парализираат работата на Земјоделската банка и имаа намера да ја претворат во една филијала од Банката на Наполи. Италија, која ветуваше дека ќе даде сума од 2.800.000 златни франци за обновување на капиталот на Земјоделската банка, на 21 февруари 1939 година исплати само 900.000 од оваа сума и & останаа уште 190.000 франци злато.[305]

Како за крај, можеме да заклучиме дека фашистичка Италија ветениот долг го искористи за да ја притиска албанската влада. Од предвидените 9 милиони златни франци, кои беа планирани да му се дадат на Зогу, италијанската влада му даде само сума од 7.1 милион златни франци, оставајќи ја албанската влада да ги чека фондовите, кои планираше да ги добие. Рим го задржа албанското кралство и постепено ги постигна своите цели во Албанија.

[305] Jacomoni F., Gjysma ime Shqiptare,Ora,Tiranë, 2005. стр. 66.

## 5.3 Договор за добивање заем од 10 милиони франци за земјоделството

По потпишувањето и ратификацијата на договорите од 19 март 1936 година, албанската влада се обиде да го искористи ветениот заем од Италија, во износ од 10 милиони златни франци, и тоа за земјоделството. Во овој период Министерството за финансии од Министерството за национална економија бараше да го извести неговиот претставник да учествува во креирањето на буџетот за употребата на овој заем, за секоја година, да постигне 2 милиони златни франци.[306] Во јуни 1936 година, Министерството за национална економија ја создаде комисијата којашто ќе се занимава со распределбата и користењето на заемот за земјоделството.

Во ова комисија учествуваа Марио Биндони, италијански организатор во Министерството за економија, Григор Вавако, директор за земјоделство и Васфи Семини, директор за сточарство. Оваа комисија ќе работи под командата на Министерството за национална економија.[307] На 30 јуни 1936 година Министерството за надворешни работи на Албанија и се обрати на италијанската легата со нота, во која бараше да преземе соодветни мерки за распределба на фондовите од заемот за земјоделството во рамките на 1936-1937 година. Италијанската влада презема уште еден чекор само за да изгледа дека одговара на своите обврски и ја помага владата на Зогу. Кон крајот на јули 1936 година, италијанската легата на Министерството за надворешни работи на Албанија рече дека на Националната банка на Албанија и упатила сума од 1.500.000 златни франци за да и ја остави на располагање на владата на Албанија, додека другата сума од 500.000 златни франци требаше да се потроши за купување средства за развој на земјоделството, од Италија.

По дозволеното плаќање на првата рата од земјоделскиот заем, владата на Зогу ги започна работите за изготвување на дополнителен буџет,
или, како што го нарече, вонреден буџет. Овој буџет се изготви од соодветна комисија во Министерството за национална економија во соработка со Министерството за финансии. Истиот се одобри од страна на парламентот и на 14 ноември 1936 година се прифати од страна на кралот Зогу. Врз основа на оваа програма сумата од 2.000.000 франци злато, која ја сочинуваше првата рата на

---

306 Fischer J.B., Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Shqipëri, Çabej, 2004. стр. 265.

307 Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Dituria, Tiranë, 1999. стр. 101.

земјоделскиот заем од 10.000.000 златни франци се предвиде да се користи за овие намери: трошоци за работа од вкупно 1.705.380 златни франци и општи трошоци од вкупно 16.100 златни франци.[308] Како што се гледа најголемиот дел од трошоците ќе се користи за работни цели. Такви биле трошоците за плаќање на работниците, за изградба на фарми, трошоци за развојот на посебни земјоделски култри како: маслинки, ориз, трошоци за градење згради, експериментални станици, трошоци за земјоделски машини, помош за садење шуми, трошоци за проширување на работите во Националниот зоотехнички институт и др.

Рационалното користење на трошоците за ваквите цели беше во полза на развојот на земјоделството и сточарството. Но, од голема важност е да се спомене дека се предвидуваше еден дел од овој заем да се користи за непроизводни цели. За ваквите цели се предвидуваше да се користат 294.620 златни франци.

За имплементацијата на договорот за земјоделскиот заем од 10 милиони франци злато, Министерството за национална економија направи еден проект за имплементација на потпишаниот договор со Италија за 5 години, односно за периодот 1936-1940 година. Врз основа на овој проект се планираше да се работи во оние зони кои за време на зачестените врнежи се поплавуваа поради што останувaa необработени, за системот на неколку реки, за земјоделски алатки и др.

Во текот на финансиската 1936-1937 година, фондот на земјоделскиот заем имаше едно забавено користење, односно делумно користење. Се наплатија трошоци за сума од 2.625.185 златни франци. Најверојатно, за ова влијаеше и фактот дека првата рата на овој заем се распредели подоцна и тоа кон крајот на јули. Министерството за национална економија потпирајќи се врз многуте барања кои ги имаше за земјоделството, продолжи да прави трошоци во користениот дел на првата земјоделска рата.[309]

Во почетокот на февруари 1938 година се затвораше првата финансиска година (1936-1937), а италијанската влада се уште ја немаше платено втората рата од земјоделскиот заем. Заради оваа причина, но и заради тоа што фондот од првата рата речиси беше искористен во целост, Министерството за финансии му се обрати на Министерството за национална економија со барање да интервенира во распределбата на фондот од втората рата од заемот за кој се зборува. Но, овој

---

[308] Vllamasi S.,- Ballafaqime politike në Shqipëri 1897-1942 (Kurjtime dhe vlersime historike), Tiranë 1995, 49.
[309] Истото.

проект немаше некаков ефект. Во март 1938 година гледајќи дека италијанската влада не се придржуваше како што треба на своите ветувања за мартовскиот договор од 1936 година, околу земјоделскиот долг од 10 милиони златни франци и дека, практично, таа не ја плаќаше втората рата од овој долг, Министерството за финансии му пиша на Министерството за национална економија и му стави на знаење да се преземат соодветните мерки за плаќање на втората рата од овој земјоделски долг. Покрај тоа, таа се обврзуваше да преземе екстремни мерки во финансиската област во врска со имплементацијата на програмата за работите кои се вршеа со фондовите на овој долг.

Преземената мерка од Министерството за финансии донесе тешкотии и растројства во активностите на Министерството за национална економија и ги принуди органите на албанската влада да интервенираат до италијанскиот министер во Тирана за решавањето на проблемот. Италијанската легата која намерно работеше со таквите методи за забавување на одобрувањето на втората рата од земјоделскиот заем и со посебно внимание ги следеше активностите на владините органи, одлучи да одобри некои ситни финансиски средства за албанската влада. До средината на април 1938 година, Рим ја упатуваше филијалата на Народната банка во Тирана да и одобри на албанската влада сума од 700.000 златни франци, како помош пред да ја плати втората рата на земјоделскиот заем, иако се знаеше дека рокот на уплатата на втората рата беше поминат.[310] Значи, и со одобрувањето на овој заем, таа дејствуваше со слични методи како што дејствувала и порано за реализација на своите цели и интереси.

Веднаш по распределбата на првата сума, Министерството за финансии презеде конкретни мерки за фаворизација на активностите кои се поврзаа со имплементацијата на програмата на работите кои се вршеа со фондот на земјоделскиот заем. Со една телеграма, која го имаше датумот 16 април 1938 година, таа ја откажува порано дадената наредба.

Во текот на целиот период, од средината на април, па до септември 1938 година, италијанската влада не одобри ниту една друга сума за земјоделскиот заем од 10 милиони златни франци.[311] И на овој начин повторно започнаа тешкотиите и жалбите на Министерството за национална економија, кое својата активност во областа на земјоделството ја планираше и ја поддржуваше во рамките на

---

[310] Françesko Jacomoni “Politika e Italisë në Shqipëri ”..., 157.
[311] Hysni Myziri, Historia e popullit Shqiptar..., 178.

земјоделскиот заем ветуван од страна на Рим. По молбите на албанската влада, италијанската легата ја упати Народната банка, кон крајот на септември 1938 година, на албанската влада да и стави на располагање сума од 500.000 златни франци и во јануари 1939 година да и одобри сума од 300.000 златни франци од останатата разлика од втората рата на земјоделскиот заем.

Владата на Зогу направи неколку други обиди за подигнување и на третата и четвртата рата од земјоделскиот заем од 10 милиони златни франци. Овие обиди се направија во првиот квартал од 1939 година, но без да се постигне некаков конкретен резултат до денот на италијанската инвазија врз Албанија од страна на фашистичката Италија. Беа пуштени парични средства во мала количина, од средината на месец април 1939 година, и тоа само за ликвидација на некои ситни трошоци кои опфатија 150.000 златни франци. На овој начин, се заклучува дека, од вкупно 8 милиони златни франци кои албанската влада и ги побара на Италија за да ги земе под своја контрола, во согласност со договорите на 19 март 1936 година, фактички, на албанската влада и беа исплатени 4 милиони златни франци. Третата и четвртата рата од овој заем воопшто не и беа исплатени на албанската влада.

## 5.4 Договор за монопол на тутунот

Италијанскиот капитал кој имаше за цел да ги стави под контрола клучните сектори од албанската индустрија, со договорите од 19 март 1936 година, се обиде да ја убеди албанската влада со еден заем од 3 милиони златни франци за тутунскиот монопол. Неговата цел беше да го поседува или, најмалку, да го стави под своја контрола овој земјоделски производ и особено индустријализацијата и трговијата на тутунот. Потпирајќи се врз овој договор, во јуни 1936 година, Министерството за финансии му пишуваше на претседателот на Советот на министрите да се преземат мерки за обезбедување на еден специјалист, кој ќе се занимава со создавање на тутунскиот монопол.[312] Министерството за финансии имаше идеја, специјалистот да обезбедува парични средства за собирање на тутунот, со цел овој монопол да се организира за што пократок рок.[313] Италијанската влада ги имаше своите планови, и направи неколку обиди во овој правец. На 29 јули 1936 година Народната банка на Албанија го извести Министерството за финансии дека со посредување на италијанската легата во рамките на оваа банка беше извршена една уплата од 1.5 милиони златни франци за погоре споменатите цели. За третирање на оваа проблематика, во Албанија дојде еден посебен специјалист. Со овие прашања директно се занимаваа различни претставници од италијанскиот капитал.[314] Но, не помина многу време и се појавија многу тешкотии во имплементацијата на споменатиот договор.

Креирањето на тутунскиот монопол ги загрижуваше управувачите на фабриките за цигари, кои се плашеа од една ликвидација со енормна штета и последици за нивниот капитал и нивната активност.

Исто така и кај населението се појави страв од поскапување на тутунот и цигарите. Земајќи ги предвид сите овие тешкотии за да се избегнува критиката во правец на италијанскиот капитал, Франческо Јакомани по консултацијата со италијанските специјалисти кои се наоѓаа во Албанија, во јуни 1937 година му пишуваше на Министерството за надворешни работи на Италија во Рим дека,

[312] AQSH.fondi i MF, viti 1938, document. 4-649.
[313] Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj ..., 107.

можеби е корисно споменатиот монопол за период од 5 години да им се дава на нејзините функционери.[315] Во текот на овој период државниот монопол ќе се задолжи за вршење на монополот од страна на државата или користејќи ги фабриките за цигари со поволни услови за нив или за обновување на петгодишната концесија[316]. За сите активности што ќе се преземаат во каков било облик, италијанскиот советник за тутунскиот монопол нема да има само право на еден глас[317], туку ќе има и право на вето.

Франческо Јакомани, земајќи го предвид фактот дека во ова време имаше големи тешкотии за користењето на претпријатијата и здруженијата кои се занимаваа со производство на цигарите, му сугерираше на Рим да го промени договорот од 1936 година со кој требаше да го ограничи италијанскиот придонес за предвидениот кредит од 30 милиони франци злато во 1.5 милиони златни франци. Албанската влада, според Јакомани, нема да се согласи да се преполови овој кредит доколку не ветат да ја користат разликата (1.5 милиони златни франци) за други цели од коишто Албанија има повеќе потреба и др.[318] Праксата покажа дека овие обиди не ја постигнаа својата цел. Иако многу се зборуваше за организацијата на тутунот во Албанија, ова не се постигна.

Посебно разидување имаше помеѓу албанското здружение СТАМЛЕС во Драч и фабриката за цигари во Скадар.[319] Разидување имаше и меѓу капиталистите кои дејствуваа во оваа област и албанската влада. Во овие услови, без оглед на фактот дека беа направени и други обиди, во Албанија навистина не се создаде тутунски монопол и предвидениот кредит не беше користен за оваа цел. Така, залудна беше и целта на италијанскиот капитал да ја поседува и да ја има под своја контрола оваа гранка на албанската економија.

---

[315] Lista e importatorëve, eksportatorëve dhe përfaqësuesve, tregtar të Shqiperis botimi i ekonomis kombëtare, Tiranë, 1938.
[316] Истото.
[317] Robert J. Stevenc “Zhvillimet politike në Shqipëri”..., 83.
[318] AQSH .Fondi. i MF viti 1937 dos 1.Letra e ministrave se finansave nr. 457, 12.06.1936.
[319] AQSH.fondi BKSH, viti 1936,dos 18 derguar Amadeo Gambinas ne Rom. 25.05.1936.

### 5.5 Договор за финансирање на пристаништето во Драч

Пристаништето во Драч секогаш имало важна улога за поврзувањето на Албанија со надворешниот свет.[320] Ова е причината што фашистичка Италија, уште од договорот за банката и кредитот на СВЕА, на овој пакт му обрна посебно внимание и значителни суми од овој заем распредели за неговата изградба. Римските кругови сметаа дека овој проект во иднина ќе послужи како една поддржувачка точка за реализирање на останатите експанзионистички планови во Албанија и во другите територии од Балканот.[321] Ова беше главната причина поради која со договорот од 19 март 1936 година се покажа посебно внимание и се предвидуваше да се преземат и други мерки за ова пристаниште во Драч. По ратификацијата на договорите од 19 март 1936 година започнаа дискусиите за пронаоѓање на кредит за понатамошната изградба на ова пристаниште, негово комплетирање и завршување. Истата година, Банката на Наполи, една од најстарите и најсилните банки на Италија, на Бенито Мусолини му испрати едно писмо, кое имаше кредитна улога во финансирањето и изградбата на пристаништето во Драч и користејќи ја оваа ситуација обезбедуваше нејзиното проширување на кредитниот пазар во Албанија.

Оваа активност на Банката на Наполи не му се допадна на раководството на Народната банка на Албанија. Тоа се обиде да го спречи протегањето на оваа банка во Албанија, но не постигна некаков успех.[322] Банката на Наполи ја започна својата активност во Албанија. Во мај 1936 година, во Тирана стигна генералниот директор на оваа банка, Фортунату Роси. Оваа личност, претставник на банката, преговарала со претставници на албанската влада, особено со оние на Министерството за национална економија за определување на заемот кој беше потребен за понатамошната изградба на пристаништето во Драч.[323] Во почетокот на јуни 1936 година, по преговорите со претставниците на Банката на Наполи за заемите кои беа потребени за понатамошната изградба на пристаништето, Министерството за национална економија од врвот на Советот на министрите бараше да ја разгледа и да ја одобри спогодбата за долговите кои на албанската влада ќе и се даваат за

[320] Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj ..., 109.
[321] Истото.
[322] Belgu Mentar,-presioni ushtarak i luftanieve Italijane në limanin e Durrësit, kapitullimi i qeverisë zogiste dhe qëndresa e masave popullore,në: "Studime hisotrike'',Tiranë, 1997/1.
[323] Presijoni ushtarak i luftanieve Italijane në limanin e Durrësit,Studmie Historike, Tiranë, 1977/1.

пристаништето во Драч. Како резултат од оваа интервенција, на 2 јули 1936 година, владата на Зогу, со посебно решение, го одобри договорот со Банката на Наполи за финансирање на овој проект. На 31 јули 1936 година таа ја известуваше Банката на Наполи дека беа завршени.[324]

[324] Fishta I., Marrëveshja e vitit 1931 për huanë prej 100 milijonë fr.ari,ndërmjet Qeverisë së Zogut dhe Qeverisë Italijane dhe karakteri i saj skllavërues për Shqipërinë,Probleme ekonomike, Tiranë, 1976/3.

### 5.6 Договорот за кредитот СВЕА

Уште од март 1925 год. штом заврши договорот со банката и кредитот СВЕА, фашистичката влада на Рим, која фактички го издаде овој заем, се обиде и постигна заемот да го употреби и да изведе сценарио како кредитор, како средство за притисок и постојано насилство над албанската влада.[325] И кога се реализираа дискусиите за завршување на договорите од 19 март 1934 год. и кога почна нивната примена, владата на Бенито Мусолини делуваше на разни начини за да го употреби кредитот на СВЕА како средство за реализација на нејзините цели во Албанија. По март 1936 год. владата на Зогу и италијанската влада продолжија да прават обиди за реализација на нивните цели. Албанската влада направи напори за олеснување на тежината од долгот спрема СВЕА и тоа со цел да се спаси од еден голем притисок. Италијанската влада од нејзина страна се обиде да ја зачува правната приватна форма на оваа друштво и самиот долг на СВЕА. Независно од некое олеснување што им го ветила на албанската влада и на Зогу таа се обиде да го употреби друштвото СВЕА како насилно средство за нејзино покорување. Во согласност со преземените мерки кога се изгласа финансискиот буџет за 1936-1937 год. албанската влада предвидела минимален трошок од 250.000 златни франци за олеснување на една мала задача спрема СВЕА. Потоа владата направи и неколку исплати за друштвото СВЕА иако финансиската состојба беше доста тешка.[326] Така, таа му врати на ова друштво сума од 833.333 златни франци, што беше првата давачка што му ја дала на ова друштво од 9.166.993 златни франци во 1930 год. Според завршниот договор албанската влада и друштвото СВЕА требало на крајот од двегодишниот период да ги продолжат разговорите за продолжување на рокот за испаќање на долгот.

Од почетокот на април 1938 год. фашистичка Италија ја имаше покорено албанската влада и и ги диктираше концесиите што и требаа во Албанија и набрзо ќе ги дадеше проектите за окупација на економскиот режим. СВЕА се покажа подготвена да ги продолжи разговорите за продолжување на задолженијата што ги имаше владата на Зогу и дозволуваше други олеснувања со финансиски карактер.

[325] Arben Cici, Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane ...,. 202.
[326] Истото.

Во оваа време долгот на владата спрема друштвото СВЕА изнесуваше 75.815.547 златни франци и претставуваше голема тежина за финансиите на Албанија. Разговорите се направија од страна на Кол Тачи финасиски министер на албанската влада и Амадео Тамбино советник на друштвото СВЕА.[327]

Како заклучок на овие разговори се изгласа договорот за регулирање на горепоменатиот долг. Во основа на овој договор се предвидоа долупотпишаните мерки:

– се продолжи исплаќањето на квотите на капиталниот долг на СВЕА што поминаа во 19 март 1938 год. за сума од 58.571.543 златни франци, на тој начин што сумата ќе се исплаќа на 12 дела, на шест месечни рати, почнувајќи од 15 јуни 1936 год.

– друштвото СВЕА на албанската влада & оневозможи да избрише половина од интересите на созреаните акцесори во март 1938 год. и поточно да ја избрише сумата од 210.584.107 златни франци над општата сума .

– друштвото СВЕА ги занемари долговите на албанската влада, интересите од задоцнетиот упис на нејзин товар, до март 1938 год. за една поголема сума отстапувајќи на друштвото СВЕА за совладување на интересите од сумата 99.999.963 златни франци потрошени од албанската влада во периодот 1930 до 1936 год.[328]

- за олеснување и регулирање на месечните задолжени рати, што ќе се вршат од 19 март 1938 до 19 март 1943 год., & се дозволи на албанската влада пролонгирање на горенаведената дата до 19 март 1943 год., за исплаќање на ратите од капиталот, што според оригиналниот амортизиран план припаѓаа во овие месечни рати.[329]

Тој ден кога бил постигнат договорот помеѓу албанскиот министер за финансии и претставникот на друштвото СВЕА, Франческо Јакоман му испраќаше писмо на албанскиот министер за надворешни работи со кое го информираше дека италијанската влада решила да го преземе делот на претходните интереси до 19 март 1938 год. од албанската влада и друштвото СВЕА за сума од 21.058.417 златни франци. Тој и ветил исто така дека ќе се ангажира да и се олесни на

[327] AQSH fondi BKSH, viti 1936,dos 18.
[328] Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj ..., 112.
[329] Puto A., Shqipëria Politike 1912-1939 .., . 591.

албанската влада и за другите задолженија спрема друштвото СВЕА, со цел албанската влада да не исплаќа повеќе од 200.000 златни франци годишно.[330]

Италијанската влада, додаваше Франческо Јакоман, ќе ја преземе врз себе разликата што албанската влада му ја должи на друштвото СВЕА откако ќе се додели сумата од 200.000 златни франци. Кога заврши договорот со друштвото СВЕА и се презеде ветувањето од италијанската влада во гореспоменатите правци, на 15 април 1938 год. албанската влада го зеде на разгледување постигнатиот договор со друштвото СВЕА, кој го изгласа. Италијанската влада ги даде „гореспоменатите олеснувања" на едно време кога меѓународната ситуација се развиваше во добивка на агресивните средства и кога самата таа, како што се истакна и погоре, се спремаше да ги подготви сите проекти за економскиот режим за италијанското владеење на Албанија. Но овие погледи „олеснувања" беа маска за прикривање на жедното тело на фашистичките околности на Рим на штета на Албанија, на слободата и нејзината независност.

[330] Misha Glenny., Historia e Ballkanit 1804-1999, Instituti i Dialogut, Toena, Tiranë.
Robert J.Stevens, B.S., Zhvillimet Politike në Shqipëri 1920-1939, превел Halit Daci, Geer, 2004. стр. 187.

## 5.7 Договор за организирање и финансирање на албанската војска

Една од почетните тенденции на италијанската влада беше и албанската војска.

Римските кругови уште од 1925 год. делувале со разни форми и методи со цел да ја имаат под контрола албанската војска и да ја употребуваат оваа контрола во интерес на нивниот план.[331] Почнувајќи најпрво да ја поврзе Албанија за „италијанската фашистичка кола", потоа потполно да ја совлада и накрај да ја олесни нејзината окупација. Зогу, од негова страна, се обиде да ја има војската како оружје за неговата диктатура и за негова употреба, за да го притисне секој став од работничката маса и напредните елементи кои беа против режимот.[332] Оваа предност се појави веднаш по востанието во Фиер. Но, за организирање на војската и нејзиното зголемување, Ахмед Зогу гледаше и во врска со ветувањата што ги презел спрема Италија со воените и финансиските договори. Под влијание на овие два фактора дојде до зголемување на воените трошоци. Потоа, треба да се каже дека овие трошоци се зголемија со еден позабрзан ритам отколку во некои земји од централна и југоисточна Европа.

Преглед на воениот буџет за разни држави (на милиони национални монетарни единици)[333]

| Држави | 1935 | 1938 | 1938/1935 (во % ) |
|---|---|---|---|
| Албанија | 6,8 | 9,6 | 141 |
| Бугарија | 1010,0 | 1574,0 | 156 |
| Чехословачка (корона) | 3761,0 | 4448,0 | 118 |
| Унгарија (пенгос) | 97,0 | 127,0 | 130 |
| Полска (злоти) | 768,0 | 800,0 | 104 |
| Романија (леи) | 10650,0 | 10750,0 | 101 |
| Југославија (динар) | 2000,0 | 2664,0 | 133 |

331 Avramovski Z., Prilog pitanju istorije Albanije u perijodu između dva svetska rata, Gjurmime albanologjike, Beograd, 1966/3.
332 Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj ..., 113.
333 Kontribut studimit të historisë së Shqipëtisë në periodën midis dy luftrave botërore, Gjurmime albanologjike, Prishtinë, 1968/2.

По март 1936 год. албанската и италијанската влада презедоа мерки за примена на тајниот воен договор што беше потпишан меѓу нив. Се обнови улогата на италијанскиот воен советник во албанската војска и во Албанија дојдоа специјалисти кои ќе управуваат и ќе ја организират албанската војска. Италијанската влада, која чекор по чекор ги реализираше нејзините намери во албанската војска, не изостана да и понуди помош на владата на Зогу за одделно финансирање на воените трошоци кои постојано растеа.[334]

Ова финансирање во почетокот се направи меѓу потполковникот Џовани Дантон и подоцна кон јули 1937 год. од полковникот Манлио Габриел, кои дејствуваа во албанската војска. Финансирањето на албанската војска се направи во две форми, главно со пари в рака и одделно со стоки што се обезбедуваа за албанската војска од италијанската влада.[335] Во текот на финансиските години 1936-1937, 1937-1938 и 1938-1939 год. италијанската влада преку нејзините воени советници на албанската влада и ги одобрила долуспоменатите суми.

Сумирајќи го целото финансирање, направено од фашистичка Италија, за албанската војска, за овие три години ги имаме следните податоци:[336]

| Бр. | Финансиската година | Определени придонеси за да се дадат од Италија | Дадени придонеси фактички во пари и во материјали |
|---|---|---|---|
| 1. | 1936 / 1937 | 3 500 000 | |
| 2. | 1937 / 1938 | 3 500 000 | |
| 3. | 1938 / 1939 | 3 500 000 | 10 491 687 50 |
| сума | | 10 500 000 | 8312 50 |

(помалку од предвиденото)

Како заклучок може да го кажеме следново.

[334] Historija e popullit Shqipëtar II, Prishtinë 1969, 231.
[335] Joseph Swire, Shqipërija "Ngritja e një mbretërije", Tiranë 2005, 167.
[336] Buxheti konstituiv i vitit financiar 1930-1931,botimi i ministris së financave të mbretëris Shqiptare.

Со договорите од 19 март 1936 год. италијанската влада се стави во улога на финансиер на албанската војска и со тоа ја зеде под своја контрола. Јасно е дека една влада чија војска се финансира од странци, без дилема паѓа во улога на питач и, во крајна анализа, на вазал на владата што ја финансира. Таква стана и албанската влада, врз основа на договорите од 19 март 1936 година и нивната примена.

# Глава шеста

## Експанзионистичката економска политика на Италија во Албанија

### 6.1 Навлегување на италијанскиот капитал во земједелството и транспортот

И по завршувањето на Првата светска војна, Албанија остана аграрно неразвиена земја. Ова во прв ред се изрази на фактот што земједелството како економска гранка, во која беше ангажирана поголемиот дел од населението, се разви сосема малку. [337] Основните проблеми на земјоделството не најдоа решение, а особено вознемирувачки остана проблемот со површината на обработливата земја која беше ограничена, додека повеќето средсва со кои се обработуваѓе беа застарени. [338] Во 1929 год. Владата на Зогу декларираше дека со фондот од заемот СВЕА ќе го помогне албанската земједелство, но, тоа остана само на хартија затоа што планираните пари за напредокот на земјоделието беа потрошени од Владата за други цели. Вво такви услови, во мај 1930 год. албанскиот Парламент го донесе Законот за аграрни реформи.

Со оваа реформа на некои земјоделци им беа доделени мали површини на земја.[339] Положабата на селаните беше отежната уште повеќе по паѓање на цените на земјоделските производи, особено на сточарските производи во текот на годините од економската криза. Од страна на Италија се планираше да се создаде општо влошување на ситуацијата со што ќе се олесннеа подготовките за освојување на Албанија од фашистичката Италија.

Длабоката заостаност на земјоделството се одразуваше преку ниското ниво на производните сили, што се рефлектира и во егзистецијата на населението. Недостатокот на грижа од страна на Владата на Зогу за земјоделството кулминираше со нејзината политика за покорување на фашистичката Италија.

---

[337] Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Dituria, Tiranë, 1999, 210.

[338] Исто

[339] AQSH. Fondi MEK, viti 1937, dos IV – 468. Dokumenti me lëndë: organizimi i bujqësis gjatë 25 viteve të independencës ndërkombëtare, pa datë.

Ваквата положба ба Албанија се продлабочи со потпишување на Договорите на 19 март 1936 год. кои создадоа услови италјанскиот капитал уште повеќе да порасне и овозможи интензивно италијанското влегување во албанското земјоделство. Во периодот од март од 1936 до април 1939 год. во разни делови на албанското земјоделство навлегоа повеќе друштва. Првиот влез во албанското земједелство на главните капиталистички италјански претпријатија беше преку друштвото ЕИАА.[340]

Римските кругови му дале задача на друштвото ЕИАА да го прошири влезот во албанската економија. За реализација на оваа тенденицијa, уште од 1934 год. ЕИАА го зголемуваше своето дејствување во албанското земјоделството.

- Со Договорот од 19 март 1936[341] год. друштвото ЕИАА си обезбеди многу значајни привилеги во Албанија, според кои албанската Влада ѝ даваше на ЕИАА под кирија за 20 години земјиште што ќе го стопанисува. Киријата треба да се определува според предвидени критериуми така што ЕИАА ќе требаше да ги исплати и другите учесници во работата, во пропорција од големината на земјиштето :

- Друштвото ЕИАА треба им плати на стопанствениците на земјата обесштетување, што се предвидуваше според членот 45 од Законот за аграрна реформа[342] односно по 20 златни франци за секој хектар стопонисувана земја. Оваа сума требало да им се врати на ЕИАА – заедно со направените инвестиции на стопанисуваните земји, по поминување на рокот на земање на земјите под кирија.
- Албанската влада се ангажира да го заштити друшвото ЕИАА;
- Друштвото ЕИАА се ослободуваше од сите задолженија што ги имало кон стопанствениците за стопанисување на земјите.[343]

---

[340] Во 1934 год. италијанската држава преку друштвото СВЕА го финансираше друшвото ЕИАА и стана сопственик на акциите на оваа друштво.
[341] Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Dituria, Tiranë, 1999, 95-97.
[342] За овој Закон повеќе кај: Cici A., Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934, Afërdita, 2002, 187-189
[343] Letra zyrtare e bujqësisë Berat,dërguar Ministris së ekonomisë kombëtare në Tiranë,nr.3,dt.30.01.1936.

- После 20 години, значи после рокот поминат од земање под кирија, земјата им се враќа на земјоделците, кои што треба да ги платат сите направени инвестиции за нејзино подобрување .[344]

Со потпишувањето на мартовските договори од 1936 година, италијанското друштво ЕИАА потпишало голем број други пропратни економски договори. Во еден документ се истакнува дека во фармата на ЕИАА во зоната на Шијак-имаше ангажирано во разни работи околу 250 албански работници, чиј број во текот на летото достигнуваше до 1000. На оваа фарма, од Италија беа донесени околу 14 фамилии на италијанските колинисти. Доаѓањето на овие колонисти се оправдуваше со тоа дека беше потребно интезивно развивање на земједелсвото.[345] Директорот на Друштвото ЕИАА му бараше на албанското Министерство за економија да ги преземе следните мерки :

1. Да се повлече од земјиштето на зоната Рушкул,[346] што според Договорите од 19 март 1936 година од албанските селани треба да му се дадаа на ЕИАА, за да бидат обработувани;
2. Бараше гаранција дека и во иднина спомнатото земјиште нема да биде опфатено со Законот за аграрна реформа;
3. Друштвото бараше царинско олеснување за материјалите што ќе се внесуваат.

Друштвото ЕИАА се обидуваше од зоната Рушкул да ги острани албанските селски фамили кои живееја тука, а кои претставуваа пречка за реализација на неговиот колонизаторски план.[347] Планот на италјанското друштво пропадна поради еден застој од страна на селаните кои работеа во оваа зона.

Во годините на режимот на Зогу друштвото ЕИАА имајќи заштита од римските кругови и од своите организатори во Албанија, добивајќи и пропусти од албанската Влада, го реализираше колонизаторскиот план во албанскиот пазар. За реализација

---

[344] Ndërhyrja e kapitalit të huaj në tregtinë e jashtme dhe pasojat e saj rënuese për Shqipërinë 1931-1936, Studime Historike, Tiranë, 3/1937, 245
[345] Исто, 182.
[346] Fishta I ., Marrëveshja e vitit 1931 për huanë prej 100 milijonë fr.ari,ndërmjet Qeverisë së Zogut dhe Qeverisë Italijane dhe karakteri i saj skllavërues për Shqipërinë, Probleme ekonomike, Tiranë, 3/1976.
[347] AQSH. Fondi MEK, viti 1939, dos.IV-600.

на овој план Друштвото ЕИАА вложи доплнителни средства, со што дојде до пораст на капиталот и неговите инвестиции во Албанија.

| Години | Општествен капитал | Резерви |
|---|---|---|
| 1930 | 500 000 | - |
| 1931 | 1000 000 | - |
| 1932 | 1000 000 | 21 289 |
| 1933 | 12 000 000 | 366 787 |
| 1934 | 13 200 000 | 226 317 |
| 1935 | 13 200 000 | 137 637 |
| 1936 | 18 200 000 | 401 359 |
| 1937 | 18 200 000 | 774 008 |
| 1938 | 18 200 000 | 805 470 |

Пробивањето на Друштвото ЕИАА во Албанија според печатените податоци беше многу тешко, бидејќи ЕИАА во почетокот имаше загуби. Но, како поминуваше времето, особено по потпишување на мартовските договори од 1936 година, со кои му се даваа значајни привилегии, Друштвото стана многу профитабилно

.

**Долу истакнатите податоци ги потврдуваат овие заклучоци**

Во италијански лири

| Години | **Добивки** | **Загуби** |
|---|---|---|
| 1931 | 22198 | - |
| 1932 | 100 288 | 49 791 |
| 1933 | 105 264 | 67 543 |
| 1934 | 372 656 | - |
| 1935 | 1 405 368 | - |
| 1936 | 1 764 578 | - |
| 1937 | 1 600 315 | - |
| 1938 | | |

И транспортот, како една значајна стопанска гранка во периодот од 1924-1936 год. направи чекор напред. Ова се поврзуваше со фактот дека во овој временски период со заемите од фондовите СВЕА се градеа улици, мостови, пристаништа кои позитивно делуваа за развитокот на транспортот.[348]

Во меѓувреме се зголемија земните транспортни средства, како и средствата за морепловство. Треба да се каже дека овој развиток и во ова време беше успорен. Владата на Зогу додели мала сума на пари со цел оваа економска гранка да продолжи да живее, но таа продолжи да биде во една заостаната положба. Проектите што беа направени за изградба на железничката мрежа со фондовите од заемите на СВЕА останаа само на хартија[349].

Така, Албанија беше едиствена земја во Европата без железница. Во декември 1936 година југословенското претставништво во Тирана му испрати една незадоволителна нота на албанското Министерство за надворешни работи, во која се жалеше од албанските преставници кои им даваа олеснувања на југословенските трговци и шофери на превозните и автопревозните стредства за патувањата кои ги правеа од Улцин и од блиските зони во Скадар. Со нотата се бараше проблемот да се разгледа од албанските власти со цел да се развиват економските односи меѓу Албанија и Југославија.[350] Во 1937 година италјанскиот капитал, претставен од италијанското друштво на инженер Л. К. Мерици, направило обид да го добие транспортниот сектор на Албанија. Меѓувремено, гореспомнатото италјанско друштво побара од албанското претставништво во Рим да изнајде начин во Албанија да го подобри патот Тирана - Драч. Овој обид на италјанскиот капитал немаше успех, така што произлезе дека италјанскиот капитал не успеа да ја преземе гореспомнатата концесија и да се пробие во албанско транспортно поле. Големо значење за албанската економија имаше автопревозот на стоки, кој што се спроведуваше во голем степен од албанскиот капитал, но одделно и од странскиот италијански капитал.

[348] I.Fishta.,Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe pasojat e saj skllavëruese për Shqipërin (19311936), Tiranë 1989,181.
[349] Исто
[350] Bakalli E.,Marëdhënie Ekonomike Shqiptaro-Jgosllave 1929-1939, Instituti i Historisë Prishtinë, Prishtinë, 1997, 117

Во април 1938 година завршуваше Договорот што друштвото SKAT го имаше потпишано со италијанското претпријатие АИРА за транспортот на материјалите кои што служеа за барање и вадење на нафта. Во конкурсот за преземање на транспортното италијанско претпријатие за материјали АИРА, учествуваа неколку албански и италијански трговски фирми. Концесијата ја добија Италијаните, со што уште еднаѓ домашните претпријатија станаа зависни од војлата на италијанските газди. Положбата на албанската поморска, трговска флота и на работниците во овие дејности одеднаш се влошила уште повеќе. За сметка на тоа странската поморска трговска флота се зацврсти уште повеќе.

| **Име на пристаниште** | **Растоварена стока во тони** | **Таварена стока во тони** |
|---|---|---|
| **Драч** | 58.0 | 20,3 |
| Саранда | 17.5 | 1,7 |
| Порто Палермо | 0,5 | 0,1 |

Горе дадените податоци покажуваат дека при растоворат на стоките во албанските пристаништа првото место го презело пристаништето на Драч,[351] на кое се растовераде 58% од стоките во албанските пристаништа.

Кога станува збор за товор на стоките во пристаништето во Валона, првото место го држеше Италија, која преку оваа пристаниште ги експортираше албанските стоки, особено албанската нафта.[352]

Значењето на албанските пристаништа и нивната искористеност ја потврдуваат и податоците од Централниот архив на Република Албанија каде во документацијата табеларно стои дека:

---

351 Histoija e Shqipërisë (1921-1939),vëll.III,Tiranë,1984,231

352 Sinani N., Politika reaksionare e portës së hapur të qeverisë së Zogut në lëmin e tregtisë së jashtme dhe pasojat rrënuese për ekonominë dhe pavarsinë e Shqipërisë (1925-1939),Studime Historike, Tiranë, 1/1983, 243.

| Држави | Број на бродови | Растоварена стока на тони | Товарена стока на тони |
|---|---|---|---|
| Албанија | 1138 | 25 457 | 13 800 |
| Италија | 1099 | 36 157 | 91 865 |
| Југославија | 846 | 14 268 | 12 303 |
| Грција | 438 | 5 464 | 4 833 |

Горе покажаните податоци покажуваат дека во поморскиот транспорт на стоки од Албанија и за Албанија нејзините пристаништа во однос на соседните држави го држеле првото место. Сепак, поразителен е фактот дека основниот збор во тој овој транспорт го имал италјанскиот капитал кој целосно владеел со голема тежина од поморскиот транспорт на стоките од Албанија и за Албанија.

Другото траспортно поле беше воздухопловниот транспорт. Италјанскиот капитал користејќи ги попустите од албанската Влада, во март 1925 година, ги добил концесиите на овој транспорт. Во февруари 1935 година, по преговорите што беа направени предходно меѓу албанската и италјанската влада, италјанското друштво „Ала Литориа" доби дозвола уште следните 10 години да го користи воздушниот сервис во Албанија. Завршетокот на овој договор повеќе имаше политички и стратешки карактер.[353] Исто така и Југославија, со сите загуби што ги претрпе, направи нов обид за пробивање во Албанија. Имено, во почетокот на 1938 година Југословените ѝ се обратија на албанската Влада со барање за потпишување на една конвенција која што ѝ одобруваше на југословенската цивилна авијација да сообраќа на воздушната линија Белград – Тирана.[354] Оваа барање беше направено со цел Југословените да имаат можност за добивање на информации за дејствијата на Италија во Албанија. Барањето на Југославија се разгледа од албанската Влада и позитивно беше оценето.[355]

Но, бидејќи одобрувањето беше тесно поврзано со интересите на фашистичка Италија, и во дисхармонија со концесиите што Албанија и ги имаше дадени на фашистичката влада, Италија презеде активности за поништување на

[353] AQSH.Fondi i BKSH,viti 1937,dos 13
[354] Milo,P.-Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927,Tiranë,1992,309-311
[355] Fishta,I.-Sistemi monetar dhe i kreditit në Shqipëri,1925-1944,Tiranë,1971,256.

одобрението за Југославија. При тоа се повикуваше на одлука која што ги содржеше превидените привилегии што албанската Влада му ги даде на италјанскиот капитал. На ваквиот тек на настаните реагираше Југославија. Така дојде до формирање на комисија[356], која од албанската страна, беше претставувана од министерот за надворешни работи, Екрем Либохова, а од страна на Југославија, југословенскиот претставник во Тирана, Радоје Јанковиќ.

По преговорите што се водеа на 19 април 1938 година во Тирана бил потпишан албанско-југословенски договор за воспоставување редовна воздушна линија во правец Тирана - Белград и спротивно.[357] И покрај потпишувањето на Договорот во Тирана, неговото спроведување, како и на пропратниот Протокол, наиде на тешкотии, особено на негодување меѓу друштвото „Ала Литориа" и југословенската Влада. Почнувајќи од политичките и воени намери друштвото „Ала Литориа" постави услов и нивните авиони да ја преминуваат линијата Тирана - Дубровник - Белград. Југословенската страна не го прифатила барањето од стратешки причини.[358]

Во вакви услови, бидејќи Договорот и Протоколот кои биле потпишани во април 1938 год., неможеле да се имплементира наеднаш, албанската Влада на 29. 08. 1938 год. донесе привремена дозвола со која на југословенските авиони им било дозволено да патуваат и да ги извшуваат сите потреби во воздушната линија Београд - Тирана.

Заклучувајќи би рекле дека италијанскиот капитал во овој временски период целосно го контролираше воздушниот и морскиот транспорт во Албанија. Но тоа не беше доволно, па италјанскиот капитал го продолжи навлегувањето во сите транспортни сектори во Албанија.[359] Со тоа албанската држава веќе не му припаѓаше на албанското население туку на Италијаните.

За развој на земјоделсвото во Албанија значајно влијание имаше навлегувањето на италијанскиот капитал, кој што изгради неколку земјоделски

---

[356] Исто

[357] Kodra Viron,- Marëveshjet italo-shqiptare në mars 1936, në: "Buletini i shkencave shoqërore", nr .2, 1962.

[358] Arifi-Bakalli,Emine "Mardhëniet ekonomike shqiptaro-jugosllave 1929-1939", Instituti i Historisë Prishtinë, 1997.

[359] I.Fishta, M. Ziu., Historia e ekonomsë së Shqipërisë (1944-1960), Tiranë, 2004, 18.

фарми, при што како победник остана градската буржоазија, богатите селани и странскиот капитал кои станаа земјопоседеници.

## 6.2 Лошата состојба во албанската економија

Почнувајќи од 1924 година па во следните години, единствен развој имаше во трговијата која ја сочинуваше главната сфера од економијата на албанската политика. Така, вопериодот од 1924 до 1929 година во повеќе градови на Албанија се развија неколку работилници и мали фабрики како во Корча, Скадар, Елбасан. Одниви најпознати беа фабриката за брашно, за тутун и цигари, фабриката за производството на сапун, а во Тирана се отвори работилница за производсво на кошули и др.[360]

Тоа се и периоди кога се направени обиди за обединување на капиталот на повеќе сопственици и создавање на акционерски друштва. Треба да се спомне основањето на друштвото за општа електрификација во Корча, кое ја презеде концесијата за производството и распространетост на електричната струја во неколку градови. Во Драч се формира друшвото ‘‘Асамбле‘‘ за производсво на тутун, додека во Тирана се формира друшвото ‘‘СИТА‘‘кое го презеде производството и продажбата на сол во Албанија.[361]

Генерално земено, периодот од 1924 до 1928 годин беше значаен и по тоа што во албанските села почна нова фаза на економски развој, независно што тој развој беше многу спор во споредба со градовите.[362] Главна причина за тоа беа остатаците од лошата економска политика на Владата на А. Зогу, како и пробивањето на италијанскиот капитал. Срамежливо, по селата никнаа посовремени форми на работа било државни или приватни.[363]

Дотогашното градење на објекти во Албанија се сведуваше на мали семејни куќи. Но во периодот за кој зборуваме, напредок се постигна и во градежништвото, иако учеството на месниот капитал во оваа гранка беше ограничен. Посебна и голема улога во развојот на оваа гранка имаа заемните фондови од СВЕА. Иако албанските фирми почна да изработуваат мали и средни градби, сепак главните и

---

360 Puto A., Shqipëria Politike 1912-1939,Toena,Tiranë,2009,409-411
361 AQSH.Fondi 849,dosja 75
362 AQSH.Fondi 849,dosja 75
363 Belegu M., E ashtuquajtura reformë agrare e A.Zogut dhe dështimi i saj, Studime Historike, Tiranë, 1/1978.

позначајни објекти ги градеа италијански капиталистичка фирми. Тоа значеше дека и од оваа гранка во Албанија, албанскиот народ ги добиваше само малите работи.

Од сето ова може да се каже дека Албанија беше заостаната држава со ниско ниво на економски развој, и покрај фактот што пристаништето на Драч придонесуваше за нејзиниот развој.[364] Албанија, главно извезуваше земјоделски и сточарски производи, иако сето тоа беше на ниско ниво. Експортот во 1928 година имаше раст од 20% , додека увозот изнесуваше околу 58 % .[365]

Ова се должело на многу фактори, но најмногу на надворешната конкуренција на стоките која директно влијаела на продажбата на производите. Едновремено, буџетските трошоци забележаа значителен раст на средствата кои најмногу се употребиле за одржување на државниот апарат. Само во текот на 1927 година над 54% на трошоците биле направени од Министерсвото за одбрана и Министерството за внатрешни работи, од вкупната сума од 235 милиони златни франци, колку што биле буџетските средства на државата за фискалната 1927 година. Придонесите од директните даноци и такси изнесувале 17,3 милиони златни франци или околу 75 % од буџетските средства на државата, а кои ги плаќал народот. Од друга страна политиката на Ахмет Зогу му даде можност на италијанскиот капитал да се пробие во Албанија и да раководи со најзначајните економски дејности.[366] Италија профитираше од политичката капитулација на Владата на А. Зогу и од пазарењата со другите империјалистички сили, така што презеде општа и сестрана експанзија во Албанија.[367]

Италија ѝ диктираше на Владата на А. Зогу низа неодложни согласности, на штета на албанскиот народ и спротивно на националнот суверениот и независната политика и економија на Албанија. Секако ова не било случајно. За посетување наведуваме дека на 15 март 1925 година меѓу Владата на А. Зогу и една италијанска финансиска група се потпиша Договор за банката и заемот СВЕА.[368] Со оваа согласнот италијанскиот капитал ја доби концесијата на Националната

[364] I.Fishta, Ndërhyrja e kapitalit Italijan dhe përdorimi i saj për përgaditjen e pushtimit të Shqipërisë nga Italija fashiste (1925-1939), Probleme ekonomike, Tiranë, 5-6/1974.
[365] Исто.178
[366] AQSH,F.5,Dosja.2,dok 246/90 Raporti i legatës italiane,Tiranë,15.01.1931
[367] Cici A., Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita,2002,37
[368] Исто, 39.

банка на Албанија, со што се формира Друшвото за економски развој на Албанија (СВЕА).[369]

Владата на А.Зогу зеде долг од 50 милиони златни франци, со цел да се употребат за економски развој на земјата, кој не беше потрошен за намената. За значењето на долгот, како и на Договорот се имаат изјаснето бројни историчари на економијата. Некои историчари за економски прашања се на мислење дека точно овој долг беше главна причина за реализација на експанзионистичките планови на италијанскиот капитал во Албанија. Со овој долг Италијаните го ставија под контрола монетарниот и кредитниот систем, како и албанскиот државен буџет. Така, според Алоис[370] со Договорот за Националната банка и долгот СВЕА се направи првиот решителен чекор со кој италијанскиот капитал доби хипотека над главните богатсва на Албанија.

Подоцна Италија зеде концесија за користење на петролејот во албанската земја. Со иста цел беше и формирањето на државното претпријатие АИПА. Илјаз Фишта е на мислење дека италијанскиот капитал се проби и во друшвотото SEIA и SESA.[371]

Италијанските автори сметаат дека Рим го употребуваше долгот СВЕА како силно средство за притисок, не само за економска експанзија, туку и за политички да ја врзи и Владата на Ахмет Зогу за Италија.

Со такви притисоци Италија му ја диктираше политиката на Ахмет Зогу уште од времето на Тајниот воен пакт потпишан во август 1925 година, а потоа и со потпишувањето на првиот и вториот Тирански пакт.

---

369 I.Fishta, M.Zium., Historia e ekonomisë së Shqipërisë (1944-1960), Tiranë, 2004, 28

370 AQSH.Fondi 849, dosja 75.

371 Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Dituria, Tiranë, 1999, 116.

## 6.3 Албанија во годините на економската криза (1934 -1938)

Кога во 1929 година, светот го зафати голема економска криза, Албанија беше сè повеќе зависна од италијанската помош. Кризата ги опфатила индустријата, градежништвото, земјоделството, транспортот, монетарниот систем и кредиторите. Според Илјаз Фишта и Избер Хоти, од кризата што ја опфати Албанија во 1930 година се затворија многу фабрики, како фабриката за цемент во Скадар, фабриката за цигари, текстилната фабрика за изработка на свила и платна. Како причина од гореспоменатото се зголеми бројот на невработените во главните градови на земјата Тирана, Драч, Елбасан.

Но, најмногу кризата се чувствуваше во земјоделството, со тоа што се намалија земјоделските производи на пазарите што придонесе до катастрофално опаѓање на цените на земјоделските и сточните производи и зголемување на долговите на селаните. Според Арбен Путо поради тоа, селаните почна да ги продаваат или да ги оставаат ннеобработени нивните земјишни површини и барајќи подобар живот тие масовно се селат по градовите.[372]

Во 1934 година „цените на прехрамбените стоки на големо се продаваа по цена за 60% пониско одколку во 1927 година. При ваквите тешки услови што доминира низ албанските села и градови, Амет Зогу беше приморан во 1930 година да прогласи Закон за агрорни реформи. Со овој закон тој се обиде да ја излаже албанската популација дека ќе ја подобри нивната положба“.[373] Но, главна цел на Ахмет Зогу му беше да ги уплаши поголемиот дел на беговите и неговите противници за да не им даде земјиште на земјоделците.[374] Аграрната реформа, која во почетокот прокламираше дека ќе го подобри животот на сиромашната популација, беше завршена со издавање на мал дел од земјините површини, односно од земјата зеле 1906 фамилии или фамилии кои што дошле од Косово.

---

[372] Puto A., Shqipëria Politike 1912-1939,Toena,Tiranë,2009.420
[373] Belegu M., E ashtuquajtura reformë agrare e A.Zogut dhe dështimi i saj, Studime Historike,Tiranë, 1/1978, 189
[374] Paskal Milo.,Shqipëria dhe Jugosllavija ...,57

Така, Албанија продолжи да биде единствена земја во Европа каде што старите односи на сопствениците останаа непроменети.

Нов, дополнително тежок момент настапи кога работите кои што се изведуваа со помош на долгот СВЕА, во овој период завршија. Сопствениците на транспортните средства се наоѓаа во тешка положба и работеа со прекини затоа што многу беше опаднато движењето на стоките и патниците од еден град во друг,а пак некои биле приморани сосема да ја прекинат работата.

Како што истакнавме и претходно, кризата ја опфати и трговијата, со што се намали бројот на стоките на пазар. Со намалување на стоките голем број на малите и средните трговци капитулираа. Кризата ја опфатил и надворешната трговија, извозот и главните буџетски придонеси на државата кои што доаѓаа директно од даноците, придонесите од монополите, кои што забележија големо намалување во време кога трошоците продолжуваа да се зголемуваат.

Оваа ситуација го загрози буџетскиот дефицит на државата, која од 2,5 милиони златни франци во периодот до 1930 год., додека во финансиската година 1931-1932, достигнал до 4,8 милиони златни франци. За покривање на буџетскиот дефицит Владата на Ахмет Зогу повторно се обратил на фашистичка Италија за да земе нов заем. Во текот на кризните економски години, италијанскиот капитал користејќи ја позицијата што ја осигурал до тоа време од една страна како и користејќи ги големите финансиски тешкотии на режимот на А. Зогу од друга страна, го интензивирал експанзионизмот во Албанија.[375] Секое ново согласување на А. Зогу со Владата на Рим за земање на долг, сè повеќе ја отежнуваше состојбата диктирајќи ѝ на албанската Влада тешки услови.

Во писмата на Алоис, што го праќаше во Рим, се раскажува дека „доколку неколку години по ред даваме сè поголеми дзаеми, ние ќе можеме да ја држиме в рака кислородната бомба на албанските финансии“.[376]

Од средината на 1931 година јавно почна да се зборува за недоразбирањето помеѓу Италија и Албанија. Имено, фашистичка Италија која дејствуваше забрзано за проширување на експанзијата на Албанија до нејзина окупација, се

[375] V.Koka,и др.,"Historia e popullit shqiptar"….,267.
[376] AQSH.Fondi 849, dosja 75.

конфронтираше со Владата на Ахмет Зогу, која беше под притисок и спротивностите што ги имаше внатре и надвор од земјата за да не го повтори првиот пакт на Тирана со Италија, чие времетраење завршуваше во 1931 година.[377]

Најголемиот притисок што го вршеше Мусолини над Ахмет Зогу, со прекинување на давањето долг од 100 милиони златни франци на име на Друштвото СВЕА беше барањето на Италија да ѝ се врати дадениот долг дотогаш[378]. Овој притисок, придружен со политички и воени предизвици, кулминираа со демонстрација на борбените италијански бродови во пристаништето на Драч во јуни 1934 година.

Економската криза тешко ја погоди економијата, а животот на народот кој стана многу тежок. Државниот буџет забележа драстично паѓање на придонесите кои што не ги задоволува трошоците за одржување на државниот апарат. Албанските финансии не беа во можност да ги исплатат личните придонеси на вработените во администрацијата и воените службеници во текот на повеќе месеци.

Мерките кои се презедоа од страна на Владата за намалување на државниот апарат и за зголемување на придонесите не дадоа задоволнителни резултати. При вакви внатрешни услови, а кога и големите западни сили ѝ дозволија на Италија директна експанзија на Албанија, Владата на Ахмет Зогу не беше во состојба да се спротивстави. Според мислењето на поголемиот број албански историчари Ахмет Зогу капитулира и ѝ подлегна на фашистичка Италија.

По тешките стресови што ги поднесе од кризата, албанската економија влезе во фаза на заживување, при што почнаа да се отвораат фабриките кои што претходно беа затворени. Во текот на 1938 година бројот на претпријатијата и друштвата се искачи на 220, при што се зголеми и бројот на работниците.

И по кризата земјоделството остана во тешка состојба чиј развој наидуваше на многу пречки, кои што имаа врска со неменувањето на старите аграрни односи, но и со ригидноста на други политички, економски, внатрешни и надворешни фактори.

[377] Cici A., Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934, Afërdita, 2002,132
[378] Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Dituria, Tiranë, 1999, 198.

## 6.4 Обиди за подобрување на албанската економска состојба (1935-1939)

Во периодот од 1935-1939 год. под притисок на потребата за задоволување на населението со прехрамбени продукти и побарувачката на тие продукти на пазарот, се направија напори за проширување на обработливите земјини површини и за зголемување на земјоделските и селско стопанските производи.

Поради фактот дека производството на житните култури не ги задоволуваше потребите на населението, во текот на 1938 година се увезоа 13200 тони пченица, 19.000 тони пченка. Тоа опфаќаше 20 % од општата количина на произведени жита во земјата. Според Арбен Цици недостатокот на лебните жита беше голема рана на албанската економија во периодот на владеење на Ахмет Зогу.[379]

Во Албанија се чувствуваше голем недостиг и за шеќер, чевли, готова облека, кујнски садови. Сите овие производи се увезуваа од Италија.

Од 1935 до 1939 год. направени се незначајни активности за изградба на патишта или за одржување на постојните малубројни патишта.

Значајно за овој период е да се посочи на изградбата на нови фабрики или проширување на постојните. Извесен развој имаше и во трговијата и во транспортот, за што зборува фактот дека во текот на 1938 год. Албанија имаше 300 камиони и 200 автомобили. Водениот транспорт и во овој период се реализираше главно со превозни средства на странските друштва, а воздушниот транспорт остана монопол на италијанскиот капитал, поради дотогашните концесии.[380]

Владата на Ахмет Зогу која целосно подлегна и дозволи италијанскиот империјализам ја претвори Албанија во полуколонијална земја, во март 1936 година сфати дека договорите кои што беа диктирани од Рим за дежавата беа робовладетелски. Освен јавните договори беа потпишани и тајни договори со кои се даваше голема привилегија на Рим бидејќи беа отстранети речиси целосно другите странски инвеститори во албанската економија. Од економско општествен

---

[379] Cici A., Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934, Afërdita, 2002, 149
[380] I.Fishta, M.Zium.,Historia e ekonomisë së Shqipërisë (1944-1960), Tiranë, 2004, 31

аспект „...Албанија во текот на 1930-1935 година беше една земја која стоеше помеѓу феудализмот и капитализмот , типично аграрна земја со феудални остатоци кои не ја постигнаа фазата на индустриски развиен капитализам“.[381]

Албанската економија се карактеризира со неколку основни особини :

„1) Тоа беше една економија основно аграрна со недоволно развиено земјоделство каде во текот на 1935 година поголемиот дел на активната популација работеше во земјоделството и мал дел во индустријата и во други економски гранки.

Образовното ниво и техничко-професионалноста на работниците и на селаните беше многу ниско,така што над 70 % од популацијата на земјата беше неписмена.

2) Економската структура беше еднострана и со мал развиток на стопанските гранки, особено на индустриските и земјоделските.

Земјоделството имаше екстензивен карактер, каде што главната улога ја имаше пченицата. Воопшто не постои хемиската индустрија, металургијата, индустријата за стакло, на вештачки ѓубрива, шеќер, фармацевска индустрија, козметичката и др.

Постоеше т.н. индустриска гранка за вадење на нафта, ама таа беше монопол во рацете на италијанскиот капитал. Патната мрежа беше во лоша состојба, продолжуваше да се практикува транспортот со обични зашрежни коли.

3) Ниското ниво на техничко обезбедување на економијата го определуваше ниското ниво на производството.“[382]

Работилниците во неколкуте фабрики кои постоеја,беа подигнати без правни критериуми, далеку од изворите на суровините и консуматорните центри и во многу случаи не земајќи ги предвид барањата на внатрешниот пазар.[383]

Во тешка положба беше и техничкото опремување во земјоделството каде што главно средство за обработка на земјата беше дрвеното рало со железен плуг, а пак како влечна сила се употребуваа животните. Во текот на 1935 година бројот на тракторите изнесуваше 38, со јачина од 15 коњи.[384]

---

[381] V.Koka.,и др., Historia e popullit Shqiptar..., 269.
[382] Fisher J.B.,Mbreti Zog dhe p;rpjekjet për ......, 131.
[383] AQSH. Fondi 251, dosja 116, viti 1927. Tel. I MPJ drejtuar legatës shqiptare në Beograd.
[384] I.Fishta, M.Zium.,Historia e ekonomisë së Shqipërisë (1944-1960), Tiranë, 2004, 39

4) Најглавните и поразвиени економски гранки беа раководени од странскиот капитал, главно од италијанскиот.

Италијанскиот капитал постојано се пробиваше во Албанија како преку растечките долгови што Албанија ги имаше, како и преку директните инвестиции во разни стопански гранки, особено, во нафтената индустрија.

Главна пречка за развој на слободните производни сили беа истакнатите феудалци, кои ги штитеа односите во производството, а кои имаа особено големо значање во организирањето на државната политика во албанското општеството.[385]

Италијаните не беа заинтересирани Албанија да се развие и да биде економски независна и да има добра сопствена индустрија, напротив секогаш инсистираа Албанија да остане аграрно неразвиена земја и да биде зависна од италијанскиот капитал.[386] Ваквите антиалбански погледи отворено биле изразувани од Италијаните кои се обидуваа со сите средства да ги реализираат експансионистичките планови. За што потврда има во зборовите на италијанскиот официјален советник во Албанија, кој му изјавил на Ахмет Зогу дека "Албанија е потполно аграрна земја и така треба да остане ".[387]

Крајна тенденција на италијанскиот капитал беше преку експанзионистичката економија да ги подготви условите за окупација на Албанија при поволни услови за фашистичка Италија. Нејзиниот интерес имаше за цел албанскиот народ да биде директно зависен од италијанска помош, така што, во 1937 година целокупната сума на албански долгови кон Италија беше 37 милиони златни франци.[388]

Во вакви услови, голем број на селани немаа можност да ги исплатаат своите договори, поради што беа принудени да ги продаваат нивните земји и да мигрираат од земјата или да се селат в град со цел таму да бараат работа. На неподносливата положба народот реагирал против режимот и против империјалистичкото пробивање во разни форми преку жалби, протести, штрајкови, отворени демонстрации, со неплаќање на данокот кон државата, напаѓање на полицијата до вооружени акции.

[385] Исто.41
[386] Puto A., Shqipëria Politike 1912-1939, Toena, Tiranë, 2009, 514.
[387] AQSH. Fondi 251, dosja 116.
[388] H.Shkoza., Financat e Shqipnis (1839-1934 ), Tiranë, 1935, 771.

Во август 1935 година, во Фиер избувна антизогистичко движење. Подоцна околу 410 работници од друштвото "ПУНА" се дигнаа на востание и така на 11 февруари 1936 година тоа прерасна во општо работничко востание во Албанија.[389] Со цел да го згасне работничкото востание, Владата испратила вооружени сили под раководство на министерот за внатрешни работи, кој презеде најоштри мерки при што 60 работници се приведоа и други 300 работници беа приморани да заминат од работа.[390] Исто така, селаните се судрија со земјопоседниците, така што овој бунт на селаните се слеа со бунтот на работниците, а нивните побуни имаа заеднички цели.

„Работничката војна„ против владеењето на Ахмет Зогу и против пробивање на империјализмот во Албанија имаше спонтан карактер поради што таа не пристигна задоволителен резутат без потребното политичко, идеолошко и организационо созревање. [391] Сето ова се случи поради тоа што објективните услови не беа потполно созреани, а недостасуваше едно добро организирано револуционерно раководство.

---

[389] H.Shkoza.,Financat e Shqipnis (1839-1934 ), Tiranë, 1935, 773.
[390] Исто.
[391] V.Koka.,и др., Historia e popullit Shqiptar…, 272.

## 6.5 Албанско – југословенските односи пред окупацијата на Албанија

Пред Втората светска војна, италијанската дипломатија делуваше според меѓународните законитости, како и околностите во Балканскиот Полуостров и Европа. При тоа посебно значање им посветуваше на окупационите цели што ги имаше италијанската држава чиј катализатор беше и дипломатијата. Од архивските документи и од содржината на дипломатските документи, се гледа интересот на оваа дипломатија. При нашите истражувања, констатиравме дека има бројни документи кои се однесуваат на ставот на италијанската дипломатија кон албанско-југословенските односи пред окупацијата на Албанија.

Еден период, италијанските дипломати се убедуваа себеси дека албанско-југословенските односи можат да се искористат за целите на нивната држава. Тие со посебно внимание ги следеа тие односи и се обидоа да делуваат врз нив, со цел тие односи да земат поволен правец кон Италија и нејзината политика. Интересот на италијанската дипломатија кон тие односи беше многу забележлив во 1938 година.

Пред окупацијата на Албанија помеѓу разните дипломатски институции и асоцијации во Балканот и Европа, особено на оној во Рим воочливи се коментарите, забелешките, информациите и во дипломатските писма. Особено интензивна била коресподенцијата Тирана – Рим, Белград – Рим, Белград – Тирана и обратно[392].

Со овие коресподенции се правеа обиди подетално да се опишат и да се запознаат албанско – југословенските односи, согласно сознанијата да се превземаат соодветните поволни дипломатски дејства или пак италијанска дипломатија да се подготвува за можни барања и одговори кои што се очекуваа од и од Министерството за надворешни работи на Италија.[393]

Италијанските дипломати знаејќи за заострените албанско – југословенските односи ценеа дека тие ќе ја забрзаа обновата и успехот на нивните окупаторски

---

[392] E.Milak., Italija i Juguslavija 1931-1937, Beograd 1987, 51.

[393] Ѓ.Борозан, Југославија и Албанија у XX веку, Историја XX века, 1999/1-2, Београд 1980,18.

цели.[394] Според тоа, заострувањето на албанско – југословенските односи италијанските сили можеа да ги користат како причина за влегување во Албанија, оправдувајќи го ваквиот акт како заштита на независнота на албанската држава. Италија рабтеше плански, во еден подолг период, на влошување на албанско-југословенските односи со цел да се оствари нејзината освојувачка политика.[395] Освен ова, меѓу двете светски војни Југославија, како и Италија, имаше отворени претензии и се обидуваа на секој начин да доминираат во Албанија, така што овие две земји станаа големи противници меѓу себе.

Овој ривалитет помеѓу Југославија и Италија дејствуваше на внатрешните односи во Албанија и во поделбата на Албанците во италофили и про-југословени. Сето ова одеше во прилог на италијанските окупаторски цели, воедно и тестирање на проиталијанскиот став на Албанците, врз што се потпираше италијанската дипломатија.

Запознавањето со албанско – југословенските односи во 1938 години, исто така ги откриваше југословенските долгорочни цели, ноги осветлуваше економските и политичките противречности на Албанија и на Југославија. Југословенската дипломатија непосредно пред Втората светска војна остана глува на барањето на албанската Влада и не им се спротистави на италијанските освојувачки планови, поради што за кратко време Албанија беше окупирана од фашистичка Италија. Во тој случај, како и многу европски држави и Југославија молчеше. Окупацијата на Албанија од фашистичка Италија претставуваше само почеток на окупација на Балканскиот Полуостров. Југославија, како да беше инфериорна и продолжи со својот познат циничен и понижувачки дипломатски став кон Албанија како држава и кон Албанците, особено кон Албанците што се наоѓаа во составот на Југославија[396]. Тоа добро го искористија италијанските дипломати, при подготовките за проблематизирање на прашањето на границата,

[394] Исто
[395] Avramovski Z., Prilog pitanju istorije Albanije u perijodu između dva svetska rata, Gjurmime albanologjike, Beograd, 3/1966.
[396]Avramovski Z., Kontribut studimit të historisë së Shqipëtisë në periodën midis dy luftrave botërore, Gjurmime albanologjike,Prishtinë, 2/1968.

тешката позиција на Албанците во Југославија и односите на Албанија.[397] Гореспоментите прашања ставени на повеќе дипломатски нивоа беа доста чувствителни, а од таквата дипломатија Југославија беше осудена да изгуби.

---

[397] Илчо Димитров, Блгаро- италијански политически отношения 1922/1943, Наука и искуство, София 1976,146.

## Глава седма

# Окупација на Албанија од страна на Италија

### 7.1 Владата на Ахмет Зогу го отвора патот за окупација на Албанија

Политиката што ја следеше Владата на Ахмет Зогу и меѓународните односи, беше политика на постојано попуштање кон Рим. Овој став таа го задржа до најзначајните моменти на историските години од 1928 до 1939 .

Во албанската историографија беше поставено првото прашање, што направил и што не направил Ахмет Зогу и неговите следбеници во почетокот на април 1939 година, во времето кога фашистичка Италија подготвуваше агресија против Албанија?[398] На него се надоврзува второто, каков став имаа Големите сили во овој критичен момент за слободата и независноста на Албанија ?

Објективно кажано, Ахмет Зогу не сакаше да го напушти престолот, затоа што тој имаше придобивки од кралското место и овие бенефиции сакаше и во иднина да ги зачува. Тргнувајќи од ова тој направи неколку чекори за да ја зачува неговата власт, а прв беше оној на Ахмет Зогу и неговите следбеници кои преговараа со претставници од италијанската држава. Во тие разговори со претставници од Рим и се покажало дека се спремни за да им дадат на Италијаните дополнителни концесии, многу позначајни од дадените дотогаш.[399] Нивните обиди не ја постигнаа целта бидејќи апетитите беа зголемени, а римските кругови ја бараа и окупацијата на Албанија.

За секој случај, Ахмет Зогу и неговите следбеници се насочија и во друг правец.Тие влегоа во преговори со претставници од западните земји со цел да обезбедат од нив поткрепа и заштита со цел да се справат со круговите во Рим. Обид кој еднаш пропадна. Претставниците на Англија и Франција со Тајниот

[398] Fishta,I.-Sistemi monetar dhe i kreditit në Shqipëri,1925-1944, Tiranë, 1971, 132

[399] Izbert Hoti, Qëndrimi i diplomacisë Italiane ndaj Shqipëris dhe shqiptarëve(1930-1941), Instituti i Historisë Prishtinë 1997,37.

минхенски договор од септември 1938 година им го отвориле патот на Германија и Италија за експанзија кон исток.

Поради оваа причина, во првите априлски денови на 1939 година, за време на воени подготовки и агресијата, тие не презедоа ништо за да ја заштитат независноста на Албанија.

Во тоа време албанскиот народ беше свесен за ризикот што му се закануваше, поради што Албанците уште во првите априлски денови на 1939 година, разни слоеви на албанскиот народ како рудари, интелектуалци и други патриоти, во многу албански градови побараа оружје за да војуваат против фашистичката агресија.[400]

Барањата на народот за оружје не се исполнија и пропаднаа.

Опасната и агресивната ситуација која настана беше предизвик за раководителите на албанската држава да организираат народен отпор за заштита на независноста на Албанија. Поради неактивноста на војската, се направи општа народна мобилизација и вооружување на народот со цел да се заштити слободата на земјата.[401] Спротивно на народот, Ахмет Зогу и неговите следбеници не го прифатија повикот бидејќи се плашеле од фактот народот да се наоружа,[402] туку го зеле и последниот златник од државната каса и избегаа од Албанија.[403]

Народот пак, иако беше неорганизиран и без потребното наоружување ѝ се спротистави на агресијата. Албанските патриоти се бореа против фашистичките војски, давајќи го животот во заштита на татковината[404].

Албанија беше меѓу првите објекти на фашистичка Италија. Окупирајќи ја Албанија, италијанскиот естаблишмент имаше за цел да реализира и други позначајни цели, меѓу другото:

„а) Тој имаше за цел да врши денационализација и асимилација на албанскиот народ до целосна италијанизација на Албанија и за таа цел имаше поширока програма. Пред окупацијата, претставниците од италијанскиот капитал:

[400] Izbert Hoti, Qëndrimi i diplomacisë Italiane ndaj Shqipëris dhe shqiptarëve(1930-1941),Instituti i Historisë Prishtinë 1997,47.

[401] V.Koka,Agresioni i Italis fashiste kundër Shqipërisë dhe qëndresa e popullit Shqiptar, Tiranë 1964. 167.

[402] Puto A., Shqipëria Politike 1912-1939,Toena,Tiranë,2009,457.

[403] Fletorja zyrtare,nr.25 dt .24.06.1924

[404] Histoija e Shqipërisë (1921-1939),vëll.III,Tiranë,1984,267

политичари, економисти, новинари и други претсавници од италијанската буржоазија, сметаа дека Албанија може да ги инспирира големите маси на Италијани кои што емигрираа секоја година од Италија.

б) Албанија располагаше со значајни суровини кои што беа потребни за италијанската индустрија. Тука станува збор за нафтените извори, значајните корисни материјали (железа, хром, бакар), за земјоделски суровини, за рибарство и други.

в) Албанија беше значаен пазар каде што ќе се пласираа неограничено стоките од италијанската индустрија.

г) Во Албанија имаше широки можности за капитални инвестиции со големи придобивки за италијанската буржоазија,затоа што работната сила и транспортот беа доста ефтини.

д) Албанија ќе служеше како основен потпирач за проширување кон другите земји но на Балканскиот полуостров".[405]

Сето ова требаше да служи за подготовка на политичките, воени, економски и општествени услови за колонијално освојување на Албанија и за реализација на експанзионистичките планови на фашистичка Италија на Балканот.

[405] Jacomoni F., Politika e Italisë në shqipëri, превел-Kostaq Xoxa, Kastriot Dervishi, Tiranë, 2005, 321.

## 7.2 Улогата на влезениот финансиски капитал за подготовка на фашистичката окупација на Албанија

По истекот на времетраењето на Договорите од 19 март 1936 година, Владата на Мусолини ги засили нејзините обиди за подготовка на окупацијата на Албанија. За оваа цел таа ги постави во дејство сите влезни форми со политичко, воено, економско, опфаќи го овде и влегувањето во финансиите на Албанија.[406]
Влегувањето на Владата на Мусолини, претставува спој на општите, национални и меѓунационални услови во Албанија. Процесот и подготовките за окупација на Албанија треба да се гледа од 1925 година па до април 1939 година, кога беше окупирана Албанија. Влезот на фашистичка Италија на економско поле, посебно она со влоговите, има одиграно главна улуга од примарна реализација на стратешкиот план на Рим за окупација на Албанија. Подготовките на окупација на Албанија од фашистичка Италија се определени од три главни фактори:
„1. Фашистичка Италија разви едно агресивно дело во правец кон Албанија. За да го реализира окупациониот план на Албанија таа разви сестран политички, економски, воен и општествен влез.
2. Големите капиталистички сили Англија и Франција си дозволуваа *пропусти*, едно подруго за италијанскиот капитал во Албанија. Овие пропусти кои што потекнуваат уште од Првата светска војна ја охрабрија Италија да го интензивира нејзиното дејствување за пробивање во Албанија.
3. Трето, во состав на Владата на Зогу имаше дегенерирани елементи, кои во разни форми добија бенефиции од фашистичка Италија. За нивните потесни интереси се спремни да му даваат отстапки на италјанскиот капитал „кој седна со вкрстени нозе во економијата и во други полиња од животот на Албанија.“ [407]

[406] Historia e Shqipërisë,vepër e cituar, f.430-432
[407] AQSH. Fondi MF, viti 1939, dos.V – 364.

Откако Италија влезе во војна против Шпанската република, агресивноста на фашистичка влада во Албанија се зголеми уште повеќе. Кога се изврши анексија на Австрија од Германија порасна меракот на италијанскиот фашизам за да ги прошири неговите територии во балканската зона[408].

Од април 1938 година римските кругови почнаа да се ангажитаат за реализација на нивниот план за окупација на Албанија. Со цел да се направи сондажи за реализација на овој план се искористи беше онаа од свадбата на Зогу, во чија реализација зеде учество грофот Чиано, министер за надворешни работи на Италија. Чиано не дошол во Тирана како пријател на А. Зогу, ниту пак како прв сведок во женидбата на Зогу со Викторија, туку со цел да се запознае од поблиску со условите за подготовките на окупација на Албанија од фашистичка Италија. Во извештајот што тој го даде по враќањето од Албанија го запозна Мусолини дека најсоодветна варијанта за ова цел беше анексија на Албанија преку еднострано соединување со Италија.[409]

Но, сепак тој не ги исклучи и двете други можности за реализација на италјанскиот план во Албанија:

„а) поставување на една јака контрола во земјата во врска со економските состојби што ќе придонесеше за целосно политичко владеење на Албанија.

б) поделба на Албанија со Југославија, можеби и со Грција.“[410]

Бенито Мусолини, кој имал прилики да се запознае и порано со такви проекти, не ги прифати другите варијанти освен онаа на едностано соединување на Албанија со Италија. Забрзувањето на процесот за окупација на Албанија во ова време се врзува не само со потребата да го користи економски Албанија и да го стави во полза на италјанските планови во иднина туку и за да ја кочи експанзијата на Германија во зоната на Балканскиот Полуостров, каде фашистичка Италија планираше во иднина да ги прошири пазарите за италијанскиот капитал.

Во јуни 1938 година римските високи кругови почнаа да ги остваруваат конкретните планови за окупацијата на Албанија. На 15 јуни раководството на

---

[408] I.Fishta.,Ndërhyrja e kapitalit të huaj në tregtinë e jashtme dhe pasojat e saj rënuese për Shqipërinë 1931-1936,Studime Historike, Tiranë,3/1937,179.

[409] Ndërhyrja e kapitalit Italijan dhe përdorimi i saj për përgaditjen e pushtimit të Shqipërisë nga Italija fashiste (1925-1939), Probleme ekonomike, Tiranë, 5-6/1974,278

[410] AQSH. Fondi MF, viti 1939, dos.V – 364.

Националната банка на Албанија му испрати на италијанскиот министер за фининсии едно писмо во кое предвудувале план со финасиски и економски карактер за наводна заштита на италјанските интереси во Албанија, но вистински содржеше проекти што можеа да се применуваа на ова поле во услови на окупација на Албанија.

Италијанскиот прочувач Алесандро Розели, кој за прв пат ги обелодени овие проекти ги разјасни само нивните монетарни проблеми, без да застане во другите аспекти. Според познавањата што ни ги дава овој автор проектите на Националната банка на Албанија предвидуваа преземање на овие мерки во монетарното поле:

1. Првиот проект предуваше повлекување на албанскиот франк како платежно средство од промет и пуштање на италијанската лира во албанската територија.

2. Вториот проект предуваше формирање на една зона на италијанската лира, слично како што Англија направила со создавање на зоната на стерлингот.

3. Третиот проект предвидуваше емисија за создавање една нова монета за употреба само за купените стоки што се импортираа од Италија."[411]

Првиот проект ќе беше слаб доколку немаше да се поддржи со поставување на јака дисциплинирана надворешната влада, слично како во Етиопија.

Вториот проект наводно „заштитејќи го монетарниот систем на двете земји ќе ја сменеше албанската монета со италијанска лира, ќе се повлекеше златото со кое се работеше до тоа време[412].

Според третиот проект Националната банка на Албанија ќе дистрибуираше една монета од типот на окупацијата ''Слобода на Албанија''(liria e shqiperis). Оваа монета ќе се употребуваше за трошоците кои ќе се правеа за бонификација на Албанија, која се сметаше на 1 милијарда италијански лири, со ритам од 100

---

[411] Dezhgiu M., Shqipëria nën pushtimin Italian (1939-1943), Akademia e Shkencave e Shqipërisë, Instituti i historisë, Tiranë, 2005, 43. Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Dituria, Tiranë, 1999, 230-232.

[412] Mardhëniet ekonomike shqiptaro-jugosllave 1929-1939, Instituti i Historisë, Prishtinë, 1997, 125.

милиони годишно. Монетата би имала вредност само за купување на стоките од Италија.

Како што се гледа, уште во ова време биле направени планови за ликвидирање на албанската монета, односно златната франга како платежна единица во Албанија, или пак за ставање во потполна завизност од итлијанската лира. Комплексот на мерки за определување на нормите и нивните правила во економијата и финансиите, тебаше да ја запечи економската доминација и италјанската окупација во Албанија.

Развитокот на меѓународните односи ги забрзаа амбициите и околностите на Рим поактивно да делува против слободата и независноста на албанскиот народ. По окупацијата на Бохемија од Германија во 15 јануари 1939 год., Рим кој не сакаше да заостанува зад Германија презеде практични чекори за окупацијата на Албанија. Кон крајот на март и почетокот на април 1939 година, Рим изврши притисок над Владата на Зогу со цел да му го отвори патот за окупација.[413]

Така, на 25 март 1939 година Карло Феррарис, секретар во кабинетот на грофот Чиано, дојде во Тирана за да му донеси за Ахмет Зогу еден проект врз чија основа се подготвуваше протекторот од Италија над Албанија.[414] Со тоа, Мусолини веќе заповеда да се извршат подготовките за окупацијата на Албанија. Врз основа на подготвителните мерки за окупација на Албанија, во почеток на април 1939 година беше најавен уште еден, допонителен, монетарен проект за Албанија.

Владата на Зогу, која и преходно соработуваше со италијанската Влада и ѝ дала бројни концесии за италјанскиот капитал, направи обид за да ги зачува барем малку сопствените интереси. Но, условите што продолжуваше да ги бара Рим од Зогу беа премногу “потценувачки за него”[415] така што, и покрај неговата подготвеност да направи нови отстапки, последните не можеа да ги прифатат. Пазарењата кои се направија во ова време помеѓу Владата на Зогу и римските високи кругови останаа тајни без да ги дознае народот.

---

413 Fletorja zyrtare,nr.22,dt 20.04.1935

414 AQSH.Fondi i Kryeministrisë, viti 1937, dosja III/3387, Vendimi i këshillit të ministrave; nr.215, dt.162.., 1937.

415 Paskal Milo,Shqipëria dhe Jugosllavija....,175.

Кога видоа дека не најдоа заеднички јазики со Рим, Зогу и неговите приврзаници не презедоа ни една вистинска мерка за да се направи организиран отпор против агресивните дејствија на Италија кон Албанија.[416] Напротив, со демагогија и лажење се обидоа да ги задржат во тајност од народот овие пазарења.

Во овие услови фашискитчката Италија изврши агресија на 7 април 1939 година и ја окупира Албанија. Фашистичката агресија ја поттикна работничката маса и напредните сили кои беа заборавени од Владата на Зогу да го направат првиот чекор и да го пречекаат наоружени, со оружје во рака, окупаторските војски. За тоа време, според архивската документација, ноќта меѓу 6-ти и и 7-ми април 1939 година, директорот на трезорот и благајникот на Министерството за финансии беа повикани кај Зогу заедно со златото. Според спомените на директорот на трезорот „... Во нервозната ситуација што беше во куќата на Качо Катес каде отидовме, никој не смееше да бара формалности за предавање на златото“[417]. Во овие околности директорот на трезорот и благајникот на Министерсвото за финансии му предале в’рака на Ахмет Зогу 566 975 5 златни франци, кои тој ги зеде со себе кога избега од Албанија. Ахмет Зогу го грабна и последниот златник што го имале албанските државни органи. Примерот на Зогу го следеја и другите разни претставници на неговиот режим. На тој начин, се украле остатокот од средствата во касата на префектурата во Ѓирокастро, во Валона, Тепелена и др.

Италијанската финансиска група и Националната банка на Албанија и на Друшвото СВЕА развија многу бројни дејствата против слободата и незавизноста на Албанија. На чело на овие организации од страна на италијанската финансиска олигархија биле определени значајни личности, искусни во реализација на плановите на римските високи кругови против Албанија. Такви беа Марино Алберти, Амадео Горубино, Чусепе Бианкини, Антонио Маскони и други. Овие личности од италијанскиот капитал имаа голем план за соединување во едно на техничките, економските и финасиските активности од Банката и од СВЕА со

---

[416] Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Dituria, Tiranë, 1999, 118.

[417] Historia e Popullit Shqiptarë, vëllimi i dytë, Prishtinë, 1979, 369-380.

политичките дествија од римските кругови и се обидоа на секаков начин да се реализираат блиските и далечните планови на италјанскиот фашизам во Албанија.[418] Италијанското раководство од Националната банка на Албанија работеше со елан со цел да ја претвори оваа банка во претходница за пробивање на Италија во Албанија. Во овие услови, оваа банка наместо да служи за општиот развиток на Албанија, спротивно стана јадро за офанзивата на италијанскиот фашизам против независноста на Албанија.

Еве што пишува во извештајот на Националната банка на Албанија во Тирана за 1939 година во врска со оваа прашање: ''Со априските историски случувања Националната банка на Албанија за среќа го заклучил првиот циклус од нејзината егзистенција, еден четринаесет годишен прогресивен влез и на сигурна афирмација ..... Во склоп на комплексното дејствување и многуформен развиток од фашистичката Италија во Албанија, нашата Банка имала сигурно од по тешките задачи''.[419] Во едно писмо испратено од Валентино Арангио, генерален директор од Societa assigirazione Generale (Генерално друштво на осигурување) со центар во Милано до Еторе Мелиси, генерален директор на Националната банка на Албанија во Тирана, на 23 ноември 1940 година, му пишува со овие зборови,''Моето мислење во овој период е упатено посебно кон вас зашто толку многу сте направиле за италијанското окупирање на Албанија и ги испраќам моите најтопли честитки како Италијанец и фашист''.[420]

Овие зборови доволно говорат за важноста на процесот на окупирање на Албанија од страна на фашистичка Италија и долгорочноста со кој се извел.

---

[418] Historia e luftës antifashiste Nacional Çlirimtare të popullit shqiptar 1939-1944,Tiranë,1975,68
[419] AQSH.Fondi i Kryeministrisë, viti 1937, dosja III/3387.
[420] Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Dituria, Tiranë, 1999, 120.

## 7.3 Албанско-италијанските односи пред италијанската агресија во Албанија

Во врска со односите меѓу Албанија и Италија пред Втората светска војна испечатени се повеќе јавни изданија.

Како теми на овие изданија се среќаваат разни политички, воени, економски или идеолошки проблеми, образованието, културата, верските односи итн.

Во оваа категорија изданија, за агресијата и италијанските планови во Албанија, посебно значење има дневикот на Галеацо Чиано како и сеќавањата на Франческо Јакоман. Двајцата автори третираат разни настани и нивното потекло, италијанските подготовки за окупација на Албанија, воените дејствија на окупацијата како и развојот на политичките и воените случувања во текот и периодот на окупацијата.[421]

Во овие документи видно место заземаат разни средства што ги користела италијанската фашистичка пропаганда со цел да придобие што е можно повеќе луѓе од разни слоеви на албанското општество, главно, политичките противници на Ахмет Зогу.

Иако доста личности се обиделе да го прикажат преминот (влезот) на италијанскиот капитал во Албанија со двостран интерес, како за Албаниците така и за Италијанците, од подеталната анализа на документите излегува дека апсолутен приоритет, сепак, имале италијанските интереси[422].

Спротивно на ова, од економско-финансиски поглед, Албанија останала во инфериорна позиција и зависност, осигурувајќи му ја на италијанскиот капитал хипотеката над економијата на Албанија.

---

[421] Dezhgiu M., Shqipëria nën pushtimin Italian (1939-1943)..., 12.
[422] Jacomoni F., Gjysma ime Shqiptare..., 333.

Речиси сите овие изданија соединувањето на Албанија со Италија го третираат како едно природно соединување со историските корења реферирајќи и на Римската империја, но, и како најдобар пат за напредок на Албанија. Претерано е да се замисли дека соединувањето беше израз на добра волја на албанскиот народ, како што тоа го претставуваат многу личности, затоа што, фактички, тоа беше резултат од употребата на сила од страна на фашистичка Италија.

Затоа, слободно може да констатираме дека Албанија постојано била во центарот на италијанските интереси.[423]Фаворизираната позиција на Албанија и овозможила една посебна стратешка вредност за реализација на експанзионистичките тенденции на Италија кон Балканот и Истокот. Значајна улога за Италија имаа големите сили уште од конференцијата на амбасадорите, за да ја ублажат некако загубата на Италија во војната на Влора. Од 1920 година ги запознаа италијанските канцелариски интереси во Албанија, оставајќи ја Албанија во сферата на италијанското влијание.[424]

Решението на големите сили за запознавање на италијанските интереси над Албанија, од страна на италијанските дипломати во Албанија, се сметаше како „најдобра" основа за политиката на една политичка сила.

Меѓутоа, за постигнување на оваа точка на политичката сила, на Италија и нејзина дипломатија, би требало да се води сметка за многу внатрешни и меѓународни фактори.

Италијанската политика спрема Албанија еволуира во односите меѓу двете земји, кога во Италија беше поставен фашизмот на чело со Бенито Мусолини, а во Албанија бил поставен Ахмет Зогу.[425] Го спомнуваме овој фактор, затоа што улогата на овие две личности беше значајна за нивото на односите меѓу двете земји, а и за истакнување и наоѓање на содветниот момент за употреба на политичката сила.

Не треба да се заборави, исто така, ниту фактот дека овие односи беа поставени и се менуваа и од односите на меѓународната политика, и во прв ред од односите на Големите сили, коишто го носеа и најголемиот товар во светските

---

[423] AQSH. Fondi i MPJ, dërguar Kryeministrit, nr.7444. data. 28.09.1937.
[424] "Arbëria", 02.06.1937.
[425] Historia e Shqiperis, vëlimi. III, (1912 – 1944), Tiranë 1984, 29.

случувања. Се разбира дека промената на односите меѓу Италија и Албанија и поминувањето на употреба на сила од страна на најсилниот беше неизбежно.

Италија, гледајќи ја Албанија како извор за економски, политички и стратешки профит, направи доста инвестиции во сите правци.

Целта на земање на италијанската помош од страна на Зогу беше зајакнување на албанската економија, што ќе служеше за зајакнување на стабилноста, а негирање на Италијанците и политичката контрола што имаа за цел да ја постават во Албанија. Затоа слободно може да кажеме дека во овој правец тој бил неуспешен. Италија имаше тенденција да ја направи Албанија нејзина база на Балканот.[426]

Мусолини се обиде со присилувања и мито да го отфрли национализмот на Ахмет Зогу, но сепак тој останал цврст. Затоа успешната заштита што ја направи Зогу за независната политика на Албанија, во последната анализа на земјата и ја обезбеди слободата, значи окупацијата од Италија.

Италијанската влада уште претходно се залагаше да ги оствари своите цели во Албанија без примена на сила. Таа имаше едно негативно искуство, што се поврзува со нејзината загуба кон крајот на Првата светска војна.

Во развојот на односите меѓу земјите, се вбројува и направената визита на Рим, во февруари 1937 година, од страна на министерот за национална економија на Албанија, Теренц Точи. Италијанската страна побара да се постигне една проширена гранична единица меѓу двете земји.Меѓутоа, во текот на преговорите имаше негативно дејство, кое се поврзуваше со моментот на склучувањето на пактот Чиано-Стојадиновиќ.
овиот сојуз на италијанско-југословенските односи ги ризикуваше завршните договори на италијанско-албанските односи, затоа што многу Албанци не ја криеја вознемиреноста бидејќи добрите италијанско-југословенски односи ќе и нанесеа штета на Албанија. За оваа цел му се испрати една канцелариска покана на министерот за надворешни работи на Италија, Чиано, да ја посети Албанија. По тридневната посета, 28-30 април 1937 година, тој пред новинарите изјавил:

„Верував дека сум дојден во една непријателска земја, но за помалку од една година таа станала спротивна, станала една срдечна земја".

---

[426] Presijoni ushtarak i luftanieve Italijane në limanin e Durrësit, Studmie Historike, Tiranë, 1977/1.

Посетата на Чиано во Тирана остави силен впечаток и, според него, кај народот предизвика отворен и искрен ентузијазам, што ги постави основите за една богата програма нудејќи им на Албанците можност за работа за неколку години.

Од друга страна, Чиано не ја криеше вознемиреноста дека италијанската помош ќе ја зајакне државноста на Ахмет Зогу.

По враќањето од Албанија Чиано му подготви целосен извештај на Бенито Мусолини, каде што отворено се истакнува главната цел за експанзија на Албанија.

Во неговиот дневник, Чиано се изразува: „Овој пат нема да се повлекуваме, како што направивме во 1920 година".

Во југот на Италија имаме неколку стотици, илјади асимилирани Албанци. Зошто да не се случи такво нешто и на другата страна, на Адриатик (Јадранското Море). Природно, со еуфорично мото, Чиано известуваше дека во Албанија има проиталијанска ситуација на Албанците.

Ситуацијата во војската беше фаворизирана за Италија, затоа што присуството и влијанието на италијанските офицери во неа, ја завршило својата работа. Тие треба да ја одиграат нивната улога во случај на напад на Италија против Албанија. Во текот на неговата посета, Чиано констатира еден обид на Германија за хегемонија во Балканскиот Полуостров[427]. Тој му го изразил сомнежот на Мусолини дека кралскиот двор на Албанија „имаше за цел италијанското влијание во Албанија да го замени со германското", зашто меѓу Албанија и Германија се вршеа обиди за финансирање на проектите коишто имаа за цел барање и користење на нафтените полиња на Албанија. При овие околности, Италија беше алармирана, затоа што многу години по ред инвестирала во Албанија. Од 1925 год. до окупацијата во 1939 година, според италијанските фашистички автори, Италија за изградба во Албанија имаше потрошено над 1 милијарда и 837 милиони лири.[428] Со цел да има едно огниште на своите интереси во Балканот, Италија се поттикна со своето присуство сестрано да навлезе подлабоко во Албанија. Планот на Чиано го предвидуваше и тоа : „на крајот да дискутира за поделба на Албанија со Југославија".

Во неговиот извештај, на 2 мај 1938 год., Чиано му истакнуваше на Мусолини дека нашите интереси денес и во иднина, не може да ги толерираат

[427] Dezhgiu M., Shqipëria nën pushtimin Italian (1939-1943), Akademia e Shkencave e Shqipërisë, Instituti i historisë, Tiranë 2005, 13.
[428] Истото.

странските окупации во Албанија. Сите сомневања што ги предложи водеа кон тоа дека „треба да се растовари на албанската почва, но сепак треба да се најде моментот на извршување на ова дејство преку соединување на Албанија со Италија“.[429] Анализирајќи ја мислата на Чиано, италијанскиот дипломат во Тирана, Јакомани, бил убеден дека „се отвара еден нов период многу тежок” во италијанско-албанските односи.

На крајот од извештајот Чиано му предложил на Мусолини да постави потполна италијанска контрола над Албанија. Во прв план тој немаше доверба дека тоа ќе го постигне со политичкото владеење, туку со продолжување на економските односи со Албанија. И во втор план беше можноста за поделбата на Албанија со нејзините соседи. Тој сметаше дека овој начин не ги задоволуваше италијанските интереси затоа што не беше можно наполно да се реализира аспирацијата за политичко владеење во цела Албанија. За најсоодветно решение се сметаше директната анексија на Албанија, која според него можеше да се изврши лесно, поради поделбите што постоеја меѓу кралот и пошироките слоеви на народот.

Ова решение се планираше да се реализира со поттикнување на еден внатрешен народен револт, овозможувајќи и на Италија можност за воспоставување на ред во земјата, така што ќе се добие шансата за крајно сместување во Албанија. Чиано веќе ги презел активностите за да го забрза падот на кралот Ахмет Зогу и неговата влада.[430] Со цел да го реализира овој план, Чиано имал за цел да го ослаби албанскиот отпор. Во прв ред, тој имаше за цел да ја зајакне италијанската контрола во военото поле, зголемувајќи го бројот на италијанските инструктори во албанската војска. Овие инструктори имаа специјална мисија во албанската војска, ќе ја бараа албанската анексија од Италија.[431] Во исто време Франческо Јакоман и фашистичкиот инструктор Џовани Џиро имале задача да го подготват албанското население да ја поддржи Италија во текот на реализацијата на планот.

Работата се концентрираше кон предводниците и претседателите на влијателните фамилии (племиња) користејќи го „соодветниот интерес со ветувања и корупција“. Чиано подготвил план и физички да го елиминира Зогу, во моментот кога тој планирал со кралицата да оди на едно патување во Јадранот, или пак

[429] Haxhi A.,Politika financiare antipopullore e regjimit zogist, Studime Historike,Tiranë, 1966/1.
[430] Koka,M. i dr. ”Historia e Popullit Shqiptarë” ..., 339.
[431] Shqipëria në vitin 1937,vëllimi I, Tiranë. 1937.

другиот начин да ги земе двајцата како гарант во Италија. Овој план не бил реализиран поради болеста на кралицата и моменталното враќање од Драч. Во декември 1938 год., Чиано го подготвил планот за убиството на Ахмет Зогу, преку личниот секретар на Зогу, Јак Кочи, кој бил подготвен да го примени овој план за 10 милиони лирети.

Убиството на Зогу ќе провоцираше улични војувања и ќе се поттикнеа северните племиња да организират востание, а пак народот ќе ја повикуваше Италија за да навлезе. По оваа барање, според Чиано, ќе се извршеше анексијата на Албанија, преку еден плебисцит слично на оној што го реализираше Хитлер, Аншлус со Австрија.[432] Но, овој план на Чиано не се прифати од страна на Мусолини, затоа што тој се плашеше од меѓународните последици од една таква анексија, со сомнеж дека еден таков чекор ќе ја однесеше Југославија од страната на Германија. Ахмет Зогу побара Џовани Џиро да се оддалечи од Албанија.
На овој начин Зогу се позиционира против елементите и проиталијанските групи, давајќи му до знаење, порачка, на Министерството за внатрешни работи да ги прогони сите проиталијански лица во целата држава. Едно такво дејство го алармира Јакоман, кој побара од кралот да не навлегува во италијанските планови. При оваа влошување на албанско-италијанските односи секој од своја страна продолжуваше да се придржува на својот став.

Рим продолжуваше да саботира или да ги контролира сите кредити што им се дадоа на Албанците. На тој начин кај младината и државните службеници се појави едно незадоволство кон Италијанците. Имајќи ја предвид оваа ситуација на италијанско-албанските односи Зогу се обиде за ослабување на италијанското влијание во Албанија. Сепак, Зогу не го игнорираше ни најмалку фактот што Италијаните имаа можност да ги реализираат обидите и за негово физичко елиминирање.[433] Затоа, тој направи една политика за да ги земе најдобрите Италијанци. За оваа цел Зогу го повикал Јакоман и му изјавил дека посакал одново да воспостави најсрдечни односи со Италија.

Но, италијанското искуство за односите со Зогу, го направи Јакоман да не му верува на неговата изјава. Затоа тој му напишал на Чиано дека ставот на Зогу беше тој да добие на време „за да влезе во односи со некои други сили“.

---

[432] Ciano, Ditari i Cianoa, f.53.
[433] AQSH.Fondi i MPJ, dosja 67, viti 1938, dok. 3309.

Целта на Ахмет Зогу беше „да го сврти погледот на Германците за да ја добијат нивната поддршка". Но одговорот на Хитлер беше изненадувачки за Ахмет Зогу. Тој го советувал дека може да се надева, да ја чува независноста на Албанија само преку Мусолини[434]. Веќе беше јасно дека Хитлер му ја оставил Албанија на Мусолини, како зона која ќе биде под негово влијание. Можеби овој став на Германија спрема Албанија како и дејствијата на Зогу, го потикнаа Чиано, така што од половината на февруари 1939 год. му се врати на неговиот предложен план, за моменталната анексија на Албанија, без да им се даде никаква компензација на нејзините соседи.

Меѓутоа, со пораката на Мусолини, Чиано побара југословенска поддршка, раскажувајќи му на Стојадиновиќ за придобивките што Југославија ќе ги има од италијанската окупација на Албанија.

Југославија имаше за цел распарчување на Албанија и излез на Јадранското Море, преку Скадар, во Шенѓин. Таа посакуваше да го земе под своја контрола северниот дел на Албанија, за изградба на една железничка линија со излез во Јадранот. Италијанската иницијатива за соработка со Југославија заврши без успех и од една друга причина. Премиерот на владата на Југославија Стојадиновиќ, преговарал со Италијанците без да се консултира ниту со неговиот кабинет, ниту со кралот или принцот Павле. Овој последниот се лутеше околу овие разговори за поделба на Албанија.[435]

„Имаме толку многу Албанци во внатрешноста на границите, што предизвикуваат толку многу проблеми, така што немам никаква желба да го зголемам нивниот број".

Точно во ваква деликатна ситуација во Југославија, Стојадиновиќ се повлекува од функцијата и него го заменува Цветковиќ, познат со својот непријателски став кон Италија. При овие околности, Чиано дојде до заклучок да дејствува без дозвола на Југославија, изразувајќи се: „без Стојадиновиќ, окупацијата на Албанија ќе се изврши и без желба на Југославија" .

Планот на Чиано беше да го реализира албанскиот проект во текот на првата недела на април 1939 год. Неговото забрзување тој го аргументираше со фактот

---

[434] Misha Glenny.,Historia e Ballkanit 1804-1999, Instituti i Dialogut, Toena, Tiranë.
Robert J.Stevens, B.S., Zhvillimet Politike në Shqipëri 1920-1939, превел Halit Daci, Geer, 2004, 359.
[435] Historia e Shqipërisë, Tiranë, 1984, (kreu IX-XI Ndrec Plasari)..., 5.

дека Југословените може да го соборат планот на албанското распарчување, како и сомневањата на Цветковиќ со Велика Британија и Франција.

Потоа Чиано се сомневаше дека Цветковиќ можел да дојде до разбирање со Албанците. Мусолини се сложуваше со документите на Чиано. Тој не сакаше да дејствува за окупација на Албанија, без да заврши Граѓанската војна во Шпанија и без потпишување на пактот со Германија, така што од половината на месец февруари 1939 год. се отворија многу размисли околу еден италијански напад против Албанија. Чиано заповедуваше дека сите овие информации се лажни.

На 20 март 1939 год. Италија доби гаранција од Германија дека таа го сметаше Јадранот како една италијанска ексклузивна сфера. После ова, италијанската дипломатија се уфрли во едно пропагандно поле, со цел да не земе замав, вознемиреност и аларм кон соседите на Албанија. Додека Виктор Емануел III говореше за „пријателство" во односите меѓу Италија и Албанија , во Фарнесино се подготвуваше ултиматумот за Зогу, за кој Чиано изјавил „дека повеќе ја имал формата на еден декрет отколку на некој меѓународен пакт". Чиано мислеше „или Ахмет Зогу ќе ги прифати условите коишто ги бараме или ќе ја окупираме земјата со оружје".

Проектот за пактот на протекторатот над Албанија, на 25 март, во Тирана го испратил Карло де Ферарис како секретар во кабинетот на Чиано. Предлозите на Чиано, со цел анексијата да биде реалност на Албанија, се подготвија заедно со Леонардо Витети генерален директор на политичката канцеларија во Министерството за надворешни работи на Италија. Италијанските предлози, биле здружени со верувањето дека Зогу ќе капитулира и така ќе се реализира италијанскиот план за протекторат над Албанија. Во формулираните документи од страна на Чиано и Витети се бараше:[436]

1) завршување на една одбранбена алијанса само со Италија;

2) се ветуваше италијанска воена помош, во случај од надворешен напад на албанската територија;

3) се бараше дозвола италијанската влада да навлезе за ново поставување на јавниот ред (доколку овој се наруши);

4) давање на концесија за употреба на слободен начин на пристаништата, аеродромите и патиштата на италијанската држава ;

---

[436] Ditari i kontit Çiano, Tiranë 1994, 32.

5) подигање на италијанската легата во Тирана на ниво на една амбасада;

6) Албанија да прима италијански помошници и советници во финансиското поле како и италијанска техника во секое албанско министерство;

7) повлекување на царинските препреки меѓу двете земји;

8) италијанските граѓани да се сметаат како граѓани на Албанија и обратно.

Освен овие се бараа и други концесии кои говореа за организирање на фашизмот во Албанија и донесување на италијанските инструктори за албанската жандармерија.[437] Во неговиот дневник Чиано се изразуваше со цинизам, надевајќи се на прифаќање на овие предлози од страна на Зогу, затоа што неговата фамилија се наоѓаше во деликатен момент, бидејќи се очекуваше кралицата да се породи. Решението на Зогу, според Чиано, ќе беше сигурност за една мирна иднина за кралската фамилија.[438] Практично ултиматумот директно ја потценуваше независноста и територјалниот интегритет на Албанија.

Зогу не можеше да прифати такво нешто. Со овој став тој им даде на знаење и на странските дипломатски претставници. Задржувајќи го овој решителен став Ахмет Зогу го пролонгира одговорот за неколку дена наоѓајќи разни „оправдувања", можеби за добивање на време за наоѓање на еден пофаворизиран избор. Чиано, решен на неговите цели, не се излажа со одговорот на Зогу, според кој „на барањата се спротиставуваа министрите на владата". Многу автори се на мислење дека членовите на владата не биле запознени со италијанските барања.

Според нив, вишите албански службеници не знаеле ништо за преговорите што се правеа помеѓу Италија и Зогу, затоа што Ахмет Зогу самиот ги водеше преговорите. До 30 март 1939 год. албанскиот министер за надворешни работи не го прифаќаше фактот дека меѓу Италија и Албанија се создадени сериозни проблеми или пак дека Албанија беше ризикувана од Италија.

Шефот на главниот штаб на италијанската војска, Париани, го преферираше непоколебливиот став на албанскиот крал за непоставување на еден трактат, што формално газеше на интегритетот и суверенитетот на албанската држава. Според него цврстиот став на албанскиот крал „дозволуваше албанското прашање да се ликвидира во завршна форма".[439] Париани во соработка со Јакоман дојдоа до

---

[437] Dezhgiu M., Shqipëria nën pushtimin Italian (1939-1943), Akademia e Shkencave e Shqipërisë, Instituti i historisë, Tiranë 2005, 20.
[438] Jacomoni F., Gjysma ime Shqiptare.., 95.
[439] Arkivi i Institutit të Historisë(AIH), Dokumente angleze, PRO-FO; 371, viti 1939, nr.372.

заклучок дека паралелно со подготовката на воената акција треба да се преземаат и други дипломатски чекори.

Оваа стратегија се потпираше на сомневањата на Јакоман околу ефективното организирање на експедицијата. Продолжувајќи ја дипломатската игра, Чиано му препорача на Јакоман да му се подготват нови предлози на Зогу, коишто ќе бидат поприфатливи за да се зачува честа на албанскиот крал. Во новиот трактат, документ што му се достави на Зогу, на 1 април 1939 год. предлозите се поставуваа во четри точки:[440]

1) контрола на сите пристаништа од страна на Италија, сообраќајниците, патиштата и аеродромите доколку се ризикува независноста на Албанија;

2) да се испрати по еден италијански советник во секое алабнско министерство, кој, независно од именувањето како претставник, ќе биде на ниво на еден албански заменик министер;

3) на италијанските граѓани во Албанија да им се признаваат сите граѓански и политички права како на Албанците;

4) да се подигне нивото на опфатеност на легатите во Тирана и Рим на ниво на амбасади.

Заедно со предавањето на предлозите, на Зогу му стана јасна нивната сериозност, која го ставаше пред алтернатива: или да прифати и тогаш Чиано ќе оди во Тирана, збогатен со една голема воздушна флота, за една пригодна церемонија на потпишување, а ако одбиеше, во четвртокот, на 6 април вечерта во целата Албанија ќе избувнеа тешки мешаници за што ќе имаше потреба од моменталниот влез на Италија. Во овој случај во петок наутро ќе се извршуваше растоварот.

Гледајќи ја италијанската решителност и насетувајќи ја сериозноста на оваа ситуација албанскиот крал постапи според два плана:

– Од една страна ѝ даде речиси негативен одговор на италијанската влада.

– Од друга страна го запозна американскиот претставник за италијанските барања со неговиот одговор.

Ахмет Зогу ќе ја прифатеше првата точка на италијанскиот предлог само доколку италијанската помош побараше директно од него.

[440] Tajar Zavallani, Historia e Shqipnis..., 224.

Второто барање тој го одби како неприфатливо, додека за третата точка прифаќаше да ги признае само граѓанските права на Италијанците во Албанија а не и на политичките права. Во врска со четвртата точка тој не пријави некој проблем за подигање на нивото на дипломатските односи.

Меѓутоа, Зогу побара време за да размисли подолго, затоа што некои од министрите решиле за ова. Чиано и Мусолини му вршеа притисок на новиот албански претставник во Рим. Зеф Сереќи, изразувајќи ја отворено решителноста за реализација на нивниот план. Албанскиот претставник во Бари му потклекна на притисокот и реши да дојде во Тирана заедно со Јакоман со цел да го убеди кралот да го потпише „Пактот". Во спротивно, тој мислеше, како што потврдуваше Чиано, дека „кризата беше неизбежна"[441]. За оваа услуга тој го доби и првиот подарок од 15.000 лирети.

Зогу, убеден за решителноста на Италија, изработи една серија нови против-предлози во кои прифаќаше само неколку можни барања од италијанскиот ултиматум. Тој ги прифаќаше само тие барања коишто не ја потценуваа независноста и интегритетот на Албанија.

Наместо воената окупација на Албанија, во против-предлог се прифаќаше да се изврши една воена конвенција, каде што ќе се применуваат околностите во кои италијанската влада ќе го има правото да се постави во Албанија. Овие околности се наведуваат само со прогласување или воспоставување на воена ситуација.

И во овој случај се определува дека по војната италијанската војска требаше да се повлече од Албанија. За признавање на граѓанските права прифаќаше да им се признава албанската државност само на оние Италијанци, кои живееле најмалку 5 год. во Албанија. Во врска со царината од 2,5% над стоките што ќе влегуваат во двете земји, исто така, се признаваше пред државните институции во Албанија да бидат само италијанските организатори и советници, без да ја имаат целосната контрола на еден заменик министер. Овие против-предлози на албанската влада, беа забелажини од една работна група и дискутирани на состанокот во 6 април.[442] Во текот на дискусиите имало два предлога и тоа: еден дел од членовите на владата

[441] Dnevnik. Ciana..., 36.
[442] V. Koka, Agresioni i Italis fashiste kundër Shqipërisë dhe qëndresa e popullit Shqiptqr, Tiranë 1964, 62.

се изјаснија дека го прифаќаат италијанскиот ултиматум, додека, другиот дел од членовите на владата се потпираа и ги прифаќаа против-предлозите, присутноста на италијанската војска во Албанија да се прима само во случај на војна, а потоа, ова да се легализира и со една соодветна конвента. На овој начин се соедини и албанскиот крал. Од овие изјавени решенија јасно се гледа кој го претставуваше отворениот став за капитулација што ја прифаќа Италија.

Има проучувачи, како што било и мислењето на албанската историографија, коишто негативно го вреднуваа ставот на Ахмет Зогу. Според нив тој се обидел „за да ја осигури неговата позиција и постигне некаков престиж според јавното мислење но и да го маскира неговото предавство пред албанскиот народ“.[443] Албанските против-предлози, попладнето на 6 април 1939 год., уште еднаш им се претставија на италијанските претставници во Тирана, од Муфти Либохова и Мехди Фрашери, кои изјавија дека ,,Албанската влада ги подржува против-предлозите... без нив, еден растовар на трупите ќе се сметаше како вооружен напад“. Но овие предлози не се прифатија од страна на Италија. За Чиано сега остануваше како задача да најде некој начин за известување на актот за окупација на Албанија во меѓународната арена. Затоа, тој им издаде наредба на италијанскиот цивилен персонал и на нивните семејства да се подготват да ја напуштат Албанија што поскоро.

Со овие мерки италијанското Министерство за надворешни работи, сакаше да му го покаже на светот ризикот што им се подготвува на италијанските граѓани. Сосема природно, оваа претпоставка беше неприфатлива за странските дипломати коишто се наоѓа во Тирана.Спротивставените италијански барања од страна на Зогу, направија Мусолини да го изгуби трпението. Затоа тој реши да издаде наредба за окупација на Албанија. Овој став се фаворизирал и од меѓународните околности, коишто Мусолини ги вреднуваше премногу. Албанската окупација од страна на фашистичка Италија го газеше договорот помеѓу Италија и Англија од 1938 год. за зачување на статус-кво во Средоземјето. Планот за окупација на Албанија се пречека добро и од страна на германскиот амбасадор во Рим, Макенсен (Хан Георг Ван Макенсен).

---

[443] Dokumente materiale historike nga lufta e popullit shqiptar,Liri e demokraci 1917-1941, Tiranë 1959, 248.

Во овие околности на Ахмет Зогу не му остана ништо друго, освен да го информира американскиот претставник во Тирана. На 5-6 април кралот Зогу ги информирал западните европски и балканските земји со еден повик, за помош, против италијанскиот агресор. Но никој не одговорил на овие негови повици. Во ваквите околности кои беа доста критични за Албанија, кога му се јавил ултиматумот и истовремено кога на Зогу му се родил престолонаследникот, Чиано беше во исчекување дека кралот ќе прифати да стане вазал на Италија за да ја спаси неговата фамилија и себеси. Чиано мислеше дека со предадениот ултиматум во Алабнија ќе избувнат нереди, коишто ќе служеа како повод за влегување на италијанската војска во Албанија. По овој момент излезе на виделина италијанската пропаганда што изобилуваше со цинизам за добрите односи меѓу Италија и Албанија.

Во Албанија никој не и верувал на оваа пропаганда, па се појави едно големо незадоволство низ целата земја. Оваа кризна и тенденциозна ситуација ги мобилизираше Албанците, со мали исклучоци, така што некои групи беа спречени да се наоружаат и да ја заштитат татковината. Тајар Завалани беше на мислење дека патриотските и анти-италијанските манифестации, кои се одвиваа на 1 и 2 април 1939 год. во Тирана, биле поттикнувани од љубовта кон татковината и поддршката на Зогу. Во тие критични моменти, кралот се позиционира во поткрепа на овие манифестации, давајќи заповед за генерална мобилизација и за евакуација на цивилното население од Драч. Меѓутоа, владата не му одговори на повикот за наоружување на народот.

Оваа постапка негативно делуваше кај тие кои манифестираа.

Оваа ситуација можеби беше причина Италија да навлезе, причина којашто Чиано ја предвидел во реализацијата на неговите планови. Затоа, полицијата почна да дејствува прогонувајќи некои од оние што манифестираа. Меѓутоа ризикот за избувнување на конфликт меѓу народот и владата се избегна. Утрото на 5 април 1939 год. кога се раѓаше принцот-престолонаследник, народот излезе на улиците на Тирана и пред општините прославувајќи го раѓањето на престолонаследникот. Но сепак, подоцна овие групи се организираа на демострации против фашистичка Италија.

Подоцна тие се упатија кон кралската палата барајќи оружје, со што ја покажуваа верноста кон кралот, изразувајќи ја желбата кралот Ахмет Зогу да ги води во војна против италијанската агресија. И во текот на 6 април народот бараше оружје, а исто

така се бараше да се истакне едно канцелариско прогласување од владата, каде што се објаснуваа негодувањата со Италија и воените мерки во случај на војна. Народот веќе сфатил дека тој пат не можеше да се затвори со компромис, затоа беше решителен на отпор. Некои од протестантите успеаја да влезат во владата. Премиерот, Кочо Кота, осигурувал дека владата ја спроведуваше задачата, објаснувајќи ја состојбата како не толку алармантна ветувајќи дека ќе бидат ослободени сите патриоти од затворот.[444]

На народот му се вети дека со помош на една канцелариска изјава ќе се раскаже вистината на преговорите со италијанската влада. Албанскиот претставник во Италија, Серечи, даде отказ од задачата преку телефонско известување од Рим, отворено потпирајќи се врз Италија. Познавањата од Драч и Валона даваа до знаење дека евакуацијата на Италијанците од Албанија се одвива на редовен начин, иако овие одвивања створиле паника и насигурност на еден дел од албанскиот народ.[445] Поточно, попладнето на 6 април, Мусолини наредил да се товарат воените трупи во воените бродови. Тој бил подготвен уште истата вечер да даде наредба за тргнување. Во меѓувреме, по предлог на Чиано, се реши попладнето на 6 април да се изврши еден демонстративен лет со 100 авиони над градовите: Тирана, Драч и Валона.[446]

Јакоман го известил Рим дека „кралот нема да ја преземе одговорноста на една потполна капитулација и е на мислење да го собере советот на министрите за да преземе крајно решение, ако треба да резистира или пак да се покори". По оваа информација, Мусолини на војската и даде наредба да тргне во правец на Албанија. Вечерта на 6 април, од албанската влада, се даде еден предлог за да се разговара со Париани, но беше невозможно да се реализираат тие разговори. Сега, италијанскиот одговор беше заклучен, имаше само еден пат; да се разговара со генералот Алфредо Гузони, командант на италијанските окупаторски сили.

Треба да се обележи дека во моментот кога италијанската окупаторска експедиција беше на пат кон Албанија, во утринските часови на 7 април 1939 год., италијанскиот воен аташе Луиѓи Габриел, телефонираше дека „Зогу имал во диспозиција 45.000 луѓе". Операциониот командат Гузони, имаше тенденција да ја

[444] Lëvizja antizogiste e v.1935,karakteri dhe rëndësia e saj,studime historike, Tiranë, 1/1975.
[445] Истото.
[446] Ditari i kontit Çiano, Tiranë 1994, 32. Ditari i prillit 1939.

постигне целта и да ја примени наредбата на Мусолини „уништувајќи секаков вид на отпор“. Не гледајќи никаков излез, Ахмет Зогу беше приморан да се оддалечи од земјата, на 7 април 1939 год. обележувајќи го и последниот акт на албанско-италијанските односи во текот на неговото владеење.

Албанско-италијанските односи во текот на владеењето на Зогу, биле постојан објект на албанската историографија и странските историографи, коишто направиле разни вреднувања. Албанската историографија од периодот на комунистичката диктатура го има изразено својот став кон албанско-италијанските односи во дела и на трудови од посебни автори, во колективното работење, или пак како што се кажува во канцелариските дела. Заедничко на овие работи, беше истата метода на вреднување на овие односи, третирајќи ги тие односи според интересите на диктатурата а не од позиција на националните интереси. Ваквата економска политика на Ахмет Зогу, во основа на албанско-италијанските односи е ставена во центарот на критиката на историографијата во тоа време.[447]

Тие се сметале како акти на покорување на Албанија кон Италија или како типични вазални акти. Ова вреднување е основа на преговорите за користење на природните богатства на Албанија од италијанските Албанци за формирање Друштво за економски развој на Албанија (СВЕА), за формирање на Албанска национална банка и др.

Овие преговори објективно имале за цел развој на албанското стопанство и негово ставање на патот за современо развивање, со цел да се развие според норми и универзални правила на една трговска економија. Освен ова, тие економски преговори имаа цел да ги „осигурат на една здрава основа на новата албанска држава, по внатрешните нереди од 1921-1924 година“.

Судењата и вредностите на албанско-италијанските преговори од овој период, од историографијата на периодот од комунистичката диктатура, не само што се потпираа на здрава основа на историска реалност на времето, туку се развиле врз основа на вредноста и изразената мисла, од албанските политички сили спротивставени на државноста на Зогу. Тие односи се третирале од позиција на политичките интереси. Ова еднострано вреднување на овие односи продолжува и во историографијата од режимот на Енвер Хоџа. Едно такво третирање на албанско-

[447] Dokumente materiale nga lufta e popullit shqiptar për liri e demokraci 1917-1941, Tiranë, 1959.

италијанските односи во текот на владеењето на Ахмет Зогу беше необјективно, еднострано и тенденциозно.

Албанија, како една потполна заостаната, општествено и стопански неразвиена, споредувајќи ја со соседните земји, го имаше за цел прогресивниот напредок на земјата.[448] Таа имаше потреба од соработка со странскиот капитал, како неделив и задолжителен пат, за развојот на една земја. Беше заклучено дека Албанија не можела да напредува без инвестиции од силен капитал. Овој капитал и недостасувал на Албанија, затоа требаше да се побара надвор од земјата, каде што државата ќе ја има главната улога. Успехот на Ахмет Зогу, кој за осигурување на овој капитал се упати кон една силна и поразвиена земја, којашто немаше директна врска и територијални претензии кон Албанија, без да ги негира интересите на другата страна, кои се присутни во секој вид однос.

Политиката на Зогу спрема Италија, беше во согласност со меѓународните решенија и форми, со улогата што беше определена на Италија спрема албанската држава по Првата светска војна. Не треба да се вплеткуваат вредностите на италијанските цели спрема Албанија, со целите што Зогу ги водеше во развојот на овие односи. Како што произлегува од познатите факти за овие односи, Италија немала само економски цели на давање помош за Албанија но имаше и други стратешки цели, кои се појавија чекор по чекор во согласност со меѓународните развивања.

Ахмет Зогу, италијанската помош ја сметаше како корисна во сите правци и директен интерес за развивање на Албанија. Тој беше свесен дека развојот и економскиот напредок на земјата, на неговиот режим ќе му осигураше стабилност и егзистенција. Ова им беше јасно и на Италијанците.

Зајакнувањето на државата осигуруваше гаранција на странскиот капитал, посебно оној, италијанскиот. Затоа италијанската држава беше заинтересирана и за зајакнување на политичката држава на Ахмет Зогу во Албанија. Италијанската држава ќе ја изразуваше својата резерва за давање на помош, во тој момент кога неговите интереси ќе паѓаат и тогаш кога ставот на Зогу ќе биде цврст да не се покорува.[449] Експанзионистичките цели што ги имаше италијанската помош за Албанија не се третирани од италијанската историографија до периодот пред

---

[448] Grofa Ciana, Zagreb, 1948, 37.
[449] Kodra Viron,- Probleme të regjimit të Zogut, refetar në sesionin shkencor, në: "Studime historike", Tiranë, 1985/3.

окупацијата на Албанија. Оваа цел на италијанската помош се виде само пред и по окупацијата на Албанија, и само со цел за известување на отворената агресија спрема Албанија, за да добие политички кредибилитет. Со помошта што ја добиваше, Италија посакала да ја користи за да постигне омраза кај Албанците против кралот Зогу, со надеж дека Италијанците ќе ја добиваат поддршката и потпирањето на Албанците.

Омразата и народното незадоволство против фашистичкиот ризик, Италијанците сакале да го упатат против Ахмет Зогу.[450] Втора цел на фашистичката пропаганда и италијанската историографија која имаше силен замав на пропагандата против Зогу, беше да се добие довербата од сите политички противници на Зогу, внатре и надвор од земјата, за поставување на режимот на италијанската окупација во Албанија. Италија имаше успех во втората пропаганда во потпирањето на политичките противници.

Во албанската историографија од времето на комустичката диктатура се истакнува дека „Ахмет Зогу, присилен од италијанската влада му ја прикри на народот вистината за односите помеѓу двете земји и не презеде никакви мерки за осигурување на интегритетот и независноста на народот“. Во врска со албанско-италијанските односи пред агресијата познатиот американски проучувач B. Ficher (Б. Фишер), без да потврдува кога се потрошија сите начини на политичката отпорност и дипломатските средстава што Ахмет Зогу, немаше друга можност за да не ја прифати окупацијата на земјата.

Албанско-италијанските односи во текот на периодот на владеењето на Зогу беа опфатени на период на подигање и цутење, но, имаше и моменти на заоштрување, сепак, се уште не го пречекорил тоа за да преземе агресија за окупација и анексија на Албанија од страна на Италија. Доколку ги изедначуваме силите помеѓу двете земји, слободно може да кажеме дека Италија можеше да го преземе овој чекор на окупација над Албанија, во секое време и пред 7 април 1939 год. Причината што не настана една таква окупација пред 7 април беше нефаворизираната меѓународна ситуација кога италијанскиот фашизам се уште не го постигнал потребниот степен за агресија на европскиот континент. Исто така и Германија се уште не ги добила своите објективности за да се прошири, што ќе ја поттикнеше Италија.

---

[450] Françesko Jacomoni “Politika e Italisë në Shqipëri”..., 192.

Тоа што и се случи на Албанија на 7 април 1939 год. беше резултат на една глобална политика што ја развиваа Големите сили на Европа во тоа време. Тоа што може да се каже во овој момент е фактот што политичката и дипломатската отпорност на Ахмет Зогу против Италија, крајно, му импонира на Мусолини да го употреби најтешкиот пат, воената агресија против Албанија. Може да кажеме дека во некои случаи Италија беше неуспешна во неговите цели за покорување на Албанија, преку економското влијание и во другите полиња. Италија не постигна да ја покори Албанија и да ја користи за други агресивни дејсвија, без војна. Политичко-дипломатскиот отпор на Ахмет Зогу и на неговата влада, за да не го прими ултиматумут кој имаше за цел поставување на италијанскиот протекторат над Албанија, беше еден политички отпор, во заштита на интегритетот и независноста.

Владата на Зогу која се ангажираше за суверенитетот на државата, реши да преземе заштитни мерки.

Уште од почетокот ги отстрани од Албанија сите проиталијански елементи во војската и администрацијата. Зогу даде наредба за сеопшта мобилизација на народот, за да одговори на ризикот, со што ги алармирал италијанските дипломати. Албансакта воена команда организирала еден заштитен систем со воени сили. Тој презеде и други дипломатски мерки за заштита на земјата, информирајќи ги Големите сили во Европа со цел да помогнат да се острани ризикот кој и доаѓаше на Албанија. Албанскиот крал сфатил дека овој албанско-италијански конфликт ќе му донесе големи загуби на албанскиот народ.

Секаква мобилизација и ангажман на Албанците во овој конфликт не можеше да го промени крајниот план на Италија за окупација на Албанија, затоа што Албанија немаше воена сила за совладување на агресијата. Тој повеќе беше за отпор кој ќе им кажуваше на окупаторите дека тие не биле добродојдени. Од друга страна, на меѓународната јавност ќе и се дадеше до знаење дека Италија вака извршила вооружена агресија спрема Албанија, загрозувајќи го нејзиниот суверенитет. Со ова ќе се прикажува дека Италија изгубила со сите употребени средства и форми спрема Албанија, за да го натера кралот да абдицира од тронот, или пак да се покори. За остранување на Ахмет Зогу од Албанија, Франческо Јакоман пишуваше: „Тој се повлече од земјата затоа што се плашел од личната освета што ја предизвика неговата политичка кариера“.

Јакоман објаснувал: „повлекувајќи се, Зогу можел да се надева доколку Италија ја добиеше војната, тој ќе можеше да смета на нашата добра намера...

доколку Италија ја губеше војната, тој ќе се повлечеше барајќи азил во Англија, со цел еден ден да се врати во Албанија со англиска помош“. Одалечувањето на Ахмет Зогу од Албанија формира еден институционален вакуум во земјата.

Албанската држава не постоеше повеќе, но, неговиот меѓународен легитимитет не може да се негира. Албанците требаше да реагираат и да дејствуваат на единствен начин, со еден јасен објектив: За враќање на легитимитетот на албанската држава како пред окупацијата, односно за продолжување на албанската држава.

# ЗАКЛУЧОК

Врз основа на анализата за навлегувањето на италијанскиот капитал и неговата улога во Албанија во текот на периодот од 1935-1939 год., основана врз многубројните историографски албански и странски студии (проучување), многубројните архивски извори и печатот, имам цел и намера и јас лично да придонесам и да се вклучам во историјата, особено во полето на меѓународните односи. Преку оваа студија се обидов да ги прикажам и објаснам најзначајните моменти, еден по еден и подетално, од историјата за односите помеѓу двете држави, Албанија и Италија, коишто се тесно поврзани со геополитичките и геостратешките одвивања (случувања). Во овој труд не само што се претставени туку и објективно се анализирани односите на двете земји, поврзани со текот на внатрешните случувања во Албанија и Италија. Односите на Италија со албанската држава, во сите полиња што се опфатени во овој труд, се карактеризирани од кризата и напредувањата, во фази на заоштрување и мирување, симнување и подобрување, антагонизми и преговори. Од една страна Албанија, која само што почнува да ја гради својата држава, ја формирала албанската монархија и бара консолидација за својата независност, а од друга страна Италија, каде што фашизмот и политиката на распространување под секаков услов на другата страна од Јадранот и пошироко, ја составуваа нејзината надворешна политичка стратегија. Италија настроена да ги реализира нејзините цели кон Албанија ги употребува сите можности и начини што и ги овозможуваше временскиот период и второ, нејзината активност, во сите места каде што се дискутираше и се одлучуваше за судбината на Албанија и нејзините граници, за поврзување на иднината на оваа мала земја со онаа на политиката на Рим, уште од протекторатот над Албанија, па дури до воената анексија, употребувајќи ги сите политички, економски и воени форми, притисоци и мировна офанзива. За постигнување на своите цели Бенито Мусолини ги ангажира и ги соедини кон неговата внатрешна стратегија и најсилните приватни финансиски структури и италијанските индустријалисти покажувајќи дека неговиот интерес кон Албанија е приоритетен.

Меѓутоа, може да се каже дека Италија беше прва и единствена држава којашто изгради една сериозна долгорочна политичко-економска стратегија во функција на нејзините пренопливи интереси во Албанија.

Силното италијанско економско-финансиско лоби, политички потпирано од Рим, под контрола на Друштвото на народите, осигури приоритет во монетарниот и кредитниот систем во Албанија. Во определени фази, добро проектирани, Италија започна со конкретизирање на нејзините приоритети на надворешната политика кон Албанија. Првиот трговски италијанско-албански трактат од албанската влада се сметаше не само како прв импулс на институционализација на односите помеѓу двете земји, толку потребни за една држава, која како држава само што беше формирана и имаше потреба за поддржување. Италијанското ангажирање во Албанија и во Балканот имаше за цел не само засилување на неговите сили во реонот, но и ослабување на југословенското дејствување во оваа зона. Тајниот југословенско-италијански пакт обезбедуваше привилегии за двете земји. Од една страна Рим се осигурал дека Југославија нема да преземе ризични акции во Албанија, додека Белград се осигурал дека албанскиот национализам во Косово и Метохија нема да има поддршка од страна на Италија. Соборувањето на владата на Ф. Ноли може со право да се смета како една победа на Југославија во внатрешноста на постојаниот италијанско-југословенски ривалитет, на штета на италијанските интереси во Јадранот, мислејќи дека југословенската позиција се заканува со враќањето на Ахмет Зогу на чело на албанската држава. Во овој момент постоеше голем ризик италијанско-југословенскиот ривалитет во Албанија да се претвори во еден отворен конфликт. Југославија којашто го констатирала ризикот од една таква конфронтација со Италија за албанското прашање, се обиде отворено да ја задржи средината за дијалог со италијанската влада. Мусолини со цел да ја реализира својата платформа за да го постави италијанскиот протекторат над Албанија, ги зближил италијанските групи за развивање на економијата околу неговите цели. Тој, на заинтересираните кругови им нудеше добра и здрава гаранција за пробивање на економскиот план, користејќи ги систематски постојаните извори од албанската економија. Првиот и најзначајниот чекор што тој го направи беше обидот да ги стави под полна контрола буџетот, кредитот и најзначајните концесии во Албанија.

Разговорите, насилствата, тајните средби и преговори, компромитираните ветувања дури и кризата на владата како нови елементи на италијанската политика кон Албанија беа значајни карактеристики на римската политика за реализација на сопствените цели. Во внатрешноста на италијанско-југословенското ривалство во текот на овој период, Англија и даде на знаење на италијанската влада за нејзината

политика за придобивање во Албанија, правејќи пропусти, во исто време и даде на знаење да сфати дека, во италијанско-францускотo ривалство немаше да и попушти како во првиот случај. Таа, ќе ја прифатеше Италија како најсилна финансиска и економска држава, но исто така ќе ја сметаше како најризична во реализација на нејзините цели. Првиот пакт во Тирана, кој беше подготвен политички пакт како резултат на еден политички напредок на политичко-економските и воени односи помеѓу Италија и Албанија по тајните ангажирања на двете земји до тоа време. Значајно е да се потенцира дека вниманието на Зогу во текот на целиот подготвителен процес на оваа нова политичка алијанса, кој се обидуваше да се движи во внатрешноста на тесните отвори оставени од Мусолини, беше тоа што преку неговото потпишување може да го осигура документот, кој требаше да претставувава гаранција за поголема политичка независност и територијален интегритет на Албанија. Над сето тоа, Зогу се обиде, преку пактот, којшто фактички претставуваше една гаранција посебно лично за неговиот режим, да го зачува имунитетот во внатрешноста на Албанија и да има позитивна улога во неговата внатрешна политика. Анализирајќи ги најмалите политичко-финансиски и воени можности што Италија му ги пропушти на Зогу во пактот, како и неговите сеќавања за страв на агресија од Југославија во Албанија, може да се каже дека пактот претставува еден значаен и позитивен документ, како во планот на двете држави така и на меѓународен план. Меѓу другото, првиот пакт во Тирана го оформи првата привремена и најзначајна политичко-правна платформа на односите меѓу двете земји, за поинтензивно продолжување на политичките односи меѓу двете земји во иднина и нивното проширување во други полиња. Личната албанска гаранција над која се потпираше првиот пакт во Тирана претставуваше само еден привремен елемент на севкупните албанско-италијанските односи потребни во тој момент. Паралелно со интересот на двете земји, во случај на интензивирање на односите и нивното проширување во други полиња, новите политички развивања во Балканот и во Европа го поттикнаа потпишувањето на вториот заштитен пакт. Со потпишување на трактатот за заштита, Мусолини ја реализираше неговата политичка цел, планирана уште од 1925 год. за постигнување на формалната еднаквост помеѓу Рим и Тирана, доаѓајќи во судир со директните интереси на Зогу. Базирајќи се на нивото на албанско-италијанските односи со потпишувањето на заштитниот пакт, Зогу, осигурал политичка и воена гаранција. Овој договор, во суштина беше еден мировен договор и нудеше една нова форма на ангажираност на

Зогу за обезбедување на суверенитетот и територијалниот интегритет на Албанија. Улогата на фашистичка Италија, што ја одиграла во формирањето и основањето на албанската монархија, бара посебно внимание и посебна анализа во внатрешноста на односите, меѓу двете земји, во целина. Италија откако ги обезбеди двата силни столба за правна-институционална гаранција преку двата потпишани пакта со Албанија, за еден краток период, бараше да ја зајакне државата, каде што таа ја депонираше својата значајната инвестиција во сите полиња, што со право може да се смета како порта на Балканот за фашистичка Италија. Албанија, на чие чело беше нејзиниот човек, ќе беше една долгорочна гаранција за сервис на реализацијата и перспектива во надворешната стратегиска политика за едно посигурно простирање во Балканскиот Поуостров.

Во историјатот на албанско-италијанските односи на триесетите години, формирањето на албанско кралство, освен што е еден значаен и позитивен резултат на неговиот тек тој во себе го содржи најпосакуваниот продукт во нивното постигнување. По овој успех, Италија се почувствува посигурна, помирна и уште подоминантна во албанската економија и политика, исто така, и постабилна за да го продолжи нејзиниот пат, право кон пробивање на Балканот. Елементот на политичко-економска стабилност, во внатрешноста на Албанија, како резултат на постојаната условена италијанска помош, расцвета толку, колку да не се смета како структура на еден стабилен раст на албанската економија, резултат на подоцнежното усложување на албанско-италијанските односи.

Оваа нова фаза се карактеризира со тенденциите и обидите на Зогу да добие слободно финансиско, воено, административно и политичко дејствување во внатрешниот и надворешниот план, отворено против италијанската политика. Зогу и целата албанска јавност беа убедени дека искреното италијанско пријателство беше претворено во непријателство кон сите Албанци. На крајот Зогу се присети дека тоа е спротивно на неговата традиција. Факт е дека, паралелно на италијанската офанзива за пробивање во Албанија, Зогу се задржа на една густа мрежа на притисоци и контроли блокирајќи секакво отворено внатрешно и надворешно политичко движење. Италијанската офанзива имаше придобивка кон Зогу и ги постигна предвидените резултати во Албанија. Негативните ефекти на италијанската политика во Албанија се чуствуваа кај сите слоеви на албанското општество. Задоцнетата и спонтана реакција на Зогу, не само што не даде позитивни резултати туку влијаеше на влошување на понатамошната економска и

финансиска криза во Албанија. Врз основа на неговите задоцнети националистички реформи, тоа предизвика значителни политички, финансиски и економски штети на албанското образование и на другите полиња на албанската економија. Ахмет Зогу дејствувал на овој начин, можеби не само затоа што немал друго решение, но, затоа што само со ваквата реакција тој мислел да ја зачува неговата држава без потценување, јавно да добие имунитет и да остане без критика. Двојната игра што Зогу ја одигра помеѓу Италија и Југославија, не само што не даде позитивни резултати, туку создаде влошување и ситуации на притисоци во односите со овие земји. Исто така создаде и непотребни задоцнувања со негативни влијанија при дополнување на потребните економски барања за Албанија. Во текот на овој период во нејзините односи со Албанија, надворешната политика на Рим, се формира во функција на моментните цели и на настанатите ситуации, не само на двете земји туку и регионални и европски: од отвореното спротивставување кон независноста на Албанија па дури и до нејзината протекционистичка политика, со опсесија за нејзино претворење на еден сигурен момент за блиско политичко-воено простирање на фашизмот во правец на Балканскиот Полуостров. Крајот на 1934 година го обележува највисоката точка на албанската неуспешна резистенција, против фашистичката офанзива. За да ја совлада Албанија ги дава првите знаци на постепено предавање на надворешната и внатрешната независна политика на Зогу, затворајќи на тој начин еден од најинтересираните периоди на историјата од италијанско-албанските односи.

За Албанија, 1929 год. е значајна затоа што таа ги постигнува највисоките и најзначајните достигнувања на економски план во текот на целиот период меѓу двете светски војни. Надворешната политика на кралот се базирала на политичките сили на Албанија, така што, албанско-италијанската конфронтација забележува постојан пораст, кој ескалирал во 1933 год., кога стана јавен. Италија имаше цел за царинска унија со Албанија и колонизација на албанските делови. Европската реакција ја принуди Италија да го демантира барањето за царинска унија. Најавеното барање од страна на албанската влада во преговорите со друштвото СВЕА, со цел долгот (кредитот) и каматната стапка да се намали и да не се условува со долгот од 1931 година, на училиштата, концесиите и војската. Новиот закон донесен од страна на албанската влада предвидуваше затворање на приватните училишта. Исто така започна и отстранувањето на италијанската војска ангажирана во сите нивоа на албанската војска.

Со сигурност може да кажеме дека кон половината на 1933 година Албанија се наоѓа на крстопат. Преземените мерки против Италија беа јасна порака за целата Европа: нејзе и треба финансиска помош за реализација на познатиот план за економска и политичка еманципација. Албанската влада се упатила кон сите држави-партнери значајни во надворешната трговија со едно барање-апел „за купување треба продавање", но сето тоа беше без успех.

Како што претходно истакнав, албанската економска криза се продлабочи уште повеќе во текот на 1933-1934 година. Владата презема мерки за намалување на буџетот за војската, жандармеријата (полицијата), администрацијата и кралскиот двор, што значи дека државниот буџет се преполови.

Иако се преземедоа овие кризни мерки, сепак, од ден на ден со тек на времето кризата постојано се продлабочиваше. Со цел да ја ублажи кризната ситуација, Албанија влегла во преговори со Италија за помош. За возврат, Албанија била против планираните санкции од страна на Друштвото на народите, со кои ја казнуваа Италија, а како повод бил земен нападот над Етиопија.

Но, иако се донела таква одлука, која од никого не се почитувала, во летото 1936 год. таа се повлакла. Иако имало моменти кога односите меѓу двете земји не биле во задоволително ниво, барем е јасно дека Италијанците на Албанија и дадоа многубројни кредити, коишто иако беа злоупотребени како од страна на италијанските инвеститори, така и од албанската влада, тие кредити влијаеле во надминување на големата економска криза на земјата, во финансискиот колапс и подобрување на албанската инфраструктура. Сосема природно е тоа што италијанските дипломати и политичари не дозволуваа со нивните инвестирани средства да се потценуваат нивните цели и окупаторски планови. Се знае дека италијанските дипломатски дејствувања кон Албанија биле добро организирани, планирани и добро координирани, италијанските инвестирања имаа определени цели, така што Италија била единствениот увозник и извозник меѓу двете земји. Меѓу другото, Зогу преземал акции против политичките противници кои биле приморани да се иселуваат во Италија каде што тие стануваа соработници на Италија. Заострените албанско-италијански односи биле преодни и тоа само ја мобилизираше италијанската дипломатија променувајќи и зацврстувајќи ја тактиката и дејствувањето. На овој начин речиси целата администрација, полиција и албанската војска постепено паднаа под влијание на Италија. Со цел да не се забележи многу ова брзо влегување и да не се ризикува италијанското пробивање

во Албанија, италијанската дипломатија донирала многу средства за училиштата и албанското образование. Со извршените реформи од страна на албанската влада, училиштата и албанското образование речиси потполно паднаа под фашистичкото влијание, додека службен јазик стана и италијанскиот јазик. Влегувањето на странскиот капитал и соработката со него на економското поле во текот на 1926-1929 год. беше широко. За подземното богатство на Албанија и нејзината трговија покажале интерес многу држави и европски сили, коишто имале за цел да осигуруваат суровини со поевтини цени. Влегувањето на италијанскиот капитал сепак влијаел врз развојот на албанската економија. Со завршување на договорот со Банката и кредитот СВЕА на 15 март 1925 год. настанала Албанската национална банка. Кредитот СВЕА што и се даде на албанската влада се употребил за изградба на пристаништа, мостови и патиштата, со што се зголеми и се прошири материјално-техничката основа во сообраќајот, потребни за брз развој на индустријата, градежништвото, транспортот, трговијата, нафтената индустрија и др. При овие околности влезот на странскиот капитал се пробивал и се ширел постепено во внатрешните работи на Албанија. Римските околности дејствувале со сите средства, форми и методи за подготовките за окупација на Албанија.

Во текот на 1925-1939 год. владата на Зогу потпишала повеќе економски договори со разни држави од кои најзначајни беа три, и тоа :

– Првиот најголем договор што го заврши владата на Зогу со Италија беше со банката и кредитот СВЕА, што се потпишаа на 15 март 1925 год. италијанскиот капитал кредитирајќи осигурувал сериски концесии во нафтените полиња, минералите, индустријата, земјоделството, градежништвото, транспортот, но и на воено-политичкото поле со завршување на Првиот тирански пакт, во ноември 1926 год. и на Вториот тирански пакт во 1927 год.

– Вториот голем договор што го заврши владата на Зогу со Италија беше 10-годишниот заем на 100 милиони златни франци. Со овој договор Ахмет Зогу дозволи да се продлабочи влезот на фашистичка Италија во финансиите на албанската држава. Сепак, времето покажа дека Римските кругови го употребија овој долг како средство на притисок за време кога беа влошени албанско-италијанските односи во текот на 1931-1934 год. Престанокот на помошта од Рим го натера Зогу да се понижи и повторно да преговара со Италија.

– Третиот голем договор што го заврши владата на Зогу со Италија беа договорите од 19 март 1936 год. Со овие договори фашистичка Италија успеа да

обезбеди сигурен и поширок влез: ги продлабочи државните финансии, разни гранки на економијата, војската, образованието и културата, албанската администрација итн. Де факто со овие договори Албанија се претвори во полуколонија на фашистичка Италија.

Без сомнение, за подготовките и окупацијата на Албанија од страна на Италија значајна улога имале меѓународните околности. Големите сили направија големи пропусти за влезот на фашистичка Италија во Албанија во сите животни сфери (полиња). Ахмет Зогу направи неколку обиди да ја зачува неговата држава, преземајќи активности за да преговара со претставниците на италијанската држава и се покажа подготвен да му дозволи на италијанскиот капитал други концесии поголеми од тие што ги давале дотогаш. Но, сепак, нивните проекти не ја достигнаа целта, затоа што римските околности бараа да ја окупираат Албанија. Зогу и неговите приврзаници дејствуваа во друг правец и влегоа во преговори со претставници од западните земји за да ја придобијат нивната поддршка. Сепак, и во овој правец претрпеа неуспех. Во текот на почетокот на април 1939 год. разни слоеви на албанскиот народ, од кои: ученици од средните училишта, работници, занаетчии и интелектуалци-патриоти во повеќе албански градови побараа оружје за да војуваат против окупаторот. Но, сепак, овие барања паднаа во вода од страна на албанската влада. Окупацијата на Албанија беше прв објектив на фашистичка Италија. Окупирајќи ја Албанија, Италија имаше за цел да постигне други позначајни цели.

– Како прво, денационализирање и италијанизација на Албанија.

– Како второ, Албанија располагаше со суровини значајни и потребни за италијанската индустрија. Овде во прв ред спаѓаат нафтените извори, рудниците за железо, хром и бакар, земјоделските суровини, рибниците и др.

– Како трето, Албанија беше пазар каде што ќе препловеа, без никаква граница, стоките од италијанската индустрија.

– Како четврто, во Албанија имаше големи можности за инвестирање на капитал со големи придобивки за италијанската буржоазија, затоа што работната сила и транспортот беа евтини.

– Како петто, Албанија ќе служеше како основа за проширување во другите земји на Балканскиот Полуостров.

Италијанската воена подготвеност за агресија против Албанија се изврши релативно за кратко време и брзо, така што на албанската влада не и се овозможи

да преземе други превентивни мерки за совладување на агресијата. Со оддалечувањето на Ахмет Зогу од Албанија, настана институционална криза и престанок на функционирање на албанската држава.

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

ИЗВОРИ

## I НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

1.Arkivi Qëndror Shtetëror (AQSH)i Shqipërisë
- Fondi i Ministrisë së Punëve të Jashtme
- Fondi i Ministrisë së Punëve te Mbrendëshme
- Fondi i Ministrisë së Punëve Botrore
- Fondi i Bankave Kombëtare Shqipëtare
- Fondi i Ministrisë së Finansave
- Fondi i Legatës Italiane

## II ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ


- Buxheti konsuntiv i vitit financiar 1930-1931,botimi i Ministrisë së Finansave të Mbretërisë Shqiptare,Tiranë,1935.
-Lista e importatorëve,eksportatorëve dhe përfaqsuesve tregtartë Shqipërisë,botimi i ministrisë së Ekonomisë Kombëtare,Tiranë,1938.
- Statistikë e tregëtis së jashtme,viti 1938,botimi i Ministris së Financave të mbretërisë Shqiptare,Tiranë,1939.
- Shqipëria në vitin 1937,vëllimi I, Tiranë,1937.
- Shqipëria në vitin 1937,vëllimi II,Tiranë,1938.
- Dokumente e materiale nga lufta e popullit shqipëtarpër liri e demokraci1917-1941,Tiranë,1959.
- Dokumenta e materialeve historike nga lufta e popullit shqiptar per liri dhe demokraci , Tirana 1959.
- Traktati i Tregëtisë dhe Lundrimit midis Italisë dhe Shqipërisë,Dekret-ligje e Rregullore të vitit 1927,Tiranë 1938.
- Arkivi i Institutit të Historisë në Tiranë (AIHT)
- Dokumente britanike prej 1930-1939,Tiranë,1934.

## III ЛИТЕРАТУРА


- Puto A., Shqipëria Politike 1912-1939,Toena,Tiranë,2009.
- Jacomoni F., Gjysma ime Shqiptare,Ora,Tiranë,2005.
- Jacomoni F.,Politika e Italisë në shqipëri,превел-Kostaq Xoxa,Kastriot Dervishi,Tiranë,2005.
- Cici A., Marëdhëniet Shqiptaro-Italiane në vitet 1920-1934,Afërdita,2002
- Dezhgiu M., Shqipëria nën pushtimin Italian (1939-1943), Akademia e Shkencave e Shqipërisë, Instituti i historisë,Tiranë,2005.
- Fishta I., Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe roli i saj për pushtimin e Shqipërisë (1936-1939), Dituria,Tiranë,1999.
- Fischer J.B., Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Shqipëri, Çabej,2004.
- V.Koka,M.Çami,A.Puto,K.Frashëri,M.Verli,F.Rama,M.Belegu,H.Bajrami,L.Rushiti, A.Lalaj,G.Shpuza,B.Meta,A.Gjergji,H.Kosumi,A.Vokrri ,"Historia e Popullit Shqiptarë",periudha e pavarsisë (28 nëntor 1912-7prill 1939), Akademia e Shkencave e Shqipërisë,Toena,Tiranë,2007.
- Misha Glenny.,Historia e Ballkanit 1804-1999,Instituti i Dialogut,Toena,Tiranë. Robert J.Stevens,B.S.,Zhvillimet Politike në Shqipëri 1920-1939,преведел Halit Daci,Geer,2004.
- Bakalli E.,Marëdhënie Ekonomike Shqiptaro-Jgosllave 1929-1939, Instituti i Historisë Prishtinë,Prishtinë,1997.
- Dnevnika Grofa Ciana, Zagreb,1948..
- N.D. Смирнова., Балканская политика фашистичкой Италии,Очерк дипломатической(1936-1941),Наука,Москва,1969.
- Борозан Ѓ.,Југославија и Албанија у XX веку,Историја XX века,1999/1-2, Београд 1999.
- Avramovski Z., Prilog pitanju istorije Albanije u perijodu između dva svetska rata, Gjurmime albanologjike,Beograd, 3/1966.
- Mardhëniet ekonomike shqiptaro – jugosllave 1929 -1939,Instituti i Historisë,Prishtinë,1997.
- Балканске земле и велике силе.Trehu Rajx I Велика Албанија у другом светском рату,Београд,1980.

- Italijanska ekonomska penetracija u Albaniji,1925-1939 godine,Istorija XX veka, Beograd,V/1963.
- Kontribut studimit të historisë së Shqipëtisë në periodën midis dy luftrave botërore, Gjurmime albanologjike,Prishtinë, 2/1968.
- Një elaborat për Shqipërinë (1929),Gjurmime albanologjike,Prishtinë,24/ 1994.
- Marveshjet ekonomike –tregtare midis mbretërisë së Shqipërisë dhe Mbretërisë së Jugosllavisë 1929-1939, Gjurmime albanologjike Prishtinë,15/1985.
- Belegu M., E ashtuquajtura reformë agrare e A.Zogut dhe dështimi i saj, Studime Historike,Tiranë, 1/1978.
- Lëvizja antizogiste e vitit 1935,karakteri dhe rëndësija e saj,studime historike,Tiranë, 1/1975.
- Presijoni ushtarak i luftanieve Italijane në limanin e Durrësit,Studmie Historike, Tiranë, 1/1977.
- Fishta I ., Marrëveshja e vitit 1931 për huanë prej 100 milijonë fr.ari,ndërmjet Qeverisë së Zogut dhe Qeverisë Italijane dhe karakteri i saj skllavërues për Shqipërinë,Probleme ekonomike, Tiranë, 3/1976.
- Ndërhyrja e kapitalit Italijan dhe përdorimi i saj për përgaditjen e pushtimit të Shqipërisë nga Italija fashiste (1925-1939), Probleme ekonomike, Tiranë, 5-6/1974.
- Ndërhyrja e kapitalit të huaj në tregtinë e jashtme dhe pasojat e saj rënuese për Shqipërinë 1931-1936,Studime Historike, Tiranë,3/1937.
- Ndërhyrja e kapitalit të huaj dhe pasojat e saj skllavëruese për Shqipërinë (1925-1931),Tiranë
- Fisher J.B., Mbreti Zog dhe përpjekja për stabilitet në Shqipëri,botimi i parë, Tiranë,1996.
- Xheladin Sh.,Mardhëniet Shqiptaro – sërbe 1912 – 1918,Prishtinë,1990.
- Fishta I , Mihail Z.,Historia e ekonomis së Shqipërisë,(1944 – 1960 ),Tiranë,2004.
- Misha K.,Lëvizja punëtore në Shqipëri,Tiranë,1970.
- Shkoza H.,Financat e Shqipnis (1839 -1934 ),Tiranë,1935.
- Milo Paskal., Shqipëria dhe Jugosllavia (1918 -1927),Tiranë 1991.
- Илчо Димитров.,Блгаро – италијански политически опношениа 1922-19443,наука и искуство,Софија.
- Histoija e Shqipërisë (1921-1939),vëll.III,Tiranë,1984.
- Historija e popullit Shqipëtar II,Prishtinë,1969.

• Haxhi A.,Politika financiare antipopullore e regjimit zogist, Studime Historike,Tiranë, nr.1 ,1966.
• Koka V., Marrëveshjet italo-shqiptare të marsit 1936,Buletini i Univerzitetit Shtetëror, Tiranë ,1964.
• Sinani N., Politika reaksionare e portës së hapur të qeverisë së Zogut në lëmin e tregtisë së jashtme dhe pasojat rrënuese për ekonominë dhe pavarsinë e Shqipërisë (1925-1939), Studime Historike,Tiranë, 1/1983.
• Milak E.,Italija i Jugosllavija 1931 -1937,Beograd,1987.
• Ushtelenca I.,Diplomacia e Mbretit Zog I,1912-1939,Tiranë,1996.
• Zaunter B.,Shqipërija nën regjimin e Zogut (vepër e përkthyer në gjuhën Shqipe,ruhet në AIHT).
• Fishta,I.-Sistemi monetar dhe i kreditit në Shqipëri,1925-1944,Tiranë,1971..
• Historija e Shqipërisë,vëll.III,Tiranë,1984.
• Milo,P.-Shqipërija dhe Jugosllavia 1918-1927,Tiranë,1992.
• Ficher, Bernd Jurgen-Mbreti Zog dhe përpjekjet për stabilitet në Shqipëri,Tiranë,1996;• Fishta,I.-Sistemi monetar dhe i kreditit në Shqipëri,1925-1944,Tiranë,1971.
• Belgu Mentar,-presioni ushtarak i luftanieve Italijane në limanin e Durrësit,kapitullimi i qeverisë zogiste dhe qëndresa e masave popullore,në: "Studime hisotrike'',Tiranë, nr.1,1997.
• Belegu Mentar – e ashtuquajtura reformë agrare e A.Zogut dhe dështimi i saj,në: "Studime historike",Tiranë,nr.1,1978.
• Dako Kristo, - Shënime historike nga jeta dhe veprat e N.M.të tij Zogu I dhe populli i tij,Tiranë,1938.
• Dezhgiu Muharem,- Shqipëria dhe diplomacija angleze,1919-1927,Tiranë,2005.
• Fishta Iljaz dhe Toçi Veniamin,- Gjendja ekonomike e Shqipëris në vitin 1912-1944, papambetja e saj, shkaqet dhe pasojat, botimi i Akademisë së Shkencave,Tiranë,1983.
• Hamiti Z.,- Historiku i vajgurit në Shqipëri,Tiranë, 1966.
• Kodra Masar,- Çështja shqiptare në analet diplomatike Amerikane (1918-1945),Shkup,1997.
• Kodra Viron,- Marëveshjet italo-shqiptare në mars 1936, në: "Buletini i shkencave shoqërore",nr.2,1962.

• Kodra Viron,- Probleme të regjimit të Zogut,refetar në sesionin shkencor, në : "Studime historike",Tiranë,nr.3,1985.
• Svire I.,- Shqipërija ngritja e një mbretërije, Tiranë,2005.
• Arben Puto,Çështja e njohjes ndërkombëtare të qeveris demokratike të 24-ës,Studime historike,nr.1,Tiranë 1964.стр 11
• Tajar Zavallani,Historia e Shqipnis,Phohenik,Londër,1996.
• Vllamasi S.,- Ballafaqime politike në Shqipëri 1897-1942 (Kurjtime dhe vlersime historike ), Tiranë,1995.
• Robert J. Stevenc "Zhvillimet politike në Shqipëri" 1920-1939 GEER,2004,превел од англиски Halit Daci.
• Shqipërija "Ngritja e një mbretërije,"Joseph Swire,Diturija,2005.
• Françesko Jacomoni "Politika e Italisë në Shqipëri ",Tiranë, 2005, превел од италијански Kostaq Xoxa.
• Valentina Duka "Historija e Shqipërija ",1912-2000,Tiranë,2007 Kristalina – KH.
• Arifi-Bakalli,Emine "Mardhëniet ekonomike shqiptaro-jugosllave 1929-1939",Prishtinë,1997,Instituti i Historisë.
• Zoga Kadri, "Krediti dhe Bankat bujqësore ne Shqipëri 1888-1970",Tiranë,1973.
• J.Fishta,-Sistemi monetar dhe i kreditit në Shqipëri (1925-1944),Tiranë,1971,Univerziteti shtetëror i Tiranës- Fakulteti Ekonomik.
• Hysni Myziri, Historia e popullit Shqiptar,Tiranë,1996,стр.170
• Izbert Hoti, Qëndrimi i diplomacisë Italiane ndaj Shqipëris dhe shqiptarëve(1930-1941),Instituti i Historisë Prishtinë,1997
• V.Koka,Agresioni i Italis fashiste kundër Shqipërisë dhe qëndresa e popullit Shqiptqr,Tiranë,1964.

## IV ПЕЧАТ


А) Списанија

- “ Studime Historike ”
- “ Gjurmime albanologjike ”
- “ Historijski pregled ”
- “ Probleme ekonimike ”
- “ ABC ”,Tiranë, 1936
- “ Bota e re ”,Korçë,1936-1937

Б) Весници

- “ Arbëria ”,Tiranë,1929-1931, !335-1937
- “ Vullneti ”,Tiranë,1930-1932
- “ Demokratia ”,Gjirokastër, 1925-1939
- “ Besa ”,Tiranë,1931-1936
- “ Vatra ”,Tiiranë,1933-1936
- “ Shtypi ”,Tiranë,1937-1939
- “ Drita ”,Tiranë,1936-1939
- Fletorja Zyrtare,1925-1938

# СОДРЖИНА

**Предговор** ........................................................................................................ 2

**Вовед** ................................................................................................................ 4

**Глава прва**

**Политичките и економските состојби меѓу Албанија и Италија по Првата светска војна**.......................................................10

**1.1 Состојбите непосредно по војната и 20-тите години на 20. век** ....... 10

**1.2 Политичка војна за склучување воен сојуз**....................................... 18

**1.3 Улогата на Италија во создавањето на кралска Албанија** ............ **26**

**1.4 Италијанскиот притисок врз Албанија**............................................ **36**

**1.5 Економската криза во Албанија (1929 – 1933 )**................................ **40**

**1.6 Атентатот врз кралот Ахмет Зогу** .................................................... **43**

**Глава втора**

**Албанско-италијански недоразбирања и зајакнување на односите**

**2.1. Албанско - италијански недоразбирања**.......................................... **45**

**2.2 Албанија во италијанско-југословенските односи** ......................... **60**

**2.3 Албанија во ривалството на Италија и Југославија** .........................63

**2.4 Мерките од фашистичката влада за италијанизирање на Албанија** ....................................................................... 68

## Глава трета

## Билатералните преговори и договори за концесии

**3.1 Договорот во Ливорно и разговорите за добивање меѓусебни концесии** .................................................................... 77

**3.2.Актуелната состојба во Албанија интензивирање на разговорите и постигнатиот компромис** .................................................................... 88

**3.3 Понатамошно италијанско продлабочување во Албанија и постигнатите договори од 19 март 1936 година** ..............................92

**3.4 Обидот на италијанскиот капитал за целосно преземање на албанските нафтени извори** ............................... 100

## Глава четврта

## Албанско - југословенските односи

**4.1 Инцидентот за влошување на албанско – југословенските односи..........................................................................103**

**4.2 Востанието во Фиер** ......................................................................106

## Глава петта

## Потпишување на албанско – италијански договори за меѓусебна соработка

**5.1 Договор за враќање на долгот од 100 милиони златни франци** ...................................................................... 114

**5.2 Договор за финансиската состојба во албанската држава** .......... 117

**5.3 Договор за добивање заем од 10 милиони франци за земјоделството** ................................................................... 121

**5.4 Договор за монопол на тутунот** ..................................................... 125

**5.5 Договор за финансирање на пристаништето во Драч** ................. 127

5.6 Договорот за кредитот СВЕА ........................................................ 129
5.7 Договор за организирање и финансирање на
албанската војска ........................................................ 132

## Глава шеста

## Експанзионистичката економска политика на Италија во Албанија

6.1 Навлегување на италијанскиот капитал во земједелството
и транспортот........................................................135
6.2 Лошата состојба во албанската економија........................................144
6.3 Албанија во годините на економската криза (1934 – 1938).............147
6.4 Обиди за подобрување на албанската
економска состојба (1935-1939) ........................................................150
6.5 Албанско – југословенските односи пред окупацијата
на Албанија........................................................154

## Глава седма

## Окупација на Албанија од страна на Италија

7.1 Владата на Ахмет Зогу го отвора патот за
окупација на Албанија ........................................................157
7.2 Улогата на влезениот финансиски капитал за подготовка на
фашистичката окупација на Албанија........................................................160
7.3 Албанско-италијанските односи пред италијанската
агресија во Албанија........................................................ 167

ЗАКЛУЧОК ........................................................ 185
КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА ........................................................194



...ЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА